# З А К О Н
# ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

## Редакциски пречистен текст [1]

## ПРВ ДЕЛ
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овој закон се уредува/уредуваат: трговецот (според дејноста, формата, природата и обемот на дејноста, уписот); трговецот - поединец; основната главнина; уделите и акциите; договорот за друштвото; односно статутот на друштвото; преддруштвото; времето на траење на друштвото; својството на правно лице на друштвото (правниот субјективитет); подружниците; одговорноста за обврските на друштвото; посебната одговорност на содружниците, односно на акционерите; лицата кои можат, односно лицата кои не можат да основаат друштво; условите под кои странско лице може да биде содружник, односно акционер; правата на странските лица; ништовноста на друштвото; влоговите (парични и непарични); забраната за ослободување од обврската за уплата, односно внесување на влог; учеството во добивката; правото на информираност на содружникот, односно на акционерот; правниот режим на имотот на друштвото; заштитата на правата на содружниците, односно на акционерите пред судот; оцената на законитоста; белезите на трговското друштво (фирмата, седиштето, предметот на работење); застапувањето (застапник по закон, застапник по полномошно и полномошник по вработување); трговскиот

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за трговските друштва ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.28/04, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.84/05, Одлуката на Уставниот суд на РМ У.бр.177/2005, објавена во „Службен весник на РМ“бр.71/06, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“бр.25/07, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.87/08, Одлуката на Уставниот суд на РМ У.бр.177/2008, објавена во „Службен весник на РМ“ бр.17/09, Одлуката на Уставниот суд на РМ У.бр.153/08, објавена во „Службен весник на РМ“ бр.23/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.42/10, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“бр.48/10, Одлуката на Уставниот суд на РМ У.бр.75/10, објавена во „Службен весник на РМ“ бр.8/11, Одлуката на Уставниот суд на РМ У.бр.169/10, објавена во „Службен весник на РМ“ бр.21/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.24/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.166/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.70/13, Законот за за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.119/13, Законот за изменување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.120/13, Законот за изменување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.187/13, Законот за изменување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 38/14, Законот за дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.41/14, Законот за изменување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.138/14, Законот за за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.88/15, Законот за за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.192/15 , Автентично толкување на членот 460 став 3, од Законот за трговските друштва, објавено во „Службен весник на РМ“ бр.217/15, Законот за дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.6/16, Законот за изменување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.30/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.61/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.64/18, Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.120/18, Автентичното толкување на членот 29 став 2 точка 4 од Законот за трговските друштва, објавено во “Службен весник на РМ”бр.195/18 и Одлуката на Уставниот суд на РМ У.бр.38/2018, објавена во „Службен весник на РМ“бр.239/18, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

полномошник; трговскиот патник; трговскиот регистар; уписите во трговскиот регистар и нивното објавување; условите за основање, управувањето, надзорот; намалувањето и зголемувањето на основната главнина; односите меѓу содружниците, односно акционерите; и другите прашања коишто се од значење за различните форми на трговските друштва-јавното трговско друштво, командитното друштво, друштвото со ограничена одговорност, акционерското друштво и командитното друштво со акции; големите зделки и зделките на друштвото со заинтересирана страна; трговските книги; годишните сметки и финансиските извештаи и нивната ревизија; дивидендата; учеството во други трговски друштва (поврзани друштва); консолидираните годишни сметки и консолидираните финансиски извештаи; преобразбата на друштвото од една во друга форма на друштво; присоединувањето, спојувањето и поделбата на друштвата; ликвидацијата на друштвото; стопанската интересна заедница; странското трговско друштво и странскиот трговец-поединец; подружниците на странско друштво, односно на странски трговец-поединец и претставништва на странски друштва; контролата и надзорот; казнените одредби како и на преодниот режим за примената на овој закон.

## Примена на законот

### Член 2

Овој закон се применува на трговецот-поединец, на трговското друштво, на стопанската интересна заедница и на подружницата-организирана од странско трговско друштво, односно од странски трговец-поединец, запишани во трговскиот регистар.

## Значење на употребени поими

### Член 3

(1) Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1) ,,Акционер" е сопственик на една или на повеќе акции кој не одговара за обврските на акционерското друштво и на командитното друштво со акции;

2) ,,Акција" е хартија од вредност (којашто може да ја издаваат акционерското друштво и командитното друштво со акции) во којашто е претставен дел од основната главнина и во која се отелотворуваат правата на акционерот кој, како сопственик на акцијата, не е доверител на друштвото ниту сопственик на еден дел од имотот на друштвото;

3) ,,Акти и документи достапни на јавноста" се актите и документите коишто трговското друштво, на соодветен начин, треба да ги направи достапни на содружниците, односно на акционерите, на заинтересираните лица и на пошироката јавност;

4) ,,Влог во друштвото" се пари, ствари, права коишто содружникот, односно акционерот му ги отстапува и пренесува на трговското друштво во постапката на основање или во постапката на зголемување на основната главнина на друштвото, односно и труд и услуги кога тоа со овој закон е допуштено и заем, односно дополнителна доплата, коишто согласно со одредбите од овој закон се трансформираат во влог;

4-а) „Заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина  на друштвото" е кога заемот исклучиво е даден  од страна на содружникот, односно од страна на единствениот акционер на  друштвото  кое е во целосна негова сопственост;

5) ,,Внимание на уреден и совесен трговец" е правен стандард за утврдување на одговорноста на лицата одговорни за управување и за надзор на друштвата, со којшто се определува со какво внимание овие лица треба да ги вршат доверените работи во друштвото, односно да се однесуваат со внимание на способен и (во работењето на друштвото) вешт човек (професионалец), при што тие одговараат за обична небрежност при вршењето на доверените работи, освен ако со друг закон не е определено дека одговараат само за груба небрежност;

6) ,,Гласачка група" е група на акционери-сопственици на класа на акции-кои имаат право, заради заштита на посебните интереси, да донесуваат посебни одлуки на посебно собрание или во рамките на општото собрание;

7) ,,Главнина" е остаток на учество во сопственоста над средствата на друштвото по одземањето на сите обврски на друштвото, чиишто главни компоненти се основната главнина, износот уплатен над номиналниот износ, односно премијата на акциите, ревалоризационата и други резерви и акумулираната добивка;

8) ,,Датум на евиденција" е датумот од кој што се одредува идентитетот на содружниците, односно на акционерите и нивните права што произлегуваат од уделот, односно од акцијата (право на известување, на гласање и на распределба) и други права кога тоа е определено со закон, со договорот за друштвото, односно со статутот;

9) ,,Други акти на друштвото" се општите акти кои се донесуваат во акционерското друштво и во друштвото со ограничена одговорност со коишто, на општ начин, се уредуваат односите во друштвото што не се уредени со договорот за друштвото, односно со статутот, а коишто мораат да бидат во согласност со нив (правилник, одлука, деловник и други);

10) ,,Дивиденда" е дел од добивката на друштвото којашто се распределува на содружниците, односно на акционерите на друштвото во согласност со правата определени во уделите, односно во секој род и класа на акции;

11) ,,Договор за друштвото" е акт со којшто се основаат јавното друштво, командитното друштво, друштвото со ограничена одговорност и командитното друштво со акции, кој едновремено е и основен општ акт со којшто се уредуваат односите, организацијата и функционирањето на овие друштва по нивното основање, којшто се донесува со согласност на сите основачи, а се менува со мнозинството определено со овој закон, односно со договорот за друштвото;

12) ,,Договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител" е договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот;

13) ,,Договор за уредување на односите со раководно лице" е договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски меѓу друштвото, претставувано од органот на управување, и раководното лице;

14) Точката 14 е избришана, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.84/05).

15) ,,Емисиски износ на акцијата" е вредноста при издавањето на акциите, составена од номиналниот износ на акцијата, зголемена за премијата на издавањето, ако премијата е предвидена, при што износот на премијата не влегува во номиналниот износ на основната главнина;

16) "Застапник по закон" е извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот кои во согласност со овој закон, го застапуваат друштвото;

17) "Изјава заверена кај нотар" е изјава чијшто потпис е заверен кај нотар;

18) "Извештај за процена" е писмен извештај во којшто овластен проценител користејќи соодветни пристапи и методи според меѓународните стандарди за процена, проценил вредност на ствари и права (непаричен влог) и други случаи определени со овој закон ;

19) ,,Извршен член на одборот на директори" е физичко лице кое е член на одборот на директори, кому одборот на директори му го доверил секојдневното управување со друштвото;

20) ,,Изјава за основање" е акт со којшто се основа друштвото со ограничена одговорност од едно лице и којашто по своето правно значење е соодветна на договорот за друштвото;

21) ,,Имот на друштвото" е севкупност на правата, сопственички и други стварни права што друштвото ги стекнува над добрата (парите, стварите и правата) што содружниците, односно акционерите ги вложиле во друштвото или коишто друштвото ги стекнало со своето работење;

22) ,,Конвертибилни обврзници" се вид обврзници коишто можат да се преобразат во акции на друштвото-издавач на обврзниците, за време на определена опција во рамките на постапката за условно зголемување на основната главнина;

23) ,,Лице" е секое физичко и правно лице, освен ако не е нагласено дека е физичко лице или дека е правно лице;

24) ,,Место на живеење" е местото со адресата (улица и број) на живеење на физичкото лице, како и државата ако физичкото лице е странец;

25) ,,Независен неизвршен член на одборот на директори, односно на надзорниот одбор" е физичко лице коешто, односно на чијшто член на потесното семејство: (1) во последните пет години немало материјален интерес или деловен однос со друштвото, директно, како деловен партнер, како член на орган на управување, орган на надзор или како раководно лице; (2) во последните пет години нема примено или не прима дополнителни примања освен плата од друштвото; (3) нема блиски семејни врски со некој од членовите на органите на управување, органот на надзор или од раководните лица на друштвото и (4) не е акционер кој поседува повеќе од една десеттина од акциите на друштвото или не застапува акционер кој поседува повеќе од една десеттина од акциите на друштвото;

26) ,,Неизвршен член на одборот на директори", по правило, е физичко лице-член на одборот на директори-кое нема извршна функција во друштвото и чии овластувања се однесуваат, во прв ред, на општото управување и надзор на управувањето со друштвото;

27) ,,Непаричен влог" означува збир на ствари (подвижни и недвижни) и права кои содружниците, односно акционерите ги вложуваат во друштвото;

28) ,,Одлучување преку допишување" е форма преку која содружниците се изјаснуваат, односно донесуваат одлуки за прашањата определени во договорот за друштвото без одржување собир на содружниците;

29) ,,Овластен ревизор" е лице кое врши ревизорски работи како овластен ревизор според Законот за ревизија;

30) ,,Овластен проценител" е лицето кое врши процена како овластен проценител и се води во регистарот на овластени проценители, воспоставен врз основа на закон;

31) ,,Одобрен капитал" е износ утврден во статутот на акционерското друштво, до којшто може да се зголеми основната главнина со одлука на органот на управување преку издавање нови акции врз основа на влогови во друштвото;

32) ,,Одобрение од надлежен орган" е дозвола, согласност, решение или друг акт од надлежен државен орган или од друг овластен орган, освен ако со овој закон не е именуван актот на државниот или на другиот овластен орган;

33) ,,Одговорно лице" во јавното трговско друштво е содружникот, овластен да управува и да го застапува друштвото, ако управувањето не е доверено на трето лице (управител); во командитното друштво и во командитното друштво со акции тоа е комплементарот, ако управувањето не е доверено на трето лице (управител); во друштвото со ограничена одговорност-управителот, односно управителите, член на надзорниот одбор, односно контролорот и во акционерското друштво-член на органот на управување, односно член на надзорниот одбор и раководните лица во трговските друштва;

34) ,,Орган на управување" е органот во акционерското друштво кому му е доверено управувањето на друштвото како на одбор на директори во едностепениот систем на управување, на управен одбор или на управител во двостепениот систем на управување, односно на управител, односно управители или органот во којшто тие се организирани во командитно друштво, во командитно друштво со акции и во друштво со ограничена одговорност;

35) ,,Орган за надзор" е органот во друштвото со ограничена одговорност, односно во акционерското друштво (надзорен одбор или контролор) чии овластувања се поврзани со надзорот над работењето на друштвото, а особено на работата на органите на управување;

36) ,,Основна главнина" е вкупниот износ на сите влогови на содружниците, односно акционерите, при што износот на основната главнина е еднаков на збирот на номиналната вредност на сите влогови, односно на номиналниот износ на сите акции од акционерското друштво;

37) ,,Основач на трговско друштво" е секое лице, кое заради основање трговско друштво, потпишало договор за друштвото, статут, односно изјава за основање друштво со ограничена одговорност од едно лице;

38) ,,Паричен влог" е износ на пари, изразен во домашна или странска валута, што содружникот, односно акционерот го вложува во друштвото;

39) ,,Пазарна вредност на акција" е вредноста на акцијата којашто се формира на организиран (институционализиран) пазар на хартии од вредност;

40) "Претпријатие" претставува збир од права, ствари и фактички односи кои имаат имотна вредност и кои припаѓаат кон трговската дејност на трговецот, при што овие елементи ја сочинуваат активата на трговецот, но ги опфаќаат и неговите обврски. Претпријатието претставува целосен и самостоен правен објект кој може да биде во промет;

41) ,,Предмет на работење" е дејноста, односно дејностите определени во договорот за друштвото, во статутот, односно во изјавата за основање друштво со ограничена одговорност од едно лице, класифицирани според дејностите утврдени во Националната класификација на дејностите;

42) ,,Акции со право на глас, претставени на собранието" се оние акции со право на глас чиишто сопственици присуствуваат лично или се застапени преку полномошник на свикано собрание;

43) ,,Прокурист" е физичко лице овластено од трговецот да го управува неговото претпријатие за награда и, притоа, да ги извршува сите дејствија и зделки што се врзани за вршење на дејноста на друштвото, а нема право да ги отуѓува и оптоварува недвижностите на трговецот, освен ако нема посебно овластување за тоа;

44) ,,Стекнати сопствени акции" се акции издадени од акционерското друштво коишто ги стекнува по различни основи и при што правата содржани во тие акции мируваат;

45) ,,Седиште на друштвото" е местото, со адресата (улица и број), наведена во договорот за друштвото, во статутот, односно во изјавата за основање друштво со ограничена одговорност од едно лице и запишани во трговскиот регистар;

46) ,,Статут на друштво" е акт со којшто се основа акционерско друштво, но едновремено е и основен општ акт со којшто се уредуваат односите, организацијата и функционирањето на ова друштво и се донесува со согласност на сите основачи, а се менува со мнозинството определено со овој закон, односно со статутот на друштвото (во натамошниот текст: статут);

47) ,,Статусни промени" означуваат присоединување, спојување и поделба на трговските друштва на начинот и според условите определени со овој закон;

48) ,,Трговски регистар" е основен регистар, во кој се вршат уписите определени со овој закон и

49) ,,Удел во друштвото" е севкупност на права и обврски коишто содружникот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина во јавното трговско друштво, командитното друштво и друштвото со ограничена одговорност, при што секој содружник има еден удел кој не може да биде претставен во хартија од вредност.

(2) Во овој закон изразувањето во еднина вклучува множина, а множината може да се однесува на еднина, освен кога со зборовите: ,,само" или, ,,освен" не е исклучена множината или еднината.

## ВТОР ДЕЛ

## ТРГОВЕЦ

### Трговец според дејноста

#### Член 4

(1) Трговец во смисла на овој закон е секое лице кое самостојно трајно во вид на занимање врши трговска дејност заради остварување добивка со производство, трговија и давање услуги на пазарот и тоа со:

1) купување на подвижни ствари со цел да ги продаде во првобитен, преработен или обработен вид;

2) продажба на подвижни ствари во преработен или обработен вид од сопствено производство;

3) тргување со хартии од вредност и управување со фондови;

4) банкарски, менувачки и други финансиски дејности;

5) дејности на осигурување;

6) превоз на лица и стока;

7) комисиони работи, шпедитерски услуги, складишни (магацински) услуги и лизинг;

8) трговско застапување и посредување;

9) угостителско-туристичка дејност, информативна дејност, маркетинг и други интелектуални услуги;

10) производство на филмови, видеокасети, аудиовизуелни записи, софтвер, како и други слични дејности;

11) издавачка и печатарска дејност и други работи поврзани со трговијата со книги и уметнички творби и

12) купување, изградба и уредување на недвижни ствари со цел продажба и издавање.

(2) Дејностите што трговецот ќе ги врши во согласност со ставот (1) од овој член се класифицираат според дејностите утврдени во Националната класификација на дејности.

## Трговец според формата

### Член 5

Трговските друштва определени со овој закон се трговци според формата.

## Трговец според природата и обемот на дејноста

### Член 6

(1) За трговец, во смисла на овој закон, се смета и секое лице кое, во вид на занимање, води претпријатие коешто според природата и обемот на дејноста бара да биде организирано и водено на начин на којшто се водат трговските дејности иако не се наведени во членот 2 од овој закон, под услов фирмата да е запишана во трговскиот регистар.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член се применува и во областа на земјоделството и шумарството само во поглед на претпријатијата за обработување или преработување на сопствени земјоделски или шумски производи.

## Трговец според уписот

### Член 7

Ако фирмата е запишана во трговскиот регистар, не може да се истакнува дека претпријатието што се води под таа фирма не е трговско.

## Физички лица кои не се сметаат за трговци

### Член 8

(1) За трговци, во смисла на овој закон, не се сметаат:

1) физичките лица кои вршат земјоделска и шумарска дејност (индивидуални земјоделци), освен ако нивната дејност може да се води како претпријатие, во смисла на членот 4 став 1 од овој закон;

2) занаетчиите и физичките лица кои вршат услуги, освен ако нивната дејност може да се определи како претпријатие, во смисла на членот 4 став (1) од овој закон и

3) физичките лица кои вршат угостителски услуги со издавање соби во своите живеалишта.

(2) Физичките лица кои се занимаваат со слободни занимања (адвокати, нотари, лекари и други), не се сметаат за трговци во смисла на овој закон.

## Примена на одредбите за трговецот на лица

### Член 9

Одредбите од овој закон за обврските на трговецот се применуваат и на лицата кои вршат трговска дејност и покрај тоа што, според прописите за нејзиното вршење, не им е дозволено да ја вршат неа или не ги исполнуваат определените услови за нејзиното вршење.

## Достапни податоци за трговецот

### Член 10

Секој трговец во секојдневното општење, во писмена форма, по електронски пат или на друг начин, е должен на лесен, директен или постојано достапен начин да ги користи и да ги направи достапни следниве податоци:

1) фирмата;

2) седиштето;

3) единствен матичниот број на субјектот (трговецот) запишан во трговскиот регистар, односно матичниот број на странското лице кое ја организирало подружницата (во натамошниот текст: ЕМБС);

4) телефонот, факсот и адресата за комуникација по електронски пат заради брзо и ефикасно комуницирање и

5) кога трговецот дејноста ја врши врз основа на одобрение, лиценца и слично-податоците за органот, односно институцијата којашто ги издала; а доколку се води и посебен регистар-бројот на регистарот; податоците за образованието, односно квалификацијата на лицата кои ги вршат тие дејности (ако е условено вршењето на дејноста и со стекнување соодветно образование, односно соодветна квалификација); податоците за професионалните правила за вршење на соодветната дејност и за средствата за пристап до нив.

**Членот 11 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.25/07).**

## ТРЕТ ДЕЛ

## ТРГОВЕЦ-ПОЕДИНЕЦ

### Поим

### Член 12

(1) Трговецот-поединец е физичко лице кое, во вид на занимање, врши некоја од трговските дејности определени со овој закон.

(2) Трговецот-поединец одговара за своите обврски лично и неограничено со сиот свој имот.

(3) Како трговец-поединец може да се запише во трговскиот регистар секое деловно способно физичко лице со постојано место на живеење во Република Македонија.

(4) Својство на трговец-поединец се стекнува со уписот во трговскиот регистар.

(5) Одредбите од овој закон што се однесуваат за трговското друштво соодветно се применуваат и на трговецот-поединец, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

### Ограничувања

### Член 13

Не може да биде регистрирано како трговец-поединец физичко лице:

1) над кое е отворена стечајна постапка;

2) за кое, со правосилна одлука на судот, е утврдено дека со умисла предизвикало стечај, поради што доверителите не можеле да ги наплатат своите побарувања додека трае забраната за вршење на дејноста утврдена со одлуката на судот и

3) на кое надлежен орган, врз основа на закон, му забранил да врши некоја од дејностите определени со овој закон, додека трае забраната.

## Упис во трговскиот регистар

### Член 14

(1) Трговецот-поединец се запишува во трговскиот регистар кај Централниот регистар на Република Македонија. Во пријавата за упис се наведуваат:

1) името и презимето, единствениот матичен број на граѓанинот (во натамошниот текст: ЕМБГ) и местото на живеење;

2) фирмата под којашто ќе се врши дејноста;

3) седиштето од каде што ќе се врши дејноста и

4) предметот на работење.

(2) Пријава за упис на трговец поединец во трговскиот регистар се поднесува во електронска форма потпишана со електронски потпис согласно со Системот за е-регистрација од физичкото лице кое бара да биде запишано како трговец поединец или негов полномошник со посебно полномошно во коешто се наведуваат податоците што се запишуваат во трговскиот регистар или преку регистрационен агент.

(3) Кон пријавата за упис се приложува електронски заверен потпис на трговецот поединец согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.

(4) Едно физичко лице запишано како трговец-поединец не може, истовремено, по која било основа, да биде запишано како трговец-поединец под друга фирма.

## Фирма

### Член 15

Фирмата на трговецот-поединец ги содржи и неговото лично име, татковото име и презиме како и ознаката ,,ТП".

## Пренос на фирма

### Член 16

(1) Фирмата на трговецот-поединец може да биде пренесена на трето лице само заедно со неговото претпријатие. Во пренесената фирма се додава личното име, татковото име и презиме на новиот трговец-поединец.

(2) Трговецот-поединец објавува најмалку во еден дневен весник и во деловните простории дека има намера да ја пренесе фирмата на друго лице. Ако во рок од 30 дена од денот на објавувањето на намерата за преносот на фирмата ниту еден доверител со поднесок пред судот не се спротивстави на преносот на фирмата, се смета дека доверителите се согласиле со преносот. Поднесокот со којшто се спротивставува на преносот на фирмата, доверителот му го поднесува и на трговецот-поединец.

(3) Ако поранешниот сопственик или неговите законски наследници тоа го одобрат, лицето кое ја презема фирмата на трговец-поединец, покрај своето лично име, татковото име и презиме, може во фирмата да го задржи и личното име и презиме на поранешниот сопственик, како една од ознаките на фирмата.

(4) Пренесувањето на фирмата се запишува во трговскиот регистар.

(5) Кон пријавата за упис на пренесување на фирмата се приложува:

1) договор за пренос на фирмата-заверен кај нотар и

2) доказ дека сите доверители се согласиле со пренесувањето на фирмата, освен ако во рокот од ставот (2) на овој член, ниту еден доверител со поднесок пред судот не се спротивставил на преносот на фирмата.

## Престанување на работењето

### Член 17

(1) Трговецот-поединец престанувањето на работењето му го пријавува на органот-надлежен за јавни приходи.

(2) Трговецот-поединец, најдоцна три месеца пред пријавувањето на престанувањето на работењето кај органот од ставот (1) на овој член, го објавува престанувањето на работењето и го наведува денот на престанувањето на работењето, најмалку во еден дневен весник и во деловните простории. Трговецот-поединец ги известува познатите доверители, поединечно, по писмен пат.

(3) Одредбата од ставот (2) на овој член се применува и кога трговецот-поединец има намера претпријатието да го продаде или да го вложи во друштво.

## Пријава за бришење на уписот

### Член 18

(1) Во трговскиот регистар се запишува и престанувањето на трговец-поединец.

(2) Трговецот-поединец поднесува пријава за бришење на уписот на трговецот - поединец во трговскиот регистар. Кон пријавата за бришење на уписот се приложуваат:

1) изјава за престанувањето на трговецот-поединец;

2) доказ дека сметката на трговецот-поединец е затворена и

(3) Својството на трговец-поединец престанува со бришењето на уписот на трговецот-поединец во трговскиот регистар.

### Член 18-а

(1) Поднесувањето на пријавата за упис од членот 14 став (1), прилозите од членовите 14 став (3), 16 став (5) и 18 став (2), пријавата за упис на пренесување фирма од членот 16 став (5) и пријавата за бришење на уписот од членот 18 став (2) од овој закон се врши преку Системот за е-регистрација и тоа лично или преку регистрациониот агент согласно со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

(2) Договорот за пренос на фирмата од членот 16 став (5) точка 1 од овој закон не се заверува на нотар и се поднесува преку Системот за е-регистрација и истиот е потпишан со електронски потпис на договорните страни или ако се поднесува преку регистрациониот агент заверен со електронски потпис на регистрационен агент.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ
# ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА, ЗАСТАПУВАЊЕ, ТРГОВСКИ РЕГИСТАР И ПОСТАПКА НА УПИС

## ПРВА ГЛАВА
## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

### Поим

### Член 19

(1) Трговското друштво е правно лице во коешто едно или повеќе лица вложуваат пари, ствари или права во имот што го користат за заедничко работење и заеднички ја делат добивката и загубата од работењето.

(2) Трговското друштво самостојно трајно врши дејност, заради остварување добивка.

### Форми на трговски друштва

### Член 20

(1) Трговско друштво, според формата, без оглед на тоа дали врши трговска или некоја друга дејност, е:

1) јавното трговско друштво;
2) командитното друштво;
3) друштвото со ограничена одговорност;
4) акционерското друштво и
5) командитното друштво со акции.

(2) Трговско друштво може да биде основано само во форма и на начин определени со овој закон.

(3) Основачот слободно ја избира формата на трговското друштво, освен ако со закон поинаку не е определено.

### Основна главнина, удели и акции, содружници и акционери

### Член 21

(1) Имотот создаден со вложувања во трговското друштво се изразува во пари и ја претставува основната главнина на друштвото. Основната главнина на трговското друштво гласи во денари или во странска валута и задолжително се наведува во меморандумот.

(2) Правата и обврските што содружникот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина на трговското друштво се негов удел во друштвото (во натамошниот текст: удел).

(3) Правата и обврските што акционерот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина на акционерското друштвото, односно на командитното друштво со акции се негов удел во друштвото за којшто добива акции (во натамошниот текст: акции).

(4) Лицата кои вложуваат во јавното трговско друштво, во командитното друштво, во друштвото со ограничена одговорност и комплементарите во командитното друштво со акции се содружници на друштвото (во натамошниот текст: содружници).

(5) Лицата кои вложуваат во акционерското друштво и командиторите во командитното друштво со акции се акционери на друштвото (во натамошниот текст: акционери).

## Договор за друштвото, односно статут на друштвото

### Член 22

(1) Трговското друштво има договор за друштвото, односно статут на друштвото (во натамошниот текст: статут).

(2) Договорот за друштвото се склучува, односно статутот се усвојува во писмена форма. Измените и дополнувањата на договорот за друштвото, односно на статутот се вршат во писмена форма.

(3) Содржината на договорот за друштвото, односно на статутот основачите ја определуваат во согласност со овој закон.

(4) Измените и дополнувањата на договорот за друштвото, односно на статутот што содржат податоци што се запишуваат во трговскиот регистар, задолжително се објавуваат. При секоја измена и дополнување се изработува пречистен текст на договорот за друштвото, односно на статутот во којшто се внесуваат извршените измени и дополнувања. Примерок од пречистениот текст се доставува до Централниот регистар на Република Македонија којшто го води трговскиот регистар. Ако за измената на договорот за друштвото, односно на статутот или на некои нивни одредби е потребна согласност на надлежен орган определен со закон, кон пријавата се приложува и согласноста.

(5) За да се извршат подготовки за основање на трговско друштво, основачите можат да склучат договор за да ги договорат дејствијата што треба претходно да ги извршат. Странките одговараат за причинетата штета за неизвршување на обврските преземени со договорот, освен ако поинаку не се договориле.

## Преддруштво

### Член 23

(1) Преддруштвото настанува со склучување на договорот за друштвото, односно со усвојување на статутот и со преземање на влоговите чијашто вкупна вредност не може да биде помала од најмалиот износ на основната главнина за соодветното трговско друштво определен со овој закон.

(2) На правните односи меѓу основачите, пред уписот на трговското друштво во трговскиот регистар, се применуваат склучениот договор за друштвото, односно усвоениот статут. На правните односи меѓу основачите што не се уредени со овој закон и со договорот за друштвото, односно со статутот се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи со коишто се уредува договорот за ортаклак (договорот за заедница).

(3) Правата стекнати од името на трговското друштво, пред уписот во трговскиот регистар се заеднички неподелен имот на основачите, освен ако основачите поинаку не се договориле. За обврските преземени во име на друштвото пред неговиот упис во трговскиот регистар (преддруштвото) одговара лично оној кој ги презел во име на преддруштвото, а ако обврските ги презеле повеќе лица, тие одговараат неограничено и солидарно со сиот свој имот.

(4) Ако, по уписот во трговскиот регистар, трговското друштво ги преземе обврските така што ќе стапи на местото на должникот, за преземањето на долгот не е потребна согласност на доверителот ако обврската биде преземена во рок од три месеца од уписот на друштвото во трговскиот регистар и ако друштвото или должникот во овој рок го известат за тоа доверителот.

(5) Ако обврските преземени во име на трговското друштво пред неговиот упис во трговскиот регистар, се поголеми од основната главнина определена во договорот за друштвото, односно статутот, основачите се должни да ја доплатат разликата којашто недостасува.

(6) Со уписот на трговското друштво во трговскиот регистар, преддруштвото престанува. По уписот на друштвото во трговскиот регистар, правата и обврските преземени од преддруштвото се права и обврски на трговското друштво.

## Време на траење на друштвото

### Член 24

(1) Трговското друштво се основа на неопределено или на определено време на траење.

(2) Ако со договорот за друштвото, односно со статутот не е определено времето на траење на трговското друштво, се смета дека друштвото е основано на неопределено време.

## Друштвото како правно лице

### Член 25

(1) Трговското друштво како правно лице може да стекнува права и да презема обврски, да стекнува сопственост и други стварни права, да склучува договори и други правни работи, да тужи и да биде тужено пред суд, арбитража или друг избран суд и да учествува во други постапки.

(2) Трговското друштво стекнува својство на правно лице со уписот во трговскиот регистар.

(3) На трговското друштво му престанува својството на правно лице со бришењето на уписот во трговскиот регистар.

## Подружница

### Член 26

(1) Трговското друштво може да врши дејности и работи од предметот на работење на друштвото надвор од седиштето преку една или повеќе подружници.

(2) Подружницата се организира со одлука којашто ја донесува надлежниот орган на трговското друштво во согласност со договорот за друштвото, односно со статутот.

(3) Во одлуката за организирање подружница се наведуваат фирмата и седиштето на основачот, предметот на работење на трговското друштво и на подружницата, претежната дејност според Националната класификација на дејностите и лицата во подружницата-овластени за застапување на друштвото. Подружницата може да ги врши сите дејности од предметот на работење на друштвото.

(4) Подружницата нема својство на правно лице. Од работењето на подружницата, права и обврски стекнува трговското друштво.

(5) Подружницата работи под фирмата на трговското друштво што ја организирало, во која задолжително се наведува нејзиното седиште и зборот „подружница". Подружницата може кон фирмата на друштвото да додаде и свој назив.

(6) Подружницата престанува ако надлежниот орган на трговското друштво што ја организирал донесе одлука за престанување на подружницата или ако трговското друштво престане да постои.

(7) Организирањето и бришењето на подружницата се забележува во регистарската влошка во којашто е запишано трговското друштво. Забележувањето се објавува на истиот начин како уписите во трговскиот регистар.

## Одговорност за обврските

### Член 27

(1) Трговското друштво одговара за своите обврски со сиот свој имот.

(2) Содружниците на јавното трговско друштво и комплементарите во командитното друштво и во командитното друштво со акции, одговараат за обврските на друштвото неограничено и солидарно со сиот свој имот.

(3) Содружниците на друштвото со ограничена одговорност и акционерите на акционерското друштво како и командиторите во командитното друштво и командитното друштво со акции не одговараат за обврските на друштвото, ако со овој закон поинаку не е определено.

## Посебна одговорност на содружниците, односно на акционерите

### Член 28

(1) Содружниците, односно акционерите на трговското друштво одговараат неограничено и солидарно за обврските на друштвото во случаите, ако:

1) го злоупотребиле друштвото како правно лице за да постигнат цели што за нив како поединци, се забранети;

2) го злоупотребиле друштвото како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители;

3) спротивно на законот, располагале со имотот на друштвото како со свој сопствен имот или

4) во своја корист или во корист на кое било друго лице го намалиле имотот на друштвото, а знаеле или морале да знаат дека друштвото не е способно да ги изврши своите обврски спрема третите лица.

(2) Ставот (1) од овој, член соодветно се применува и за одговорноста на тајниот содружник.

## Лица кои можат, односно лица кои не можат да основаат друштво

### Член 29

(1) Трговско друштво можат да основаат домашни и странски физички и правни лица.

(2) Трговско друштво не можат да основаат:

1) трговски друштва чија сметка отворена кај кој било носител на платниот промет е блокирана и лицата кои се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на тие друштва, сè додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над истото не се отвори постапка на ликвидација или стечај;

2) друштва над кои е отворена стечајна постапка, додека трае постапката;

3) лица кои се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на трговски друштва на кои во постапка пропишана со закон им е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, сè додека трае забраната;

4) лице кое е содружник во друштво со ограничена одговорност (ДОО) или во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) чија сметка е блокирана додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над друштвото не се отвори постапка за ликвидација или стечај [2]

5) Точката 5 е укината, види: Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.38/2018 („Службен весник на РМ" бр.239/18).

6) лица за кои со правосилна одлука на судот е утврдено дека сториле кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапката стечај, оштетување или повластување на доверители и изречена им е забрана за вршење професија, дејност или должност, сé додека траат правните последици од забраната.

(3) Секое лице може да биде основач на повеќе друштва, ако со овој закон тоа не е забрането.

(4) Основачи на јавно трговско друштво, односно основачи како комплементари на командитно друштво или на командитно друштво со акции, не можат да бидат физички лица кои немаат деловна способност.

(5) Физичко лице може, во исто време, да биде содружник со неограничена одговорност само во едно друштво. Јавно трговско друштво, командитно друштво и командитно друштво со акции не можат да бидат содружник со неограничена одговорност во друго такво друштво.

(6) Кон пријавата за упис на основање на друштво во трговскиот регистар, основачите поднесуваат лична изјава во електронска форма преку едношалтерскиот систем дека не постои некое од ограничувањата од овој член или друго ограничување пропишано со овој или друг закон, за да основаат друштво.

## Лица кои не можат да управуваат и лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговски друштва

### Член 29-а

(1) Лицата од членот 29 став (2) точки 1 и 3 од овој закон не можат да бидат управители, членови на орган на управување и орган на надзор на трговско друштво се додека кај нив постојат овие ограничувања, а лицата од точката 5 на овој став од денот на започнувањето на постапката за бришење и во период од три години од денот на објавата на бришењето на друштвото на веб страницата на Централниот регистар.

(2) Лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговски друштва се лицата кои, од која било причина, се спречени или престанале да ги извршуваат своите функции во текот на мандатот во органот на управување, непрекинато во рок подолг од 30 дена.

(3) Лицата од ставот (2) на овој член се должни веднаш од настанување на причината за престанок или спреченост да именуваат полномошник согласно со членот 66 став (2) од овој закон или да го известат органот што го врши нивниот

[2] Види: Автентично толкување на членот 29 став 2 точка 4, од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.195/18).

избор заради назначување привремен вршител на функциите од ставот (2) на овој член. Одлуката за назначување привремен вршител на функциите се доставува за упис во трговскиот регистар.

(4) Во случај кога во друштвото не е назначен привремен вршител на функциите од ставот (2) на овој член, на начин определен во ставот (3) од овој член или на начин определен за некоја од посебните форми трговски друштва согласно со одредбите на овој закон, секое лице кое има правен интерес може, со предлог, да побара судот да назначи друго физичко лице кое ќе биде привремен вршител на функциите од ставот (2) на овој член, по претходна согласност на лицето кое треба да се назначи. Судот, по службена должност, правосилната одлука за назначување на овие лица веднаш ја доставува до Централниот регистар заради упис во трговскиот регистар.

(5) При уписот во трговскиот регистар од ставовите (3) и (4) на овој член, Централниот регистар става забелешка дека функциите на лицата од ставот (2) на овој член им мируваат.

(6) Лицата кои се назначени за привремени вршители на функциите од ставовите (3) и (4) на овој член ги вршат само неодложните работи на друштвото до престанувањето на причините за престанок или спреченост, односно до избор на нов член на органот на управување на друштвото, но не подолго од шест месеци.

## Регистар на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва и на лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговските друштва во Република Македонија

### Член 29-б

(1) Централниот регистар на Република Македонија води електронски регистар на лица кои не можат да основаат и да управуваат и лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговски друштва во Република Македонија.

(2) Носителот на платниот промет преку единствениот регистар на трансакциски сметки (ЕРТС) го известува Централниот регистар за секоја настаната блокада на трансакциска сметка на учесник во платниот промет во реално време, како и за деблокада на истата. Централниот регистар веднаш по добивањето на информацијата од ЕРТС врши упис или брише упис на лице од регистарот од ставот (1) на овој член согласно со податоците со кои располага за лицата во трговскиот регистар.

(3) Надлежните органи кои изрекуваат забрани од членот 29 став (2) точка 3 на овој закон го известуваат Централниот регистар за изречените забрани без одлагање.

(4) За лицата од членовите 29 став (2) и 29-а ставови (1) и (2) на овој закон, во регистарот од ставот (1) на овој член, Централниот регистар без одлагање ги запишува името и презимето и ЕМБГ на физичките лица, односно фирмата, седиштето и ЕМБС на правните лица и нивното регистрирано седиште.

(5) По престанувањето на ограничувањата, односно на причините за престанок или спреченост кај лицата определени во членовите 29 став (2) и 29-а ставови (1) и (2) на овој закон, Централниот регистар без одлагање ги брише од регистарот од ставот (1) на овој член сите податоци запишани за нив.

(6) Податоците запишани во регистарот од ставот (1) на овој член се јавни и секое лице може да побара информација за истите од Централниот регистар.

(7) Министерот за економија поблиску ќе ги пропише начинот на водење, формата и содржината на регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат и лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговски друштва во Република Македонија.

## Странско лице-содружник, односно акционер

### Член 30

(1) Содружник, односно акционер може да биде и секое странско лице.

(2) Странско лице може да стекнува удел или акции на начинот и под условите предвидени за државјаните на Република Македонија и за правните лица запишани во трговскиот регистар на територијата на Република Македонија, освен ако со закон поинаку не е определено.

(3) Учеството на странско лице во новоосновано и во постојно трговско друштво не е ограничено, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

(4) Трговското друштво со странско учество ги има сите права и обврски, како и трговското друштво без странско учество, освен во случаите определени со закон.

## Права на странски лица

### Член 31

(1) Правата стекнати врз основа на вложувања на странски лица во трговско друштво не можат да се намалуваат со закон или со друг пропис.

(2) Делот од добивката на трговското друштво што му припаѓа на странско лице, односно износот во случај на делумно или целосно отуѓување на уделот или на акциите на странското лице може, по налог на странското лице, слободно, без дозвола, да се дозначи во странство во валутата на вложувањето ако друштвото располага со парично покритие, под условите определени со закон.

(3) Ако се спроведе стечај или ликвидација на трговско друштво, по завршувањето на стечајната, односно на ликвидационата постапка, странското лице има право да си го врати назад внесениот непаричен влог под условите определени со закон.

(4) Привилегиите и посебните погодности за вложување и стопанисување на странски лица се определуваат со закон.

## Изјава за основање, за статусни промени и за преобразба

### Член 32

(1) Основачите на трговското друштво, како и првите членови на органите на управување, односно управителот, освен првите членови на органите на управување кај симултаното основање на акционерското друштво, кон пријавата за упис на основањето на трговското друштво во трговскиот регистар, поднесуваат изјава во којашто ги наведуваат дејствијата извршени со цел правилно да се основа трговско друштво и со којашто тврдат дека друштвото го основале во согласност со закон и дека податоците содржани во прилозите (исправите и доказите) коишто ги поднесуваат кон пријавата за упис на основањето во трговскиот регистар се вистинити и се во согласност со закон. Изјавата може да биде поднесена во електронска форма преку едношалтерскиот систем во согласност со Системот за е-регистрација, Законот за Централниот регистар на Република Македонија и прописите за едношалтерски систем.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член се применува и во случај на измена на договорот на друштвото, односно на статутот. Изјавата ја даваат членовите на органите на управување, односно на надзорниот одбор, односно контролорот, ако трговското друштво има орган на надзор, кои ја вршат оваа функција во времето на измените на договорот за друштвото, односно на статутот.

(3) Во случај на присоединување, спојување или поделба на трговско друштво, односно преобразба од една во друга форма на друштво, изјавата од ставот (1) на овој член, со содржина соодветна на присоединувањето, спојувањето, поделбата, односно на преобразбата од една во друга форма на друштво, ја поднесуваат членовите на органите на управување, управителот, односно на надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, кои ја вршат оваа функција во друштвото што се присоединува и во друштвото кон коешто се врши присоединувањето, во друштвата коишто се спојуваат, во друштвото коешто се дели и во друштвото коешто го прима делот од имотот и од обврските на друштвото што се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање, односно во друштвото што се преобразува.

(4) Ќе се одбие да се изврши упис во трговскиот регистар на основањето, на измената на договорот за друштвото, односно на статутот, на извршената статусна промена на трговското друштво, односно на преобразбата од една во друга форма на друштво ако не биде поднесена соодветна изјава од ставовите (1),(2) и (3) на овој член.

(5) Изјавата од ставовите (2) и (3) на овој член се поднесува како прилог преку Системот за е-регистрација потпишана со сопствен електронски потпис или преку регистрационен агент.

## Утврдување ништовност на друштвото

### Член 33

(1) Ништовност на трговско друштво може да се утврди само во следниве случаи:

1) непостоење на договор за друштво, односно на статут или ако договорот за друштвото, односно статутот не е склучен, односно усвоен во форма определена со овој закон;

2) ако, при основање на друштвото, во договорот за друштвото, односно во статутот не се наведени индивидуално запишаните влогови на содружниците, односно на акционерите, вкупниот износ на запишаната основна главнина или не се наведени фирмата и предметот на работење на друштвото или предметот на работење на друштвото не е во согласност со закон или со добрите деловни обичаи;

3) не е уплатен, односно внесен пропишаниот (со закон) најмал износ на основната главнина;

4) Точката 4 е избришана, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.84/05).

5) деловна неспособност на сите основачи и

6) ако бројот на основачите на друштвото е помал од најмалиот број на основачи определен со овој закон за одредена форма на друштва.

(2) Секој содружник и акционер, односно управител, член на орган на управување, односно член на надзорен одбор, контролор, овластен ревизор или доверител може со тужба да побара од судот да ја утврди ништовноста на трговското друштво.

(3) Судот ќе утврди ништовност на трговското друштво, само ако до донесувањето на неговата одлука, повредата на законот не е отстранета или нема да биде отстранета во рок што судот го определил, а којшто не може да биде подолг од три месеца. Тужбата може да се поднесе во рок од три години од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар. На тужбата и обврската на органите на управување за доставување на тужбата до судот којшто извршил упис во трговскиот регистар на друштвото за коешто се бара утврдување на ништовност соодветно се применуваат одредбите од членот 415 на овој закон. Органите на управување на трговското друштво доставуваат заверена копија од тужбата, без одлагање од денот кога е поднесена до Централниот регистар на Република Македонија, којшто го забележува во трговскиот регистар водењето на спорот, а ништовноста на друштвото ја забележува откако ќе му се достави правосилна одлука со којашто се утврдува дека друштвото е ништовно. Правосилната одлука со којашто е одбиено тужбеното барање за утврдување ништовност на трговското друштво се забележува во трговскиот регистар.

(4) Правосилната одлука со којашто е утврдена ништовност на трговско друштво произведува правно дејство спрема трети лица наредниот ден од денот на нејзиното објавување во ,,Службен весник на Република Македонија".

(5) Во поглед на преземените правни работи, ништовноста на трговското друштво не влијае спрема трети лица.

(6) Содружниците, односно акционерите имаат обврска да го платат влогот за којшто презеле обврска да го платат, а сé уште не го платиле, до износот што е потребен да се намират обврските на друштвото.

(7) По објавувањето на правосилната одлука од ставот (4) на овој член, судот назначува ликвидатор кој спроведува ликвидација на трговското друштво.

## Влогови во основната главнина

## Член 34

(1) Влоговите што се вложуваат, односно се внесуваат при основањето трговско друштво, односно при зголемување на основна главнина му се ставаат на располагање на друштвото.

(2) Влоговите можат да се состојат од пари (во натамошниот текст: парични влогови), од ствари (подвижни и недвижни) и права што имаат имотна вредност, коишто можат да се проценат и да се изразат во пари (во натамошниот текст: непарични влогови) или само од пари, само од ствари или само од права. По исклучок, содружниците во јавното трговско друштво, односно комплементарите на командитното друштво можат да вложат и труд и услуги. Влоговите можат да се состојат и од заем, односно дополнителни доплати, кога субјектите од членот 3 став (1) точка 4-а од овој закон се заемодавачи.

(3) Влоговите не можат да им се враќаат на содружниците, односно на акционерите на друштвото, освен во случаите определени со овој закон.

## Непаричен влог

## Член 35

(1) Кога во трговското друштво се внесува непаричен влог, во договорот за друштвото, во статутот, односно во одлуката за зголемување на основната главнина се внесува фирмата, називот, односно името на лицето кое го внесува непаричниот влог, подробен опис на непаричниот влог и неговата проценета вредност изразена во пари.

(2) Непаричниот влог во друштвото со ограничена одговорност, акционерското друштво, командитното друштво и командитното друштво со акции е проценет од овластен проценител (еден или повеќе), назначен од основачите, содружниците, акционерите, односно органите на друштвото од листата на овластени проценители.

(3) Проценителот може да побара од лицето кое го внесува влогот и од органот на управување на друштвото да му ги даде сите потребни објаснувања и податоци коишто се потребни за да ја изврши процената. Проценителот има право на паричен надомест за трошоците и за извршената услуга.

(4) Проценителот е лично и неограничено одговорен со сиот свој имот за точноста на податоците во извештајот за процена, за проценетата вредност на непаричниот влог и поднесува кривична одговорност, ако не го применува кодексот за етика на овластените проценители и меѓународните стандарди за процена, заради што нереално ги проценил непаричните влогови што ги презема трговското друштво.

(5) Во трговското друштво можат да се внесат само непарични влогови на коишто може со процена да им се определи вредноста во пари.

(6) Овластениот проценител изработува извештај за проценетата вредност на непаричниот влог, во согласност со меѓународните стандарди за процена. Извештајот за процена содржи опис на непаричниот влог, на методата со којашто е извршена процената на влогот, односно претворањето на долгот во влог и дека вредноста утврдена со овие методи соодветствува на номиналниот износ на уделот, односно на акциите, како и на премијата што се бара за нив. Кон извештајот се приложува и доказ за сопственост на недвижни, како и на подвижни ствари за коишто со закон е определена обврска за евиденција (регистар). Примерок од извештајот за процена на непаричниот влог со пријавата за упис се предава во трговскиот регистар заедно со договорот за друштвото, статутот, одлуката за зголемување на основната главнина или со друг соодветен акт со којшто, во согласност со овој закон, се врши внесување непарични влогови.

(7) При уписот во трговскиот регистар не се проверува точноста на податоците, односно проценетата вредност.

(8) Вредноста на непаричниот влог, определена во договорот за друштвото, односно во статутот, односно во одлуката за зголемување на основната главнина не може да биде поголема од вредноста утврдена во извештајот за процена.

(9) Ако непаричниот влог е со пониска вредност од онаа којашто ја прикажал внесувачот на непаричниот влог од вредноста утврдена со извештајот за процена, внесувачот на непаричниот влог мора разликата да ја надомести со плаќање во пари, ако другите основачи, односно содружници или акционери го прифатат тоа.

(10) Лицата кои стекнале удел, односно акции во замена за непарични влогови се лично и неограничено одговорни со сиот свој имот спрема трговското друштво за вредноста на непаричните влогови утврдена во извештајот за проценка за време од пет години од денот на објавувањето на уписот во трговскиот регистар на договорот за друштвото, на статутот, односно одлуката за зголемување на основната главнина.

## Учество во добивката

## Член 36

Содружниците, односно акционерите учествуваат во поделбата на добивката што им припаѓа во трговското друштво, под условите и начинот утврдени со овој закон и договорот за друштвото, односно со статутот.

## Објавување на уписите

### Член 37

(1) Податоците запишани во трговскиот регистар се објавуваат во целост на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија, освен во случај кога со овој закон или со друг закон е пропишано податоците да се објавуваат делумно, да не се објавуваат, или е определен друг начин на нивно објавување. Трошоците за објавувањето паѓаат на товар на субјектот на уписот.

(2) Во случај кога судот донел правосилна одлука согласно со која треба да се изврши упис, измена или бришење на податоци во трговскиот регистар, судот по службена должност до Централниот регистар на Република Македонија ја доставува одлуката заради нејзин упис во трговскиот регистар, односно заради објава на податоците од истата на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија, кога тоа е определено со овој закон. Во објавата на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија се наведуваат актите врз основа на коишто е извршен уписот и се наведува правото на увид на тие акти во трговскиот регистар.

(3) Субјектот на уписот може, на сопствен трошок и по сопствен избор, податоците запишани во трговскиот регистар да ги објавува и во дневниот печат.

(4) Трети лица можат да се повикуваат само на податоците за кои согласно со овој закон е пропишано нивно објавување на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија од денот на нивното објавување.

(5) Трети лица можат да се повикуваат само на податоците за кои согласно овој закон е пропишано нивно објавување во "Службен весник на Република Македонија" од денот на нивното објавување.

(6) Централниот регистар на Република Македонија и „Службен весник на Република Македонија" по потреба издаваат специјални изданија со податоци запишани во трговскиот регистар.

(7) Кога со овој закон е утврдена обврската објавувањето да се врши во дневен весник, објавувањето се врши во дневен весник што се дистрибуира на целата територија на Република Македонија.

## Истакнување податоци спрема трети лица

### Член 38

(1) Податоците запишани во трговскиот регистар можат да се истакнуваат спрема трети лица само по нивното објавување во согласност со овој закон, освен ако трговското друштво докаже дека третото лице знаело за нив и пред објавувањето. Во поглед на презмените правни работи пред истекот 15 дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето, податоците и содржината на документите не можат да се истакнуваат спрема трети лица кои ќе докажат дека за нив било невозможно да имаат сознанија.

(2) Ако постои несогласност на податоците објавени во ,,Службен весник на Република Македонија" односно на интернет страницата на Централниот регистар на Република Македонија со податоците запишани во трговскиот регистар, несогласноста не може да се истакнува спрема трети лица. Третите лица можат да се повикуваат на податоците објавени во ,,Службен весник на Република Македонија", освен ако друштвото докаже дека тие биле запознаени со податоците запишани во трговскиот регистар.

## Право на информираност на содружникот, односно на акционерот

### Член 39

(1) Заради остварување на своите права определени со закон, договор за друштвото и со статутот секој содружник, односно акционер на друштвото и кога не учествува во управувањето, има право да биде лично информиран за работењето на друштвото и право на увид во книгите, актите и во другите документи на друштвото.

(2) Секој содружник, односно акционер има право да бара копии од актите и документите што се предмет на разгледување и одлучување на собир на содружниците или одлучување преку допишување, односно на собрание. Трговското друштво е должно да им обезбеди копија и тоа без надомест. Во сите други случаи надоместокот не може да биде поголем од стварните трошоци.

(3) Ако на содружник, односно на акционер не му биде овозможено остварување на правата од ставовите (1) и (2) на овој член, содружникот, односно акционерот има право на заштита на своите права пред судот на начинот и под условите определени со закон.

(4) Секоја одредба во договорот за друштвото, односно во статутот, што отстапува од ставовите (1) и (2) на овој член се смета за ништовна.

## Обврска за уплата на влогот и правниот режим на имотот на друштвото

### Член 40

(1) Содружниците на друштвото со ограничена одговорност, односно акционерите на акционерското друштво имаат обврска да го уплатат паричниот влог, односно да го внесат непаричниот влог во друштвото што го запишале и не можат да бидат ослободени од оваа обврска, освен во случаите кога тоа е определено со овој закон.

(2) Влоговите што се внесени во друштвото му припаѓаат на друштвото.

(3) Доверител на содружник, односно на акционер не може да го намири своето побарување спрема содружникот, односно спрема акционерот од имотот на друштвото.

(4) Доверител на друштвото не може да ги намири своите побарувања од имотот на содружник, односно акционер, освен во случаите определени со овој закон.

## Решавање на споровите со спогодба или со арбитража

### Член 41

(1) Содружниците, односно акционерите на трговското друштво можат да се договорат споровите што се однесуваат на договорот за друштвото, односно на статутот најпрвин да ги решат спогодбено, вклучувајќи посредување (медијација) и преговарање.

(2) Содружниците, односно акционерите ако не можат споровите од ставот (1) на овој член спогодбено да ги решат, нив можат да ги решаваат и преку арбитража ако се договорат така.

## Заштита на право пред судот

### Член 42

Ако орган на трговското друштво повреди право на содружниците, односно на акционерите коешто произлегува од содружништвото, секој содружник, односно акционер може да бара заштита на тоа право пред суд што е надлежен според Законот за судовите.

### Оцена на законитост

### Член 43

(1) Ако договорот за друштвото, односно статутот и другите општи акти на друштвото, односно нивни одредби се во спротивност со закон, се ништовни.

(2) Судот по предлог на содружник, односно на акционер, на член на орган на управување, односно на член на надзорен одбор или контролор, ако друштвото има орган на надзор, ја оценува законитоста на актите, односно на одредбите од актите од ставот (1) на овој член. Предлог може да поднесе и секое лице ако претходно докаже дека има правен интерес.

(3) Ако судот оцени дека актот од ставот (1) на овој член, односно негова одредба е во спротивност со закон, донесува одлука со којашто утврдува дека актот, односно одредбата е спротивна на закон.

(4) Правото од ставот (2) на овој член може да се остварува по завршувањето на постапката за упис во трговскиот регистар.

## ВТОРА ГЛАВА

## БЕЛЕЗИ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

## ОДДЕЛ 1

## ФИРМА

### Поим на фирма

### Член 44

(1) Фирмата на трговското друштво е името под коешто друштвото работи и под коешто учествува во правниот промет.

(2) Фирмата на трговското друштво се определува и менува на начинот определен со изјавата за основање на друштвото од едно лице, со договорот за друштвото, односно со статутот.

(3) Фирмата на трговското друштво и сите нејзини промени се запишуваат во трговскиот регистар.

### Начело на вистинитост

### Член 45

Податоците содржани во фирмата мора да се вистинити.

### Содржина на фирмата

### Член 46

(1) Фирмата содржи ознака којашто упатува на предметот на работење на трговското друштво, седиштето и формата на друштвото.

(2) Фирмата може да содржи додатоци (цртежи, слики, симболи, ознаки и друго) што служат за поблиско обележување на трговското друштво, освен оние што создаваат или можат да создадат забуна во поглед на предметот на работењето на трговското друштво, впечаток за идентитет или за поврзаност со

друго трговско друштво или ако водат кон повреда на правата на индустриската сопственост или на други права на други трговски друштва, односно лица регистрирани во земјата и во странство.

(3) Фирмата може да се употребува и како трговска марка, на начин и под услови определени со закон.

## Недопуштени состојки на фирмата

### Член 47

(1) Фирмата не може да содржи имиња, знамиња, грбови или други државни амблеми на други држави или на меѓународни организации без нивна дозвола, а не можат ниту да се имитираат во хералдичка смисла.

(2) Фирмата не може да содржи службени знаци на контрола и гаранција за квалитет.

(3) Фирмата не може да содржи и зборови кои создаваат привид и мешање со фирма на друго друштво, име, односно назив на установа или друг субјект.

## Употреба на зборот ,,Македонија" или име на единица на локална самоуправа

### Член 48

(1) Зборот ,,Македонија" и зборовите изведени од него како и неговите кратенки, знамето и грбот можат да се содржани во фирмата само со дозвола на Министерството за правда.

(2) Дозвола на надлежниот орган на единицата на локалната самоуправа е потребна кога во фирмата се употребуваат зборови во кои е содржано името на единицата на локалната самоуправа.

## Употреба на име на личност

### Член 49

(1) Во фирмата може да се внесе име и презиме на некое физичко лице само со негова согласност, или, ако тоа физичко лице е починато, со согласност на неговите сродници до трет степен во права линија.

(2) Во фирмата може да се внесе име и презиме на историска и друга позната личност само со согласност на личноста, или, ако е почината, со согласност на нејзините сродници до трет степен во права линија, а доколку такви не постојат, согласност дава Министерството за правда.

(3) Ако на кој било начин се повредува честа и угледот на физичкото лице чие име и презиме е внесено во фирмата, на негово барање, или, ако е починато на барање на неговите наследници, судот, по тужба, ќе ја забрани таквата употреба. Ако во рок од осум дена од денот на правосилноста на одлуката за забраната не се поднесе пријава за промена на фирмата, судот назначува ликвидатор кој спроведува ликвидација на трговското друштво.

## Употреба на македонскиот јазик и на другите јазици

### Член 50

(1) Фирмата на трговското друштво гласи на македонски јазик, со кирилско писмо.

(2) Фирмата на трговското друштво со седиште во единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, може да гласи и на тој јазик и се употребува само заедно со написот во фирмата на македонски јазик, со кирилско писмо.

## Фирма на друштво во стечај и во ликвидација

### Член 51

Кон фирмата на трговското друштво над коешто е отворена и се води стечајна или ликвидациона постапка, задолжително се додава ознаката „во стечај", односно „во ликвидација" и така се запишува во трговскиот регистар.

## Начин на употреба на фирмата

### Член 52

(1) Трговското друштво, во своето работење, мора да ја употребува фирмата онака како што е запишана во трговскиот регистар.

(2) Трговското друштво може да употребува и скратен назив на фирмата, којшто мора да содржи ознака според која друштвото се разликува од другите трговски друштва, скратена ознака на формата на друштвото со седиштето, пропишана со овој закон.

(3) Скратениот назив на фирмата се запишува во трговскиот регистар.

(4) Фирмата или скратениот назив на фирмата мора да се истакне во деловните простории.

## Услови за пренос на фирма

### Член 53

(1) Фирмата може да се пренесе на друг само заедно со претпријатието или со претежниот дел од претпријатието.

(2) За пренос на фирмата којашто содржи име на физичко лице е потребна согласност на тоа лице, или ако е починато, согласност на неговите сродници до трет степен во права линија.

## Фирмата и промени во друштвото

### Член 54

Ако во трговското друштво пристапи нов содружник или од друштвото истапува некој од содружниците, постојната фирма може и понатаму да се употребува.

## Начело на единство на фирмата

### Член 55

Секој дел од трговското друштво мора да истапува во правниот промет под иста фирма, со тоа што може на фирмата да и  се додаде ознака којашто ќе упатува на тоа дека се работи за дел од друштвото.

## Начело на исклучивост

### Член 56

(1) Новите фирми на трговските друштва мора јасно да се разликуваат од сите фирми на друштвата запишани во трговскиот регистар.

(2) Во трговскиот регистар не може да се запише фирма што е иста со веќе запишана фирма или фирма којашто јасно не се разликува од веќе запишана фирма. На тоа се внимава по службена должност.

(3) Ако содружник во јавно трговско друштво или комплементар во командитно друштво и командитно друштво со акции го има истото име и презиме под коешто друг е веќе запишан или пријавен во трговскиот регистар, мора кон своето име и презиме да стави додаток според кој неговата фирма јасно ќе се разликува од запишаните или пријавените фирми.

(4) Јасна разлика е онаа којашто може да се забележи со внимание што е вообичаено во деловниот промет.

(5) Поврзаните трговски друштва и трговските друштва кои по која било основа во рамките на предметот на работењето се поврзани со домашно или странско лице, можат, со негова согласност, да употребуваат заеднички состојки во фирмата или да ја означат поврзаноста на вообичаен начин.

## Начело на првенство

### Член 57

(1) Ако, заради упис во трговскиот регистар, бидат пријавени исти фирми или фирми што меѓусебно јасно не се разликуваат, ќе биде запишана онаа фирма којашто е порано пријавена.

(2) По исклучок од одредбата од ставот (1) на овој член, ќе биде запишана подоцна пријавената фирма ако подносителот на подоцнежната пријава докаже дека во времето на поднесување на поранешната пријава ја употребувал на пазарот таа фирма, односно нејзините битни состојки, како ознака на своето претпријатие или како трговска марка за означување на своите производи или услуги и дека тоа го чинел пред подносителот на порано поднесената пријава.

## Заштита на правата на сопственик на порано пријавена фирма

### Член 58

(1) Трговец кој со употреба на слична содржина на фирма запишана во трговскиот регистар, ги повредува правата на друг трговец или ја загрозува неговата положба во пазарното натпреварување, или постои опасност неговите права и положба во пазарниот натпревар да бидат повредени или загрозени, или ако другиот трговец (со употреба на фирмата) неовластено го користи неговиот

деловен углед или го присвојува него, може да поднесе тужба и да бара да му се забрани на другиот трговец да ја употребува фирмата, како и да ја надомести штетата предизвикана со употреба на фирмата.

(2) Ако во рок од осум дена од денот на правосилноста на одлуката за забрана не се поднесе пријава за промена на фирмата, судот назначува ликвидатор кој спроведува ликвидација на трговското друштво.

(3) Тужбата може да се поднесе во рок од три години од денот на објавувањето на уписот на фирмата.

(4) Правосилната одлука на судот со којашто е уважено тужбеното барање, судот ја објавува на трошок на тужениот во весник којшто ќе го определи тужителот.

**Заштита на авторски и на други сродни права и на права на индустриска сопственост**

**Член 59**

Без оглед на одредбите од ставовите (1) и (2) на член 58 од овој закон, трговецот може да ги заштити своите права во поглед на употребата и уписот на фирмата во трговскиот регистар и врз основа на закон со којшто се уредува заштитата на авторски и на други сродни права и на закон со којшто се уредува индустриската сопственост.

## ОДДЕЛ 2

## СЕДИШТЕ

**Поим**

**Член 60**

Седиштето на трговското друштво е местото коешто е запишано во трговскиот регистар.

**Промена на седиштето**

**Член 61**

(1) Трговското друштво може да го промени седиштето.

(2) Промена на седиштето се врши на начин и според постапката определени со изјавата за основање на друштвото од едно лице, со договорот за друштвото, односно со статутот.

(3) Промената на седиштето на трговското друштво се запишува во трговскиот регистар.

## ОДДЕЛ 3

## ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ

**Слобода на вршење дејност**

**Член 62**

(1) Трговското друштво може, како предмет на работење, да ги врши сите дејности што не се забранети со закон.

(2) Ако за одделни дејности со закон е пропишано дека можат да се вршат само врз основа на согласност, дозвола или на друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, тие дејности можат да се вршат само врз основа на согласноста, дозволата или друг акт на тој орган.

(3) Трговското друштво може без упис во трговскиот регистар да врши и други дејности коишто се потребни за неговото постоење и за вршење на работите од предметот на работење, но коишто не спаѓаат непосредно во рамките на вршењето на работите од предметот на работење.

### Исполнување на посебните услови

### Член 63

(1) Трговското друштво може да започне да врши дејност којашто е предмет на работење на друштвото по уписот на предметот на работење во трговскиот регистар и по добивањето одобрение од надлежен орган за исполнување на пропишаните услови за вршење на дејноста во рамките на запишаниот предмет на работење, ако тоа е определено со закон.

(2) Одобрението од ставот (1) на овој член, не е од значење за уписот на предметот на работење на трговското друштво во трговскиот регистар.

### Ефекти од преземени правни работи и дејствија

### Член 64

(1) Трговското друштво може да презема правни работи и дејствија само во рамките на предметот на работење запишан во трговскиот регистар.

(2) Правните работи коишто ги склучува, односно правните работи коишто ги презема трговското друштво со, односно спрема трети лица и со коишто е пречекорен предметот на работењето на друштвото, запишан во трговскиот регистар, се полноважни освен ако трговското друштво докаже дека третото лице знаело или со оглед на околностите, морало да знае за пречекорувањето. Уписот на предметот на работењето на друштвото во трговскиот регистар не значи дека третото лице знаело или дека морало да знае за пречекорувањето.

## ТРЕТА ГЛАВА

## ЗАСТАПУВАЊЕ

## ОДДЕЛ 1

## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Застапник по закон

### Член 65

(1) Застапник на трговско друштво по закон е физичкото лице коешто со одредбите на овој закон е определено да ја застапува одделната форма на друштвото (во натамошниот текст: застапник по закон).

(2) Именувањето, престанувањето на мандатот и податоците за застапникот по закон, како и ограничувањата на неговите овластувања спрема трети лица се запишуваат во трговскиот регистар. При уписот на застапникот по закон во

трговскиот регистар се приложува потпис заверен со личен електронски потпис, или со потпис на регистрационен агент. Странските лица можат да приложат потпис заверен кај надлежниот орган во земјата чиишто државјани се.

(3) Пропуштање во постапката или која било нерегуларност при давањето на овластување за застапување или при објавувањето податок којшто се однесува на застапникот по закон, не може да се употреби против трети лица, освен ако трговското друштво докаже дека третите лица знаеле за тоа.

(4) Застапникот по закон не може, без посебно овластување на трговското друштво, да настапува како договорна страна и со друштвото да склучува договори од свое име и за своја сметка, во свое име, а за сметка на други лица, или во име и за сметка на други лица.

**Застапник по полномошно**

**Член 66**

(1) Застапникот на трговското друштво од членот 65 на овој закон, може да даде полномошно на друго лице.

(2) Полномошното може да се даде во границите на овластувањата на застапникот што се запишани во трговскиот регистар.

(3) Полномошното од ставот (1) на овој член, се дава во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(4) Ограничувањата од членот 65 став (4) на овој закон се однесуваат и на полномошникот од овој член.

**Полномошник по вработување**

**Член 67**

(1) Вработено лице во трговското друштво кое врши работи коишто, според редовниот тек на работата, вклучуваат и склучување определени договори, односно преземање определени правни работи, е овластено како полномошник на друштвото да склучува и такви договори и да презема такви правни дејствија во рамките на работите што ги врши.

(2) Ограничувањата од членот 65 став (4) на овој закон се однесуваат и на полномошникот по вработување.

**ОДДЕЛ 2**

**ПРОКУРА**

**Поим на прокура**

**Член 68**

(1) Прокурата е трговско полномошно чијашто содржина и обем се определени со овој закон.

(2) Прокура може да даде само лице кое според овој закон, се смета дека е трговец.

(3) Прокурата се дава на начин определен со изјавата за основање на трговското друштво од едно лице, со договорот за друштвото, односно со статутот.

(4) Прокурата се дава во писмена форма.

## Прокурист

### Член 69

(1) Прокурата може да се даде на секое деловно способно физичко лице, без разлика на должноста и работите што ги врши, освен ако со изјавата за основање на друштвото од едно лице, со договорот за друштвото, односно со статутот поинаку не е определено.

(2) Прокурата не може да се даде на правно лице.

(3) Односите меѓу трговското друштво и прокуристот, како и наградувањето се уредуваат со договор.

## Поединечна и групна прокура

### Член 70

(1) Прокурата може да се даде на едно физичко лице (поединечна прокура), или на две или на повеќе физички лица заедно (групна прокура).

(2) Ако прокурата е дадена на две или на повеќе физички лица, секое од тие лица е прокурист кој самостојно го застапува трговското друштво во рамките на овластувањата определени со овој закон.

(3) Прокурата дадена на две или повеќе лица ќе се смета за групна прокура само ако тоа е изречно назначено во прокурата.

(4) Во случај на групна прокура, изјавите на волја, правните работи и дејствија се полноважни ако се сторени од сите прокуристи заедно, односно ако се согласиле сите прокуристи. Правните работи и дејствија коишто ќе ги стори еден од прокуристите се смета дека се полноважни ако другите прокуристи за нив дале изречна согласност или ако другите прокуристи дополнително дадат согласност.

(5) Изјава на волја или правна работа и дејствие направено до еден од прокуристите се смета дека е направено до сите прокуристи.

(6) Во случај на групна прокура, знаењето на правно битните факти или вината на еден од прокуристите предизвикува правно дејство за давателот на прокурата, без оглед на тоа дали тоа го знаеле или дали се виновни другите прокуристи.

## Обем на овластувања од прокурата

### Член 71

(1) Прокуристот може да ги склучува сите договори и да ги врши и сите други правни работи и дејствија во име и за сметка на трговското друштво во рамките на предметот на работењето на друштвото, да го управува претпријатието на давателот на прокурата и да го застапува друштвото во постапките пред управните и другите државни органи, организациите и установите со јавни овластувања и судовите.

(2) Прокуристот не може да ги отуѓува и оптоварува недвижностите на трговското друштво и не може да дава изјави, ниту да склучува правни работи, односно да презема правни дејствија со коишто ќе биде започната стечајна или друга постапка која може да доведе до престанување на друштвото. Прокуристот не може да дава полномошно за склучување договори и други правни работи на друго лице.

## Ограничување на прокурата

### Член 72

(1) Ограничување на прокурата, коешто не е предвидено со овој закон, нема правно дејство спрема трети лица, без оглед на тоа дали третото лице знаело или, со оглед на околностите, морало да знае за ограничувањето на прокурата.

(2) Ограничувањето на прокурата на работењето на една или повеќе подружници има правно дејство спрема трети лица, само ако е запишано во трговскиот регистар.

## Склучување на договор со самиот себе

### Член 73

Договорот кој прокуристот, од името на трговското друштво, ќе го склучи со самиот себе како друга договорна страна, било тоа да го направи од свое име и за своја сметка, од свое име, а за туѓа сметка или од името и за сметка на друго лице, е ништовен доколку прокуристот за тоа не бил изречно овластен.

## Потпис на прокуристот

### Член 74

(1) Прокуристот го потпишува трговското друштво така што под фирмата го потпишува своето име и презиме со додаток што видливо укажува на неговата положба на прокурист или со додатокот ,,п.п."

(2) Кај групната прокура секој прокурист се потпишува на начин определен во ставот (1) од овој член.

## Пренос на прокура

### Член 75

(1) Прокурата не може да се пренесе на друго физичко лице.

(2) Нема правно дејство одредбата за прокура или изјавата на трговското друштво со којашто прокуристот се овластува да пренесе прокура, ниту изјавата на друштвото со којашто преносот на прокурата се одобрува претходно или дополнително.

## Отповик на прокурата

### Член 76

(1) Прокурата може да се отповика во секое време, без оглед на правната основа врз којашто е дадена.

(2) Ништовна е одредбата од договорот со којашто трговското друштво се откажува од правото да ја отповика прокурата, како и одредбата со којашто правото на отповик на прокурата се врзува со рок или со услов.

(3) Со одредбите од ставовите(1) и (2) на овој член не се исклучуваат, ниту се намалуваат правата на прокуристот предвидени со договорот врз основа на кој му е дадена прокурата.

### Прокура на трговец-поединец

### Член 77

(1) Трговец-поединец ја дава лично прокурата и овластувањето за давање прокура не може да се пренесе на друго физичко лице.

(2) Прокурата што ја дал трговец-поединец не престанува во случај на смрт на давателот на прокурата, ниту ако на давателот на прокурата му е одземена или ограничена деловната способност.

(3) На трговец-поединец соодветно се применуваат одредбите од овој дел на овој закон со коишто се уредува прокурата што ја даваат трговските друштва.

### Упис на прокурата

### Член 78

(1) Трговското друштво, односно трговецот-поединец ги запишуваат давањето поединечна и групна прокура, сите ограничувања на прокурата и отповикот во трговскиот регистар.

(2) Во трговскиот регистар се запишува името и презимето на прокуристот и неговиот ЕМБГ.

(3) Кон пријавата за упис се приложува и одлуката за давање на прокурата, односно одлуката со којашто се ограничува, односно отповикува таа и доказ за заверен потпис (којшто го содржи полното име и презиме на прокуристот) кај нотар.

(4) Пријавата и прилозите од ставот (3) на овој член не се заверуваат кај нотар доколку се поднесуваат преку Системот за е-регистрација лично потпишани со електронски потпис или преку регистрационен агент.

## ОДДЕЛ 3

## ТРГОВСКИ ПОЛНОМОШНИК И ТРГОВСКИ ПАТНИК

### Поим на трговски полномошник

### Член 79

(1) Трговски полномошник е вработено лице во трговското друштво или друго физичко лице кое, за награда, е овластена од застапниците по закон на друштвото да го води претпријатието или негов дел, во рамките на даденото полномошно.

(2) Трговското полномоштво се дава во писмена форма со заверка на потписите кај нотар или се дава во електронска форма потпишано со електронски потпис согласно со Систем за е-регистрација.

### Овластувања на трговски полномошник

### Член 80

(1) Трговскиот полномошник е овластен да ги склучува сите договори и да ги презема сите правни дејствија што се вообичаени во прометот при водењето на претпријатието или на негов дел и тоа во рамките на даденото полномошно.

(2) Трговскиот полномошник не може, без посебно овластување од давачот на полномошното, да ги отуѓи ниту да ги оптовари неговите недвижности, да го обврзе со меница или со чек, да презема обврски од гаранција, да земе заем за него, да договори надлежност на избран суд и да се спогодува или да води спор.

(3) Ограничувањата на овластувањата на трговскиот полномошник, освен оние наведени во ставот (2) од овој член, немаат правно дејство спрема трети лица кои за нив не знаеле ниту морале да знаат.

(4) Ограничувањата од членот 65 ставот (4) на овој закон се однесуваат и на трговскиот полномошник.

(5) Полномошникот, кон својот потпис, назначува дека е полномошник и не смее да додава ништо, што би го означило како прокурист.

**Трговски патник**

**Член 81**

(1) Трговското друштво, односно трговецот-поединец може на лице кое е вработено кај него или на друго физичко лице да му даде полномошно како на трговски патник.

(2) Полномошното на трговскиот патник му се дава во писмена форма.

(3) Трговскиот патник е овластен во име и за сметка на давачот на полномошното да склучува договори за продажба на неговата стока, да ја испорачува таа стока, да продава на кредит ако има посебно овластување за тоа, да ги прима изјавите на купувачите во врска со стоката што е предмет на тие договори, да дава изјави и да презема други дејствија заради зачувување на правата на давачот на полномошното што произлегуваат од договорот што го склучил од негово име и за негова сметка.

(4) Ограничувањата на овластувањата на трговскиот патник немаат правно дејство спрема трети лица кои за нив не знаеле ниту морале да знаат.

(5) Трговскиот патник не може, без посебно овластување, да продава стока што се плаќа, на почек или на рати.

(6) Ограничувањето определено во членот 65 став (4) од овој закон се однесува и на трговскиот патник.

## ЧЕТВРТА ГЛАВА

## ТРГОВСКИ РЕГИСТАР И ПОСТАПКА НА УПИС

**Поим на трговски регистар**

**Член 82**

(1) Трговскиот регистар како јавна книга содржи податоци и прилози (исправи и докази) за субјектите на уписот за кои уписот е пропишан со закон.

(2) Трговскиот регистар се состои од регистарска влошка (класер) во којашто се запишуваат податоците на упис и збирка на прилози во којашто се приложуваат исправите и доказите на секој запишан субјект. Сите поднесоци се внесуваат во збирката на прилози на запишаниот субјект.

(3) Запишаните податоци и доставените прилози (исправи и докази) во трговскиот регистар се чуваат трајно.

(4) Регистрациониот агент конвертираните прилози (исправи и докази) има обврска да ги чува 5 години, а потоа истите ги предава во Државниот Архив на Република Македонија.

## Единственост на трговскиот регистар

### Член 83

Трговскиот регистар се води на единствен начин на територијата на Република Македонија.

## Начин на водење на трговскиот регистар

### Член 84

(1) Уписите во трговскиот регистар се вршат во електронска форма и трговскиот регистар се води во писмена форма и во електронска форма.

(2) Поднесувањето на сите податоци што се запишуваат во трговскиот регистар, се врши во електронска форма преку Систем за е-регистрација и во согласност со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, поднесувањето на податоците за упис врз основа на правосилна судска одлука или одлука на државен или друг надлежен орган и податоците за упис за субјекти на упис кои не се опфатени со овој закон, а се запишуваат во трговскиот регистар, се врши во писмена форма.

## Начело на јавност

### Член 85

(1) Податоците запишани во трговскиот регистар се јавни.

(2) Секое лице, на свој трошок може да бара да му се издаде фотокопија или заверен препис од податоците запишани во регистарската влошка.

(3) Секој може да поднесе барање да изврши увид во збирката на прилози или да му се обезбеди фотокопија од прилозите во збирката на свој трошок, освен во збирката на прилози на јавното трговско друштво и на командитното друштво. Увид во збирката на прилози на овие друштва може да изврши секој содружник и лице коешто има правен интерес.

(4) За податоците во регистарската влошка за субјектот на упис, на барање на заинтересираната страна, се издава потврда дека имало упис и дека тој е бришан.

(5) На барање на секое лице, се издава потврда дека нема упис во трговскиот регистар.

(6) Сите или некои од податоците кои се запишани во трговскиот регистар, по избор на подносителот на барањето, можат да му бидат издавани и само во електронска форма преку едношалтерскиот систем во согласност со Систем за е-регистрација, Законот за Централниот регистар на Република Македонија и прописите за едношалтерски систем. [3]

[5] Одредбите на членовите 84 став (2) и 85 став (6) ќе се применуваат од денот кога Централниот регистар на Република Македонија ќе започне да го применува електронскиот потпис преку едношалтерскиот систем согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и прописите за едношалтерски систем.

## Стварна надлежност

### Член 86

Трговскиот регистар го води Централниот регистар на Република Македонија.

## Постапка за упис

### Член 87

Постапката за упис во трговскиот регистар се води според посебна управна постапка утврдена со прописите за едношалтерски систем.

## Веродостојност на уписот

### Член 88

(1) Секој, кој во правниот промет постапува совесно и верува во податоците запишани во трговскиот регистар не ги трпи штетните правни последици што ќе настанат.

(2) Никој не може да се повикува на тоа дека не му се познати податоците запишани во трговскиот регистар, освен ако со закон поинаку не е определено.

## Трошоци на постапката за упис

**Членот 89 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.84/05).**

## Субјекти што се запишуваат во трговскиот регистар

### Член 90

(1) Субјекти коишто се запишуваат во трговскиот регистар (субјекти на упис) се:

1) трговец-поединец;
2) јавно трговско друштво;
3) командитно друштво;
4) друштво со ограничена одговорност;
5) акционерско друштво;
6) командитно друштво со акции;
7) стопанска интересна заедница и
8) подружница на странско трговско друштво (во натамошниот текст: странско друштво), односно подружница на странски трговец-поединец.

(2) Сите субјекти на упис во трговскиот регистар ги запишуваат податоците определени со овој закон.

(3) Податоците што се запишуваат во трговскиот регистар се водат за секој субјект на упис одделно.

(4) Во регистарот се запишуваат и сите промени на податоците за кои, со овој закон е определено дека се запишуваат во трговскиот регистар.

## Рок за поднесување пријава за упис во трговскиот регистар

### Член 91

(1) Субјектите за коишто е утврден задолжителен упис во трговскиот регистар се должни во рок од петнаесет дена од денот на стекнувањето на условите за поднесување пријава за упис во трговскиот регистар да поднесат пријава за упис, освен ако со овој и со друг закон поинаку не е определено.

(2) По истекот на три месеца од денот на стекнување на условите за поднесување пријава, Централниот регистар на Република Македонија нема да ги запише податоците и пријавата ќе ја отфрли, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(3) Ако поради пропуштањето да се поднесе пријава за упис во рок од ставот (1) на овој член се претрпи штета, за штетата одговара физичкото лице коешто имало обврска да поднесе пријава за упис и тоа лично и неограничено со сиот свој имот.

## Поведување на постапката

### Член 92

(1) Постапката за упис во трговскиот регистар се поведува со поднесување на пријава на пропишан образец во која е содржано барањето за упис. Пријавата се поднесува од овластен подносител во електронска форма потпишана со електронски потпис преку Системот за е-регистрација и поднесена согласно со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица. По исклучок, пријавата за упис врз основа на правосилна судска одлука или одлука на државен или друг надлежен орган, како и пријава за упис на субјекти кои не се опфатени со овој закон, се поднесува во писмена форма.

(2) Пријава за упис на трговско друштво поднесува органот на управување, односно овластен член на органот на управување, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(3) Пријавата од ставот (2) на овој член, може да ја поднесе и полномошник со полномошно дадено од овластениот подносител, во писмена форма заверена кај нотар, или дадено во електронска форма потпишано со негов електронски потпис, или заверено со електронски потпис на регистрациониот агент којшто ја поднесува пријавата за упис преку Системот за е-регистрација.

(4) Доколку пријавата се поднесува преку регистрационен агент преку Системот за е-регистрација полномошното од ставот (3) на овој член не се заверува на нотар.

(5) Во постапката за упис во трговскиот регистар, како и во правниот промет не е задолжителна употреба на официјален печат. Потврдувањето на кој било документ со официјален печат на друштвото не смее да се пропише со закон или друг нормативен акт или тоа да се бара од државен орган.

(6) За вистинитоста и за законитоста на податоците одговара овластениот подносител од ставот (1) на овој член, односно лицата определени со овој закон.

## Доставување на прилози

### Член 93

(1) Со пријавата за упис во трговскиот регистар се поднесуваат и потребните прилози (исправи и докази) во коишто се содржани податоците што се запишуваат во трговскиот регистар.

(2) Ако се внесува непаричен влог во недвижна ствар, се доставува и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар. При вложување на хартии од вредност во трговскиот регистар

се доставува доказ за сопственост на тие хартии од вредност со прибелешка во Централниот депозитар за хартии од вредност дека истите се вложуваат во трговско друштво и дека сопственикот не може да располага со истите.

За таа цел сопственикот на хартиите од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност доставува изјава заверена на нотар дека хартиите од вредност се вложуваат во трговското друштво и дека е согласен над истите да биде евидентирано ограничување за располагањето се до пренесувањето на истите на трговското друштво.

(3) Ако со закон е определено доставување на одобрение од надлежен орган, со пријавата се приложува и тој доказ.

(4) Во пријавата за упис не може да бидат внесувани и други податоци, освен оние кои, според овој закон, се запишуваат во трговскиот регистар или да се бара од субјектот на уписот да доставува други прилози (исправи и докази), освен оние кои со овој закон е определено дека мора да бидат приложени кон пријавата за упис.

(5) Прилозите од овој член можат да бидат поднесени и преку Системот за е-регистрација само во електронска форма потпишани со електронски потпис согласно со Систем за е-регистрација и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

## Испитување на пријавата

### Член 94

Пред донесување решение за упис во трговскиот регистар, се утврдува дали се исполнети условите за упис, предвидени со овој закон. При уписот не се испитува законитоста и вистинитоста на содржината на прилозите (исправите и доказите) што се поднесуваат при упис во трговскиот регистар ниту законитоста на постапката во којашто тие се донесени, ниту испитува дали податоците што се запишуваат во трговскиот регистар се вистинити, ниту дали се во согласност со закон. За нивната вистинитост и законитост одговора лицето, односно лицата определени со овој закон.

**Членовите 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105 и 106 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.84/05).**

## Тужба за утврдување ништовност на упис

### Член 107

(1) Со тужба може да се бара утврдување ништовност на упис извршен врз основа на лажна исправа, ако во исправата врз основа на којашто е извршен уписот се наведени невистинити податоци, ако исправата е потврдена или издадена во незаконито спроведена постапка, ако незаконито е спроведено дејствие за коешто податоците се запишуваат во трговскиот регистар или ако постојат други со закон предвидени причини.

(2) Тужбата може да ја поднесе лице кое има правен интерес за утврдување на ништовност на уписот.

(3) Тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот кога тужителот дознал за причините за ништовност, но не може да се поднесе по истекот на рокот од една година од денот на уписот.

## Постапување по правосилна одлука на судот за утврдена ништовност

### Член 108

(1) Кога судот утврдил ништовност на упис, во согласност со членот 107 од овој закон, Централниот регистар на Република Македонија врз основа на правосилната одлука, носи по службена должност решение за бришење на ништовниот упис.

(2) Бришењето на уписот од трговскиот регистар Централниот регистар го објавува на својата интернет страница. Одлуката од членот 107 на овој закон произведува правно дејство спрема трети лица наредниот ден од денот на нејзиното објавување.

(3) Ништовноста на уписот не влијае на правните работи преземени од името на трговското друштво.

## Постапување по правосилна одлука на судот

### Член 109

(1) Правосилна одлука, донесена по тужба или предлог, којашто се однесува на упис извршен во трговскиот регистар, по службена должност ја доставува судот што ја донел одлуката до Централниот регистар на Република Македонија.

(2) Изречената прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност по правосилноста на одлуката, судот по службена должност ќе ја достави на Централниот регистар на Република Македонија.

(3) Централниот регистар на Република Македонија ќе изврши упис на изречената прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во регистарот од членот 29-б на овој закон.

# ПЕТТИ ДЕЛ

# ФОРМИ НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

## ПРВА ГЛАВА

## ЈАВНО ТРГОВСКО ДРУШТВО

## ОДДЕЛ 1

## ПОИМ И ОСНОВАЊЕ

### Поим

### Член 110

(1) Јавно трговско друштво (во натамошниот текст: јавно друштво) е трговско друштво во кое се здружуваат две или повеќе физички и правни лица, кои на доверителите за обврските на друштвото им одговараат неограничено и солидарно со сиот свој имот.

(2) Јавно друштво се основа со договор за друштвото склучен меѓу основачите.

## Фирма

### Член 111

Фирмата на јавното друштво ги содржи и зборовите ,,јавно трговско друштво" или ознаката ,,ЈТД".

## Договор за друштвото

### Член 112

(1) Договорот за друштвото содржи одредби за:

1) името и презимето, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта (ако содружник е странско физичко лице) или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако содружникот е правно лице;

2) фирмата и седиштето на јавното друштво;

3) предметот на работењето на јавното друштво;

4) видот и износот на влогот на секој содружник;

5) начинот на личното учество на секој содружник во работата на јавното друштво;

6) начинот на водење на работењето и на застапувањето на јавното друштво и начинот на донесување на одлуките;

7) начинот на распределба на добивката и начинот на покривање на загубата и

8) други прашања определени со овој закон со коишто се уредуваат односите меѓу содружниците.

(2) Потписите на содружниците на договорот за друштвото се заверуваат кај нотар.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член потписите на содружниците на друштвото не се заверуваат кај нотар, доколку договорот се поднесува како прилог преку Системот е-регистрација, во електронска форма, потпишан со електронски потпис од содружниците на договорот или преку регистрационен агент.

## Посебни услови за вршење на дејноста

### Член 113

Јавно друштво може да врши дејност поврзана со занимање за кое е потребна соодветна квалификација ако некој од содружниците или вработените има соодветна квалификација, освен ако со закон не е определено сите содружници или поголем број содружници на јавното друштво да ја имаат пропишаната квалификација за дејноста којашто е поврзана со определено занимање.

## Упис

### Член 114

Основањето на јавното друштво се запишува во трговскиот регистар. Пријавата за упис на основањето на јавното друштво ја поднесуваат сите содружници на јавното друштво овластени за застапување.

### Податоци што се запишуваат и прилози кон пријавата за упис

### Член 115

(1) Во трговскиот регистар се запишуваат:

1) фирмата и седиштето на јавното друштво;

2) името и презимето, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта (ако содружникот е странско физичко лице) или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако содружникот е правно лице;

3) предметот на работењето на јавното друштво;

4) видот и износот на влогот на секој содружник и

5) начинот на застапувањето на јавното друштво.

(2) Кон пријавата се приложуваат:

1) договорот за друштвото;

2) копија од пасош или од лична карта за странски физички лица или од друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во нивната земја, односно доказ за регистрација ако основач е правно лице;

3) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган ако таа обврска е определена со закон за упис на јавното друштво во трговскиот регистар;

4) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар, а кога се вложуваат хартии од вредност во трговскиот регистар се доставува доказ за сопственост на тие хартии од вредност со прибелешка во согласност со членот 93 став (2) од овој закон.

5) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка да биде основач на јавното друштво во согласност со членот 29 од овој закон и

6) изјавата во согласност со членот 32 од овој закон.

(3) Содружниците, односно лицата кои според договорот за друштвото, се овластени за застапување приложуваат потписи во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.

(4) Секоја промена на податоците од ставот (1) на овој член, како и пристапувањето на содружник во јавното друштво, односно истапувањето на содружник од јавното друштво се запишуваат во трговскиот регистар со одлука за измена на договорот за друштвото.

## ОДДЕЛ 2

## ПРАВНИ ОДНОСИ МЕЃУ СОДРУЖНИЦИТЕ НА ЈАВНОТО ДРУШТВО

### Општа одредба

### Член 116

(1) Правните односи меѓу содружниците на јавното друштво се уредуваат со договор за друштвото.

(2) На правните односи меѓу содружниците на јавното друштво што не се уредени со договорот за друштвото, се применуваат одредбите на овој закон.

(3) На правните односи меѓу содружниците на јавното друштво што не се уредени со овој закон и со договорот за друштвото, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи со коишто се уредува договорот за ортаклак (договор за заедница).

**Влогови во друштвото**

**Член 117**

(1) Влоговите на содружниците во јавното друштво можат да бидат различни.

(2) Содружникот може во јавното друштво да вложи пари, ствари, права, труд и услуги.

(3) Вредноста на непаричниот влог, содружниците спогодбено ја утврдуваат во пари.

**Последици од задоцнување**

**Член 118**

(1) Содружникот кој паричниот влог не го уплатил навреме или кој парите примени за јавното друштво не ги уплатил навреме на благајната на јавното друштво или за себе неоправдано зел пари од јавното друштво или задоцнил да ги внесе другите парични влогови е должен на јавното друштво да му плати законска затезна камата од денот кога имал обврска да го уплати паричниот влог, или кога морал да ги предаде парите или кога парите неоправдано ги зел. Јавното друштво може да бара и надомест за штета.

(2) Без разлика дали влогот е паричен или непаричен, јавното друштво може да бара надомест на штетата.

**Зголемување, надополнување и повлекување на влогот**

**Член 119**

(1) Содружник на јавно друштво не е обврзан својот влог да го зголеми над износот утврден со договорот за друштвото, ниту пак, во случај на загуба е должен да го надополнува ако е намален без негова вина.

(2) Повлекување на влог, содружник може да бара само во случај на престанување на содружничкиот однос во јавното друштво.

**Надомест на трошоци и на штета**

**Член 120**

(1) Ако содружник на јавно друштво направи трошок за кој, според околностите може да се смета дека е потребен или ако претрпи штета непосредно од вршењето на работите на јавното друштво, или поради опасност којашто е неразделно поврзана со тоа вршење, јавното друштво е должно да му ги надомести трошоците и претрпената штета.

(2) За направените трошоци и претрпената штета, јавното друштво плаќа и камати сметано од денот кога трошоците биле направени, односно од кога настанала штетата.

(3) Содружникот може, за трошоците нужни за извршувањето на работите на друштвото, да бара друштвото да му плати аконтација.

## Забрана на конкуренција

### Член 121

(1) Содружник на јавно друштво не смее, без изречна согласност на другите содружници, да врши работи што се во рамките на предметот на работење на јавното друштво, ниту да биде содружник кој лично одговара, да биде член на орган или вработен во друштво коешто на јавното друштво му е конкурент или би можело да му биде конкурент.

(2) Забраната од ставот (1) на овој член не се однесува на содружник, кој при пристапувањето во јавното друштво, за тоа ги известил содружниците, освен ако во договорот за друштвото не е определено содружникот да го напушти работењето или да се откаже од него.

## Последици од недопуштена конкуренција

### Член 122

(1) Ако содружникот ја прекрши забраната од членот 121 став (1) на овој закон, јавното друштво може од него да бара надомест на штетата. Друштвото може наместо надомест на штетата да бара содружникот работите направени за своја сметка да ги признае како работи склучени за јавното друштво, односно на друштвото да му го предаде сето она што го примил од работите извршени за туѓа сметка или да му го отстапи своето право на она што треба да го прими од таквата работа.

(2) За остварувањето на правата на друштвото од ставот (1) на овој член, одлучуваат другите содружници. Правото за остварување на барањата на друштвото застарува за три месеца сметано од денот кога другите содружници дознале за повредата на забраната од членот 121 став (1) на овој закон, но не подолго од пет години од денот на повредата на забраната.

(3) Остварувањето на правото од ставот (1) на овој член, не го исклучува правото на другите содружници да бараат престанување на јавното друштво.

## Пренос на удел

### Член 123

(1) Удел во јавно друштво може да се пренесува на трето лице само со согласност на сите содружници.

(2) Преносот на удел се врши со правна работа во писмена форма.

(3) Преносот на удел дејствува спрема јавното друштво откако правната работа за преносот ќе му биде поднесена на јавното друштво и кога едно од лицата овластени за управување со јавното друштво ќе потврди во писмена форма дека е примена.

## Залог на удел

### Член 124

(1) Содружник во јавно друштво може својот удел да го даде во залог со согласност на сите содружници.

(2) Содружникот чиј удел е даден во залог останува содружник во друштвото и ги остварува сите права кои ги има како содружник според договорот за друштвото.

### Управување со јавно друштво

#### Член 125

(1) Секој содружник е овластен да управува со јавното друштво.

(2) Ако содружниците се договорат управувањето со јавното друштво да му го доверат на еден или на повеќе содружници, другите содружници се исклучени од управувањето со јавното друштво.

### Начин на остварување на доверено управување

#### Член 126

(1) Управителите се овластени да постапуваат самостојно во управувањето со јавно друштво. Ако управител се спротивстави на некое дејствие пред да биде извршено, извршувањето на дејствието се запира сé додека содружниците не донесат одлука за него.

(2) Ако според договорот за друштвото управителите дејствуваат заеднички, тогаш одлуките се донесуваат со согласност на сите управители. Секој од управителите може неодложните работи да ги изврши самостојно, ако со тоа се спречува настанување штета за јавното друштво. За преземените работи управителот треба без одлагање да ги извести другите управители на јавното друштво.

### Пренесување на овластувањето за управување

#### Член 127

(1) Содружникот може да го пренесе овластувањето за управување со јавното друштво на трето лице ако со тоа се согласат другите содружници, на начин определен со договорот за друштвото.

(2) Овластувањето за управување, содружникот не може да го пренесе на трето лице ако тоа не е допуштено со договорот за друштвото.

(3) За работењето на управителот од ставот (1) на овој член, одговара содружникот кој го пренел овластувањето за управување, според одредбите од Законот за облигационите односи со коишто се уредува договорот за налог.

### Обем на овластување за управување и начин на донесување на одлуките

#### Член 128

(1) Овластување за управување се дава за работи коишто спаѓаат во редовното работење на јавното друштво.

(2) Одлуките коишто ги надминуваат овластувањата на управителите, содружниците ги донесуваат едногласно, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено. Ако со договорот за друштвото биде определено одлуките да се донесуваат со мнозинство гласови, тогаш секој содружник на јавното друштво има еден глас, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

### Одлучување преку допишување

#### Член 129

Со договорот за друштвото може да биде определено одлуките што ги донесуваат сите содружници да се донесуваат со одлучување преку допишување доколку никој од содружниците не бара содружниците да се свикаат како собир на

содружниците. Во случај на одлучување преку допишување, резултатите од изјаснувањето се констатираат во извештај подготвен во писмена форма, којшто се приложува кон книгата за одлуки. Кон извештајот се приложуваат одговорите на поставените прашања на секој од содружниците.

### Откажување од овластувањето за управување

### Член 130

(1) Содружникот може да го откаже довереното овластување за управување со јавното друштво ако за тоа постои оправдана причина. Како оправдана причина се смета попречувањето од другите содружници да го врши довереното управување или кога тоа му е оневозможено поради неговата здравствена состојба.

(2) Содружникот може да се откаже од довереното овластување за управување со јавното друштво само ако на другите содружници им даде отказен рок којшто овозможува тие да преземат сé што е потребно за управувањето, освен ако постои оправдана причина поради којашто тој може да се откаже од овластувањето и пред истекот на тој рок.

(3) Отказниот рок од ставот (2) на овој член изнесува најмалку три месеца.

### Отповикување на управителите

### Член 131

(1) Ако сите содружници се управители, или ако еден или повеќе управители се избрани од редот на содружниците или се назначени со договорот за друштвото, отповикувањето се врши со едногласна одлука на содружниците. Отповиканиот содружник може да се повлече од јавното друштво, со барање да му бидат исплатени неговите права од содружничкиот однос во јавното друштво.

(2) Ако еден или повеќе содружници се управители и не се назначени со договорот за друштвото, секој од нив може да биде отповикан под условите што се предвидени во договорот за друштвото или, ако тоа не е случај, со едногласна одлука на сите содружници.

(3) Управителот кој не е содружник може да биде отповикан под условите предвидени во договорот за друштвото или, ако тоа не е случај, со одлука на содружниците донесена со мнозинство гласови.

(4) Ако отповикувањето на управителот е извршено без оправдана причина, тоа може да биде основа за барање на надомест на штета.

### Право на известување

### Член 132

(1) Содружниците кои не се управители имаат право да добијат извештај за состојбата на книгите и другите документи на јавното друштво и да поставаат писмени прашања за управувањето со јавното друштво, на кои мора да им се одговори по писмен пат.

(2) При остварувањето на правото од ставот (1) на овој член, содружниците на јавното друштво кои не се управители имаат право во седиштето на јавното друштво, самите да се запознаат со трговските книги, со договорите, кореспонденцијата, записниците и со сите други документи создадени или примени во јавното друштво.

(3) Правото од ставот (2) на овој член, го вклучува и правото да се добијат преписи и копии од потребните документи.

### Право на награда

**Член 133**

Содружникот може да има право на награда за своето лично учество во работите на јавното друштво определено со договорот за друштвото.

### Учество во добивка и загуба

**Член 134**

(1) Добивката и загубата се делат меѓу содружниците на јавното друштво сразмерно на уделот на секој содружник во друштвото ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(2) При пресметувањето на учеството во добивката, коешто му припаѓа на содружникот во согласност со ставот (1) од овој член, влоговите што содружникот ги внел во друштвото во текот на деловната година се пресметуваат сразмерно на времето коешто изминало од уплатата. Ако содружникот во деловната година го намалил своето учество во имотот, така намаленото учество се пресметува сразмерно на времето што изминало од извршеното намалување.

## ОДДЕЛ 3

## ОДНОСИ НА ЈАВНОТО ДРУШТВО СО ТРЕТИ ЛИЦА

### Застапување на друштвото

**Член 135**

(1) Секој содружник е овластен да го застапува јавното друштво.

(2) Содружниците можат со договорот за друштвото да овластат еден или повеќе содружници за застапување на јавното друштво. Во тој случај, другите содружници се исклучени од застапувањето.

(3) Ако повеќе содружници се овластени да го застапуваат јавното друштво, секој од застапниците може да го застапува јавното друштво самостојно. Со договорот за друштвото може да се предвиди и колективно застапување.

(4) Застапниците на јавното друштво, во зависност од тоа дали нивните овластувања се за самостојно или за колективно застапување, јавното друштво го потпишуваат самостојно или колективно.

(5) Овластувањето за застапување на јавното друштво е потполно. Ограничувањето на овластувањето за застапување на содружникот нема правно дејство спрема трети лица, без оглед на тоа дали тие знаеле или со оглед на околностите, морале да знаат за ограничувањето.

### Откажување и одземање на овластувањето за застапување

**Член 136**

(1) Застапникот може да се откаже од овластувањето за застапување во рок што не може да биде пократок од три месеца од денот кога писмено ги известил другите содружници дека се откажува од овластувањето за застапување. Исклучувањето или ограничувањето на ова право е ништовно.

(2) Судот може, по тужба на другите содружници, од значајни причини да му го одземе овластувањето за застапување на содружникот. Како значајна причина, во смисла на овој член, се смета секоја тешка повреда на обврска на содружникот или неговата неспособност уредно да го застапува друштвото.

**Лична одговорност на содружниците**

**Член 137**

(1) За обврските на јавното друштво секој содружник им одговара на доверителите на јавното друштво непосредно, со сиот свој имот и солидарно со сите други содружници.

(2) Одредбата во договорот за друштвото спротивна на ставот (1) од овој член е ништовна.

(3) Доверител на јавното друштво може да бара исполнување на обврска на јавното друштво од содружниците, дури откако јавното друштво нема да ја исполни обврската во рокот определен во писмениот повик од доверителот.

(4) Содружник кој пристапува во јавно друштво што веќе постои, за обврските настанати пред неговото стапување во јавното друштво, одговара исто како и другите содружници.

**Застареност на побарување**

**Член 138**

(1) Побарувањето од содружникот за обврските на јавното друштво застарува за пет години по престанувањето на јавното друштво, односно по иступувањето на содружникот од јавното друштво, освен ако побарувањето од јавното друштво не застарува во пократок рок, во согласност со закон.

(2) Застарувањето почнува да тече по истекот на денот кога престанувањето на јавното друштво или иступувањето на содружникот е запишано во трговскиот регистар. Ако јавното друштво престане со стечај, застареноста почнува да тече од денот на уписот во трговскиот регистар на бришењето на јавното друштво. Ако побарувањето пристигне по уписот во трговскиот регистар, застареноста почнува да тече од денот на пристигнувањето.

**Прекин на застареноста на побарувањето**

**Член 139**

(1) Прекинот на застареноста на побарувањата спрема престанатото друштво, дејствува спрема содружниците кои на јавното друштво му припаѓале во времето на престанувањето.

(2) Прекинот на застареноста на побарувањата во однос на јавното друштво, коешто сé уште не е престанато не дејствува спрема содружникот кој иступил, а прекинот на застареноста на побарувањата што настапил само спрема определен содружник не дејствува против другите содружници.

## ОДДЕЛ 4

## ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ДРУШТВО И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СОДРУЖНИШТВОТО

**Основи за престанување**

**Член 140**

(1) Јавното друштво престанува со:

1) истекот на времето за коешто е основано;

2) одлука донесена од сите содружници;

3) стечај на јавното друштво:

4) смрт на кој било од содружниците, односно престанување на содружник-правно лице, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено;

5) стечај над кој било од содружниците;

6) отказ на некој од содружниците на јавното друштво на договорот за друштвото, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено;

7) правосилна одлука на судот;

8) губење на деловната спосособност на еден од содружниците, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено и

9) одземање на дозволата за вршење на дејноста, а јавното друштво не ја промени дејноста.

(2) Јавното друштво престанува и во други случаи определени со овој и со друг закон.

(3) Во договорот за друштвото можат да бидат предвидени и други основи за престанување на јавното друштво.

## Отказ на содружник

### Член 141

(1) Ако јавното друштво е основано на неопределено време, содружникот може, во согласност со условите определени во договорот за друштвото, да го откаже договорот за друштвото со отказен рок што не може да биде пократок од 30 дена, ниту подолг од шест месеца, сметано од последниот ден на деловната година. Отказот мора да биде изјавен на секој од содружниците. Отказниот рок може да се продолжи со договорот за друштвото.

(2) Одредбите од договорот за друштвото со коишто се исклучува правото на содружникот да го откаже договорот за друштвото или со коишто му се ограничува ова право се ништовни.

(3) Одредбите од ставот (1) на овој член, се применуваат и на јавното друштво коешто според договорот за друштвото трае за време на животот на секој од содружниците или коешто е молчешкум продолжено и по истекот на времето определено за неговото траење.

## Престанување врз основа на одлука на судот

### Член 142

(1) Од значајни причини, судот може по тужба на содружник на јавното друштво, да одлучи јавното друштво да престане пред истекот на времето за коешто е основано, односно да престане и без отказ ако времето на неговото траење не е определено. Тужба се поднесува против другите содружници.

(2) Како значајна причина од ставот (1) на овој член, се смета особено ако некој од другите содружници, со груба небрежност, крајно невнимание или умисла повреди некоја своја суштествена обврска или ако исполнувањето на таквата обврска или остварувањето на целта на јавното друштво станат невозможни или ако целта е постигната.

(3) Тужбата од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од 90 дена од денот на сознавањето на причината, но не подолго од една година од денот на настанувањето на причината.

(4) Одредбите од договорот за друштвото со коишто се исклучува или со коишто спротивно на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, се ограничува правото на содружникот да бара престанување на јавното друштво се сметаат за ништовни.

(5) Со тужбата од ставот (1) на овој член, содружникот може да бара од судот наместо да одлучи да престане јавното друштво, да го исклучи од јавното друштво содружникот кој е виновен.

### Отказ поради тешка повреда или поради однесување

### Член 143

Секој содружник може без отказен рок да го откаже своето содружништво во јавното друштво, ако кој било друг содружник на јавното друштво тешко го повреди договорот за друштвото, или со неговото однесување ја доведува во опасност натамошната соработка со него или остварувањето на целта на јавното друштво.

### Заштита на доверител на содружник

### Член 144

(1) Доверител на содружник, кој во последните шест месеца не може да ги намири своите побарувања во постапката за присилно извршување од подвижниот имот на содружникот и врз основа на извршна исправа, да го заплени неговиот удел и да го пренесе барањето за исплата на она што би му припаднало од друштвото откако тоа ќе престане, може со писмено известување до сите други содружници да го откаже договорот за друштвото без оглед на тоа дали друштвото е основано на определено или на неопределено време. Доверителот може да го бара од друштвото само она што на содружникот би му припаднало по престанувањето на друштвото.

(2) Јавното друштво не престанува ако друштвото или другите содружници го исплатат долгот по издавањето на налогот за запленување од ставот (1) на овој член.

(3) Ако друштвото или другите содружници во јавното друштво му го исплатат на доверителот на содружникот долгот од ставот (1) на овој член, учеството на содружникот во јавното друштво престанува ако содружниците поинаку не одлучат.

### Продолжување на постоењето на друштво и по престанувањето на содружништвото на некој од содружниците

### Член 145

(1) Со договорот за друштвото може да се предвиди јавното друштво да продолжи да постои и кога ќе престане содружништвото на некој од содружниците. Во тој случај, другите содружници ги исплатуваат правата од уделот на содружникот кој истапил од јавното друштво, а во случај на смрт на содружник во јавното друштво, неговите наследници стекнуваат положба на содружници ако за тоа изразат желба и ако тоа е утврдено како можност со договорот за друштвото или ако со тоа дополнително се согласат другите содружници. Наследниците ја даваат изјавата за стекнување на положба на содружник во јавното друштво во рок од три месеца од денот на правосилноста на решението за прогласување на наследниците.

(2) Ако наследниците не стекнат положба на содружници или ако тие не сакаат да стекнат положба на содружници, јавното друштво ги исплатува правата од уделот на починатиот содружник на наследниците.

**Продолжување со работа на јавно друштво**
**кога друштвото ќе остане со еден содружник**

**Член 146**

(1) Ако во јавно друштво коешто има два содружника, еден од содружниците биде исклучен од друштвото, според условите и постапката определени со овој закон или ако над еден од содружниците се спроведе стечај, содружникот може во рок од една година да најде друг содружник и да продолжи да работи како јавно друштво или да го преобрази јавното друштво во некоја друга форма на трговско друштво.

(2) Утврдувањето на обврските и на уделот на содружникот кој е исклучен или престанал со стечај се врши со соодветна примена на одредбите од овој закон со коишто е уредено истапувањето на содружник од друштвото.

(3) Ако по истекот на рокот од ставот (1) на овој член содружникот не постапи според ставот (1) од овој член, судот по службена должност, спроведува постапка на ликвидација.

**Упис на престанувањето на јавното друштво во трговскиот регистар**

**Член 147**

(1) Престанувањето на јавното друштво, сите содружници го пријавуваат за упис во трговскиот регистар, освен ако јавното друштво престане со стечај, односно врз основа на друга правосилна одлука на судот.

(2) Ако јавното друштво престанува со одлука на судот, судот што ја донел одлуката по службена должност, ја доставува и до трговскиот регистар.

## ВТОРА ГЛАВА

## КОМАНДИТНО ДРУШТВО

## ОДДЕЛ 1

## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Поим**

**Член 148**

(1) Командитно друштво е трговско друштво во коешто се здружуваат две или повеќе физички и правни лица од кои најмалку еден содружник одговара за обврските на друштвото лично со сиот свој имот, односно неограничено и солидарно ако се најмалку два содружника (во натамошниот текст: комплементар), а најмалку еден содружник одговара за обврските на друштвото само до износот на запишаниот влог во друштвото (во натамошниот текст: командитор). Влогот на командиторот не може да биде во труд и услуги.

(2) Комплементарите учествуваат најмалку со една петтина во вкупниот износ на влоговите.

### Примена на одредби за јавното друштво

### Член 149

Ако со одредбите од оваа глава поинаку не е определено, на командитното друштво се применуваат одредбите на овој закон со коишто се уредува јавното друштво.

## ОДДЕЛ 2

## ОСНОВАЊЕ И УПИС ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

### Договор за друштвото

### Член 150

Командитно друштво се основа со договор за друштво во писмена форма со заверени потписи на содружниците со електронски потпис на регистрациониот агент, или во електронска форма потпишан со електронски потпис на содружниците на друштвото преку Системот за е-регистрација.

### Содржина на договорот за друштвото

### Член 151

(1) Договорот за друштвото содржи одредби за:

1) фирмата и седиштето на командитното друштво;

2) предметот на работење на командитното друштво;

3) името и презимето, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако содружникот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако содружникот е правно лице;

4) вкупниот износ на влогот на содружниците и определувањето на својството на содружниците како комплементари, односно командитори;

5) начинот на застапување на командитното друштво;

6) видот и соодносот на влоговите на секој од содружниците;

7) начинот и времето на уплата, односно на внесување на влогот;

8) начинот на распределба на добивката и начинот на покривање на загубата;

9) начинот на личното учество во работите на командитното друштво, управувањето со командитното друштво и начинот на донесување на одлуките и

10) други одредби определени со овој закон, со коишто се уредуваат односите меѓу содружниците.

(2) Измена на договорот за друштвото се врши со согласност на сите комплементари и на мнозинството командитори и според големината на нивниот влог.

### Фирма

### Член 152

Фирмата на командитното друштво ги содржи и зборовите ,,командитно друштво" или ознаката ,,КД".

## Податоци што се запишуваат и прилози кон пријава

### Член 153

(1) Во трговскиот регистар се запишуваат:

1) името и презимето, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта ако содружникот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, МБС, ако содружникот е правно лице;

2) фирмата и седиштето на командитното друштво;

3) предметот на работењето на командитното друштво и

4) застапувањето на командитното друштво.

(2) Пријавата за упис на основањето на командитното друштво во трговскиот регистар ја поднесуваат комплементарите.

(3) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) договор за друштвото;

2) копија од пасош или од лична карта за странски физички лица или од друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во нивната земја, односно доказ за регистрација, ако основач е правно лице;

3) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар, а доколку се вложуваат хартии од вредност во трговскиот регистар се доставува доказ за сопственост на тие хартии од вредност со прибелешка дека истите се вложуваат во трговско друштво и дека сопственикот не може да располага со истите. За таа цел, сопственикот на хартиите од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност доставува изјава заверена на нотар дека хартиите од вредност се вложени во трговско друштво и дека е согласен над истите да биде евидентирано ограничување за располагањето се до пренесувањето на истите на трговското друштво.

4) изјава од застапникот по закон, односно изјава од физичко лице дека не постои пречка да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон;

5) изјавата во согласност со членот 32 од овој закон и

6) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, ако таа обврска е определена со закон за упис на командитното друштво во трговскиот регистар.

(4) Содружниците, односно лицата кои, според договорот за друштвото, се овластени за застапување на командитното друштво приложуваат потписи во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.

(5) Секоја промена на податоците од ставот (1) на овој член, како и пристапувањето на содружник во командитното друштво, односно истапувањето на содружник од командитното друштво се запишува во трговскиот регистар.

(6) Објавувањето на уписот на основањето на командитното друштво во трговскиот регистар, освен пропишаните податоци, може да го опфати само назначувањето на бројот на командиторите и на вкупниот износ на нивните влогови. Името и презимето, односно фирмата на командиторот не може да се објави без негова согласност.

(7) Одредбата од ставот (6) на овој член се применува и кога командиторот пристапува кон постоечко командитно друштво, односно истапува од командитното друштво, како и кога се менува видот на влогот или износот до кој командиторот одговара.

## ОДДЕЛ 3

## ПРАВНИ ОДНОСИ МЕЃУ СОДРУЖНИЦИТЕ

### Слобода на договарање

### Член 154

(1) Правните односи меѓу содружниците се уредуваат со договорот за друштвото.

(2) Ако со договорот за друштвото не се уредени одделни прашања, се применуваат одредбите на овој закон за јавното друштво, ако во овој оддел поинаку не е определено.

### Обврска за лично учество

### Член 155

(1) На лично учество во работите на командитното друштво е обврзан само комплементарот.

(2) Со договорот за друштвото, на лично учество во работите на командитното друштво може да се обврзе и командиторот.

(3) За личното учество во работите на командитното друштво на комплементарот и на командиторот може да им припадне награда.

### Управување со друштвото

### Член 156

(1) Со командитното друштво управуваат комплементарите. Командиторите немаат право да управуваат со друштвото.

(2) Командиторот не може да им се спротивставува на одлуките на комплементарите, освен на оние одлуки и постапки што се однесуваат или се преземаат надвор од редовното работење на командитното друштво.

### Примена на одредбите за надомест на трошоците, на штетата и за забрана на конкуренцијата

### Член 157

Одредбите од членовите 120, 121 и 122 на овој закон се применуваат на командиторите, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

### Право на увид

### Член 158

(1) Командиторот има право да бара препис или копија на годишните сметки на друштвото, односно увид во трговските книги заради проверка на нивната исправност, право да му се соопшти содржината на трговските книги на командитното друштво и на другите документи, како и право писмено да поставува прашања што се однесуваат на управувањето со командитното друштво, на кои мора да му се одговори по писмен пат.

(2) Судот може, на предлог на командиторот, да му наложи на командитното друштво на командиторот да му предаде препис или копија од годишните сметки или да му овозможи увид во трговските книги и во другите документи на друштвото.

### Пренос на уделите

### Член 159

(1) Уделите во командитното друштво можат да бидат пренесени на трето лице само со согласност во писмена форма со заверени потписи на содружниците со електронски потпис на регистрацискиот агент, или во електронска форма потпишана со електронски потпис на содружниците на друштвото преку Системот за е-регистрација.

(2) Со договорот за друштвото може да се определи:

1) уделите на командиторите слободно да се пренесуваат меѓу содружниците;

2) уделите на командиторите да бидат отстапени на трети лица со согласност на сите комплементари и со согласност на мнозинството командитори според големината на нивниот влог и

3) комплементарот да отстапи еден дел од својот удел на командитор или на трето лице со согласност на сите комплементари, со согласност на мнозинството командитори и според големината на нивниот влог.

### Учество во добивка и во покривање на загубата

### Член 160

(1) Добивката се дели меѓу содружниците на командитното друштво сразмерно на уделот на секој содружник во друштвото, освен ако со договорот на друштвото поинаку не е определено.

(2) Добивката се придодава на влогот на командиторот се додека неговиот влог не го достигне износот што се обврзал со договорот за друштвото да го уплати како свој влог.

(3) Командиторот учествува во покривањето на загубите на командитното друштво до висината на запишаниот влог, ако поинаку не е определено во договорот за друштвото.

(4) Командиторот не е должен да ја врати примената добивка поради подоцнежна загуба на командитното друштво.

## ОДДЕЛ 4

## ПРАВНИ ОДНОСИ НА КОМАНДИТНО ДРУШТВО СО ТРЕТИ ЛИЦА

### Застапување на друштвото

### Член 161

(1) Командитор не може да го застапува командитното друштво. Ако во договорот за друштвото е определено дека командиторот го застапува командитното друштво, таа одредба е ништовна.

(2) Командитор не може ниту врз основа на полномошно да го застапува командитното друштво.

(3) Ако се постапи спротивно на ставовите (1) и (2) од овој член, командиторот одговара неограничено и солидарно со сиот свој имот со комплементарите за обврските на командитното друштво.

### Одговорност на командиторот

**Член 162**

(1) Командиторот не одговара за обврските на командитното друштво ако го внел целиот влог за којшто се обврзал со договорот за друштвото. Ако командиторот не го внел целиот влог за којшто се обврзал со договорот за друштвото, одговара на доверителите на командитното друштво неограничено и солидарно со другите содружници на друштвото до износот на договорениот влог намален за внесениот дел.

(2) Ако командиторот, врз основа на спогодбата со другите содружници на командитното друштво, го намали износот на својот влог, до уписот на новиот износ на влогот во трговскиот регистар, одговара спрема трети лица до првобитниот износ на влогот.

(3) Ако комплементар стане командитор, одговара како командитор од денот на објавувањето на уписот во трговскиот регистар како командитор.

(4) Лицето кое пристапува во друштвото во својство на командитор, одговара и за обврските што друштвото ги презело пред да стекне својство на командитор.

## ОДДЕЛ 5

## ПРЕСТАНУВАЊЕ НА КОМАНДИТНО ДРУШТВО

### Основи за престанување

**Член 163**

Основи за престанување на командитно друштво се:

1) истекот на времето за коешто е основано;

2) одлука донесена од сите содружници (комплементари и командитори);

3) стечај на командитното друштво;

4) смрт на кој било од комплементарите, односно со престанување на комплементар-правно лице, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено;

5) стечај над кој било од комплементарите;

6) отказ на некој од комплементарите, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено;

7) правосилна одлука на суд;

8) губење на деловната способност на комплементар, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено;

9) одземање на дозволата за вршење на дејноста, а командитното друштво не ја промени дејноста и

10) други случаи определени со закон и со договорот за друштвото.

### Смрт или истапување на командитор

**Член 164**

(1) Командитно друштво не престанува со смртта на командиторот, односно со престанување на командитор којшто е правно лице.

(2) Ако поради истапување на сите командитори во командитното друштво останат најмалку два комплементари, командитното друштво може да продолжи да работи како јавно друштво.

(3) Промената од ставот (2) на овој член се пријавува за упис во трговскиот регистар, во рок од 30 дена од денот на истапувањето на последниот командитор. Кон пријавата за упис се приложува договорот за јавното друштво.

(4) Ако се пропушти рокот од ставот (3) на овој член, командитното друштво престанува.

**Наследник на комплементар**

**Член 165**

Ако со договорот за друштвото е определено дека командитното друштво и покрај смртта на еден од комплементарите, продолжува со работа со негов наследник кој е малолетен, тој има статус на командитор до полнолетството, а го застапува неговиот законски застапник.

## ТРЕТА ГЛАВА

## ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

## ОДДЕЛ 1

## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Поим**

**Член 166**

(1) Друштво со ограничена одговорност е трговско друштво во коешто едно или повеќе физички и правни лица учествуваат со по еден влог во однапред договорената основна главнина на друштвото.

(2) Влоговите на содружниците можат да бидат со различна големина.

(3) Содружниците не одговараат за обврските на друштвото.

**Основачи**

**Член 167**

(1) Друштво со ограничена одговорност може да биде основано од едно или од повеќе физички и правни лица.

(2) Друштвото со ограничена одговорност може да има најмногу 50 содружници.

(3) Ако бројот на содружниците на друштвото го надмине бројот 50, содружниците, односно органите на друштвото мораат да преземат дејствија за усогласување на бројот на содружниците во согласност со ставот (2) од овој член, и тоа во рок од една година од денот кога бројот на содружниците се зголемил над 50.

(4) Ако не бидат преземени дејствија за усогласување на бројот на содружниците во согласност со ставот (2) на овој член, содружниците, односно органите на друштвото се должни, во рокот предвиден во ставот (3) од овој член, да преземат дејствија за преобразба на друштвото во акционерско друштво или да спроведат ликвидација на друштвото.

### Обврски на содружниците

### Член 168

Содружниците спрема друштвото со ограничена одговорност се обврзани на давања и други обврски определени со договорот за друштвото.

### Фирма

### Член 169

(1) Фирмата на друштвото со ограничена одговорност мора да ги содржи и зборовите: ,,друштво со ограничена одговорност" или ознаката ,,ДОО".

(2) Кога друштвото има еден содружник фирмата ги содржи зборовите: ,,друштво со ограничена одговорност од едно лице" или ознаката: ,,ДООЕЛ".

## ОДДЕЛ 2

## ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

### Начин на основање на друштвото

### Член 170

(1) Друштвото со ограничена одговорност (во натамошниот текст во глава трета од петтиот дел: друштвото), се основа со договор за друштвото што го склучуваат сите основачи во писмена форма или во електронска форма.

(2) Ако друштвото го основа едно лице договорот за друштвото се заменува со изјава на основачот за основање на друштвото со ограничена одговорност (во натамошниот текст: изјава за основање на друштвото), во писмена форма или во електронска форма потпишана со електронски потпис согласно со Системот за е-регистрација.

(3) Договорот за друштвото, односно изјавата за основање на друштвото во писмена форма, се заверува со потписи на содружниците со електронски потпис на регистрацискиот агент, или во електронска форма се потпишува со електронски потпис на содружниците на друштвото преку Системот за е-регистрација.

(4) Основачите го склучуваат договорот за друштвото лично или преку полномошник, кој мора да има полномошно заверено кај нотар, освен во случај кога полномошното е потпишано со електронски потпис согласно со Системот за е-регистрација. Полномошно не е потребно ако застапникот на основачот врз основа на закон е овластен за него да го склучи договорот за друштвото, односно да даде изјава за основање на друштвото.

(5) Основање на друштво со собирање содружници, односно со запишување влогови преку јавен повик не е допуштено.

### Содржина на договорот за друштвото, односно на изјавата за основање на друштвото

### Член 171

(1) Договорот за друштвото, односно изјавата за основање на друштвото мора да ги содржи:

1) името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта ако содружникот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако содружникот е правно лице;

2) фирмата и седиштето на друштвото;

3) предметот на работење на друштвото;

4) времетраењето на друштвото;

5) износот на основната главнина и износот на влогот на секој содружник одделно, а ако влогот е непаричен-подробен опис и назначување на неговата вредност;

6) начинот и времето на уплата на паричните влогови што не се уплатуваат во целост;

7) името и презимето, ЕМБГ на управителот, односно управителите (во натамошниот текст: управител), бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство како и местото на живеење;

8) застапувањето на друштвото;

9) правата и обврските што содружниците ги имаат спрема друштвото, покрај уплата на своите влогови, како и правата и обврските коишто ги има друштвото спрема основачите;

10) начинот и мерилата на распределба на добивката и начинот на покривање на загубата;

11) управувањето на друштвото и

12) престанување на друштвото.

(2) Со договорот за друштвото, односно со изјавата за основање на друштвото, покрај прашањата од ставот (1) на овој член, можат да се уредат и други прашања и односи.

(3) Одредбите во договорот за друштвото, односно во изјавата за основање на друштвото, спротивни на овој закон, се ништовни.

## ОДДЕЛ 3

## ОСНОВНА ГЛАВНИНА НА ДРУШТВОТО

### Состав и износ на основната главнина

### Член 172

(1) Основната главнина на друштвото се состои од збирот на влоговите на содружниците.

(2) Основната главнина не може да биде помала од 5.000 ЕВРА во денарска противвредност, според средниот курс на таа валута којшто е објавен од Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, освен ако основачите не се договориле тоа да биде денот на потпишувањето на договорот за друштвото, односно на изјавата за основање на друштвото. Износот на основната главнина мора да биде изразен со цел број којшто е делив со бројот сто.

### Обврска за зголемување на намалена основна главнина

### Член 173

(1) Ако основната главнина се намали од која било причина под износот определен во членот 172 ставот (2) од овој закон, износот мора да биде зголемен до износот предвиден со овој закон во рок од шест месеца од денот на усвојувањето на годишната сметка, освен ако друштвото во тој рок не се преобрази во друга форма на друштво.

(2) Ако во рокот определен со ставот (1) од овој член, износот на основната главнина не биде зголемен до износот определен во членот 172 став (2) од овој закон, секое лице коешто има правен интерес може со предлог до судот да бара престанување на друштвото откако претходно ќе го предупреди неговиот застапник по закон таа состојба да ја усогласи со законот.

**Влогови на содружниците**

**Член 174**

(1) Влогот на содружникот може да биде паричен и непаричен.

(2) Внесување на влоговите во форма на труд и услуги, вклучувајќи и услуги или труд кои веќе се извршени, се спротивни на овој закон.

(3) Влоговите се запишуваат во целост.

(4) Поединечниот влог не може да биде помал од 100 ЕВРА во денарска противвредност. Влогот мора да биде изразен со цел број кој е делив со бројот сто.

(5) Секој содружник при основањето на друштвото може да преземе само еден влог. Еден влог може заеднички да биде преземен од повеќе лица.

**Уплата и внесување на влогови**

**Член 175**

(1) Пред поднесувањето на пријавата за упис на основањето на друштвото во трговскиот регистар, содружникот нема обврска за уплаќање на паричниот влог, ниту пак за внесување на непаричниот влог.

(2) Во случај на уплата на паричниот влог пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во трговскиот регистар, уплатата се врши на привремена сметка на друштвото кај носител на платниот промет во Република Македонија.

**Непаричен влог**

**Член 176**

(1) Ако влогот што го презема друштвото е непаричен, во договорот за друштвото, односно во изјавата за основање на друштвото поблиску се определуваат:

1) содружникот кој го внесува непаричниот влог,

2) непаричниот влог што се внесува,

3) вредноста по којашто друштвото го презема непаричниот влог и

4) погодностите што му се признаваат на содружникот којшто го внесува непаричниот влог ако содружниците се договорат за такви погодности.

(2) Кон договорот за друштвото се приложува извештај за процена на непаричниот влог од овластен проценувач. На непаричните влогови соодветно се применуваат одредбите од членот 35 на овој закон.

**Утврдување на вредноста на непаричен влог**

**Член 177**

Ако вредноста на поединечните непарични влогови е помала од 5.000 ЕВРА во денарска противвредност и ако вкупната вредност на целината на непаричните влогови не ја надминува половината на основната главнина, содружниците можат

едногласно да одлучат да не ја проценуваат вредноста на непаричниот влог. Во тој случај, содружниците пред поднесувањето на пријавата за упис на основањето на друштвото, составуваат извештај за непаричните влогови во којшто наведуваат дека вредноста на непаричниот влог не е помала од висината на презёмениот влог.

## Посебни погодности за содружникот

## Член 178

Ако на содружникот на друштвото му се дава надомест за непаричен влог што го внесува во друштвото и таа вредност се додава на неговиот влог или ако на некој содружник му се даваат посебни погодности во друштвото, во договорот за друштвото во подробности и во целина се наведува содружникот на друштвото кој го внесува непаричниот влог, опис на она што, на таков начин, се внесува и неговата вредност изразена во пари, како и посебните погодности што ги стекнува содружникот на друштвото.

## Услови за враќање на внесените влогови

## Член 179

(1) Ако друштвото не биде основано во рок од шест месеца, сметајќи од денот на внесувањето на првиот влог, на начин определен со договорот за друштвото, секој основач кој го внел влогот може со предлог да бара од судот да му го утврди правото да му биде вратен неговиот внесен непаричен влог и да ги задолжи другите основачи да му го вратат, а за враќање на паричниот влог да ја задолжи банката во којашто е уплатен паричниот влог.

(2) Ако основачите одлучат да го основаат друштвото по правосилноста на одлуката на судот од ставот (1) на овој член, се спроведува нова постапка за внесување на влоговите во друштвото.

## Надомест на трошоците за основање на друштвото

## Член 180

(1) Основачите ги поднесуваат трошоците за основање на друштвото сразмерно на своите влогови, ако поинаку не е определено со договорот за друштвото. Надоместок за трошоците за основање на друштвото не може да се исплаќа од основната главнина, ниту да се засметува кон основната главнина, како влог.

(2) Надоместокот на трошоците за основање на друштвото може да се одобри само до висината на највисокиот надомест определен во договорот за друштвото.

(3) Надоместокот на трошоците од ставот (1) на овој член, може да биде исплатен само од добивката што ќе биде остварена со работењето на друштвото, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено. Содружниците можат да одлучат овие исплати да имаат приоритет во однос на учеството во распределбата на добивката.

## Одговорност на содружниците и управителите за штета

## Член 181

(1) Содружниците и управителите кои при основањето на друштвото дале погрешни податоци заради кои основната главнина не го достигнала договорениот износ, должни се да ги уплатат износите што не се уплатени и да ги надоместат плаќањата

што се извршени при основањето на друштвото, а не се прифатени како трошоци за основање на друштвото. Содружниците и управителите одговараат и за другите штети што биле причинети со договорот.

(2) Содружниците и управителот му одговараат на друштвото, како солидарни должници, и за штетата што е причинета поради невнесување или неправилно внесување на непаричните влогови, поради превисоката процена на нивната вредност или поради какво било и да е друго штетно однесување и дејствие преземено во постапката за основање на друштвото за кое судот ќе утврди дека се одговорни за причинетата штета.

(3) Од одговорноста од ставовите (1) и (2) на овој член, се ослободува оној содружник, односно управител кој не знаел за фактите врз кои се темели одговорноста, ниту за нив морал да знае и кој постапувал со внимание на уреден и совесен трговец.

(4) Ако надоместувањето на штетата е нужно заради исполнување на обврските кон трети лица, друштвото не може да се откаже од правото да бара надомест на штета од ставовите (1) и (2) на овој член, ниту може да се спогодува во поглед на тоа право.

(5) Правото да се бара надомест на штета од ставовите (1), (2) и (4) на овој член, застарува во рок од пет години од денот на објавувањето на уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

## ОДДЕЛ 4

## ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИЈАВА ЗА УПИС НА ОСНОВАЊЕТО ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

### Пријава за упис и податоци коишто се запишуваат во трговскиот регистар

### Член 182

(1) Основањето на друштвото се запишува во трговскиот регистар.

(2) Пријавата за упис на основањето на друштвото ја поднесува управителот, односно управителот овластен од другите управители ако друштвото има повеќе управители.

(3) Во трговскиот регистар се запишуваат:

1) фирмата и седиштето на друштвото;

2) предметот на работењето на друштвото;

3) името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта ако содружникот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако содружникот е правно лице;

4) износот на основната главнина;

5) денот на склучувањето на договорот за друштвото, односно денот на потпишувањето на изјавата за основање на друштвото;

6) времетраењето на друштвото ако тоа е определено со договорот за друштвото или со изјавата за основање на друштвото;

7) името и презимето на управителот, на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, ако друштвото има орган за надзор, ЕМБГ, занимањето, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење;

8) овластувањето за застапување на друштвото и
9) интернет страница ако друштвото има ваква страница.
(4) Секоја промена на податоците од ставот (3) на овој член, како и пристапувањето на содружник во друштвото, односно истапувањето на содружник од друштвото, се запишуваат во трговскиот регистар.

## Прилози кон пријавата за упис

### Член 183

(1) Кон пријавата за упис на основањето на друштвото се приложуваат:
1) договорот за друштвото, односно изјавата за основање на друштвото, со сите прилози вклучувајќи го и полномошното за полномошникот;
2) копија од пасош или од лична карта ако основач е физичко лице или од друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја, односно доказ за регистрација ако основач е правно лице;
3) ако се внесуваат непарични влогови-договорите со коишто тие се утврдуваат и спроведуваат, извештајот на проценувачот, освен кога во согласност со членот 177 од овој закон, не се врши процена и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар, а доколку се вложуваат хартии од вредност во трговскиот регистар се доставува доказ за сопственост на тие хартии од вредност со прибелешка дека истите се вложуваат во трговско друштво и дека сопственикот не може да располага со истите. За таа цел, сопственикот на хартиите од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност доставува изјава заверена на нотар дека хартиите од вредност се вложени во трговско друштво и дека е согласен над истите да биде евидентирано ограничување за располагањето се до пренесувањето на истите на трговското друштво.
4) одлуката за избор на управител, ако не е назначен со договорот за друштвото, во којашто се наведуваат името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење;
5) изјава на секој управител на друштвото дека го прифаќа изборот, а ако со договорот за друштвото е определено дека друштво коешто има повеќе од еден управител ќе го застапува само еден од управителите, заедно или без прокурист, и изјава дека се прифаќа застапувањето на друштвото на начинот определен во договорот за друштвото;
6) одлуката за избор на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, ако друштвото има орган на надзор, во којашто се наведени името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење;
7) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар;
8) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;

9) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и

10) изјава, во согласност со членот 32 од овој закон.

(2) Управителот, односно лицата кои според договорот за друштвото, се овластени за застапување приложуваат потписи во согласност со членот 65, ставови (2) и (3) од овој закон.

(3) Прилозите од ставот (1) на овој член се поднесуваат во електронска форма согласно со Системот за е-регистрација и Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

## ОДДЕЛ 5

## ПРАВНИ ОДНОСИ МЕЃУ ДРУШТВОТО И СОДРУЖНИЦИТЕ

### Пододдел 1

### ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА СОДРУЖНИЦИТЕ ВО ДРУШТВОТО

#### Права на содружникот

#### Член 184

(1) Секој содружник во друштвото има право:

1) да учествува во управувањето со друштвото;

2) да учествува во распределбата на добивката;

3) да биде информиран за работењето на друштвото;

4)да врши увид во книгите и во другите документи на друштвото и

5) на дел од остатокот на ликвидационата, односно на стечајната маса.

(2) Содружникот има и други права определени со закон. Содружниците можат во договорот за друштвото да определат и други права.

(3) Правата од ставовите (1) и (2) од овој член, содружникот ги остварува во обем, на начин и според условите определени со овој закон и со договорот за друштвото.

#### Право на учество во добивка

#### Член 185

(1) Содружниците имаат право на соодветен дел од добивката, освен ако правото на учество во добивката не е ограничено или исклучено со договорот за друштвото.

(2) Добивката се дели меѓу содружниците сразмерно на нивните удели во друштвото, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(3) Содружникот станува доверител на друштвото до висина на износот на одобрената, но неисплатена добивка.

(4) Со договорот за друштвото се определува начинот на одлучувањето за распределбата, времето кога таа се врши, можноста управителот да одлучува за распределбата според критериуми и насоки утврдени од собирот на содружниците, начинот на којшто се води евиденцијата за распределбата и се утврдува износот на кој секој одделен содружник има право, ограничувањата при распределбата и други прашања, освен оние за коишто во согласност со овој закон и договорот за друштвото, е определено дека се одлучува на собир на содружниците.

## Должност за уплата на влогот

### Член 186

(1) Содружникот е должен презмениот влог да го уплати во целост, во согласност со договорот за друштвото.

(2) Сите содружници го вршат уплаќањето на паричните влогови сразмерно со нивните преземени влогови, освен ако со договорот за друштвото или со одлуката на собирот на содружниците поинаку не е определено.

(3) Содружниците не можат да бидат ослободени, ниту може да им биде олеснето ниту одложено исполнувањето на обврската за плаќање на паричниот влог. Обврската за плаќање на паричниот влог не може да се пребива со побарување спрема друштвото, освен ако се работи за заем што се трансформира во влог во друштво, односно дополнителни доплати за кои ќе се донесе одлука за трансформација на дополнителните доплати во влог во друштвото.

(4) Содружникот може да биде ослободен од обврската за плаќање на паричниот влог во случај на намалување на основната главнина, најмногу до износот за којшто се намалува основната главнина.

(5) Ако при основањето на друштвото целиот износ на паричниот влог не е платен, преостанатиот износ се уплатува на начин определен со договорот за друштвото. Остатокот од влогот мора да се уплати во рок од една година од денот на објавувањето на уписот на основањето на друштвото. Се до плаќањето на целиот износ на паричниот влог, содружникот одговара на друштвото во висина на преземениот влог во согласност со договорот на друштвото.

(6) Содружник кој задоцнил со извршување на својата обврска навреме да го плати влогот, е должен да плати законска затезна камата.

(7) Одредбите од договорот за друштвото, како и другите правни работи и дејствија спротивни на одредбите од овој член се ништовни.

## Дополнителен рок за уплата на влогот и за плаќање камата

### Член 187

(1) Во случај на задоцнување на уплатата на влогот, друштвото, во дополнителен рок од најмалку 30 дена, ќе го повика содружникот да ја исполни обврската. Во поканата што ја упатува управителот на друштвото на содружникот му се укажува дека пропуштањето на уплатата во дополнителниот рок повлекува негово исклучување од друштвото. Поканата на содружникот му се испраќа препорачано или му се доставува на рака. Ако поканата се упатува на повеќе содружници, дополнителниот рок мора да биде еднаков за сите.

(2) Друштвото може да поднесе тужба против содружникот со којашто се бара тој да го уплати влогот или дел од влогот и којашто не ја исклучува и можноста содружникот да биде исклучен од друштвото.

## Исклучување на содружник заради задоцнување и одговорност на претходниците

### Член 188

(1) Ако истече дополнителниот рок за уплата на влогот од членот 187 став (1) на овој закон, управителот огласува дека содружникот во полза на друштвото го изгубил својот удел и делумната уплата на влогот. Со тоа содружникот се смета за исклучен. За исклучувањето од друштвото содружникот се известува во писмена форма со препорачано писмо или писмо доставено лично на рака.

(2) Исклучениот содружник ги губи сите права во друштвото, но и понатаму е обврзан да го уплати неуплатениот дел од влогот. Со тоа не се исклучува и неговата одговорност за штетата причинета на друштвото поради пропуштање на уплатата.

(3) За уплата на неуплатениот износ на влогот и за законската затезна камата на исклучениот содружник, одговара неговиот непосреден претходник и сите негови поранешни претходници, ако има такви. Уплатата, најпрвин, се бара од непосредниот претходник на исклучениот содружник. Ако тој не го плати влогот во рок од еден месец од денот на упатувањето на повикот, се бара плаќање од неговиот претходник.

(4) Претходникот на исклучениот содружник, со уплатата на преостанатиот дел од влогот, го стекнува уделот на исклучениот содружник.

## Продажба на уделот на исклучениот содружник

### Член 189

(1) Ако претходниците на исклучениот содружник не го уплатат преостанатиот дел од влогот, друштвото може да го продава уделот на исклучениот содружник со јавно наддавање, освен ако по цена што одговара на неговата вредност и со согласност на исклучениот содружник не го преземе некој од содружниците на друштвото. Уделот може да се продаде и претвори во пари на друг начин само со согласност на исклучениот содружник.

(2) Ако со продажбата на уделот преку јавно наддавање се постигне цена што е повисока од она што исклучениот содружник му го должи на друштвото, износот што ќе преостане, по намирувањето на трошоците за продажба и законската затезна камата, се употребува за уплата на влогот до износот којшто не е уплатен, а остатокот му се исплаќа на исклучениот содружник.

## Повлекување на удел, односно уплата на влог од други содружници

### Член 190

(1) Ако според одредбите од членот 189 на овој закон претворањето на уделот во пари не е можно на кој било начин во рок од шест месеца друштвото може да го повлече уделот или другите содружници на друштвото можат сразмерно со своите удели во друштвото да го уплатат влогот на исклучениот содружник во целост. Сразмерно на износите уплатени на овој начин, на содружниците им се зголемуваат влоговите.

(2) Во случај на повлекување на уделот, односно на уплата на влогот во целост од страна на другите содружници, исклучениот содружник има право на делот од својот влог што го уплатил.

## Дополнителни доплати

### Член 191

(1) Со договорот за друштвото може да се определи сите или одделни содружници да се обврзат да дадат дополнителни доплати над износот на влогот само кога е тоа потребно за покривање на загубите или за привремена неопходна потреба од парични средства.

(2) Ако со договорот за друштвото не е определено одлуката за дополнителни доплати да се донесе со мнозинство од најмалку две третини од дадените гласови, содружниците одлуката ја донесуваат едногласно.

(3) Дополнителните доплати не ги зголемуваат влоговите на содружниците како ни основната главнина на друштвото, освен кога со одлуката за дополнителни доплати е определено истите да бидат трансформирани во влог во друштвото согласно со одредбите од овој закон за зголемување на основната главнина.

(4) Дополнителните доплати на содружниците мора да бидат сразмерни на нивните удели во друштвото, освен ако содружниците не се согласат на поинаков соодноc.

(5) Содружникот не може својата обврска за давање дополнителна доплата да ја пребива со побарување спрема друштвото.

(6) Содружникот на друштвото што е во доцнење со обврската за давање дополнителна доплата е должен на друштвото да му плати законска затезна камата и да му ја надомести штетата што со тоа му ја причинил, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(7) Ако престанат условите од ставот (1) на овој член за обврската на содружниците за давање дополнителни доплати, на содружниците мора да им се вратат дополнителните доплати. Враќањето не смее да се изврши пред истекот на три месеца сметано од денот кога одлуката за враќање на дополнителните доплати ќе биде објавена на пропишан начин. Враќањето на дополнителните доплати е допуштено само кога содружниците целосно го имаат платено влогот. Враќањето на дополнителните доплати пред целосната уплата на влогот е ништовно.

## Недопуштени примања

### Член 192

(1) Содружникот во чија корист друштвото исплатило определен износ во спротивност со законот, со договорот за друштвото или со одлуката на содружниците, должен е примениот износ да му го врати на друштвото. Содружникот може да го задржи оној износ што го примил во добра верба како дел од добивката.

(2) За враќање на недопуштено исплатениот износ со чијашто исплата е намалена основната главнина на друштвото (недопуштено примање), покрај содружникот кој го примил износот, солидарно одговараат и управителот, членовите на надзорниот одбор, односно контролор, ако друштвото има орган на надзор, како и другите раководни лица во друштвото кои при извршувањето на исплатата не постапиле со должното внимание.

(3) Ако полниот износ на недопуштеното примање не може да се наплати од лицата наведени во ставот (2) на овој член, износот за којшто е намалена основната главнина го надоместуваат содружниците сразмерно на своите влогови во друштвото.

(4) Лицата наведени во ставовите (2) и (3) на овој член, не можат ниту во целост, ниту делумно да бидат ослободени од обврската за враќање на полниот износ на недопуштеното примање.

(5) Правото на друштвото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член да бара враќање на недопуштено примање застарува во рок од пет години од денот на примањето на недопуштената исплата, освен ако друштвото докаже дека лицето знаело или со оглед на околностите, морало да знае дека примањето е недопуштено.

## Пододдел 2

## УДЕЛИ

### Определување на големината на уделот

### Член 193

(1) Уделот на содружник во друштвото се определува според големината на влогот што го презел содружникот, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(2) Содружникот може да има само еден удел во друштвото. Ако содружникот преземе и друг удел, неговиот удел се зголемува за преземениот удел.

### Потврда за удел

### Член 194

(1) Со договорот за друштвото може да се определи обврска на друштвото на содружниците да им издаде потврда за удел. Потврдата за удел се издава како препис на состојбата запишана во книгата за удели.

(2) Потврдата за удел издадена на содружник во друштвото не е хартија од вредност.

(3) Друштвото не може да издава исправи кои даваат право на исплата од годишната добивка.

### Книга на удели

### Член 195

(1) Управителот на друштвото е одговорен за водење на книгата на удели во којашто, по запишувањето на основањето на друштвото во трговскиот регистар, за секој содружник се внесуваат податоци за: името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта ако содружникот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата (називот), седиштето, ЕМБС ако содружникот е правно лице, датумот на кој станал содружник, износот на влогот што содружникот го презел и што врз основа на тоа го уплатил или презел обврска да го уплати, начинот и времето на уплатите, дополнителните доплати што ги уплатил, опис и изјава за договорената вредност на непаричниот влог што е внесен или презел обврска да го внесе во иднина,сите обврски што го товарат уделот, бројот на гласовите што ги има при донесувањето на одлуките на содружниците, како и посебните права и должности што произлегуваат од уделот.

(2) Во книгата на удели, без одлагање се внесуваат сите измени во поглед на извршените уписи, како и поделбата и оптоварувањата на уделот. Исклучувањето и истапувањето на содружник, промената на сопственик на удел во врска со претворање на удел во пари, како и преземањето нови влогови, намалувањето на влоговите и враќањето на дополнителните доплати, управителот ги запишува без одлагање и без пријава, а другите измени, оптоварувања и поделби само врз основа на уредна пријава на кој било од содружниците. Во рок од три дена од денот на извршената измена во книгата на удели, управителот е должен да поднесе пријава за измената на уписот во трговскиот регистар ако со овој закон е определено дека податокот што е внесен во книгата за удели се запишува во трговскиот регистар.

(3) Управителот е одговорен за ажурно водење на книгата за удели и за точноста на податоците внесени во книгата за удели. Управителот е лично и неограничено одговорен на друштвото, на содружниците и на доверителите за штетата причинета за неточно и неажурно водење на книгата на уделите.

(4) Со договорот за друштвото се одредува начинот на водењето на книгата на удели.

## Дејство на уписот во книгата на удели

### Член 196

(1) Во однос на друштвото, содружник на друштвото е само оној кој е запишан во книгата на удели.

(2) Се смета дека уписот во книгата на удели е извршен на денот кога на друштвото ќе му пристигне пријавата за упис, ако таа ги исполнува условите што се бараат за таков упис, без оглед на времето кога уписот вистински е извршен. Пријавата се поднесува во писмена форма.

(3) Ако управителот одбие да изврши упис во книгата на удели во рок од осум дена од денот на поднесување на пријавата, содружникот, односно друго лице кое има правен интерес, може по истекот на овој рок, да поднесе предлог до судот да донесе одлука за упис во книгата на удели.

(4) По правосилноста на решението на судот, управителот е должен, во рок од три дена од денот на приемот на решението, да ја изврши одлуката и да изврши упис во книгата на удели.

## Располагање со уделот

### Член 197

(1) Содружниците располагаат со уделите под условите утврдени во договорот за друштвото.

(2) Уделите во друштвото можат да се пренесуваат на начин и постапка определени со договорот за друштвото.

(3) Содружникот на друштвото може да го пренесе својот удел, во целост или само дел од уделот.

(4) Уделот се пренесува со договор за пренос на удел заверен кај нотар.

(5) Секој пренос на удел што се врши на начин и според услови што се во спротивност со овој закон или со договорот за друштвото е ништовен.

(6) Содружникот на друштвото може да го заложи својот удел според услови определени со договорот на друштвото. На залогот на удел не се применуваат одредбите од членот 200 став (1) на овој закон.

(7) Содружниците во друштвото кои должат по основ на неплатени даноци, царини и придонеси не можат да купуваат, ниту да вршат пренос на удели во своето, или во други трговски друштва.

(8) Ставот (7) на овој член, не се применува на содружниците со статус орган на државна управа и фондови основани од државата, кои стекнале удели во друштвото врз основа на закон.

## Услови под кои се пренесува удел на трето лице

### Член 198

(1) Удел може да се пренесе на трето лице само ако содружникот во потполност го уплатил својот влог.

(2) Правото на првенствено купување на удел се остварува според овој редослед: другите содружници и лицето определено од друштвото.

(3) Ако другите содружници или лицето определено од друштвото не се изјаснат во рок од 30 дена од пријавувањето на намерата за пренос на уделот, содружникот е слободен во остварувањето на правото на пренос на својот удел, ако со договорот за друштвото не се определени посебни услови.

## Пренос на удел по пат на наследство

### Член 199

(1) Преносот на удел со наследување не може да се ограничи.

(2) Ако содружникот почине, законскиот застапник на неговата оставина ќе ги остварува сите права и ќе ги презема сите обврски кои произлегуваат од содружничкиот однос, вклучувајќи ги и сите други права и обврски кои, според договорот за друштвото ги остварувал, односно ги презел починатиот содружник.

(3) За пренос на удел по пат на наследство и за прибавување со стекнување на некој имот како целина може со договорот за друштвото да се определи дека наследникот, односно прибавителот е должен уделот да го пренесе на некој од содружниците или на лице кое ќе го определи друштвото и тоа, ако странките не се спогодат поинаку, по цена што одговара на вредноста на уделот според последниот биланс на состојбата. Ако друштвото, во рок од 30 дена, откако сознало за него, не го повика наследникот, односно прибавителот да го пренесе својот удел, обврската за пренос престанува.

## Преминување на правата и обврските од содружникот врз лицето коешто го стекнало уделот

### Член 200

(1) Во случај на пренесување удел, правата и обврските од содружничкиот однос на содружникот преминуваат врз лицето коешто го стекнало уделот. Спрема лицето коешто го стекнало уделот, што се однесува до односите во друштвото, важат и сите правни дејствија што биле преземени спрема содружникот, како и правните дејствија што тој ги презел пред да му биде пријавен на друштвото преносот на уделот во книгата на удели.

(2) За исполнување на дејствијата, што врз основа на уделот, мораат да се исполнат спрема друштвото по обврска што постои во времето кога на друштвото му е поднесена пријава за упис на преносот на тој удел во книгата на уделите, солидарно одговараат лицето коешто го стекнало уделот и неговиот правен претходник за обврските што постоеле на денот на пренесувањето на уделот, сразмерно со учеството на влогот во основната главнина на друштвото врз основа на кој е стекнат уделот во друштвото.

(3) Правото да се бара исполнување на дејствијата од ставот (2) на овој член, спрема правниот претходник на лицето коешто го стекнало уделот застарува во рок од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за упис на преносот на уделот во книгата на удели.

(4) Лицето коешто стекнало удел е должно да му поднесе на друштвото пријава за промена на сопственоста над уделот заради упис во книгата на уделите.

(5) Пријавата од ставот (4) на овој член, содржи изјава од лицето коешто го стекнало уделот дека се согласува да биде содружник во друштвото, и дека целосно и безусловно ги прифаќа одредбите на договорот за друштвото.

## Поделба на удел

### Член 201

(1) Уделот може да биде поделен само во случај на пренос на удел, правно следбеништво од содружник кој престанал и при наследување. За поделба на удел е потребна согласност на сите содружници, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(2) Одредбите од овој закон за најмалиот износ на влогот се применуваат и во случај на поделба на удел.

(3) Со договорот за друштвото може да се исклучи поделбата на уделот освен во случај на пренос на удел меѓу содружниците на друштвото.

(4) На преносот на дел од уделот сообразно се применуваат одредбите од овој закон за преносот на уделот.

## Сосопственик на удел

### Член 202

(1) Повеќе сосопственици можат да имаат еден удел.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, се сметаат за еден содружник, своите права можат да ги остваруваат само преку заеднички застапник, а за обврските што произлегуваат од уделот одговараат солидарно.

(3) Секој од сосопствениците на удел мора да му обезбеди на друштвото податоци кои според овој закон се бараат за секој содружник.

(4) Сосопствениците на удел се обврзани да потпишат писмено полномошно за назначување заеднички застапник и да му го достават на друштвото. Ако назначениот застапник гласа или презема некое друго дејствие во однос на уделот, друштвото го прифаќа гласањето или другото дејствие без да се впушти во натамошно испитување на неговото овластување од содружниците.

(5) Ако сосопствениците на удел не му пријават на друштвото заеднички застапник, правните работи и дејствија што друштвото ги презема се полноважни, ако ги презема спрема еден од сосопствениците и тие дејствуваат спрема сите сосопственици.

(6) Друштвото ги испраќа сите известувања за работењето на друштвото и ја исплаќа распределената добивка само на заедничкиот застапник и нема обврска тоа да го врши спрема секој сосопственик.

## Стекнување сопствени удели

### Член 203

(1) Друштвото може да стекнува сопствени удели под следниве услови:

1) ако за уделот што се стекнува во целост е уплатен влогот и

2) ако уделот се стекнува од имотот на друштвото што го надминува износот на основната главнина и ако друштвото создало резерви за стекнување сопствени удели, а со тоа не ги намалува основната главнина на друштвото или нивото на резервите, определено со договорот за друштвото, коишто не смеат да се употребуваат за плаќања на содружниците.

(2) Со одлука на содружниците, донесена со најмалку тричетвртинско мнозинство гласови од вкупниот број гласови што ги даваат уделите, друштвото може да откупи удели што учествуваат во основната главнина, до најмногу една третина.

(3) Уделот стекнат спротивно на ставовите (1) и (2) од овој член, друштвото е должно во рок од една година од денот на откупувањето, да го отуѓи или со примена на правилата за намалување на основната главнина да го повлече.

(4) Правата од сопствениот удел мируваат.

### Земање удел на содружник преку залог

### Член 204

(1) Друштвото може да зема во залог удел на содружник во друштвото за којшто во целост е платен презимениот влог.

(2) Содружникот кој го дал уделот во залог на друштвото ги остварува сите права и ги презема сите обврски што произлегуваат од содружничкиот однос.

(3) Друштвото може да зема во залог удел само ако вкупниот износ на побарувањата обезбедени со залогот на удел е понизок од вредноста на уделот или, ако вредноста на уделот што се зема во залог е пониска од тоа, износот на побарувањето да не е поголем од имотот на друштвото што ја надминува основната главнина.

### Повлекување удел

### Член 205

(1) Уделот може да биде повлечен само во случаите предвидени во договорот за друштвото.

(2) Уделот може да се повлече без согласност на содружникот ако условите за повлекување биле определени во договорот за друштвото пред содружникот да го стекне уделот.

(3) Ако повлекувањето на уделот предизвикува намалување на основната главнина, повлекувањето може да се изврши само преку намалување на основната главнина.

(4) Друштвото со ограничена одговорност од едно лице не може да стекнува сопствен удел, ниту може да го повлече уделот.

## Пододдел 3

## ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СОДРУЖНИЧКИОТ ОДНОС

### Основи за престанување на содружничкиот однос

### Член 206

(1) Содружничкиот однос во друштвото престанува со:

1) смрт на физичкото лице- содружник;

2) престанување на правното лице- содружник;

3) истапување на содружник од друштвото;

4) исклучување на содружник од друштвото и

5) стечај над содружник.

(2) Со договорот за друштвото може да се определат и други основи за престанување на содружничкиот однос.

(3) Имотните односи од содружничкиот однос се уредуваат со биланс на состојба што се изготвува заклучно со крајот на месецот во којшто престанал содружничкиот однос.

## Истапување на содружник од друштвото

### Член 207

(1) Со договорот за друштвото може да се определи содружникот да може да истапи од друштвото. Во таков случај, во договорот за друштвото мора да се определат условите, постапката и последиците од истапувањето на содружникот од друштвото.

(2) Содружникот, може со тужба, да бара истапување од друштвото ако за тоа постојат оправдани причини. Се смета дека постојат оправдани причини за истапување на содружник од друштвото:

1) ако другите содружници или орган на друштвото му причинат штета или ако со натамошното негово учество во друштвото, како содружник, ќе трпи неправедни штети;

2) ако е спречен во остварувањето на своите права во друштвото и

3) ако некој орган во друштвото му наметнува несразмерни обврски.

(3) Тужбата се поднесува во рок од 90 дена од денот на сознавањето на причината, но не подолго од една година од денот на настанувањето на причината.

(4) Содружникот не може да се откаже однапред од правото од ставот (2) на овој член.

## Исклучување на содружник од друштвото

### Член 208

(1) Со договорот за друштвото може да се определи содружникот да може да биде исклучен од друштвото. Во тој случај, во договорот за друштвото се определуваат условите, постапката и последиците од исклучувањето на содружникот од друштвото.

(2) Содружник, односно друштвото, со тужба,може да бара друг содружник да биде исклучен од друштвото ако за тоа постојат оправдани причини. Се смета дека постојат оправдани причини ако другиот содружник:

1) причини штета на друштвото или на некој од содружниците, или ако со натамошното негово учество во друштвото, како содружник, друштвото или содружниците ќе трпат штета;

2) се однесува спротивно на одлуките на содружниците, донесени на собир на содружниците или со одлучување преку допишување;

3) не учествува во управувањето со друштвото и со тоа го спречува и ограничува редовното работење на друштвото или остварувањето на правата на другите содружници;

4) намерно или грубо ги крши одредбите од договорот за друштвото, односно не ги извршува должностите што ги има како содружник; или

5) на друг начин не ги извршува преземените обврски со договорот за друштвото.

(3) Тужбата се поднесува во рок од 90 дена од денот на сознавањето на причината, но не подолго од една година од денот на настанувањето на причината.

(4) Содружникот не може да се откаже однапред од правото од ставот (2) на овој член.

## Дејство на истапувањето и на исклучувањето на содружник од друштвото

### Член 209

(1) Со истапувањето или со исклучувањето на содружникот престанува неговиот содружнички однос и сите права што произлегуваат од него.

(2) Содружник кој истапува од друштвото, односно исклучениот содружник има право на надомест на неговиот удел според пазарната вредност што ја имал уделот во времето на истапувањето, односно на исклучувањето на содружникот. Ако влогот бил непаричен, содружникот има право внесеното да му се врати, ако тоа право е определено во договорот за друштвото или ако со тоа се согласат другите содружници во рок што не може да биде пократок од три месеца од денот на истапувањето, односно исклучувањето од друштвото. Содружникот не може да бара надомест за причинета штета за случајно уништување, оштетување или намалување на вредноста на она што го вложил, како и ако до тоа дошло со редовна употреба.

(3) Ако исклучениот содружник бил должен да исполни некоја друга обврска спрема друштвото, друштвото нема во согласност со ставот (2) од овој член, да му го надомести неговиот удел додека тој не ја исполни обврската кон друштвото и не му ја надомести штетата ако таа била предизвикана од неисполнувањето на презематата обврска.

(4) На кој начин ќе се изврши процената, односно изборот според кој ќе се определи надомест за уделот го утврдуваат спогодбено, содружникот кој истапува, односно исклучениот содружник и друштвото.

(5) Ако содружникот кој истапува, односно ако исклучениот содружник, во согласност со ставот (2) од овој член, не го прифати предлогот на друштвото, надоместот на уделот на содружникот кој истапил, односно на исклучениот содружник, го проценува овластен проценувач определен од судот.

(6) Содружничкиот однос во случај на истапување, односно исклучување престанува кога ќе му се исплати на содружникот надоместокот од ставовите (2) и (5) на овој член.

## ОДДЕЛ 6

## АКТИ, ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМИРАЊЕ НА СОДРУЖНИЦИТЕ

### Акти и документи што друштвото мора да ги чува

### Член 210

Друштвото, во своето седиште, мора да ги чува следниве акти и документи:

1) примерок од договорот за друштвото и сите нивни измени и дополнувања со пречистените текстови;

2) прилози (исправи и докази) што се поднесени до трговскиот регистар;

3) книгата на удели;

4) книгата на одлуки;

5) ажурирана листа со име и презиме и место на живеење на управителот на друштвото, на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, ако друштвото има орган на надзор;

6) записници од сите собири на содружниците и сите одлуки што биле донесени од содружниците со одлучување преку допишување, како и записниците од органот на управување, ако друштвото има орган на надзор;

7) примерок од годишната сметка и од годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;

8) изјави на содружниците, дадени во писмена форма, за прифаќање на одредбите од договорот за друштвото;

9) документи за залог и за хипотека;

10) колективниот договор на ниво на друштвото;

11) целокупната писмена кореспонденција на друштвото со неговите содружници;

12) извештајот на овластениот ревизор и извештајот на овластениот проценувач, ако има такви и

13) други акти и документи определени со овој закон и со договорот за друштвото.

## Пристап на содружниците до актите, документите и информациите

### Член 211

(1) Друштвото треба актите и документите што ги чува и информациите што ги има да му ги даде на располагање на секој содружник или на поранешен содружник, за периодот кога тој бил содружник на друштвото, на застапник на содружник и на наследник на починат содружник, на разгледување и копирање (во натамошниот текст: пристап до актите, документите и информациите), во текот на работното време на друштвото.

(2) Како предуслов за обезбедување на пристап кон актите, документите и информациите од ставот (1) на овој член, друштвото може да побара содружникот или поранешниот содружник, за периодот кога тој бил содружник на друштвото, застапник на содружник или наследник на починат содружник да го докаже својството на содружник, застапник на содружник, или наследникот на починат содружник.

(3) Друштвото може да побара од лицата од ставот (1) на овој член да ги покријат вистинските трошоци (за копирање и слично), за пристап до актите, документите и информациите за друштвото.

## Пристап до актите, документите и информациите со одлука на суд

### Член 212

(1) На секој содружник или на поранешен содружник, за периодот кога тој бил содружник на друштвото, односно на застапник на содружник или на наследник на починат содружник мора да му се обезбеди право на увид во актите и другите документи од членот 210 на овој закон, во седиштето на друштвото, на начинот определен во договорот за друштвото.

(2) Ако на лице од ставот (1) на овој член му се оневозможи правото од ставот (1) на овој член, тоа има право, со предлог да побара од судот да донесе одлука за остварување на ова право. Судот, во рок не подолг од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот на ставот (1) на овој член, ќе утврди дали лицето од ставот (1) на овој член, има право на увид во актите и другите документи, и ако утврди дека пристапот не му бил овозможен, ќе го задолжи друштвото да му овозможи пристап.

(3) Лицето кое имало увид во актите и другите документи не може добиените информации јавно да ги објавува или да ги презентира ако со тоа му причинува штета на друштвото, освен во случај ако остварува некое право определено со закон, со договор за друштвото и друг акт на друштвото.

(4) Ако со објавувањето акти, документи или информации, лицето од ставот (1) на овој член му причини штета на друштвото, тоа одговара за надомест на штета, освен во случаите од ставот (3) на овој член.

## ОДДЕЛ 7

## ОДЛУЧУВАЊЕ НА СОДРУЖНИЦИТЕ ВО ДРУШТВОТО

### Пододдел 1

### ОДЛУЧУВАЊЕ НА СОДРУЖНИЦИТЕ

#### Облици на донесување одлуки од страна на содружниците

#### Член 213

(1) Содружниците ги донесуваат одлуките во друштвото на собир на содружниците или со одлучување преку допишување.

(2) Прашањата за кои содружниците одлучуваат на собир на содружниците или преку допишување, начинот, условите и постапката на донесувањето на одлуките се определуваат со договорот за друштвото.

### Пододдел 2

### СОБИР НА СОДРУЖНИЦИТЕ

#### Состав на собирот на содружниците

#### Член 214

(1) Собирот на содружниците го сочинуваат сите содружници.

(2) Управителот на друштвото кој не е содружник може да учествува во работата на собирот, без право на глас.

#### Надлежност на собирот на содружниците

#### Член 215

(1) Собирот на содружниците ги врши следниве работи:

1) ги усвојува годишната сметка и годишните финансиски извештаи, како и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката и за покривање на загубите;

2) ги избира и ги отповикува управителот, односно другите управители, ако друштвото избира повеќе управители, и одлучува за склучување на договорот меѓу друштвото и управителот;

3) ги избира и ги отповикува членовите на надзорниот одбор, односно избира и отповикува контролор, ако друштвото има орган на надзор;

4) одлучува за мерките за испитување и вршење контрола над водењето на работите;

5) донесува одлука да се поведе постапка за надомест на штетата што ја претрпело друштвото во врска со неговото основање и управување спрема управителот, членовите на надзорниот одбор или контролорот (ако друштвото има орган на надзор) и одлучува за назначувањето застапник за водење на споровите, ако друштвото не може да го застапуваат управителот, односно управителите или членовите на надзорниот одбор;

6) одобрува склучување договори за набавка што е поголема од една петтина од основната главнина;

7) одобрува склучување договори што друштвото ги склучува со свој содружник, управител или со нивните роднини во права линија без ограничување и странична линија до трет степен, освен ако тие договори се склучуваат под вообичаените услови на работење на друштвото;

8) одлучува за измена на договорот за друштвото и

9) врши и други работи определени со овој закон.

(2) Со договорот за друштвото може да се определи собирот на содружниците да одлучува и за други прашања.

(3) Со договорот за друштвото може да се определи содружниците да одлучуваат за прашањата од ставот (1) на овој член преку допишување.

## Лица кои можат да го свикаат собирот на содружниците

### Член 216

(1) Собирот на содружниците го свикува управителот, освен ако со договорот за друштвото, правото на свикување на собирот не му е дадено на друго лице.

(2) Собирот на содружниците се свикува најмалку еднаш годишно. Собирот на содружниците се свикува во писмена форма и во рокови предвидени со овој закон и со договорот за друштвото секогаш кога тоа го бараат интересите на друштвото.

(3) Собирот на содружниците мора да биде свикан без одлагање и тогаш кога тоа во писмена форма, со наведување на причините, ќе го побараат еден или повеќе содружници чиишто влогови заедно изнесуваат најмалку една десеттина од основната главнина.

(4) Ако органот којшто е овластен да го свика собирот на содружниците не го свика собирот во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето од ставот (3) на овој член, содружниците кои го поднесле барањето можат сами да го свикаат собирот на содружниците при што го утврдуваат и дневниот ред на собирот.

(5) Собирот на содружниците може да го свика и надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор.

(6) Ако по барањето на еден или повеќе содружници чиишто влогови заедно изнесуваат најмалку 51% од основната главнина, управителот, односно надзорниот одбор не свика собир на содружниците во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, содружниците можат да поднесат предлог за свикување на собирот до судот.

## Начин за свикување и место на одржување на собирот на содружниците

### Член 217

(1) Собирот на содружниците се свикува со писмена покана, односно со друго известување по писмен пат што се доставува со препорачано писмо, со друга брза пошта или на друг погоден начин со доказ за прием од секој содружник, ако со

договорот за друштвото поинаку не е определено. Од денот кога писмената покана, односно другото известување по писмен пат е испратено до денот на одржување на собирот на содружниците, мора да изминат најмалку 30 дена. Во поканата, односно во другото известување по писмен пат се наведува и дневниот ред.

(2) Поканата, односно известувањето за свикување собир на содружници ги содржи следниве податоци:

1) фирма и седиште на друштвото;

2) место и датум на одржување на собирот;

3) податоци утврдени во договорот за основање на друштвото, од значење за присуството на собирот и за начинот на гласање;

4) дневниот ред според кој ќе работи собирот и

5) начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за собирот којшто е свикан.

(3) Ако собирот на содружниците не е свикан уредно, односно не е свикан во согласност со ставот (1) од овој член, може да се одлучува само ако се присутни сите содружници и ако тие не се противат на одржувањето на собирот.

(4) Секој содружник има право да бара некое прашање дополнително да се внесе во дневниот ред на собирот. Содружникот мора да ги запознае другите содружници со својот предлог најдоцна три дена пред одржувањето на собирот. Прашањата што не се наведени во поканата, односно за коишто другите содружници не се дополнително запознаени три дена пред одржувањето на собирот на содружниците, можат да се внесат во дневниот ред и да се разгледуваат на самата седница на собирот, само ако се присутни сите содружници и ако тие не се противат на тоа.

(5) Собирот на содружниците се одржува во седиштето на друштвото, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

## Граница на правото на глас на содружникот

## Член 218

(1) Секој износ од влогот што одговара на вредноста од 100 ЕВРА, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на склучувањето на договорот за друштвото, односно на денот на донесувањето на одлуката за промената на основната главнина, дава еден глас, при што деловите под 100 ЕВРА изразени во денари не се земаат предвид при определувањето на правото на глас.

(2) Во договорот за друштвото може да се определи содружниците да имаат и поинакво право на глас од она што е определено во ставот (1) на овој член, со тоа што секој содружник мора да има право на најмалку еден глас.

## Кворум и донесување одлуки

## Член 219

(1) Собирот на содружниците може да работи и одлучува (кворум за работа), ако на собирот на содружниците се присутни содружници кои имаат мнозинство од гласовите што ги даваат влоговите во согласност со членот 218 од овој закон, ако со договорот за друштвото не е определено поголемо мнозинство.

(2) На собирот на содружниците, односно со одлучување преку допишување. одлуките се донесуваат со мнозинството на гласови од кворумот од ставот (1) на овој член, ако со овој закон и со договорот за друштвото не е определено поголемо мнозинство.

### Ограничувања при остварувањето на правото на глас

### Член 220

(1) На собирот на содружниците, односно со одлучување преку допишување содружникот не може да гласа, односно не може да се изјасни за одлука што го ослободува од обврска или од одговорност или што му признава некаква предност, или привилегија или со којашто се одлучува за склучување правна работа меѓу содружникот и друштвото, за поведување судска постапка во којашто странки ќе бидат содружникот и друштвото и во другите случаи определени во договорот за друштвото.

(2) За прашањата од ставот (1) на овој член, содружникот не може да гласа ни преку застапник.

(3) Одредбите во договорот за друштвото, спротивни со ставовите (1) и (2) на овој член, се ништовни.

### Застапување на содружник

### Член 221

(1) Ако друштвото има повеќе од двајца содружници, содружник може да биде застапуван од друг содружник или друго лице на собирот на содружниците.

(2) Кога содружникот го остварува правото на глас преку друг содружник или друго лице тој мора да му издаде полномошно на тоа лице. Полномошното се издава во писмена форма и се заверува кај нотар. Во полномошното се наведува обемот на овластувањето на полномошникот.

(3) Намалувањето или отповикувањето на овластувањата во полномошното од ставот (2) на овој член, мора да се направи со изјава заверена кај нотар.

(4) Законските застапници на физичко лице и застапниците по закон на правно лице, ги застапуваат содружниците на собир на содружниците без полномошно и се должни да приложат доказ дека се законски застапници, односно застапници по закон.

(5) Дејствијата од името на содружник може да ги врши застапник со писмено овластување, заверено кај нотар, или кај друг соодветен орган кај којшто се врши заверување на овластување во земјата чијшто државјанин е странското физичко лице, односно во земјата во којашто има основано друштво.

## Пододдел 3

## ОДЛУЧУВАЊЕ ПРЕКУ ДОПИШУВАЊЕ

### Начин на одлучување преку допишување

### Член 222

(1) Ако со договорот за друштвото е определено дека содружниците одлучуваат преку допишување, предлогот на одлуката на содружниците им се соопштува на содружниците во писмена форма со образложение и се определува примерен рок за изјаснување, што не може да биде пократок од 24 часа (во работни денови), но не подолг од осум дена од денот кога е потврдено дека предлогот на одлуката им е соопштен на содружниците во писмена форма. Предлогот на одлуката мора да биде јасно изразен.

(2) Одлуката може да биде донесена и во пократок рок од ставот (2) на овој член, ако за одлуката се изјасниле сите содружници или ако одлучувањето се врши по електронски пат.

(3) Одлучување преку допишување е и одлучувањето по електронски пат, ако таквиот начин на одлучување е определен во договорот за друштвото и ако може да се обезбеди сигурност, документираност и можност за контрола на спроведеното одлучување преку допишување, како и достапност на секој содружник лично да се изјасни по електронски пат.

(4) Ако содружникот не одговори, односно не се изјасни во рокот од ставот (2) на овој член, се смета дека гласал против предлогот.

(5) Ако со договорот за друштвото е определено содружниците да одлучуваат за определено прашање преку допишување, секој содружник може да даде предлог да се свика собир на содружниците на којшто ќе се одлучува по прашањето.

## Пододдел 4

## ОДГОВОРНОСТ ЗА ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ И КНИГА НА ОДЛУКИ

### Одговорност на содружниците за донесените одлуки

### Член 223

Содружниците на друштвото, ако на собирот на содружниците или со одлучување преку допишување, донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на друштвото, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таква одлука.

### Книга на одлуки

### Член 224

(1) Одлуките донесени на собирот на содружниците, односно одлуките што ги донеле содружниците со одлучување преку допишување, управителот ги евидентира во книгата на одлуки. Одлуките се евидентираат во книгата на одлуки веднаш по донесувањето и се заверуваат со потпис на најмалку еден содружник кој учествувал во нивното донесување. Записниците од одржаните собири на содружниците на коишто се донесени одлуките, односно материјалот за изјаснување со којшто се документира одлучувањето преку допишување, како и донесените одлуки се составен дел од книгата на одлуки.

(2) Секој содружник има право на увид во книгата на одлуки и може од управителот да бара и копии на одлуките донесени на собирот на содружниците, односно со одлучување преку допишување.

(3) Во друштвото основано од едно лице, одлуките се евидентираат во книгата на одлуки веднаш по донесувањето и се заверуваат со потпис на единствениот содружник.

(4) Начинот на водењето на книгата на одлуки поблиску се уредува со договорот за друштвото.

## Пододдел 5

## НИШТОВНОСТ И ПОБИВАЊЕ НА ОДЛУКА ДОНЕСЕНА НА СОБИР НА СОДРУЖНИЦИТЕ ИЛИ СО ОДЛУЧУВАЊЕ ПРЕКУ ДОПИШУВАЊЕ

### Ништовност на одлука

### Член 225

(1) Со тужба може да се бара утврдување на ништовност на одлука донесена на собирот на содружници, односно на одлука донесена со одлучување преку допишување, ако:

1) собирот на содружниците на којшто е донесена одлуката не е свикан во согласност со законот и со договорот за друштвото, односно ако на собирот не биле уредно повикани сите содружници на друштвото, освен во случајот од членот 217 став (2) на овој закон;

2) одлуката не е донесена на начин и во форма определени со овој закон или со договорот за друштвото и

3) содржината на одлуката е спротивна на закон, на добрите деловни обичаи или на одредбите на договорот за друштвото.

(2) Тужбата за утврдување на ништовноста од ставот (1) на овој член, може да ја поднесе:

1) содружник кој учествувал во работата на собирот на содружниците и своето противење на донесувањето на одлуката го изјавил во записник или кога се одлучува, преку допишување, своето противење го доставил до друштвото во писмена форма и

2) содружникот на којшто му било оневозможено да присуствува или да гласа на собирот на содружниците, односно да одлучува преку допишување.

(3) Тужбата од ставот (1) на овој член, може да ја поднесе и секој управител, член на надзорен одбор, односно контролор (ако друштвото има орган на надзор), ако со одлука им се наредува да сторат нешто заради што би можеле да одговараат за штета, односно со што би сториле казниво дело.

(4) Тужбата се поднесува во рок од 60 дена од денот на донесувањето на одлуката.

(5) Тужбата се поднесува против друштвото. Друштвото е застапувано од управителот. Ако тужба поднесе управител, друштвото во спорот е застапувано од член на надзорниот одбор, определен од страна на одборот, односно од контролорот, ако друштвото има орган на надзор. Ако друштвото нема орган на надзор или ако тужбата ја поднеле заеднички управител, член на надзорниот одбор, односно контролор, судот на друштвото му определува привремен застапник во спорот.

(6) Судот, на предлог на лицата од ставот (3) на овој член, може со привремена мерка да ја запре примената на одлуката за којашто со тужбата се бара да се утврди ништовност, ако е веројатно дека со нејзиното извршување, на друштвото може да му се предизвика ненадоместлива штетна последица.

### Правни последици од ништовноста

### Член 226

(1) Ако судот, со правосилна одлука, утврди дека одлуката донесена на собирот на содружниците, односно со одлучување преку допишување е ништовна, одлуката има дејство спрема сите содружници, управителот, членовите на надзорен одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор и тогаш кога тие не биле странка во постапката.

(2) Ако судот утврдил дека одлуката којашто е запишана во трговскиот регистар е ништовна, судот мора по службена должност да ја достави одлуката до Централниот регистар на Република Македонија за да ја запише правосилната одлука во трговскиот регистар. Уписот на одлуката на судот мора да се објави на ист начин како што претходно е објавен уписот.

(3) Ако судот утврдил ништовност на одлуката за измена на договорот за друштвото, на трговскиот регистар, заедно со одлуката му се доставува и пречистен текст од договорот.

## Побивање одлуки

### Член 227

(1) Одлуката на собирот на содружниците и одлуката донесена со одлучување преку допишување може да се побива со тужба. Одлуката може да се побива заради тоа што содружникот со гласањето на собирот на содружниците или со одлучување преку допишување стекнал за себе или на некој друг му овозможил да стекне корист, на штета на друштвото или на другите содружници.

(2) Може да се побива и одлука на собир на содружниците којашто е заснована на недавање на известување, коешто влијаело на донесувањето на одлуката.

(3) Тужбата се поднесува против друштвото во рок од 60 дена од денот на донесувањето на одлуката.

(4) Не може да се побива одлука на собирот на содружниците и одлука донесена со одлучување преку допишување ако одлуката се потврди со нова одлука, а новата одлука не се побива во рокот од ставот (3) на овој член.

(5) Одредбата од членот 225 став (5) од овој закон, се применува и на побивањетото на одлуката на содружниците.

## Овластување за побивање

### Член 228

Одлуката донесена на собирот на содружниците, односно со одлучување преку допишување, може да ја побива:

1) секој содружник кој учествувал во работата на собирот на содружниците, односно со одлучување преку допишување и кој своето противење на одлуката го изјавил во записник, односно своето противење во писмена форма го доставил до друштвото;

2) содружник кој не учествувал во работата на собирот на содружниците, односно во одлучувањето преку допишување, бидејќи спротивно на законот и на договорот за друштвото не му било допуштено да учествува во неговата работа, ако собирот на содружниците не бил уредно свикан, односно одлучувањето преку допишување не било уредно спроведено или ако прашањето за коешто се одлучувало на собирот на содружниците, или со одлучување преку допишување не било правилно објавено или формулирано и

3) секој управител и член на надзорен одбор, односно контролор, ако друштвото има орган на надзор, ако со спроведување на одлуката би сторил дејствие коешто е казниво, незаконито или за коешто би можел да одговара за штета.

## Пододдел 6

## ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА МАЛЦИНСКИТЕ СОДРУЖНИЦИ

### Назначување овластен ревизор

### Член 229

(1) Содружник, односно содружниците чиишто влогови заедно сочинуваат најмалку една десеттина од основната главнина имаат право да определат овластен ревизор за да изврши посебна ревизија на последната годишна сметка и финансиските извештаи.

(2) Ако друштвото одбие овластениот ревизор да изврши ревизија од ставот (1) на овој член, судот може, на предлог на секој содружник на друштвото, да назначи овластен ревизор за да изврши посебна ревизија.

(3) Содружникот, односно содружниците од ставовите (1) и (2) на овој член, не можат во времето додека се врши ревизијата да ги пренесуваат своите удели без согласност на друштвото.

(4) За надоместокот за работата на овластениот ревизор којшто е назначен од судот, одлучува судот. Судот може да го услови предлогот за назначување на овластениот ревизор со давање гаранција за покривање на трошоците за ревизија од содружникот, односно содружниците кои барале да се изврши ревизијата.

(5) Ако со ревизијата се потврди исправноста на годишната сметка, односно ако се утврди дека трговските книги се уредно водени, трошоците паѓаат на товар на содружникот, односно содружниците кои барале да се изврши ревизијата.

(6) Ако со ревизијата не се потврди дека годишната сметка ја прикажува објективно состојбата и успешноста на друштвото, трошоците паѓаат на товар на друштвото.

### Извештај на овластениот ревизор

### Член 230

(1) Ревизорот е должен извештајот од извршената ревизија, без одлагање да го достави до управителот и до надзорниот одбор, ако друштвото има орган на надзор.

(2) Содружниците кои барале да се изврши ревизија имаат право, во седиштето на друштвото, да извршат увид во извештајот од извршената ревизија и на документацијата што е приложена кон него.

(3) Управителот и надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, се должни на наредниот собир на содружниците да го поднесат извештајот од извршената ревизија и да побараат од собирот да се изјасни по него. На собирот на содружниците се повикува и ревизорот кој ја извршил ревизијата. Управителот и надзорниот одбор, односно контролорот мораат да ги соопштат сите утврдени неправилности, како и да се изјаснат за мерките што имаат намера да ги преземат или што предлагаат да се преземат. Надзорниот одбор, односно контролорот мора да се изјасни дали друштвото има право да бара надомест на штета. Ако од извештајот за извршената ревизија произлегува дека се сторени груби повреди на законот или на договорот за друштвото, мора во рок не подолг од осум дена да се свика собир на содружниците.

## Пододдел 7

## УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО

### Услови за избор на управител

### Член 231

(1) Со друштвото управува управител, односно управители (во натамошниот текст: управител).

(2) Кога во друштвото има три или повеќе управители, тие можат заедно да управуваат со друштвото како орган на управување на друштвото на начин определен во договорот за друштвото. Составот, организацијата, работата и надлежностите на органот на управување на друштвото се определуваат во договорот за друштвото.

(3) За управител може да биде избрано физичко лице кое е деловно способно.

(4) За управител не може да биде избрано лице на кое со правосилна судска одлука делумно или во целост му е забрането да врши професија, дејност или должност што е поврзана со функцијата управител на друштвото додека трае забраната.

### Член 231-а

За управител на друштвото  со доминантна или во целосна сопственост на државата, може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум пет години работно искуство;

5)[4] поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години, и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или -  АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

### Избор и мандат

### Член 232

(1) За избор на управител одлучуваат содружниците.

(2) При основањето на друштвото, првиот управител може да биде назначен со договорот за друштвото.

(3) Ако за управител се избира содружник, мандатот може да му трае додека му трае содружничкиот однос.

---

[4] Одредбите од членот 231-а став 1 точка 5) од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16) и одредбите од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.64/18),  со кој членот 231-а став 1 точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

(4) Ако во договорот за друштвото не е определено времето за коешто се избира управител кој не е содружник, се смета дека е избран за време од четири години.

(5) Управителот може да биде повторно избран без разлика на тоа колку мандати бил избран, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

## Намалување на бројот на управители

### Член 233

(1) Ако друштвото има повеќе управители и ако нивниот број се намали под бројот определен со договорот за друштвото, другите управители се должни, во согласност со договорот за друштвото, во рок од 30 дена од денот кога бројот на управителите се намалил под бројот определен во договорот за друштвото, да свикаат собир на содружниците или со одлучување преку допишување да организираат избор на управители до бројот определен во договорот за друштвото.

(2) Ако друштвото остане без управител, а содружниците не избрале управител во рок од 30 дена од денот кога друштвото останало без управител, надзорниот одбор, односно контролорот свикува собир на содружниците. Ако друштвото нема орган на надзор, собирот на содружниците ќе биде свикан од судот на предлог на кое било лице кое има правен интерес. Судот во рок од осум дена од приемот на предлогот ќе ги определи физичкото лице и рокот во којшто тоа лице ќе ги преземе сите дејствија потребни за одржување на собирот на содружниците. Ако друштвото остане без управител, до изборот на нов управител, судот може, на предлог на содружник или на лице кое има правен интерес, да постави привремен управител од редот на содружниците на друштвото, не подолго од шест месеца. Привремениот управител, до изборот на управител, ги врши само неодложните работи.

## Упис на управител

### Член 234

(1) Управителот, неговото овластување за застапување на друштвото и сите промени, без одлагање, се запишуваат во трговскиот регистар.

(2) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) одлуката за избор на управителот, освен ако назначувањето не е извршено со договорот за друштвото;

2) одлуката за отповикување, ако претходниот управител бил отповикан;

3) оставката во писмена форма, ако на претходниот управител му престанал мандатот со оставка;

4) актот со којшто се определува видот и обемот на застапувањето;

5) Точката 5 е укината, види: Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.169/2010 („Службен весник на РМ" бр.21/11).

6) потписот на управителот, односно потписите на лицата овластени за застапување-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.

## Овластувањата на управителот

### Член 235

(1) Овластувањата на управителот се определуваат со договорот за друштвото. Ако со договорот за друштвото не се определени овластувањата на управителот, тој може да ги презема сите правни работи и дејствија што се поврзани и вообичаени за водењето на работите и што се во интерес на друштвото.

(2) Во односите со трети лица, управителот е овластен да дејствува во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што, според овој закон и договорот за друштвото, ги имаат содружниците.

(3) Ако се избрани повеќе управители, сите управители на друштвото имаат еднакви овластувања и права во однос на водењето на работите на друштвото, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(4) Содружник кој е избран за управител или за член на надзорен одбор на друштво како содружник има исти права и должности како и другите содружници во друштвото и нема право, при остварувањето на своите права и при извршувањето на должностите, да се повикува на овластувањата, правата и должностите што ги има како управител на друштвото или како член на надзорен одбор на друштво.

## Овластување за застапување

### Член 236

(1) Друштвото во односите со трети лица го застапува управителот. Управителот се потпишува така што по наведување на фирмата на друштвото, го назначува својот статус на управител и го става својот потпис.

(2) Ако друштвото има повеќе од еден управител, друштвото го застапуваат сите управители, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено. Изјавата на волја спрема друштвото изразена кон еден од управителите се смета дека е сторена до сите управители.

(3) Управителот е обврзан да ги почитува ограничувањата на овластувањето за застапување, определени во договорот за друштвото, во одлуката на собирот на содружниците или во одлуката донесена преку допишување.

(4) Ограничувањата од ставот (3) на овој член се без правно дејство спрема трети лица, дури и ако ограничувањата биле објавени.

(5) Управителот кој знаел дека презема дејствие од името на друштвото без да има овластување за тоа, лично му е одговорен на друштвото за штетата што произлегла од тоа.

## Начин на работа на управителите

### Член 237

(1) Ако се избрани повеќе управители, а со договорот за друштвото поинаку не е определено, ниту еден управител не може самостојно да презема дејствија потребни за водење на работите на друштвото, освен ако со задоцнувањето или со непреземањето на определено дејствие постои опасност да се нанесе штета на друштвото или на друг начин можат да се загрозат интересите на друштвото.

(2) Ако со договорот за друштвото секој од управителите е овластен сам да презема дејствија потребни за водењето на работите на друштвото, секој од управителите може да изрази противење за преземено дејствие, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(3) Ако управителите не го решат спорот од ставот (2) на овој член, одлука по спорното прашање донесува собирот на содружниците.

(4) Противењето од ставот (2) на овој член е без правно дејство спрема трети лица.

## Забрана на конкуренција

### Член 238

(1) Без согласност на собирот на содружниците, управителот на друштвото не може:

1) за своја или туѓа сметка да врши работи што спаѓаат во предметот на работење на друштвото;

2) да биде содружник со неограничена одговорност во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како друштвото;

3) да биде член на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и друштвото и

4) во просториите на друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка.

(2) Ако управителот постапи спротивно на забраните од ставот (1) на овој член, друштвото може од управителот:

1) да бара надомест на штетата или

2) да бара на друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде користа којашто потекнува од правната работа, склучена за своја или за туѓа сметка.

(3) Ако управителот не ја надомести штетата или не му ја отстапи правната работа на друштвото склучена за своја сметка или не му ја даде на друштвото користа што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка или на друштвото не му го пренесе побарувањето коешто произлегло од неа, другите управители, како и членовите на надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, и кој било содружник можат да поднесат тужба за остварување на барањата од ставот (2) на овој член.

(4) Правото за остварување на барањата од ставот (2) на овој член застарува во рок од 90 дена од денот кога другите управители, членови на надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, и кој било содружник дознале за дејствието врз основа на коешто постои право на надомест на штета, односно право да бара да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде користа што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка. По истекот на рок од пет години од денот на настанувањето на повредата на забраната, правото за остварување на барањата од ставот (2) на овој член не може да се оствари.

(5) Во случај на повреда на забраните од ставот (1) на овој член, управителот може да биде отповикан без претходно известување и без право на надомест на штетата, освен ако поинаку не е определено во договорот за уредување на односите меѓу управителот и друштвото.

## Судир на интересите

### Член 239

(1) За секој договор или друга деловна активност на друштвото во коишто друштвото е странка и во коишто управителот, членот на надзорниот одбор, односно контролорот, има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи согласно со членовите 457, 459 и 460 од овој закон. Управителот, членот на надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, кој има интерес е должен веднаш да го пријави тоа.

(2) Ако управителот, содружник, член на надзорниот одбор, односно контролорот дојде до сознанија дека е исполнет некој од условите од ставот (1) на овој член, за тоа веднаш мора да го извести собирот на содружниците, надзорниот одбор, односно контролорот и да ги приложи сите материјални докази кои се однесуваат на природата и обемот на тој интерес. Управителот, членот на надзорниот одбор, односно контролорот има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со другата деловна активност, ниту во донесувањето на одлуката за давање на одобрението од членот 460 на овој закон.

(3) Ако собирот на содружниците, надзорниот одбор, односно контролорот не дадат одобрение или ако одлуката со којашто дале или одбиле да дадат одобрение е спротивна на законот, односно на договорот за друштвото не можат да се истакнуваат барања спрема трети лица, освен ако друштвото докаже дека третото лице знаело за непостоењето на одобрението или за незаконитоста на одлуката, односно за нејзината спротивност со договорот за друштвото или, со оглед на сите околности, морало да знае за тоа.

## Одговорност за водењето на трговските книги и за изготвувањето на годишната сметка

### Член 240

(1) Управителот е одговорен за уредното водење на трговските книги на друштвото, во согласност со законот и со другите прописи.

(2) Управителот е одговорен за навремено изготвување на годишната сметка и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и е должен, најдоцна во рокот утврден со овој закон, да му ги поднесе на собирот на содружниците.

(3) Документите од ставот (2) на овој член, како и предлогот на одлуките чиешто донесување се предлага од страна на управителот, а по потреба, и извештајот на ревизијата, им се доставуваат на содружниците на начин и во рокот определени со договорот за друштвото.

(4) Во врска со документите од ставот (3) на овој член, содружниците можат да поставуваат писмени прашања и да бараат дополнителни објаснувања на кои управителот е должен да одговори во текот на одржувањето на собирот на содружниците.

## Должно внимание и одговорност на управителот

### Член 241

(1) Управителот е должен да ги води работите на друштвото со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чува деловната тајна на друштвото.

(2) Управителот е лично и неограничено одговорен, а ако друштвото има двајца или повеќе управители тие одговараат и солидарно, спрема друштвото и спрема третите лица за работењето спротивно на одредбите на законот и другите прописи и за непочитувањето на договорот за друштвото. Ако има повеќе управители тие одговараат неограничено и солидарно.

(3) Управителот мора посебно да ја надомести штетата ако, спротивно на овој закон и на договорот за друштвото, изврши поделба на имотот на друштвото, односно ако на содружниците делумно или во целост им ги врати влоговите, им исплати камати или добивка или ако друштвото стекне сопствен удел, ако го земе во залог или ако го повлече уделот.

(4) Управителот е одговорен лично и за штетата што ќе му ја предизвика на друштвото со правна работа што ја склучил со друштвото во свое или од туѓо име, а за своја сметка, ако за тоа претходно не добил согласност од органот за надзор, а ако друштвото нема орган на надзор, согласност од другите управители, ако содружниците во друштвото избрале повеќе управители.

(5) Во случај на спор, управителот мора да докаже дека постапувал во интерес на друштвото и со внимание на уреден и совесен трговец. Ако повеќе управители учествувале во исто дејствие и постои спор за настанатата штета, судот го утврдува придонесот на секој управител во настанувањето на штетата.

(6) Освен тужбата за надомест на штетата којашто лично ја претрпеле, содружниците можат, поединечно или групно, да поднесат тужба против управител за надомест на штетата на друштвото. Тужителите можат да бараат надомест на штетата којашто ја претрпело друштвото.

(7) Ништовна е секоја одредба на договорот за друштвото со која поднесувањето тужба се условува со претходното мислење или одобрување на собирот на содружниците или која би содржела однапред дадено откажување од поднесувањето тужба.

(8) Која и да е одлука на собирот на содружниците не може да има дејство за неподнесување тужба заради одговорноста на управител за грешки направени во вршењето на неговите должности.

(9) Тужбата заради одговорност од ставовите (3), (4) и (6) на овој член застарува за три години, сметано од денот на извршеното штетно дејствие, односно од денот на предизвиканата штета или, ако било прикриено, од неговото откривање. Ако дејствието е квалификувано како кривично дело, тужбата застарува за десет години.

## Отповикување на управител и престанување на мандат поради оставка

### Член 242

(1) Управител може, во секое време, да биде отповикан со одлука на содружниците, на начин на којшто одлучувале за неговиот избор, со или без образложение. Секоја поинаква одредба во договорот за друштвото се смета за ништовна.

(2) На предлог на содружник судот може да донесе одлука за отповикување на управител кој е и содружник.

(3) Управител може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до сите содружници, ако интересите на друштвото не наложуваат нешто друго.

(4) Се смета дека на управител му престанал мандатот со денот што го назначил во оставката, поднесена во писмена форма или во електронска форма до сите содружници. Управителот го заверува потписот на оставката кај нотар. Ако оставката е дадена во електронска форма истата управителот мора да ја потпише со електронски потпис согласно со Системот за е-регистрација. По поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на друштвото тоа го наложуваат, содружниците можат да го обврзат управителот да ја врши функцијата до избор на нов управител, но не подолго од 30 дена. До трговскиот регистар се поднесува оставката во писмена форма или електронска форма согласно со Системот за е-регистрација за да се изврши бришење на уписот на управителот во трговскиот регистар. Ако друштвото е со еден управител, а друштвото нема избрано управител, судот поставува привремен управител, на начин определен со овој закон.

(5) Отповиканиот управител има право на надомест на штетата ако тоа е определено со договорот за уредување на односите меѓу управителот и друштвото.

### Управување со друштво од едно лице

### Член 243

(1) Со друштвото со ограничена одговорност од едно лице управува содружникот лично, или од него избран управител. Ако единствениот содружник е правно лице, со друштвото управува, од него избрано лице.

(2) Единствениот содружник, како управител, го управува друштвото на начин на којшто смета дека е целисходен за остварување на интересот на друштвото. Одредбите од овој закон што се однесуваат за одговорноста на друштвото во однос на третите лица и на управителот, како застапник по закон, во однос на третите лица, се применуваат на единствениот содружник како основач на друштвото, како содружник и како управител на друштвото.

(3) Договорите меѓу единствениот содружник и друштвото во коешто единствениот содружник е истовремено и управител мораат да бидат внесени во записник или да бидат склучени во писмена форма.

(4) Одредбите од овој закон што се однесуваат на управителот за друштвата со ограничена одговорност коишто имаат два и повеќе содружници соодветно се применуваат и на управителот избран од единствениот содружник.

## Пододдел 8

## НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

### Основна одредба

### Член 244

(1) Надзор над работењето на друштвото може да врши надзорен одбор или контролор, а ако во друштвото не е образуван орган на надзор, надзорот го вршат непосредно содружниците, поединечно или заеднички.

(2) Одредбите од овој закон со коишто се уредува надзорниот одбор, односно контролорот се применуваат само ако со овој закон, односно со договорот за друштвото е определено друштвото да има орган на надзор.

## Прв отсек

## ОРГАНИ НА НАДЗОР

### Избор на органи на надзор

### Член 245

Со договорот за друштвото може да се предвиди образување надзорен одбор, односно избирање контролор на друштвото, кој го следи спроведувањето на договорот за друштвото, се грижи за работењето со имотот на друштвото и неговото зачувување, го контролира начинот на којшто се врши управувањето со друштвото од страна на управителот и му поднесува извештај на собирот на содружниците.

## Начин на избор и отповикување на органот за надзор

### Член 246

(1) Собирот на содружниците ги избира и отповикува членовите на надзорниот одбор, односно контролорот, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено. Првиот надзорен одбор, односно контролорот може да бидат назначени со договорот за друштвото.

(2) Во друштвото со ограничена одговорност од едно лице, ако содружникот одлучил да образува орган на надзор, членовите на надзорниот одбор, односно контролорот го избира и го отповикува со своја одлука единствениот содружник.

(3) За членови на надзорниот одбор, односно за контролор не можат да бидат избрани:

1) управителот и вработените во друштвото;

2) сопрузите, лицата кои се во сродство по права линија и по странична линија до трет степен со управителот;

3) лицата на кои судот, со одлука, им забранил вршење ревизиски работи додека трае забраната или

4) физичко лице кое е член во пет надзорни одбори во акционерски друштва или во друштва со ограничена одговорност.

## Состав и мандат на надзорен одбор

### Член 247

(1) Надзорниот одбор се состои од најмалку три члена.

(2) Членовите на надзорниот одбор се избираат на време од четири години, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(3) Членовите на надзорниот одбор можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати биле избрани, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

## Организација и работа на надзорниот одбор

### Член 248

(1) Членовите на надзорниот одбор избираат претседател на надзорниот одбор од своите редови. Претседателот на надзорниот одбор ги свикува и претседава со седниците на надзорниот одбор и ја организира неговата работа.

(2) Сите членови на надзорниот одбор имаат еднакви права, обврски и одговорности.

(3) Донесувањето на одлуките и начинот на работа на надзорниот одбор се уредуваат со договорот за друштвото.

(4) Надзорниот одбор се состанува најмалку три пати во текот на една деловна година.

## Надлежност на органот на надзор

### Член 249

(1) Надзорниот одбор, односно контролорот врши надзор над работењето на друштвото. Во вршењето на надзорот над работењето на друштвото, надзорниот одбор, односно контролорот може да ги прегледува и оценува трговските книги на друштвото, актите и другите документи на друштвото, имотот, а особено благајната

и состојбата на хартиите од вредност на друштвото. Вршењето на овие работи, надзорниот одбор може да го довери на свој член или одделни работи да ги довери на стручно лице кое не е член на надзорниот одбор.

(2) Надзорниот одбор, односно контролорот ја прегледува годишната сметка на друштвото и другите финансиски извештаи, предлогот за распределба на добивката и го оценува годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и за тоа го известува собирот на содружниците. Во извештајот, надзорниот одбор, односно контролорот посебно назначува на каков начин и во каков обем го прегледал водењето на работите на друштвото во календарската година и до какви заклучоци дошол откако извршил преглед на годишната сметка и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

(3) Надзорниот одбор, односно контролорот мора да го свика собирот на содружниците ако тоа го бара интересот на друштвото.

(4) Во договорот за друштвото може да се определат работи што не можат да се вршат без одобрение на надзорниот одбор, односно контролорот.

**Примена на одредбите за судир на интереси,**
**за забрана на конкуренцијата и за одговорност**

**Член 250**

Одредбите од членовите 238, 239 и 241 на овој закон со коишто се уредуваат забраната на конкуренцијата, судирот на интересите и одговорноста на управителот соодветно се применуваат и на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот.

**Втор отсек**

**ВРШЕЊЕ НА НЕПОСРЕДЕН НАДЗОР ОД СТРАНА НА СОДРУЖНИЦИТЕ**

**Контролни овластувања на содружникот**

**Член 251**

(1) Содружниците, преку собирот на содружниците, вршат редовен надзор преку разгледување и усвојување на годишната сметка и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

(2) Секој содружник има право и лично да се запознава за работите на друштвото, да ги прегледува годишните сметки и извештаите за работата и другите трговски книги, актите и другите документи на друштвото, извештаите за работата на друштвото што ги поднесува управителот, извештаите на овластените ревизори, како и да врши друг вид контрола на работењето на друштвото на начин и според условите определени во овој закон и со договорот за друштвото.

(3) Кога остварувањето на правото на надзор од ставовите (1) и (2) на овој член е попречено или оневозможено од надлежен орган на друштвото или од раководно лице, за остварување на правото, на предлог од содружник, одлучува судот.

(4) Секој содружник може на надзорниот одбор, односно на контролорот или на лице кое врши ревизија, во секое време, писмено, да му обрне внимание на определени работи од неговиот делокруг. Кога тоа го прави содружник или содружници чии влогови заедно претставуваат најмалку една десеттина од основната главнина, надзорниот одбор, односно контролорот на наредниот собир на содружниците им поднесува извештај за тие работи со потребните предлози.

(5) Ако работата е значајна и итна, а управителот, на предлог на надзорниот одбор, односно на контролорот, не го свикал собирот на содружниците, собирот го свикува без одлагање надзорниот одбор, односно контролорот. Ако друштвото нема надзорен одбор, односно контролор, собирот на содружниците го свикуваат содружниците од став 4 на овој член.

## ОДДЕЛ 8

## ИЗМЕНА НА ДОГОВОРОТ ЗА ДРУШТВОТО

### Пододдел 1

### ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ИЗМЕНА НА ДОГОВОРОТ ЗА ДРУШТВОТО

#### Одлука за измена на договорот за друштвото

#### Член 252

(1) Договорот за друштвото може да се измени само со одлука на содружниците, донесена најмалку со тричетвртинско мнозинство од вкупниот број гласови што ги имаат содружниците во друштвото. Во договорот за друштвото може да се определи поголемо мнозинство, а може да се предвидат и дополнителни услови за негова измена.

(2) Одлуката за измена на предметот на работење на друштвото, утврден во договорот за друштвото, содружниците ја донесуваат едногласно, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(3) Одлуката за зголемувањето на утврдените обврски на содружниците што произлегуваат од договорот за друштвото или за намалувањето на правата на содружниците што им припаѓаат според договорот за друштвото се донесува со согласност на сите содружници на друштвото коишто се засегнати од зголемувањето на обврските, односно од намалувањето на правата.

(4) Одредбите од договорот за друштвото што се во спротивност со одредбите на ставовите (1), (2)и (3) од овој член се ништовни.

(5) Содружниците, со одлуката за измена на договорот за друштвото, го овластуваат управителот, односно надзорниот одбор, односно контролорот, ако друштвото има орган на надзор, да подготви пречистен текст на договорот за друштвото во којшто ги внесува измените извршени со одлуката за измена на договорот за друштвото.

#### Правно дејство на одлуката за измена на договорот за друштвото

#### Член 253

(1) Пријавата за упис на одлуката за измена на договорот за друштвото заради упис во трговскиот регистар ја поднесува управителот или од него овластено лице со полномошно, заверено кај нотар освен кога полномошното е дадено во електронска форма и потпишано со електронски потпис согласно со Системот за е-регистрација.

(2) Кон пријавата за упис во трговскиот регистар се приложува одлуката за измена на договорот за друштвото и пречистен текст на договорот за друштвото.

(3) Уписот на одлуката за измена на договорот за друштвото во трговскиот регистар се објавува со посочување на бројот на одлуката и датумот кога е донесена.

(4) Одлуката за измена на договорот за друштвото има правно дејство спрема содружниците од денот на нејзиното донесување.

## Пододдел 2

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

### Начини на зголемување на основната главнина

### Член 254

(1) Зголемување на основната главнина се врши со одлука на собирот на содружниците што има карактер на одлука со којашто се врши измена на договорот за друштвото.

(2) Зголемување на основната главнина може да се врши со преземање нови влогови или со внесување на резервите и на добивката на друштвото во основната главнина.

(3) Основната главнина може да се зголеми само ако сите поранешни влогови се уплатени во целост.

### Услови за зголемување на основната главнина

### Член 255

(1) Со одлуката за зголемување на основната главнина се определуваат: износот на зголемувањето на основната главнина, начинот на кој лицата кои ќе преземат влог ќе учествуваат во распределбата на добивката и од кога во деловната година во којашто е зголемена основната главнина ќе го остваруваат ова право, износот на делот од основната главнина што треба да се уплати пред поднесувањето на пријавата за упис во трговскиот регистар, рокот во кој треба да се уплатат влоговите и начинот на плаќањето, видот на непаричните влогови, ако зголемувањето се врши со внесување непарични влогови, дополнителните обврски и другите услови под коишто се врши зголемувањето на основната главнина.

(2) Само со одлука за зголемување на основната главнина може од лицата кои ги запишуваат и преземаат влоговите до износот на зголемувањето, да се бара уплата над номиналниот износ на преземениот влог како и за новите влогови да се утврдат посебни права. Ако се бара уплата над номиналниот износ на запишаниот влог, вишокот мора да биде уплатен пред поднесувањето на пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

(3) Ако зголемувањето на основната главнина се врши со внесување непарични влогови, тоа мора изречно да се одреди со одлуката за зголемување на основната главнина, при што мора да се определи рокот во кој мора да се внесат непаричните влогови. Непаричните влогови мораат да се внесат во друштвото пред да се поднесе пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

(4) Одредбите од овој закон за најнискиот износ на влог, начинот на уплата, пристигнувањето на уплатата на влогот, како и за правните последици од доцнењето на уплатата, се применуваат и врз новите влогови.

(5) Ако зголемувањето на основната главнина се врши со внесување непарични влогови, одредбите од членот 35 на овој закон за процената на непаричниот влог и за одговорноста на содружникот кој го внесува непаричниот влог се применуваат и на новите влогови.

### Преземање нови влогови од страна на содружниците

### Член 256

(1) Новите влогови друштвото ги нуди на постојните содружници или на други лица кои не се содружници.

(2) Постојните содружници имаат право на првенствено преземање нови влогови сразмерно на дотогаш преземените влогови во основната главнина на друштвото, освен ако со договорот за друштвото, односно со одлуката за зголемување на основната главнина поинаку не е определено.

(3) Управителот, со препорачани писма, им нуди на содружниците преземање влогови во износ соодветен на зголемувањето на основната главнина, што им припаѓа според ставот (2) од овој член. Ако содружникот, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на препорачаното писмо, не го преземе влогот, управителот, според истата постапка, ќе го понуди на другите содружници. Ако другите содружници не го преземат влогот за осум дена од денот на доставувањето на писмото, управителот, по свој избор, а во интерес на друштвото, ќе им го понуди на лица кои не се содружници, ако во договорот за друштвото или во одлуката за зголемување на основната главнина поинаку не е определено.

(4) Влогот се презема со изјава за преземање влог која што се дава во писмена форма, или електронска форма. Изјавата покрај износот на преземениот влог, содржи податоци за сите други обврски што произлегуваат од договорот за друштвото, односно од одлуката за зголемување на основната главнина. Ако лицето што презема влог не е содружник, изјавата ја содржи и неговата согласност дека станува содружник и дека ги презема правата и обврските определени со договорот за друштвото. Изјавата дадена во писмена форма се поднесува заверена со потписи на содружниците со електронски потпис на регистрациониот агент, или во електронска форма потпишана со електронски потпис на содружниците на друштвото преку Системот за е-регистрација.

### Упис на зголемувањето на основната главнина со преземање нови влогови

### Член 257

(1) По уплатата на паричните влогови, односно внесувањето на непаричните влогови со коишто се зголемува основната главнина, во согласност со одлуката за зголемување на основната главнина,се поднесува пријава за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

(2) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) одлуката за зголемување на основната главнина;

2) изјавите за преземање на влоговите заверени кај нотар;

3) список на лицата кои презеле нови влогови, потпишан од страна на подносителот на пријавата во којашто се наведуваат износите на преземените и уплатените влогови во што се уплатени, и докази дека се уплатени коишто се приложуваат кон списокот, а ако влоговите ги преземаат постојните содружници на друштвото-вкупниот износ на нивните влогови;

4) договор со којшто е извршено внесување на непаричните влогови ако основната главнина се зголемува со внесување непарични влогови и

5) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон, е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар, а доколку се вложуваат хартии од вредност во трговскиот регистар се доставува доказ за сопственост на тие хартии од вредност со прибелешка дека истите се вложуваат во трговско друштво и дека сопственикот не може да располага со истите. За таа цел, сопственикот на хартиите од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност доставува изјава заверена на нотар дека хартиите од вредност се вложени во трговско друштво и дека е согласен над истите да биде евидентирано ограничување за располагањето се до пренесувањето на истите на трговското друштво.

(3) Пријавата за упис на зголемување на основната главнина во трговскиот регистар ја поднесува управителот, односно лицето коешто тој ќе го овласти со полномошно заверено кај нотар.

(4) Пред да се објави уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар, друштвото не смее во своите деловни објави и преписки да го спомнува зголемувањето на основната главнина.

(5) Во објавата на уписот дека е зголемена основната главнина на друштвото, се наведува содржината на уписот, а ако во друштвото се внесени непарични влогови-се наведуваат и договорите со коишто е извршено внесувањето на непаричните влогови. Во објавата на уписот е доволно само да се упати на исправите што се приложени кон пријавата за упис.

## Зголемување на основната главнина од резервите

## Член 258

(1) Содружниците можат да донесат одлука за зголемување на основната главнина со претворање на резервите во основна главнина, којашто има карактер на одлука за измена на договорот за друштвото. Зголемувањето на влоговите се врши сразмерно со дотогашните влогови на содружниците.

(2) Содружниците можат да ја донесат одлуката за зголемување на основната главнина, во согласност со ставот (1) од овој член само по усвојување на годишната сметка и според којашто друштвото нема тековни и непокриени загуби од претходните години и по усвојувањето на извештајот на овластен ревизор со којшто се потврдуваат фактите во годишната сметка. Ако од денот на усвојувањето на годишната сметка и на извештајот на овластен ревизор изминат повеќе од осум месеца пред поднесувањето на пријавата за упис на одлуката за зголемување на основната главнина во трговскиот регистар, мора да се подготви нов извештај за биланс на состојбата и да се изврши ревизија од овластен ревизор.

(3) За зголемување на основната главнина можат да се користат добивката и резервите на друштвото, во согласност со целите за коишто се наменети. Кога содружниците ќе одлучат основната главнина да ја зголемат од добивката, при одлучувањето за распределбата, добивката ја распределуваат во резерви, со назнака дека ќе се користи за зголемување на основната главнина.

(4) Зголемувањето на основната главнина на друштвото се врши со зголемување на номиналните износи на постојните удели во друштвото. Притоа, на соодветен начин, се применуваат одредбите од членот 174 став (4) од овој закон.

(5) Зголемувањето на основната главнина мора да се спроведе така што вкупниот износ на зголемените влогови ќе одговара на зголемената основна главнина на друштвото.

(6) Зголемените удели на содружниците на друштвото мораат да бидат во ист сооднос како и оние пред зголемувањето на основната главнина на друштвото.

(7) Во зголемувањето на основната главнина рамноправно учествуваат и сопствените удели што ги стекнало друштвото.

(8) Ако со одлуката за зголемување на основната главнина поинаку не е определено, зголемените удели учествуваат во добивката на друштвото што е остварена во текот на целата деловна година во којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина.

(9) Одредба од одлуката за зголемување на основната главнина што е спротивна на одредбите на овој член е ништовна.

**Упис на зголемувањето на основната главнина од резервите**

**Член 259**

(1) Пријавата за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина од средствата на резерви на друштвото мора да се поднесе без одлагање.

(2) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) одлуката за зголемување на основната главнина со претворање на резервите во основна главнина;

2) усвоената годишна сметка врз основа на која е донесена одлуката за зголемување на основната главнина, за која ревизорот изразил ревизорско мислење без резерва или мислење со резерва која не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка;

3) изјава од управителот, заверена кај нотар, дека од денот на којшто се однесува годишната сметка до денот на поднесувањето на пријавата не настанале измени во имотот на друштвото што би го попречиле донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина.

(3) Ќе биде извршен упис на одлуката за зголемување на основната главнина во трговскиот регистар ако поднесената годишна сметка не е постара од осум месеца од последниот ден на којшто се однесува до денот на поднесувањето на пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

(4) При уписот не се проверува и не се испитува дали поднесената годишна сметка е вистинита и составена во согласност со законот.

(5) При уписот, се наведува дека основната главнина е зголемена од средства на друштвото.

**Пристапување на нови содружници во друштво од едно лице**

**Член 260**

(1) Ако кон друштвото со ограничена одговорност од едно лице, заради зголемувањето на основната главнина, пристапи лице кое ќе внесе нов влог и ќе стане нов содружник, содружниците се должни да ја усогласат организацијата и работењето на друштвото, во согласност со одредбите на овој закон што се однесуваат на друштво со двајца и повеќе содружници.

(2) По усогласувањето од ставот (1) на овој член управителот е должен да поднесе пријава заради упис во трговскиот регистар на извршеното усогласување.

## Пододдел 3

## НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

### Начини за намалување на основната главнина

### Член 261

(1) Основната главнина на друштвото може да се намали само со одлука на содружниците за намалување на основната главнина којашто има карактер на одлука за измена на договорот за друштвото. Во одлуката се определува обемот и целта на намалувањето на основната главнина, како и начинот на којшто ќе се спроведе тоа намалување.

(2) За намалување на основната главнина се смета секое намалување на износот на основната главнина, определен во договорот за друштвото, независно од тоа дали намалувањето се спроведува со враќање на влоговите на содружниците, намалување на номиналните износи на влоговите или потполно, односно делумно ослободување на содружниците на друштвото или на нивните правни претходници од обврската целосно да ги уплатат влоговите.

(3) Основната главнина на друштвото не смее да се намали под 5.000 ЕВРА во денарска противвредност. Ако намалувањето на основната главнина се спроведува со враќање на уплатените влогови или со ослободување на содружниците од обврската за целосна уплата на влоговите, износот на другите влогови што остануваат во друштвото не смее да се намали под 2.500 ЕВРА во денарска противвредност, со тоа што, истовремено, се донесува одлука за зголемување на основната главнина најмалку до 5.000 ЕВРА во денарска противвредност.

### Упис и објавување на намерата за намалување на основната главнина

### Член 262

(1) Управителот поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на одлуката за намерата за намалување на основната главнина.

(2) Управителот веднаш по уписот на одлуката за намерата за намалување на основната главнина во трговскиот регистар, објавува оглас за намерата за намалување на основната главнина во ,,Службен весник на Република Македонија". Во огласот друштвото објавува дека е согласно на доверителите, врз основа на нивно барање, да им ги исплати побарувањата или да им даде обезбедување. Ако, по истекот на 90 дена од денот на објавувањето на огласот, не биде поднесено барање за исплата на побарување, се смета дека сите доверители се согласни со намерата за намалување на основната главнина.

(3) На познатите доверители им се доставува писмено известување.

### Упис на намалувањето на основната главнина

### Член 263

(1) Пријавата за упис на одлуката за намалување на основната главнина се поднесува заради упис во трговскиот регистар по истекот на рокот што им е даден на доверителите за пријавување на своите побарувања.

(2) Кон пријавата се приложуваат:

1) копија од огласот со којшто е известено за намерата за намалување на основната главнина, објавен во ,,Службен весник на Република Македонија";

2) доказ дека друштвото на доверителите кои им се пријавиле им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе бидат намирени;

3) изјава на управителот дека на сите познати доверители им е доставено известувањето за намерата за намалување на основната главнина, а дека на друштвото не му се јавиле други доверители освен оние на кои друштвото им ги намирило побарувањата или им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе им бидат намирени и

4) препис од книгата на уделите.

(3) Ако доказот што е поднесен за тоа дека друштвото ги намирило побарувањата на доверителите или дека им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе им бидат намирени не е вистинит, управителот им одговара лично и неограничено со сиот свој имот за штетата што ќе им ја предизвика на оние доверители на кои им дал невистинити податоци, но само за износот што не можел да им се намири од имотот на друштвото.

(4) Не одговара за штетата, управител кој ќе докаже дека не знаел дека доказите и изјавите што ги давал се невистинити.

## Исплата на содружниците и ослободување од обврски

### Член 264

(1) Исплатите на содружниците врз основа на намалувањето на основната главнина се допуштени откако ќе се изврши упис на одлуката за измена на договорот за друштвото во трговскиот регистар.

(2) Со денот на уписот на одлуката за намалување на основната главнина во трговскиот регистар, станува полноважно ослободувањето од обврската за уплаќање на преостанатите неуплатени влогови за извршеното намалување на основната главнина.

# ОДДЕЛ 9

# ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

## Основи за престанување

### Член 265

(1) Основи за престанување на друштвото се:

1) истекот на времето определено во договорот за друштвото;

2) одлука на содружниците;

3) присоединување на друштвото кон друго друштво, спојување со друго друштво, односно со поделба;

4) стечај на друштвото и

5) одлука на судот.

(2) Друштвото престанува и во други случаи определени со овој и друг закон.

(3) Во договорот за друштвото можат да бидат предвидени и други основи за престанување на друштвото.

(4) Во случаите на престанување на друштвото врз основа на точките 1, 2 и 5 од ставот (1) на овој член се спроведува постапка за ликвидација на друштвото.

### Основи за престанување на друштвото од едно лице

### Член 266

(1) Друштвото од едно лице, во кое сопственик на уделот е физичко лице, престанува со смртта на тоа лице ако по спроведената оставинска постапка наследниците не бараат друштвото да продолжи со работа.

(2) За уделот на починатиот содружник, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува заедничкиот застапник определен од наследниците на починатиот содружник со писмено полномошно заверено кај нотар.

(3) Ако сопственик на удел на друштво од едно лице е правно лице, друштвото престанува со престанувањето на правното лице, освен ако во постапката за стечај уделот го преземе друго лице.

### Одлука на содружниците за престанување на друштвото

### Член 267

(1) Одлуката за престанување на друштвото, содружниците ја донесуваат со најмалку тричетвртинско мнозинство од вкупниот број гласови.

(2) Одредбата во договорот за друштвото, спротивна на ставот (1) од овој член, е ништовна.

### Престанување на друштвото врз основа на одлука на судот

### Член 268

(1) Судот може, по тужба на еден или на повеќе содружници, чиишто влогови чинат најмалку една десеттина од основната главнина, со одлука, да изрече престанување на друштвото, ако постигнувањето на целта на друштвото што произлегува од предметот на работењето стане невозможно или ако постојат други значајни причини за престанување на друштвото.

(2) Тужба се поднесува против друштвото во рок од 90 дена од денот на дознавањето на причината, но не подолго од една година од денот на настанувањето на причината.

### Упис на престанување на друштвото во трговскиот регистар

### Член 269

(1) Пријавата за упис на престанувањето на друштвото во трговскиот регистар поради истекот на времето за коешто е основано друштвото или поради одлуката на содружниците за престанување на друштвото, управителот мора без одлагање да ја поднесе.

(2) Ако управителот не постапи според ставот (1) од овој член тој е лично и неограничено одговорен за штетата што ќе ја предизвика.

(3) По спроведувањето на ликвидацијата, односно на постапката за стечај се врши упис на бришењето на друштвото во трговскиот регистар. Барањето за упис го поднесува ликвидаторот, односно стечајниот судија. Решението за бришењето на уписот на друштвото се објавува на трошок на друштвото. Трошоците за уписот на бришење и објавувањето паѓаат на товар на друштвото.

# ЧЕТВРТА ГЛАВА

# АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

## ОДДЕЛ 1

## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Поим

### Член 270

(1) Акционерското друштво е трговско друштво во кое акционерите учествуваат со влогови во основната главнина, којашто е поделена на акции.

(2) Акционерите не одговараат за обврските на акционерското друштво.

(3) Од одредбите од овој закон, со коишто се уредува акционерското друштво, може да се отстапува на начин и според условите пропишани со овој закон и со други закони.

### Фирма

### Член 271

Фирмата на акционерското друштво (во натамошниот текст во четврта глава дел петти: друштво) мора да ги содржи и зборовите ,,акционерско друштво" или ознаката ,,АД".

### Број на акционери

### Член 272

Друштвото може да има еден или повеќе акционери.

### Најмал номинален износ на основната главнина и на акцијата

### Член 273

(1) Најмалиот номинален износ на основната главнина, кога друштвото се основа симултано, без јавен повик за запишување акции изнесува 25.000 ЕВРА во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија, објавен на денот пред усвојувањето на статутот, односно на денот пред донесувањето на одлуката за промена на основната главнина, а кога друштвото се основа сукцесивно, преку јавен повик за запишување акции, тој изнесува најмалку 50.000 ЕВРА во денарска противвредност, освен ако со друг закон не е определен друг најмал износ на основна главнина.

(2) Номиналниот износ на акцијата не може да биде помал од 1 ЕВРО, според средниот курс на таа валута, објавен од Народната банка на Република Македонија, ден пред усвојувањето на статутот, односно на денот пред донесувањето на одлуката за промена на основната главнина.

## ОДДЕЛ 2

## АКЦИИ

### Издавање, пренос и евиденција на акциите

#### Член 274

(1) Акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија (во натамошниот текст: Централен депозитар за хартии од вредност), во согласност со закон.

(2) Акциите се неограничено преносливи и слободно се тргуваат на секундарен пазар на хартии од вредност.

(3) Акциите, спрема друштвото, се неделиви.

### Номинален и емисиски износ на акции

#### Член 275

(1) Секоја акција мора да има номинален износ на којшто гласи акцијата.

(2) Акциите издадени под нивниот номинален износ се ништовни. За штетата што ќе произлезе од издавањето акции под нивниот номинален износ, издавачите одговараат солидарно.

(3) Акциите можат да се издаваат над номиналниот износ (емисиски износ).

### Поделба и спојување на акции

#### Член 276

(1) Друштвото може, со измена на статутот, да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.

(2) Друштвото може, со измена на статутот, да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.

### Родови и класи на акции

#### Член 277

(1) Друштвото издава обични акции, а може да издава и други акции со различни права.

(2) Акциите што даваат исти права сочинуваат ист род акции. Според правата, акциите можат да бидат обични и приоритетни.

(3) Приоритетните акции можат да бидат од повеќе класи и не можат да бидат издадени со понизок номинален износ од номиналниот износ на обичните акции. Приоритетните акции од иста класа даваат исти права.

(4) За издавањето акции за коишто се врзани посебни права (приоритетни акции) друштвото може да бара и посебни еднократни парични доплати и тоа при издавањето на акциите.

## Права содржани во акциите

### Член 278

(1) Обичните акции се акции кои им даваат на нивните сопственици:

1) право на глас во собранието на друштвото;

2) право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и

3) право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.

(2) Приоритетните акции, кога имаат право на глас, покрај правата од ставот (1) на овој член даваат и други повластени права, како што се правото на дивиденда во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата, право на првенство при исплата на дивиденда, правото на исплата на остаток од ликвидациона, односно стечајна маса и други права определени во статутот и во одлуката за издавање акции, во согласност со закон. Приоритетните акции кои не даваат право на глас го стекнуваат ова право кога со овој закон, односно со статутот тоа е определено.

(3) Правата од ставот (2) на овој член можат да се остваруваат поединечно или заедно.

## Класи на приоритетни акции

### Член 279

(1) Приоритетните акции можат да бидат кумулативни и партиципативни.

(2) Кумулативната приоритетна акција му дава на сопственикот право на наплата на акумулираните неплатени дивиденди пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопственикот на обични акции.

(3) Партиципативната приоритетна акција му дава на сопственикот, покрај утврдената (фиксна) дивиденда, и право на исплата на дивиденда којашто им припаѓа на сопствениците на обични акции.

## Право на глас

### Член 280

(1) Секоја акција која дава право на глас дава право на еден глас во собранието на друштвото (во натамошниот текст: собрание).

(2) Секоја обична акција дава право на глас во собранието.

(3) Приоритетните акции, во согласност со одредбите на овој закон, можат да бидат издадени како акции со право на глас и како акции без право на глас. Вкупниот номинален износ на приоритетните акции без право на глас не може да биде поголем од 30% од основната главнина на друштвото. Вкупниот номинален износ на приоритетните акции, со и без право на глас, не може да биде поголем од вкупниот номинален износ на обичните акции во основната главнина на друштвото.

(4) Забрането е издавање акции од ист род кои за ист номинален износ даваат различно право на глас во собранието.

### Бесплатни акции или акции по повластена цена

**Членот 281 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.25/07).**

### Одлука за издавање акции

### Член 282

Одлука за издавање акции донесува собранието на друштвото со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

### Книга на акции (акционерска книга)

### Член 283

(1) Акциите се запишуваат во книга на акции на друштвото (во натамошниот текст: акционерска книга ) којашто се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма, со означување на името и презимето на акционерот, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако акционерот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот-важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако акционерот е правно лице и други информации.

(2) Во акционерската книга се запишуваат и податоците што се определени во одлуката за издавање на акциите, сите оптоварувања на акциите определени со закон и со статут и забраните изречени со одлука на судот.

(3) Спрема друштвото, за акционер се смета секое лице запишано во акционерската книга на начин определен со закон.

(4) Иницијалниот упис и уписот на акции издадени при зголемување на основната главнина во акционерската книга се врши по налог на друштвото. Промените во акционерската книга се вршат според извршениот пренос на акции со тргување на берза или според преносот извршен на друг начин допуштен со закон.

(5) На барање на друштвото, Централниот депозитар за хартии од вредност го известува друштвото за промените извршени во акционерската книга.

(6) Секој акционер има право, на негово барање, да му се овозможи увид во сите податоци запишани во акционерската книга на друштвото во коешто е акционер. Увидот го овозможува Централниот депозитар за хартии од вредност. На акционерот кој бара итен увид во акционерската книга, мора да му се овозможи увид во рок не подолг од еден работен ден од денот на барaниот увид поднесен во писмена форма. Во другите случаи, акционерот кој бара увид во акционерската книга го најавува денот на кој има намера да изврши увид. Податоците од увидот можат да бидат употребени само за остварување на правата на акционерот.

(7) Секој акционер има право да добие фотокопија од податоците запишани во акционерската книга на друштвото во коешто е акционер, по претходно барање доставено до Централниот депозитар за хартии од вредност. Направената фотокопија и податоците од фотокопијата можат да бидат употребени само за остварување на правата на акционерот.

### Издавање други хартии од вредност и финансиски деривати

### Член 284

(1) Друштвото во согласност со закон и со статутот може до износот на основната главнина да издава обврзници кои не се конвертибилни обврзници, обврзници кои на доверителите им даваат право да ги заменат за акции во одреден период на определена опција или во кое било време за време на траењето на обврзницата и обврзници кои не обезбедуваат право на првенствено купување акции коишто друштвото ги издава. Обврзниците можат да се издадат во износ поголем од основната главнина само ако издавањето на обврзниците е целосно обезбедено со залог на имотот на друштвото или на друг начин.[5]

(2) Друштвото, во согласност со закон и со статутот, може до износот на половина од основната главнина да издава конвертибилни обврзници кои на доверителите им даваат право да ги заменат за акции во одреден период на определена опција или во кое било време додека трае обврзницата и да издава обврзници кои обезбедуваат право на првенство на купување акции кои друштвото ги издава.

(3) Акционерите имаат право на првенство при стекнувањето на обврзниците од ставот (2) на овој член.

(4) Обврзниците се откупуваат со готови пари.

(5) Одредбите од овој закон што се однесуваат на правото на првенство за запишување на новоиздадени акции, соодветно се применуваат и врз остварување на правото на првенство за запишување на новоиздадени конвертибилни обврзници.

(6) Друштвото може, во согласност со закон, да склучува опциски договори за купување и за продажба на акции и на обврзници и фјучерс договори на начин и според условите определени во статутот.

(7) Начинот и условите под коишто друштвото ги издава хартиите од вредност, ги склучува опциските договори за купување и продажба на акции и на обврзниците, како и на фјучерс договорите, се определуваат со статутот.

## ОДДЕЛ 3

## ОСНОВАЊЕ И УПИС НА ДРУШТВОТО

### Пододдел 1

### ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Основачи

### Член 285

(1) Друштвото може да биде основано од едно и од повеќе лица.

(2) Основачи на друштвото се лицата кои го потпишале статутот.

---

[5] Одредбите од членот 5 на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.48/10) со кој се менува членот 284 став (1) за издавање обврзници кои обезбедуваат право на првенство на купување акции што друштвото ги издава ќе започнат да се применуваат од денот кога Република Македонија ќе стекне статус на полноправен член во Европската унија (Види: член 32 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва „Службен весник на РМ“ бр.48/10).

(3) Статутот може да биде во писмена форма со заверени потписи на содружниците со електронски потпис на регистрациониот агент, или во електронска форма потпишан со електронски потпис на содружниците на друштвото преку Системот за е-регистрација.

## Начини на основање

## Член 286

(1) Основачите го основаат друштвото симултано или сукцесивно.

(2) Друштвото се смета за основано кога ќе биде запишано во трговскиот регистар.

## Содржина на статутот

## Член 287

(1) Статутот содржи одредби за:

1) фирмата и седиштето на друштвото;

2) предметот на работење на друштвото;

3) износот на основната главнина;

4) номиналната вредност на акциите, бројот на акциите од секој род и класа, правата, обврските, ограничувањата и погодностите;

5) времетраењето на друштвото, ако друштвото се основа на определено време;

6) предностите што за себе ги задржуваат основачите;

7) постапката за свикување и одржување на собранието;

8) името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако основачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот, важечка во неговата земја, и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако основач е правно лице;

9) видот, составот и начинот на избор на органот на управување, односно на надзорниот одбор и нивната надлежност;

10) името и презимето на првите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор, нивниот ЕМБГ, број на пасошот, односно број на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот, важечка во нивната земја, и нивното државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако првите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор се назначуваат со статутот и

11) формата и начинот на објавувањата што ги врши друштвото.

(2) Покрај одредбите од ставот (1) на овој член, статутот содржи и одредби за прашањата што, во согласност со овој закон, се уредуваат со статутот.

(3) Покрај одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, статутот може да содржи и други одредби значајни за друштвото, ако не се забранети со закон.

(4) Други прашања што се од значење за друштвото, а не се уредени со статутот, можат да се уредат, во согласност со овој закон, со други акти на друштвото.

### Однос меѓу законот, статутот и другите акти

### Член 288

(1) Секоја одредба од статутот или од друг акт на друштвото што е спротивна на одредбите на овој закон е ништовна.

(2) Ако некоја одредба од друг акт на друштвото не е во согласност со статутот, се применуваат одредбите од статутот.

### Посебни погодности на основачите и трошоци за основање

### Член 289

(1) Секоја посебна погодност на основачите и на трети лица се определува со статутот.

(2) Износот на трошоците што, на сметка на друштвото, им се враќа на основачите или на трети лица како надомест или им се дава како награда за основање или за учество во подготовките за основање на друштвото, се определува со статутот.

(3) Ако посебните погодности, трошоците или надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член не се определени во статутот, спрема друштвото немаат правно дејство договорите и правните дејствија со коишто се даваат такви погодности или со коишто се исплатуваат трошоците и надоместоците.

(4) По уписот на друштвото во трговскиот регистар не може, со измена на статутот, да се отстрани неважноста на договорите, односно на правните дејствија од ставот (3) на овој член.

### Уплата на акции

### Член 290

(1) Издадените акции можат да се платат со пари, со внесување непаричен влог или комбинирано.

(2) Акциите се уплатуваат во пари на времена сметка кај банка на основачите.

(3) Ако влоговите се уплатуваат во пари, пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во трговскиот регистар, мора да се уплати најмалку 25% од номиналниот износ на секоја акција, а ако акцијата се издава за повисок износ од номиналниот износ на акцијата, мора да се уплати и целиот износ што го надминува нејзиниот номинален износ. Уплатата на остатокот се врши во една или во повеќе рати, врз основа на одлуката за издавање акции, во рок не подолг од три години од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар, освен ако со закон не е определен пократок рок. Пред поднесувањето пријава за упис, вкупниот износ на сите уплати во пари не може да биде помал од 12.500 ЕВРА, односно од 25.000 ЕВРА во денарска противвредност, освен ако со друг закон не е определен друг најмал вкупен износ на сите уплати во пари пред поднесувањето на пријавата за упис.

(4) Ако акцијата се уплатува делумно со пари, а делумно со внесување непаричен влог, пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во трговскиот регистар, мора, во потполност, да се уплати оној дел што се уплатува со пари.

## Непаричен влог и негово внесување

### Член 291

(1) Пред поднесување пријава за упис за основање на друштвото, непаричниот влог се внесува во целост. Ако вредноста на внесениот непаричен влог во времето на поднесување на пријавата за упис на основањето на друштвото не го достигнува износот на преземениот влог, акционерот мора да ја доплати разликата во пари пред уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

(2) Целосното внесување на непаричните влогови мора да биде извршено така што друштвото ќе може слободно да располага со нив од денот на уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

(3) Преземањето на непаричниот влог заради замена со акции се врши според договорот за преземање акции.

(4) Ако вложувањето на непаричниот влог на основачот се состои во преземање обврска да му пренесе на друштвото ствар, преносот мора да се изврши најдоцна во рок од пет години од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар. На непаричиот влог којшто се внесува во друштвото не може да се оствари право на задржување за побарување коешто не се однесува на непаричниот влог. Проценетата вредност на непаричниот влог што се внесува мора да одговара на номиналниот износ на акциите, а ако акциите се издаваат за износ поголем од нивниот номинален износ, проценетата вредност на непаричниот влог мора да одговора на тој поголем износ.

(5) Ако лицето од ставот (4) на овој член не ја исполни обврската од ставот (4) на овој член, е должно да ја плати вредноста на ствартa за којашто била преземена обврска да биде пренесена на друштвото како непаричен влог.

(6) Ако во статутот, односно во одлуката за издавање на акциите е определено акциите што ги преземаат акционерите, целосно или делумно, да не ги платат со паричен влог, туку со внесување постојни или идни непарични влогови, во статутот мора да се одредат непаричните влогови што се внесуваат, лицата кои во друштвото внесуваат непарични влогови и номиналниот износ на акциите коишто ќе им бидат дадени за внесените влогови или надоместокот што треба да се даде за внесените непарични влогови којшто се смета за дел од внесениот непаричен влог.

(7) Без дејство спрема друштвото се договорите за внесување непаричен влог и правните дејствија со коишто тоа се остварува, ако не се определени на начин од ставот (3) на овој член. Ако друштвото е запишано во трговскиот регистар, договорите и дејствијата кои немаат правно дејство спрема друштвото не влијаат на полноважноста на статутот. Ако договорот за внесување непаричен влог е без правно дејство спрема друштвото, акционерот е должен да го уплати во пари вкупниот номинален износ на акциите или повисокиот износ за кој тие се издадени.

(8) По уписот на друштвото во трговскиот регистар не може, со измена на статутот, да се отстрани неважноста на договорот, односно правните дејствија од ставот (7) на овој член.

(9) Вредноста на непаричен влог што се внесува во замена за акции се утврдува со извештај за процена, изработен од овластен проценител, во согласност со членот 35 од овој закон.

### Забрани при плаќање на акции

### Член 292

(1) Плаќањето на издадени акции и други хартии од вредност, во форма на труд или услуги, вклучувајќи и труд и услуги коишто веќе се извршени, е спротивно на овој закон.

(2) Друштвото не може да му позајмува пари или на друг начин да го кредитира запишувачот на акциите при нивното плаќање.

## Пододдел 2

## СИМУЛТАНО ОСНОВАЊЕ

### Поим

### Член 293

(1) Друштвото може да се основа така што основачите сами или заедно со други лица ги преземаат, без јавен повик, сите акции и го потпишуваат статутот.

(2) Основачите ги преземаат акциите со изјава, дадена во писмена форма, дека го основаат друштвото и дека ја преземаат обврската за уплата на акциите. Изјавата може да биде приложена кон статутот или да биде содржана во статутот, што е потпишан од основачите. Во изјавата се наведува лицето коешто ги презема акциите, бројот и родот на акциите што ги презема и нивниот номинален износ, и се назначува начинот, времето и местото на уплатата на акциите.

### Назначување на првите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор

### Член 294

(1) Основачите со статутот ги назначуваат членовите на првиот одбор на директори, односно членовите на првиот надзорен одбор.

(2) Првите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор се назначуваат најдолго за време до одржување на првото годишно собрание.

### Извештај за текот на основањето (основачки извештај)

### Член 295

(1) Основачите составуваат извештај во писмена форма за текот на основањето на друштвото (во натамошниот текст: основачки извештај).

(2) Во основачкиот извештај се прикажуваат суштествените околности од значење за основањето на друштвото. Притоа, особено се наведуваат:

1) износот на уплатените парични влогови, односно вредноста на внесените непарични влогови;

2) правните работи врз основа на кои друштвото стекнало непарични влогови;

3) набавните или производните трошоци во последните три години за непаричните влогови што се внесуваат ;

4) ако во друштвото е вложено претпријатие, неговата добивка којашто ја покажало во последните три години, односно за времето пократко од три години, искажана во годишната сметка во претходната деловна година над којашто е извршена ревизија од овластен ревизор;

5) бројот на акциите што при основањето биле преземени за сметка на член на органот на управување, односно на надзорниот одбор и

6) дали и на кој начин член на органот на управување, односно на надзорниот одбор се здобил со посебна погодност, односно обесштетување или надоместок за учество во основањето на друштвото.

## Спор за основачки извештај и извештај за ревизија на основањето

### Член 296

(1) Ако во текот на основањето на друштво или во врска со основачкиот извештај настане спор, секој основач, запишувач и преземач на акции има право да побара да се изврши ревизија на основањето, а особено на податоците во основачкиот извештај.

(2) Ревизијата од ставот (1) на овој член ја врши овластен ревизор. Органот на управување на друштвото е должен да му ги даде на ревизорот сите објаснувања и документи кои се потребни за да се изврши ревизија.

(3) Овластениот ревизор ги проверува податоците, дадени од основачите во врска со преземените акции со внесување непарични влогови, дали вкупниот номинален износ на преземените акции одговора на проценетата вредност на внесените непарични влогови и дали друштвото може со нив слободно да располага.

(4) Овластениот ревизор за извршената ревизија поднесува извештај за ревизијата на основањето во којшто ги соопштува своите наоди и заклучоци. Ревизорот поднесува материјална и кривична одговорност за наодот, за потполноста и за согласноста на податоците коишто се предмет на ревизијата со законот, со другите прописи и со меѓународните ревизорски стандарди, како и за проверката на проценетата вредност на внесените непарични влогови, односно за тоа дека нивната проценета вредност не е суштествено помала од номиналните износи на акции кои за нив се даваат и дека со внесените непарични влогови друштвото може слободно да располага.

(5) Трошоците за ревизија паѓаат на товар на барателот за ревизијата.

## Пријава за упис

### Член 297

(1) Основањето на друштвото се запишува во трговскиот регистар.

(2) Пријавата за упис ја поднесува до Централниот регистар на Република Македонија органот на управување, односно овластен член на органот на управување, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(3) За пропустите и за штетните последици од ненавремено поднесување на пријавата, лицата од ставот (2) на овој член им одговараат на основачите лично неограничено и солидарно со сиот свој имот.

## Податоци за упис

### Член 298

(1) Во трговскиот регистар се запишуваат:

1) фирмата и седиштето на друштвото;

2) предметот на работење на друштвото;

3) износот на основната главнина и бројот на издадените акции;

4) вкупниот број на уплатени акции;

5) името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако основачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако е основач правно лице;

6) името и презимето на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор и нивниот ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето и ЕМБС, ако член на овие органи е правно лице;

7) времето на траење на друштвото, ако друштвото е основано на определено време и

8) овластувањата за застапување на членовите на органот на управување и на други лица овластени за застапувањето на друштвото.

(2) Секоја промена на податоците од ставот (1) на овој член, освен податоците од ставот (1), точка 5 од овој член се запишува во трговскиот регистар.

(3) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) статутот;

2) копија од пасош или од лична карта за странско физичко лице или од друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, односно доказ за регистрација, ако е основач правно лице;

3) доказ за уплатениот износ од банката во којашто е вршена уплата на акциите;

4) ако се преземаат акции со внесување непарични влогови-договорите со коишто се утврдуваат и спроведуваат тие, извештајот на проценителот и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар, а доколку се вложуваат хартии од вредност во трговскиот регистар се доставува доказ за сопственост на тие хартии од вредност со прибелешка дека истите се вложуваат во трговско друштво и дека сопственикот не може да располага со истите. За таа цел, сопственикот на хартиите од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност доставува изјава заверена на нотар дека хартиите од вредност се вложени во трговско друштво и дека е согласен над истите да биде евидентирано ограничување за располагањето се до пренесувањето на истите на трговското друштво.

5) одлуките за избор на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, ако тие не се назначени со статутот;

6) ако во основањето се дадени посебни погодности, договорите со коишто тие се утврдуваат и спроведуваат;

7) пресметката на трошоците за основање на друштвото во којашто се искажуваат поединечните ставки и вкупните трошоци;

8) основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основањето, ако таков извештај бил подготвен и

9) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;

10) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и

11) изјава, во согласност со членот 32 од овој закон.

(4) Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор, како и другите лица кои, според статутот, се овластени за застапување поднесуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.

(5) Основачите на друштвото одговараат за веродостојноста, вистинитоста и точноста на податоците содржани во пријавата и за прилозите што со овој закон е определено дека се приложуваат кон пријавата за упис на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

## Одговорност на основачите

### Член 299

(1) Основачите на друштвото одговараат неограничено и солидарно за штетата што ќе ја претрпат друштвото и доверителите поради незаконитите дејствија, лажните или непотполните податоци што ги дале во врска со основањето на друштвото, односно што се содржани во основачкиот извештај и што се запишуваат во трговскиот регистар или што се содржани во прилозите за кои, со овој закон, е определено дека се приложуваат кон пријавата за упис на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

(2) Основачите не можат да се повикуваат на тоа дека не им било познато дека има разлика во податоците, ако ја имаат потпишано изјавата од членот 32 од овој закон.

(3) Ако основачите причиниле штета со внесување на непарични влогови или направиле неоправдани трошоци во врска со основањето, тие имаат обврска штетата да ја надоместат како солидарни должници. Основачот кој се однесувал како уреден и совесен трговец не одговара за таа штета.

(4) Покрај основачите на ист начин за штетата одговараат и лицата за чијашто сметка основачите ги презеле акциите. Тие лица не можат да се повикаат на тоа дека не им биле познати околностите што ги знаеле или што морале да ги знаат основачите кои дејствувале за нивна сметка.

## Одговорност на други лица

### Член 300

Покрај основачите и лицата за чијашто сметка основачите ги презеле акциите на друштвото како солидарен должник му ја надоместува штетата и:

1) оној којшто примил уплата којашто, спротивно на законот, не е прифатена како трошок на основањето, а знаел или, според околностите, морал да знае дека се работи за намерно прикривање или свесно учествувал во тоа прикривање;

2) оној којшто со внесување непаричен влог со умисла или од крајно невнимание му нанел штета на друштвото или го овозможил нанесувањето на штетата; и

3) оној којшто, пред уписот на друштвото во трговскиот регистар или во првите две години по уписот, јавно ќе објави дека ќе пушти акции во промет ако знаел или со внимание на уреден и совесен трговец морал да знае за неточноста или за непотполноста на податоците во врска со основањето на друштвото или за предизвиканата штета на друштвото преку внесување на непаричен влог.

## Одговорност за лажни изјави

### Член 301

(1) Ако во постапката за основање друштво се дадени лажни изјави, основачите или другите лица кои ги дале лажните изјави спрема друштвото се неограничено и солидарно одговорни. Ако е дадена лажна изјава за уплатениот износ, одговорноста ја вклучува и обврската да му се доплати на друштвото разликата на износот за којшто е преземена обврска да биде уплатен.

(2) Ако е дадена лажна изјава за трошоците за основање, одговорноста вклучува обврска да му се платат или да му се надоместат на друштвото сите трошоци коишто ги надминуваат трошоците наведени во основачкиот извештај.

(3) Друштвото не може да се откаже или да понуди спогодба за своите побарувања на коишто има право според овој член, кога наплатата на овие побарувања е неопходна за наплатата на побарувањата на доверителите на друштвото, освен ако доверителите не се согласат на поинакво решение.

## Забрана за издавање акции

### Член 302

(1) Пред уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар не можат да се издаваат акции.

(2) Дејствието спротивно на ставот (1) од овој член е ништовно.

(3) Оној што ќе постапи спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член е должен да ја надомести штетата што ќе биде предизвикана.

## Пододдел 3

## СУКЦЕСИВНО ОСНОВАЊЕ

## Поим

### Член 303

(1) Друштвото може да се основа така што основачите ќе го усвојат статутот, ќе запишат определен број акции и ќе упатат јавен повик за запишување акции.

(2) Акциите што не се запишуваат врз основа на јавен повик, се преземаат и уплатуваат со соодветна примена на одредбите од овој закон што се однесуваат на преземањето акции кога друштвото се основа симултано.

## Јавен повик

### Член 304

(1) Јавниот повик со којшто се повикува на запишување акции се подготвува во согласност со одредбите на статутот, усвоен од основачите.

(2) Јавниот повик за запишување акции, покрај фирмата, седиштето и предметот на работење на друштвото што се основа, мора да содржи и податоци за:

1) датумот кога е усвоен статутот врз основа на којшто се издава јавниот повик;
2) износот на основната главнина;
3) непаричните влогови;

4) бројот, родот, а ако се издаваат повеќе родови, односно класи се наведуваат сите родови и класи на акции коишто се нудат на запишување, нивниот номинален износ и цената по којашто се продаваат, како и бројот и родот, односно класи на акциите, акциите што биле преземени без запишување и правата коишто издадените акции ги даваат, погодностите, ограничувањата и другите услови поврзани со родот и класата на акциите што се издаваат;

5) името и презимето на секој основач, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако основачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако основач е правно лице;

6) седиштето на банката кај којашто се запишуваат акциите и упатување дека таму може да се прегледа статутот, проспектот, а според случајот, и основачкиот извештај и извештајот на ревизијата на основање, ако таков извештај по барање на основачите, односно други лица, во согласност со овој закон, бил подготвен;

7) денот кога започнува и кога завршува запишувањето на акциите;

8) денот кога престанува обврската за запишувачот, ако основањето на друштвото дотогаш не биде пријавено за упис во трговскиот регистар;

9) кога и колку од запишаните акции треба да се уплатат пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во трговскиот регистар, односно кога се смета дека запишувањето на акции е успешно, како и последиците што настапуваат ако ратите не се уплаќаат целосно и навремено;

10) податоците за посебните погодности;

11) трошоците што се направени при основањето на друштвото, посебните плаќања, надоместоците и наградите, како и максималните трошоци што можат да бидат наплатени од основачите во случај на неуспешно основање на друштвото;

12) начинот на свикување на основачкото собрание и

13) највисокиот износ на трошоците на основањето, што паѓаат на товар на друштвото.

(3) Јавниот повик може да содржи и други податоци што се од значење за издавањето и продажбата на акциите.

(4) Јавниот повик е ништовен ако не ги содржи податоците од ставот (2) на овој член или ако содржи податоци со коишто се ограничуваат правата на запишувачот на акциите. Запишувачот на акции не може да се повика на тоа дека запишувањето акции не го обврзува или дека јавниот повик е ништовен ако друштвото е запишано во трговскиот регистар, а тој гласал на основачкото собрание или, подоцна, како акционер, остварувал право во друштвото или исполнил некоја обврска кон друштвото. Спрема друштвото нема правно дејство ограничувањето што не е содржано во јавниот повик.

(5) Податоците за основањето и други информации за друштвото се утврдуваат во проспект којшто е прилог кон јавниот повик.

(6) Основачката емисија на акции се смета за успешна ако биде запишан процентот на издадените акции утврден во јавниот повик, но не помалку од најмалиот износ на основната главнина, определен со овој закон, како услов за сукцесивно основање на акционерско друштво.

## Уписница

### Член 305

(1) Секој запишувач потпишува три примероци од изјавата за упис на акциите (уписницата), еден за себе и два за друштвото. Ако запишувањето се врши преку полномошник, кон уписниците што остануваат кај друштвото се приложува и полномошно.

(2) Уписницата содржи:

1) број, род и класа на запишаните акции, нивниот номинален износ и, ако тоа е потребно, и емисиона вредност;

2) изјава на запишувачот дека се обврзува да ја уплати акцијата според условите определени во јавниот повик;

3) паричен износ што запишувачот го уплатува при уписот;

4) изјава на запишувачот дека е запознат со статутот и со јавниот повик, односно со проспектот, со основачкиот извештај и со извештајот за ревизија на основањето ако таков извештај, по барање на основачите, односно на други лица, во согласност со овој закон, бил подготвен и дека се согласува со статутот и со начинот на којшто е основано друштвото;

5) потпис на запишувачот со назначување на името и презимето, односно името и презимето на неговиот полномошник, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако запишувачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС ако запишувачот е правно лице;

6) доказ од банката кај којашто се извршени, односно ќе бидат извршени уписот и уплатата, како и издадена потврда за примената уплата.

(3) Уписницата го обврзува запишувачот само ако друштвото биде основано.

(4) Уписницата е ништовна ако не ги содржи податоците од ставот (2) на овој член и со која, спротивно на законот, се ограничува одговорноста за обврските што ги презел запишувачот.

## Рок за запишување и неуспешен упис на акциите

### Член 306

(1) Рокот за запишување на акциите не може да биде подолг од 90 дена сметајќи од денот на започнувањето на запишувањето.

(2) Ако во рокот од ставот (1) на овој член не бидат запишани и, во согласност со јавниот повик, уредно платени сите акции што се понудени за упис, основачите можат во рок од 15 дена по истекот на рокот за запишување, незапишаните и неуплатени акции да ги запишат или да ги преземат самите. Во овој случај, рокот за распределба на акциите е 15 дена од истекот на претходниот рок.

(3) Ако основачите во рокот од ставот (2) на овој член не ги преземат или не ги запишат и не ги уплатат понудените акции за упис во согласност со условите утврдени во јавниот повик, основањето се смета за неуспешно, а основачите се должни во наредните 15 дена, со оглас да ги повикаат запишувачите за да ги подигнат уплатените износи. Огласот се објавува на ист начин на кој бил објавен јавниот повик.

## Распределба на запишаните акции

### Член 307

(1) Ако се запишани акции во обем со којшто се смета дека запишувањето на акциите е успешно, основачите, во рок од 15 дена по истекот на рокот за упис на акциите, што е определен во јавниот повик, ги распределуваат акциите меѓу запишувачите.

(2) На секое место каде што се врши запишување, на запишувачите мора да им се стави на увид потполн список од кој може да се види колку акции биле запишани од секој род и колку акции од секој род му се распределени на секој запишувач. Списокот содржи и покана за запишувачите на кои не им е доделена ниту една акција или не им се распределени сите запишани акции да ги подигнат уплатените износи за кои не им се распределени акции.

## Ненавремени уплати

### Член 308

(1) Ако некоја од обврските за уплата, што пристигнала пред уписот на друштвото во трговскиот регистар, не се изврши навремено, основачите можат преземањето, односно натамошниот упис на акциите да го огласат за неважечки, а акциите можат да ги запишат, односно преземат, односно да ги запишат тие самите или некое трето лице.

(2) Уплатите што ги извршил поранешниот запишувач или преземач на акциите му се враќаат намалени за трошоците што ги имало друштвото од неуспешниот упис на акциите од ставот (1) на овој член на начин определен во јавниот повик.

## Располагање со уплатите

### Член 309

(1) Основачите не можат да располагаат со уплатите за акции. Органот на управување може со уплатите да располага по уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

(2) Посебни надоместоци, поврат на уплата и награди не можат да се исплатуваат на товар на основната главнина.

## Свикување основачко собрание

### Член 310

(1) Основачкото собрание се одржува најдоцна за 60 дена по истекот на рокот за запишување на акциите, определен со јавниот повик, ако акциите не бидат запишани во пократок рок од рокот определен за запишување акции. Основачите го свикуваат основачкото собрание со повик, што мора да се објави на ист начин како и јавниот повик за запишување акции. Од денот на последното објавување на повикот за свикување на основачкото собрание и денот на одржувањето на основачкото собрание мора да поминат најмалку 15 дена.

(2) Основачите се должни во рокот од ставот (1) на овој член на запишувачите на кои им се распределени акции во банката во којашто се запишани да им ги стават на увид статутот, основачкиот извештај, јавниот повик, списокот на уписниците, извештајот на основачите за трошоците на основањето, списокот за распределбата на акциите и списокот на лицата кои презеле акции без запишување врз основа на јавниот повик со наведување на бројот и родот на

акциите коишто секој од нив ги презел и извештајот за ревизија на основањето, ако таков извештај, по барање на основачите, односно на други лица, бил подготвен.

(3) Судот на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на друштвото може, на предлог на основачите, ако за тоа постојат оправдани причини, рокот за одржување на основачкото собрание да го продолжи за 30 дена.

(4) За одржување на основачкото собрание соодветно се применуваат одредбите на овој закон за собранието, ако тоа поинаку не е определено со овој закон.

### Последици од неодржување на основачко собрание

### Член 311

(1) Ако основачкото собрание не се одржи во определениот рок, се смета дека основањето на друштвото не успеало.

(2) Основачите, во рок од 15 дена по истекот на рокот за одржување на основачкото собрание, со оглас објавен на ист начин како и јавниот повик ги повикуваат запишувачите на акции да ги подигнат уплатите.

(3) Ако основачите не постапат во согласност со ставот (2) од овој член, огласот ќе го објави судот, на предлог на кој било од запишувачите на акции, на трошок на основачите.

### Услови за полноважно одлучување на основачко собрание

### Член 312

(1) Основачкото собрание се одржува во седиштето на друштвото, ако со повикот не биде определено некое друго место.

(2) На основачкото собрание мора да бидат присутни основачите и запишувачите на акции кои имаат во сопственост мнозинство од сите акции, а ако друштвото издало акции од повеќе родови, тогаш и мнозинство на акции од секој род на акции.

(3) Основачкото собрание го отвора нотар, претходно определен од основачите. Нотарот мора да состави список на присутните основачи и запишувачи, односно на нивните полномошници и да утврди дали се исполнети условите за одржување на основачкото собрание.

(4) Ако на основачкото собрание не се исполнети условите од ставот (2) на овој член и ако рокот за одржување на основачкото собрание судот не го продолжил, во согласност со членот 310 став (3) од овој закон, основачите можат повторно да го свикаат собранието и тоа најдоцна во рок од 15 дена од денот на кој требало да се одржи неодржаното основачко собрание. Од денот на повторното свикување на собранието до денот на неговото одржување мора да поминат најмалку осум, а најмногу 15 дена. Повторно свиканото собрание работи и одлучува со кворумот определен во ставот (2) од овој член.

### Тек на основачкото собрание

### Член 313

(1) По отворањето на основачкото собрание се избира претседавач на основачкото собрание и двајца бројачи на гласови. Потоа, се чита основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основање, ако таков извештај, по барање на

основачите, односно други лица, во согласност со овој закон, бил подготвен. Прилозите кон наведените извештаи се читаат само ако тоа го побараат присутните и застапени основачи и запишувачи на акции кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас.

(2) Записникот за работа на основачкото собрание го води нотар. Записникот, освен нотарот, го потпишува претседавачот на основачкото собрание и бројачите на гласови.

### Надлежност на основачкото собрание

### Член 314

Основачкото собрание:

1) го усвојува основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основањето, ако таков бил подготвен;

2) утврдува дали се запишани, односно преземени и распределени сите акции, дали се внесени сите влогови што според закон и според статутот морале да се внесат до одржувањето на основачкото собрание и дали друштвото ќе може слободно да располага со она што е внесено по уписот во трговскиот регистар;

3) го утврдува износот на трошоците за основање коишто се на товар на друштвото и

4) ги избира оние органи на друштвото што според законот и статутот ги избира собранието, освен ако, во согласност со овој закон, не се назначени со статутот.

### Гласање на основачкото собрание

### Член 315

(1) На основачкото собрание секоја акција дава право на еден глас, освен за изборот на одборот на директори, односно надзорниот одбор за којшто право на глас даваат само акциите со право на глас.

(2) За прашањата од членот 314 точка 2 на овој закон што се однесуваат на непаричните влогови мора да се гласа одвоено за секој непаричен влог. Основачите и запишувачите на акции врз основа на непарични влогови немаат право на глас. Основачите немаат право на глас ниту кога се гласа за прашањата од членот 314 точки 1 и 3 на овој закон.

(3) На основачкото собрание се одлучува со мнозинство гласови од кворумот определен во членот 312 став (2) од овој закон, без акциите застапени на собранието што се изоставени од гласањето, во согласност со ставот (2) од овој член.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, изборот на одборот на директори, односно надзорниот одбор се врши со мнозинство од присутните основачи и запишувачи на акциите со право на глас, ако на основачкото собрание се присутни мнозинството основачи и запишувачи на акциите со право на глас.

(5) За измените на одредбите на статутот од членот 287 став (1) на овој закон е потребна согласност на сите основачи и запишувачи на акции.

### Пријава и податоци за упис

### Член 316

(1) Пријава за упис на сукцесивното основање на друштвото во трговскиот регистар се поднесува на начин и според условите од членот 297 на овој закон.

(2) Во трговскиот регистар се запишуваат податоците определени во членот 298 став (1) од овој закон. Секоја промена на запишаните податоци, освен податоците од членот 298 став (1) точка 5 се запишува во трговскиот регистар.

(3) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) статутот;

2) копија од пасош или од лична карта за странски физички лица или од друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во нивната земја, односно доказ за регистрација, ако основач е правно лице;

3) доказ за уплатениот износ од банката во којашто е извршена уплатата на акциите, а ако е внесен непаричен влог во недвижна ствар-со извештајот на проценителот и доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар)-доказ за сопственост над подвижната ствар и по еден примерок од проспектот врз основа на кој е запишана целата или дел од основната главнина, а доколку се вложуваат хартии од вредност во трговскиот регистар се доставува доказ за сопственост на тие хартии од вредност со прибелешка дека истите се вложуваат во трговско друштво и дека сопственикот не може да располага со истите. За таа цел, сопственикот на хартиите од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност доставува изјава заверена на нотар дека хартиите од вредност се вложени во трговско друштво и дека е согласен над истите да биде евидентирано ограничување за располагањето се до пренесувањето на истите на трговското друштво.

4) записникот од основачкото собрание со поканата за него и со списокот на учесниците;

5) одлуките за избор на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор ако тие не се назначени со статутот;

6) основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основањето ако таков извештај, по барање на основачите, односно други лица, во согласност со овој закон, бил подготвен;

7) договорите со коишто се утврдени или со коишто се вложени непарични влогови, ако во основањето се вложуваат непарични влогови;

8) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;

9) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од овој закон и

10) изјавата, во согласност со членот 32 од овој закон.

(4) Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор, како и другите лица кои, според статутот, се овластени за застапување поднесуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.

(5) Основачите на друштвото одговараат за веродостојноста, вистинитоста и точноста на податоците, содржани во пријавата и за прилозите за коишто со овој закон е определено дека се приложуваат кон пријавата за упис на основањето на друштвото.

## Соодветна примена на други одредби при сукцесивно основање

### Член 317

(1) На одговорноста за штетата причинета во постапката за основање на друштвото, односно на одговорноста на основачите и на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор, на одговорноста на други лица и на одговорноста за лажните изјави соодветно се применуваат одредбите од членот 296 став (4) и членовите 299, 300 и 301 на овој закон.

(2) На постапувањето од името на друштвото пред неговиот упис во трговскиот регистар се применуваат одредбите од членот 23 на овој закон.

## ОДДЕЛ 4

## АКТИ, ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМИРАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ

### Начин на објавување на податоците и извештаите

### Член 318

Органот на управување го определува начинот на објавувањето на податоците и извештаите за коишто со статутот е определена обврската за нивно објавување во гласило на друштвото, во дневен весник, интернет или на друг начин и ги утврдува податоците и извештаите кои се објавуваат, а за кои смета дека се значајни за акционерите и друштвото, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

### Акти и документи коишто мораат да се чуваат

### Член 319

Друштвото, во своето седиште, мора да ги чува следниве акти и документи:

1) статутот и другите акти, како и сите нивни измени и дополнувања,заедно со пречистените текстови;

2) записниците и сите други документи од сите собранија на акционерите;

3) записниците и одлуките од состаноците на органот на управување, односно на надзорниот одбор;

4) годишните сметки и финансиските извештаи коишто треба да се чуваат според закон;

5) прилози (исправи и докази) коишто се поднесени до трговскиот регистар;

6) сите јавни повици и проспекти за издавање акции и други хартии од вредност на друштвото;

7) целокупната писмена кореспонденција на друштвото со неговите акционери;

8) ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите избрани членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор;

9) документите за залог и хипотека;

10) извештајот на овластениот ревизор и извештајот на овластениот проценител;

11) гласачките ливчиња и полномоштвата за учество на собранието во оригинал или копија;

12) колективниот договор на ниво на друштвото и

13) целокупната документација поврзана со одобрувањето на зделката со заинтересирана страна;

14) други акти и документи предвидени со закон и со статутот.

### Право на информирање

### Член 320

(1) На секој акционер мора да му се обезбеди право на увид во актите и другите документи на друштвото од членот 319 на овој закон, во седиштето на друштвото, на начин определен во статутот.

(2) Правото на информирање за записниците и одлуките од состаноците на органите на управување акционерите го остваруваат преку неизвршните членови на одборот на директори или преку надзорниот одбор.

(3) Друштвото може да бара од акционерот кој бара увид, претходно да го информира друштвото за увидот, во рок не подолг од три дена пред денот на бараниот увид. Друштвото може да бара акционерот да ги плати трошоците за бараните копии, коишто не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.

(4) Ако друштвото не му дозволи на акционерот да оствари увид и копирање на актите и документите, акционерот може да поднесе предлог до судот да му се овозможи увид во актите и документите. Во предлогот, акционерот ги наведува актите и документите коишто сака да ги разгледа или да ги добие, како и формата во којашто сака да му бидат доставени.

(5) Судот во рок од три дена од поднесувањето на предлогот донесува одлука со којашто го задолжува друштвото да му дозволи на акционерот-подносител на предлогот, да изврши увид во актите и документите коишто ги навел во предлогот или да му даде препис на актите и документите на трошок на друштвото.

(6) Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, со статутот и со друг акт на друштвото, или ако тие веќе не се јавно објавени.

## ОДДЕЛ 5

## ПРАВНИ ОДНОСИ МЕЃУ ДРУШТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ

### Начело на еднаква положба на акционерите

### Член 321

(1) Акционерите под еднакви услови имаат еднаква положба во друштвото.

(2) Секој склучен договор или преземена друга правна работа од некои од акционерите со којашто се повредуваат правата и интересите на други акционери е ништовна, освен ако со тој договор, односно со правната работа не се согласат сите акционери.

### Основна должност на акционерот

### Член 322

(1) Акционерот е должен на друштвото да му го плати номиналниот износ на акцијата, односно поголемиот износ ако акцијата е издадена со поголем износ од номиналниот износ, како и да му го пренесе непаричниот влог ако акцијата ја стекнува врз основа на внесување непаричен влог.

(2) Условите за плаќање на акциите коишто акционерите ги запишале, а не ги платиле се еднакви за сите акционери според родот и класата на акциите.

(3) Акционерот не може побарувањата спрема друштвото да ги пребива со уплатите на акциите ниту може над непаричните влогови да остварува право на задржување, освен ако се работи за заем што се трансформира во влог во друштво.

(4) Друштвото не може на одделни акционери да им ја одложи уплатата ниту да ги ослободи од уплатата ниту може на име на уплатата да прими нешто друго од она што е предвидено во статутот. Непаричниот влог што се состои од побарување се смета за внесен дури откако друштвото ќе го наплати, односно преземе. Друштвото му одговара на акционерот ако за наплатувањето не се грижи со внимание на уреден и совесен трговец.

## Последици од ненавремена уплата

### Член 323

(1) Акционерот мора да ги плати акциите на повик на органот на управување на друштвото според условите под коишто ги запишал. Повикот се врши со лично известување на акционерите, освен ако со статутот поинаку не е определено.

(2) Акционерот кој во согласност со ставот (1) од овој член навреме не ја изврши уплатата, нема право на глас се додека не ја плати сета заостаната уплата, вклучувајќи и законска затезна камата. Акционерот кој не ги платил акциите во утврдениот рок е должен да плати законска затезна камата.

(3) Ако акционерот е во задоцнување со внесувањето на непаричниот влог, тој е должен да плати договорна казна под условите определени со договорот за преземање на непаричниот влог во согласност со статутот.

## Исклучување на акционер

### Член 324

(1) На акционерот кој нема да ги плати запишаните акции во рокот и според условите под кои ги запишал може, со препорачано писмо, да му се даде дополнителен рок, со предупредување дека, ако во дадениот рок не ја исполни обврската за плаќање, ќе му се одземат сите делумно платени акции за коишто бил предупреден да ги плати. Давањето на дополнителниот рок се објавува во дневен весник.

(2) На акционерот кој, и покрај предупредувањето од ставот (1) на овој член, нема да го уплати износот којшто од него се бара во корист на друштвото, му се одземаат акциите и се исклучува од друштвото. Во објавата од ставот (1) на овој член се наведуваат акциите што му се одземаат во корист на друштвото.

(3) За исклучувањето од друштвото, акционерот се известува во писмена форма, со препорачано писмо или со писмо доставено лично на рака.

## Правата и обврските на исклучениот акционер

### Член 325

(1) Ако друштвото ги продаде акциите што ги одзело од исклучениот акционер:

1) под нивниот номинален износ, а средствата не се доволни да се намират неплатениот дел од влогот, како и трошоците и законската затезна камата, исклучениот акционер е должен на друштвото да му ја доплати разликата;

2) според нивниот номинален износ, по намирувањето на трошоците и законската затезна камата друштвото му го враќа претходно платениот износ намален за трошоците и затезната законска камата и

3) над нивниот номинален износ, по намирувањето на трошоците и законската затезна камата, друштвото му го враќа претходно платениот износ намален за трошоците и законската затезна камата, до номиналниот износ на акцијата, а разликата ја задржува друштвото.

(2) Исклучениот акционер има обврска да плати и договорна казна, ако е утврдена во јавниот повик, за ненавремено внесување на непаричен влог. Со исплатите од ставот (1) на овој член не се исклучува и одговорноста на исклучениот акционер за причинетата штета на друштвото поради пропуштањето на уплатата.

### Продажба на акциите на исклучениот акционер

### Член 326

(1) Акциите на исклучениот акционер друштвото ги продава преку берза или на друг организиран пазар. Акциите можат да се продадат и претворат во пари и на друг начин само со согласност на исклучениот акционер.

(2) Ништовни се одредбите од статутот како и другите правни работи и дејствија што се спротивни на одредбите од членовите 324 и 325 на овој закон и ставот (1) од овој член.

### Одговорност на имател на делумно платени акции

### Член 327

(1) Секој сопственик на делумно платени акции е лично одговорен за неплатениот дел од износот за којшто биле издадени акциите. Друштвото не може да го ослободи сопственикот на делумно платени акции од обврската да го плати неплатениот дел од цената на запишаните акции.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, друштвото може да го ослободи акционерот од обврската за плаќање на запишаните акции само во случај на намалување на основната главнина со повлекување акции до износот за којшто е намалена основната главнина на начин и според условите утврдени со овој закон.

### Забрана на враќање влог и плаќање камата

### Член 328

(1) Освен во случаите предвидени со овој закон, на акционерите не им се враќа уплатениот влог. За враќање влог не се смета плаќањето на куповната цена при дозволеното стекнување сопствени акции од страна на друштвото.

(2) На акционерите не смее да им се ветува ниту да им се исплатува камата за внесениот влог во друштвото.

### Учество на акционерите во добивката

### Член 329

(1) Акционерите имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон или на статутот, добивката е изоставена од распределбата меѓу акционерите.

(2) Учеството на акционерите во добивката се определува според родот и класата на акциите.

(3) Дивидендата за секој род или класа на акции се плаќа сразмерно на сопствениците од тој род или класа на акции. Ако влоговите во основната главнина не се платени во целост или не се платени сите акции во ист сооднос, акционерите кои навремено ги извршуваат своите обврски учествуваат во распределбата на добивката сразмерно на уплатениот дел од акциите. Извршените уплати во текот на деловната година се земаат предвид според времето на уплатата.

(4) Пред престанувањето на друштвото, на акционерите може да им се подели само добивка којашто произлегува од билансот на успех.

## Одговорност на акционер кој примил забранетото плаќање

### Член 330

(1) Акционер кој примил од друштвото аванс од дивиденда, дивиденда или други средства по која било основа, има обврска да му ги врати на друштвото, ако друштвото докаже дека акционерот знаел или, со оглед на околностите, морал да знае дека распределбата на средствата е во спротивност со закон.

(2) Враќање на средствата од ставот (1) на овој член, примени спротивно на законот, можат да побараат и доверителите ако тие не можат да ги наплатат своите побарувања од друштвото. Ако над друштвото е отворена стечајна постапка, за време на траењето на стечајната постапка, стечајниот управник го остварува правото на доверител во однос на акционерите.

(3) Правото за поднесување тужба за случаите од ставовите (1) и (2) на овој член застарува за пет години од примањето на забранетото плаќање.

## Сосопственици на акција

### Член 331

(1) Сосопствениците на акција ги остваруваат своите права преку еден заеднички застапник.

(2) Правните дејствија што друштвото ги презема спрема сосопствениците ги врши спрема заедничкиот застапник ако на друштвото му е пријавен заеднички застапник. Ако на друштвото не му е пријавен заеднички застапник, друштвото може да преземе некое правно дејствие, односно да ја изрази волјата спрема кој било сосопственик со што се смета дека правното дејствие е преземено, односно дека друштвото ја изразило својата волја спрема сите.

(3) Застапникот се запишува во акционерската книга во Централниот депозитар за хартии од вредност.

(4) За обврските од акциите сите сосопственици одговараат како солидарни должници.

## Забрана за запишување сопствени акции

### Член 332

(1) Друштвото не може да запишува сопствени акции.

(2) Секој кој за сметка на друштвото презел акции не може да се повикува на тоа дека не ги презел за своја сметка. На оној кој ги презел акциите за сметка на друштвото не му припаѓаат никакви права од акциите се додека акциите не ги преземе од свое име.

(3) Ако бидат запишани акции спротивно на ставот (2) на овој член, основачите или членовите на органот на управување имаат обврска лично да ги платат тие акции, ако не постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

**Стекнување сопствени акции со откуп**

**Член 333**

(1) Друштвото може да стекнува сопствени акции со откуп, самото или преку лице кое дејствува од свое име, а за сметка на друштвото. Откупот на сопствени акции е полноважен под следниве услови:

1) собранието да донесе одлука за стекнување сопствени акции со откуп во којашто се утврдени начинот на откупот, максималниот број на акции којшто треба да се стекне, времето во коешто откупот треба да се изврши и коешто не може да биде подолго од 12 месеца од денот на донесувањето на одлуката за стекнување сопствени акции, минималната и максималната противвредност којашто може да се плати за нив;

2) номиналниот износ на стекнатите акции, заедно со акциите што друштвото ги стекнало претходно, односно коишто друштвото ги држи, да не надмине една десеттина од основната главнина;

3) со стекнувањето на сопствените акции, да не се намали имотот на друштвото под износот на основната главнина и резервите коишто, според законот или според статутот, мора да ги има и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите и

4) со откупот да се стекнуваат само акции коишто во целост се уплатени.

(2) По исклучок, друштвото може да стекнува сопствени акции спротивно на условите определени во ставот (1) точка 1 од овој член кога стекнувањето сопствени акции е неопходно за да се спречи сериозна и непосредна штета што би ја претрпело друштвото. Одлуката ја донесува одборот на директори, односно управниот одбор по претходна согласност на надзорниот одбор. Во овој случај, одборот на директори, односно управниот одбор е должен на првото наредно собрание да го извести собранието за причините и целта на извршеното стекнување сопствени акции, за бројот и номиналниот износ на стекнатите акции, за делот од основната главнина којшто го претставуваат стекнатите акции, цената по која се стекнати, како и за изворот на средствата коишто се користени за нивното стекнување.

(3) Доколку членовите на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор и на надзорниот одбор, со одлуката за стекнување на сопствени акции од ставот (2) на овој член му причиниле штета на друштвото или на акционерите, тие имаат обврска штетата да ја надоместат како солидарни должници од сиот свој имот.

(4) Одредбата од ставот (1) точка 1 на овој член не се применува на стекнатите сопствени акции, било од страна на самото друштво, било од лице кое дејствува од свое име, но за сметка на друштвото, со цел да бидат распределени на вработените во друштвото или на вработените во друштво поврзано со него. Распределбата на таквите акции мора да се изврши во рок од една година, сметајќи од денот на стекнувањето на овие акции.

## Постапка за пропорционално стекнување сопствени акции од акционерите

### Член 334

(1) Кога друштвото стекнува сопствени акции пропорционално од сите акционери, друштвото врз основа на одлуката за стекнување сопствени акции упатува јавен повик во којшто е содржана понуда за стекнување акции до сите акционери. Во повикот се наведува бројот на акциите што друштвото има намера да ги стекне, при што се наведува родот и класата на акциите, сразмерниот број на акции што секој акционер може да ги понуди за продажба во однос на бројот на акции што ги поседува, куповната цена или начинот на пресметување на куповната цена, постапката за плаќање и датумот на плаќање, како и постапката и крајниот рок во којшто сите акционери треба да ги понудат своите акции за продажба на друштвото. Објавувањето на јавниот повик трае најмалку 30 дена од денот на објавувањето.

(2) Ако вкупниот број на понудени акции од акционерите за продажба на друштвото го надминува бројот на акциите што друштвото може да ги стекне, во согласност со овој закон, друштвото ќе купи акции од секој акционер сразмерно на бројот на акциите што секој акционер ги понудил за продажба во однос на бројот на акции што ги поседува, освен во случај кога е потребно да се избегне купување на делови од акција.

## Посебни начини на стекнување на сопствени акции

### Член 335

(1) Стекнувањето на сопствените акции се врши без примена на условите од членот 333 став (1) на овој закон, ако:

1) врз основа на одлука на собранието, повлекувањето акции се врши според одредбите од овој закон за намалување на основната главнина;

2) бесплатно или кога банка, инвестиционен фонд и друга финансиска институција купува акции од свое име од провизијата којашто ја стекнува со купување на акции;

3) како последица на универзална сукцесија на имотот;

4) во постапка за присилно извршување заради намирување на побарување на друштвото по основа на одлука на суд;

5) во случај на спојување, присоединување и поделба и при преобразба од една во друга форма на друштвото, кога во согласност со овој закон друштвото има обврска да ги откупи акциите на акционерите кои не ја прифатиле понудата да примат акции;

6) при исклучување на акционер, во согласност со членот 324 од овој закон;

7) акции стекнати по сила на законска обврска или врз основа на одлука на суд и

8) како компензација за долг или во постапка на реорганизација на должникот, во согласност со Законот за стечај.

(2) Акциите стекнати во случаите наведени во ставот (1) од овој член мора да се целосно платени и мора да се отуѓат во рок од три години од денот на нивното стекнување, освен ако номиналниот износ на стекнатите акции, вклучувајќи ги и стекнатите сопствени акции, според членот 333 од овој закон не надминува една десеттина од основната главнина.

(3) Ако акциите кои се стекнати според ставот (1) од овој член не се отуѓат и истите претходно се понудени за продажба по пат на јавна понуда во рокот од ставот (2) на овој член, но продажбата не била успешна, тогаш акциите кои се стекнати според ставот (1) од овој член без одлагање треба да бидат поништени. Кога поништувањето на сопствените акции доведува до намалување на имотот на друштвото под номиналната вредност на основната главнина, мора да се спроведе постапка за намалување на основната главнина.

**Отуѓување сопствени акции**

**Член 336**

(1) Акциите стекнати спротивно на членовите 333, 334, 335 се отуѓуваат во рок од една година од денот на нивното стекнување. Ако акциите не се отуѓат во тој рок, ќе се применуваат одредбите од членот 335 став (3) на овој закон.

(2) Без оглед на тоа како се стекнати сопствените акции, односно согласно со или спротивно на одредбите на членовите 333, 334 и 335 од овој закон и без оглед на роковите за нивно отуѓување, пред да се поништат, сопствените акции мора претходно да бидат понудени за продажба по пат на јавна понуда.

**Известување за стекнатите сопствени акции**

**Член 337**

Во годишниот извештај за работа на друштвото задолжително се наведуваат:

1) причините поради кои во текот на годината е извршено стекнување сопствени акции;

2) бројот, номиналниот износ на стекнатите и отуѓени сопствени акции по која било основа во претходната финансиска година, нивното учество во основната главнина и противвредноста што е платена за нив;

3) вкупниот број и цената по којашто во претходните години, се стекнати и отуѓени порано стекнатите сопствени акции и нивното учество во основната главнина и

4) бројот, номиналниот износ на стекнатите сопствени акции коишто се распределени на вработените и нивното учество во основната главнина.

**Права од сопствени акции**

**Член 338**

Правата од стекнатите сопствени акции мируваат.

**Акции со право на откуп од страна на друштвото**

**Член 339**

(1) Со статутот, друштвото може да биде овластено да издава акции во кои е содржано правото на друштвото во определен рок да ги откупува така издадените акции. Откупот е полноважен ако се исполнети следниве услови:

1) условите и начинот на откуп да бидат определени со статутот;

2) собранието да донесе одлука за откуп на таквите акции пред да бидат запишани;

3) акциите треба да бидат платени целосно;

4) откупот мора да се изврши само со средства коишто ја надминуваат основната главнина и резервите, што според овој закон и статутот не смеат да се распределуваат на акционерите и

5) износот којшто не е помал од номиналниот износ на издадените акции мора да се стави во резервите, коишто според овој закон и статутот не можат да се распределуваат, освен во случај на намалување на основната главнина.

(2) Одредбата од ставот (1) точка 2 на овој член нема да се применува на откупите при коишто се употребуваат средства за издавање нови акции со коишто се откупуваат постојните акции, а во кои е содржано правото на откуп од страна на друштвото.

(3) Ако постои одредба за плаќање премија на акционерите при откупот, премијата може да се исплатува само од резервите коишто можат да им се распределуваат на акционерите.

(4) Во статутот мора да се утврди рокот за откуп на акциите, во коишто е содржано правото на откуп од страна на друштвото.

(5) Известување за откуп на акциите од ставот (1) на овој член се објавува во ,,Службен весник на Република Македонија".

## Ништовни правни работи

### Член 340

(1) Ништовна е правната работа со која друштвото некому дава аванс, заем, кредит или обезбедување заради стекнување акции во тоа друштво. Тоа не се однесува на тековните правни работи на банките, како и на други финансиски институции, ако со посебен закон поинаку не е определено, или кога друштвото стекнува сопствени акции за да ги распредели на вработените под условите утврдени со овој закон.

(2) Ништовна е правната работа и во случаите кога друштвото стекнало сопствени акции од резервите што биле потребни да се одржи номиналниот износ на основната главнина или резервите што според законот и статутот не можеле да се користат за други намени.

(3) Ништовна е правната работа меѓу друштвото и друго лице со која другото лице се овластува или се обврзува да стекне акции во друго друштво за сметка на друштвото, за сметка на зависно од него друштво или за сметка на друштво во коешто друштвото има мнозински удел, ако стекнувањето акции од страна на друштвото е спротивно на членот 333 ставови (1) и (2) од овој закон.

(4) Ништовно е стекнување сопствени акции по која било основа, ако не е во целост уплатен номиналниот износ на акциите на којшто се издадени.

## Земањето на сопствени акции во залог

### Член 341

(1) Земањето сопствени акции во залог и други начини на обезбедување од друштвото или од лице коешто дејствува од свое име, но за сметка на друштвото, ќе се смета како стекнување сопствени акции за целите определени во членовите 333, 335, 337 и 339 од овој закон.

(2) Ставот (1) од овој член не се применува на тековните правни работи на банките, како и на други финансиски институции, ако со посебен закон поинаку не е определено.

# ОДДЕЛ 6

# ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

## Пододдел 1

## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Системи на управување

#### Член 342

(1) Управувањето со друштвото може да биде организирано според едностепен систем (одбор на директори) или според двостепен систем (управен одбор или управител и надзорен одбор).

(2) Друштвото го избира системот на управување. Со измени на статутот може едностепениот систем на управување да биде заменет со двостепен и обратно.

(3) Одредбите за собранието соодветно се применуваат како на друштвата со едностепен, така и на друштвата со двостепен систем на организација на управувањето.

(4) Учеството на вработените во управувањето со друштвото се уредува со закон.

### Услови за избор

#### Член 343

(1) За член на органот на управување, односно на надзорниот одбор можат да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни.

(2) За член на органот на управување, односно на надзорниот одбор не може да биде избрано лице против кое е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана за вршење должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на друштвото додека трае таа забрана.

### Органи што вршат избор

#### Член 344

(1) Членовите на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор ги избира собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието со овој закон, освен ако со статутот не е определено повисоко мнозинство, на начин и според условите определени во статутот.

(2) Ако тоа е определено во статутот, изборот на членовите на одборот на директори или на надзорниот одбор може да се врши со кумулативно гласање. Акционерот со право на глас има право да ги даде гласовите што ги има врз основа на акциите, помножени со бројот на членовите кои се избираат во корист на еден кандидат или да ги распредели меѓу кандидатите на кој било начин. Изборот од кандидатите се врши во исто време. Дадените гласови за секој од кандидатите се пресметуваат поединечно. За избрани се сметаат кандидатите коишто ќе добијат најголем број гласови.

(3) Пред да се пристапи кон избор на член на одборот на директори, односно на член на надзорниот одбор, во согласност со ставовите (1) и (2) од овој член, за секој кандидат, во писмена форма, се објавуваат податоци за возраста, полот,

образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото.

(4) Податоците утврдени во ставот (3) од овој член им се доставуваат на акционерите најдоцна седум дена пред собранието да пристапи кон избор. Податоците се достапни на секој акционер.

(5) Одлуката на собранието за избор на одборот на директори или на надзорниот одбор, односно на нивен член влегува во сила од денот на донесувањето. Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраниот одбор на директори, надзорниот одбор, односно на нивен член ја поднесува лицето определено со одлука на собранието. Решение за упис во трговскиот регистар, во согласност со одлуката на собранието, мора да биде донесено во рок од 48 часа од поднесувањето на пријавата.

### Мандат

### Член 345

(1) Членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор се избираат за период којшто се определува со статутот, но којшто не може да биде подолг од шест години. Ако во статутот не е определено траењето на мандатот на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, нивниот мандат изнесува четири години.

(2) Членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани, освен ако со статутот поинаку не е определено.

### Ограничувања за избор

### Член 346

(1) Неизвршен член на одборот на директорите, односно член на надзорниот одбор во исто време не може да биде избран во повеќе од пет одбори на директори, како неизвршен член, како ни во повеќе од пет надзорни одбори на акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

(2) Извршен член на одборот на директори и член на управниот одбор не може да биде избран за извршен член на одбор на директори, односно за член на управен одбор во други акционерски друштва со седиште во Република Македонија, освен во банки, во друштва за осигурување и во други друштва ако тоа е определено со закон.

(3) Извршен член на одборот на директори и член на управен одбор може да биде избран за неизвршен член, како и за член на надзорен одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

(4) Ограничувањето од ставот (1) на овој член не се применува на правните лица.

### Непотполн состав

### Член 347

(1) Ако одделни членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор престанат да ги вршат своите функции во текот на мандатот или ако се спречени да ги вршат, другите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор продолжуваат со работа до пополнувањето на испразнетото место.

(2) Ако бројот на членовите на одборот на директори, односно на надзорниот одбор се намали под бројот определен со статутот, но не помал од минималниот број определен со законот, одборот на директори, односно надзорниот одбор може, во рок од 90 дена од денот кога на членот му престанала функцијата, да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста член на одборот на директори, односно на надзорниот одбор до наредното собрание. Донесените одлуки и преземените правни работи и дејствија од страна на одборот на директори, односно на надзорниот одбор остануваат полноважни.

(3) Ако бројот на членовите на одборот на директори, односно на надзорниот одбор се намали под бројот определен со закон, преостанатите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор мораат во рок од три дена да свикаат собрание за да се пополни составот на одборот на директори, односно на надзорниот одбор. Ако собранието не биде свикано во овој рок, собранието го свикуваат неизвршните членови на одборот на директори, односно на управниот одбор, во рок од три дена по истекот на претходниот рок.

(4) Ако одборот на директори, односно надзорниот одбор не изврши избор на вршител на должноста член на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, ако преостанатите членови на одборот на директори или на надзорниот одбор не го свикаат собранието, односно ако неизвршните членови на одборот на директори или на управниот одбор не го свикаат собранието во роковите од ставовите (2) и (3) на овој член секое лице кое има правен интерес може, со предлог, да бара од судот да определи физичко лице кое ќе го свика собранието.

## Забрана за конкуренција

### Член 348

(1) Членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, како и членови на нивните семејства (сопружници, родители и деца) без одобрение на одборот на директори, односно на надзорниот одбор не смеат:

1) за своја или за туѓа сметка да вршат работи коишто спаѓаат во предметот на работење на друштвото;

2) да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;

3) да биде член на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и друштвото и

4) во просториите на друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка.

(2) Пред изборот на физичко лице за член на органот на управување, кандидатот во писмена форма, го известува органот на друштвото овластен за неговиот избор за сите свои дејности и активности во друго друштво, платени или неплатени, кои ги врши за сопствена сметка или за сметка на кое било друго лице.

(3) Собранието мора да биде известено на првата наредна седница за даденото одобрение од ставот (1) на овој член.

(4) Ако членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор постапи спротивно на забраните од ставот (1) на овој член, односно премолчи релевантен факт во известувањето од ставот (2) на овој член, друштвото може:

1) да бара надомест на штета или

2) да бара на друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде користа што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка.

(5) Ако членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор не ја надомести штетата или не му ја отстапи правната работа на друштвото склучена за своја сметка или не му ја даде на друштвото користа што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка или на друштвото не му го пренесе побарувањето коешто произлегло од неа, другите членови на одборот на директори, на управниот одбор, односно на надзорниот одбор и кој било акционер можат да поднесат тужба за остварување на барањата од ставот (4) на овој член.

(6) Правото за остварување на барањата од ставот (4) на овој член застарува во рок од 90 дена од денот кога неизвршните членови на одборот на директори, членовите на надзорниот одбор, односно акционер дознале за дејствието врз основа на кое постои право на надомест на штета, односно право да бара друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде користа што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка. По истекот на рокот од пет години од денот на настанувањето на повредата на забраната, барањата од ставот (4) на овој член не можат да се остварат.

## Судир на интересите

### Член 349

(1) За секој договор или друга деловна активност на друштвото во којашто друштвото е странка и во којашто член на органот на управување, односно на надзорниот одбор има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи според членовите 457, 459 и 460 од овој закон.

(2) Секој член на органот на управување, односно на надзорниот одбор кој има интерес е должен веднаш да го пријави тоа.

(3) Ако член или заинтересиран член на органот на управување, односно на надзорниот одбор дојде до сознание дека е исполнет некој од условите од ставот (1) на овој член, за тоа веднаш го известува одборот на директорите, односно надзорниот одбор. Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со другата правна работа ниту во донесувањето на одлуката за давање на одобрението од членот 460 став (1) на овој закон.

(4) Ако одборот на директори, надзорниот одбор, односно собранието не дале одобрение или ако одлуката со којашто е дадено одобрението е незаконита, не можат да се истакнуваат барања спрема трети лица, освен ако друштвото докаже дека третото лице знаело за непостоењето одобрение или за незаконитоста на одлуката или, со оглед на сите околности, морало да знае за тоа.

## Права и обврски

### Член 350

Правата и обврските на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот, покрај правата и обврските определени со овој закон, можат да бидат определени со договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директорите, член на управниот одбор, односно управителот. Од името на друштвото, договорот со

извршен член на одборот на директори го склучуваат неизвршните членови на одборот на директори, а го потпишува претседателот на одборот на директори, а договорот меѓу член на управниот одбор или управителот и друштвото го склучува надзорниот одбор, а го потпишува претседателот на надзорниот одбор.

## Еднаква положба

### Член 351

(1) Членовите на органот на управување, на надзорниот одбор, односно управителот, во согласност со нивната положба, определена со овој закон, имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот. Работите ги вршат заедно според овластувањата определени со овој закон и според работите што им се доверени во согласност со овој закон и со статутот. Со статутот може да се определи и поинаков начин на водење и вршење на овие работи, но само според овластувањата на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор определени со овој закон.

(2) Актите, односно одлуките на органот на управување, односно на надзорниот одбор кои се донесени надвор од нивните овластувања определени со овој закон и со статутот, го обврзуваат друштвото во односите со трети лица, освен кога третото лице знаело или со оглед на околностите морало да знае за тоа.

(3) Органот на управување, односно надзорниот одбор работи и одлучува на начин определен со овој закон, со статутот и со неговиот деловник за работа. Деловникот за работа се донесува на начин определен со статутот.

## Извештај за работењето на друштвото

### Член 352

(1) Извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно управителот најмалку еднаш во три месеца му поднесуваат на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор пишан извештај за работењето на друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото.

(2) На барање на неизвршните членови на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор, извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно управителот составуваат посебен извештај за состојбата на друштвото или за некое прашање од неговото работење.

(3) Неизвршните членови на одборот на директорите, односно надзорниот одбор можат сами или преку други лица да преземаат дејствија заради стекнување увид во работењето на друштвото и управувањето со него од страна на извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, односно управителот. На барање на најмалку една третина од неизвршните членови на одборот на директорите, односно од членовите на надзорниот одбор, извршните членови на одборот на директорите, односно членовите на управниот одбор или управителот се должни да ги подготват сите документи и известувања потребни за вршење на надзор над неговата работа.

(4) Секој неизвршен член на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор, заради извршување на својата функција, има право да ги разгледува сите извештаи, акти и документи што извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, односно управителот ги доставуваат на неизвршните членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор.

## Подготвување и спроведување на одлуките на собранието

### Член 353

Органот на управување, при подготвување и спроведување на одлуките на собранието, особено е должен:

1) на барање на собранието да ги подготви општите акти и одлуките чиешто донесување е во надлежност на собранието;

2) да ги подготви договорите коишто можат да се склучат само со согласност на собранието;

3) да ги извршува одлуките коишто собранието ги донесува во рамките на неговата надлежност и

4) да врши и други работи коишто со овој закон ги има спрема собранието и што се во рамките на неговата надлежност.

## Обврска во случај на загуба, на презадолженост и на неспособност за плаќање

### Член 354

(1) Ако друштво во текот на работењето, а особено ако според тримесечната или полугодишната пресметка, односно годишната сметка покажува нова загуба, поголема од 30% од вредноста на имотот на друштвото, односно 50% од основната главнина, извршните членови на одборот на директори, односно управниот одбор мораат веднаш да подготват извештај во писмена форма во којшто ќе ги објаснат причините за загубата и ќе предложат мерки со коишто загубата ќе биде покриена. Извештајот се одобрува од одборот на директори, односно од надзорниот одбор. Во рок од 48 часа од сознавањето дека друштвото покажало загуба, органот на управување свикува собрание на кое ќе ги извести акционерите за состојбата и за преземените мерки.

(2) Ако настапи околност којашто со законот е определена како услов за отворање на стечајна постапка, органот на управување, најдоцна во рок од 21 ден од денот на настанувањето на условот за отворање стечајна постапка, свикува собрание на коешто ги известува акционерите за состојбата и за преземените мерки, како и за мерките што треба да бидат преземени и одобрени од акционерите на собранието.

(3) По настапувањето неспособност за плаќање на друштвото или негова презадолженост, органот на управување не смее да предлага или да врши исплати, освен плаќања коишто се неопходни за редовно работење на друштвото и коишто се вршат со внимание на совесен и уреден трговец.

(4) Членовите на органот на управување солидарно им одговараат на доверителите и на акционерите за предизвиканата штета ако постапиле спротивно на ставовите (1), (2) и (3) од овој член.

## Кворум за работа и за одлучување

### Член 355

(1) Одборот на директорите може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови на одборот на директори мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови на одборот на директори.

(2) Управниот одбор или надзорниот одбор може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови.

(3) Одредба во статутот спротивна на ставовите (1) и (2) од овој член е ништовна.

(4) Органот на управување, односно надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од кворумот определен во ставовите (1) и (2) на овој член, ако со овој закон и со статутот не е определено поголемо мнозинство.

(5) Гласот на претседателот на органот на управување, односно на надзорниот одбор, а во негово отсуство на претседавачот кој е овластен од претседателот да го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите, освен ако со статутот поинаку не е определено.

(6) Одлуките на органот на управување, односно на надзорниот одбор влегуваат во сила од денот на нивното донесување, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

## Состаноци и известување

### Член 356

(1) Органот на управување одржува состанок кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

(2) Секој член на органот на управување, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот да свика состанок на органот на управување.

(3) Ако членот кој барал свикување на состанок добие поддршка од најмалку една третина од членовите на органот на управување за свикување состанок, претседателот на органот на управување мора да свика состанок во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.

(4) Свикувањето на состанокот од ставот (3) на овој член се врши со известување до сите членови на органот на управување, што е вообичаено за свикување на состаноците на органот на управување, во коешто се наведуваат причините, времето и местото на одржувањето на состанокот.

## Состаноци преку конференциска телефонска врска

### Член 357

(1) Членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг, освен ако тоа не е забрането со статутот. Учеството на ваквите состаноци се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.

(2) Учеството на состанокот се запишува во записникот на органот на управување, односно на надзорниот одбор, кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот, организиран на начин од ставот (1) на овој член.

## Одлучување без одржување состанок

### Член 358

(1) Со статутот може да се предвиди органот на управувањето, односно надзорниот одбор да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок.

(2) За сите одлуки донесени на начин од ставот (1) на овој член, претседателот на органот на управување, односно на надзорниот одбор или физичкото лице коешто тој ќе го овласти, подготвува записник во којшто се евидентираат одлуките. Записникот го потпишува претседателот на органот на управување, односно на надзорниот одбор, а во негово отсуство член на органот на управување, односно на надзорниот одбор, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за одлуката којашто ја донеле без одржување состанок.

(3) Одлуките донесени на начин од ставот (1) на овој член влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од ставот (1) на овој член од страна на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на влегување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

## Комисии

### Член 359

(1) Органот на управување, односно надзорниот одбор може да формира една или повеќе комисии од редот на своите членови и од други лица.

(2) Комисиите не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на органот на управување, односно на надзорниот одбор, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.

(3) Составот, условите, содржината на работа и начинот на работењето на овие комисии поблиску се уредуваат со статутот и со другите акти на друштвото донесени во согласност со статутот.

(4) Сите активности на комисиите подлежат на одобрение од страна на органот на управување, односно на надзорниот одбор.

## Записник од состаноците

### Член 360

(1) За работата на секој состанок на органот на управување, односно на надзорниот одбор и на комисиите, без разлика на тоа како е одржан состанокот, се подготвува записник.

(2) Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(3) Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел органот на управување, односно надзорниот одбор (на состанок или на друг начин), времето и местото на одржувањето на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале ,,за" и ,,против" одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може, по барање

на членот кој гласал ,,за" и ,,против" да се внесе и причината зошто така гласал. Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира во записникот.

(4) Записникот го потпишуваат сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор кои биле присутни на состанокот. Записникот го потпишува и претседателот на органот на управување, односно на надзорниот одбор, а во негово отсуство членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор кој по овластување на претседателот претседавал на состанокот.

## Обврски при вршењето на овластувањата

### Член 361

(1) Членот на органот на управувањето, односно на надзорниот одбор е должен овластувањата што му се дадени со овој закон и со статутот да ги врши во интерес на друштвото и во интерес на сите акционери со внимание на уреден и совесен трговец, и не може да ги пренесе своите овластувања на друг член на органот на управување, односно на надзорен одбор.

(2) Членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на друштвото, а кои ги добиле како доверливи.

(3) Обврската од ставот (2) на овој член трае и по престанувањето на мандатот во органот на управувањето, односно во надзорниот одбор, во согласност со обврските преземени во договорот за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот.

(4) Обврската од ставот (2) на овој член трае и по престанувањето на мандатот на член на органот на управување, односно на член на надзорниот одбор.

(5) Во текот на извршувањето на своите должности, во согласност со ставот (1) од овој член, членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор може да се потпира на информации, на мислења или на извештаи подготвени од независни правни советници, независни овластени сметководители и овластени ревизори и други лица, за кои се верува дека се доверливи и компетентни за работите што ги вршат, при што не се смета дека со тоа е ослободен од својата обврска да постапува со внимание на уреден и совесен трговец.

(6) Ограничувањата на овластувањата за застапување на извршните членови на одборот на директори, односно на членовите на управниот одбор се без правно дејство спрема трети лица, дури и ако ограничувањата биле објавени.

## Одговорност за штета

### Член 362

(1) Ако членовите на органот на управување ги повредат своите обврски, му одговараат на друштвото за причинетата штета како солидарни должници ако не работеле и постапувале со внимание на уреден и совесен трговец. Не се смета за одговорен член на органот на управување кој работел врз основа на одлука на собранието, којашто собранието ја усвоило и покрај тоа што укажал дека е спротивна на овој закон, како и член на органот на управување кој се спротивставил на донесувањето на одлуката така што го издвоил своето мислење во записникот на состанокот на органот на управување и гласал ,,против" одлуката.

(2) Членовите на органот на управување особено ќе се сметаат за одговорни за штета ако спротивно на овој закон:

1) на акционерите им го вратат она што тие го вложиле во друштвото;

2) на акционерите им исплатат камата или дивиденда;

3) запишат, стекнат, земат во залог или ако ги повлечат акциите на друштвото;

4) го разделат имотот на друштвото;

5) извршат исплати по настапувањето на неспособноста на друштвото за плаќање, односно по настапувањето на презадолженоста на друштвото;

6) поднесат невистинита годишна сметка и финансиски извештај и;

7) ги злоупотребат и неовластено ги користат средствата на друштвото; и

8) при условното зголемување на основната главнина издаваат акции, спротивно на целта, или издаваат акции пред акциите од претходната емисија да бидат уплатени во целост.

(3) Ако членовите на органот на управување не ги отстранат незаконитостите од постапувањата според ставот (2) на овој член, акционерите имаат право од членовите на органот на управување да бараат надомест на штета.

(4) Ако член на органот на управување грубо ја повреди својата должност да постапува со внимание на уреден и совесен трговец, барање за надомест на штета можат да поднесат и доверителите на друштвото ако своите побарувања не можат да ги намират од друштвото.

(5) Неизвршните членови на одборот на директорите, односно членовите на надзорниот одбор солидарно одговараат за предизвикана штета на друштвото со извршните членови на одборот на директорите, односно со членовите на управниот одбор ако при давањето на претходното одобрение не постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

(6) Правото за остварување на барање за надомест на штета, што е содржано во овој член, застарува за пет години.

## Отповикување на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор

### Член 363

(1) Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, односно член на овие органи и пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на собранието, освен ако со овој закон поинаку не е определено, односно ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката.

(2) Извршен член на одборот на директорите може да биде отповикан од страна на одборот на директорите во кое било време, со или без образложение. На отповиканиот извршен член му мирува својството на член во одборот на директорите до наредното собрание на коешто ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за којшто е избран.

(3) Ако собранието донело одлука за отповикување на сите членови на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор, односно на нивен член, на истата седница избира нови членови на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор, односно нов член на местото на отповиканиот член ако собранието одлучи така и ако на собранието на акционерите, во писмена форма, им се доставаат податоците за кандидатите коишто треба да бидат избирани.

(4) Надзорниот одбор може во кое било време, со или без образложение, да ги отповика сите членови на управниот одбор, односно негов член. Надзорниот одбор на истата седница избира нови членови на управниот одбор, односно нов член на местото на отповиканите членови, односно на отповиканиот член. Одлуката за отповикување влегува во сила од денот на донесувањето.

(5) Извршен член на одборот на директорите, член на управниот одбор, односно управител кој е отповикан има право да бара надомест на штета ако така е определено во договорот од членот 350 на овој закон.

(6) На член на органот на управување, односно на надзорниот одбор му престанува мандатот и кога ќе се исполни условот определен во членот 384 став (8)од овој закон.

(7) Ако се отповикува еден член на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор, кој е избран со кумулативно гласање, членот се смета за отповикан ако за отповикувањето гласале акционери со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под 90% од акциите со право на глас претставени на собранието.

(8) Ако собранието отповикува повеќе од еден член на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор, се пристапува кон гласање за отповикување на сите членови на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор. Се смета дека членовите на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор се отповикани ако за отповикувањето акционерите се изјасниле со мнозинство гласови од претставените акции на собранието со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Изборот на новите членови на одборот на директорите, односно на надзорниот одбор се врши со кумулативно гласање.

(9) Одлуката на собранието за отповикување на одборот на директорите или на надзорниот одбор, односно на нивен член влегува во сила од денот на донесувањето.

(10) Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраните, односно на отповиканите членови од органите од овој член ја поднесува лицето овластено со одлуката за избор, односно отповикување. Решение за упис во трговскиот регистар, во согласност со одлуката на собранието, мора да биде донесено во рок од 48 часа од поднесувањето на пријавата.

## Оставка

### Член 364

(1) Член на органот на управување, односно на надзорниот одбор може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на друштвото не наложуваат нешто друго.

(2) Потписот на членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор на известувањето за оставката се заверува кај нотар.

(3) По поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на друштвото го наложуваат тоа, органот на управување, односно надзорниот одбор може да го обврзе членот кој дал оставка да продолжи да ја врши функцијата се до изборот на нов член на органот на управување, односно на надзорниот одбор, но не подолго од 60 дена. Се смета дека на членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, во писмена форма, освен ако во

известувањето не е наведен некој друг датум. Врз основа на известувањето за оставката, се поднесува пријава за бришење на уписот во трговскиот регистар на членот на органот на управување, односно на надзорниот одбор кој дал оставка.

## Награда на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор

### Член 365

(1) Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на одборот на директорите, односно на членовите на надзорниот одбор. Неизвршните членови на одборот на директорите, односно членовите на надзорниот одбор имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

(2) Извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно управителот имаат право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права.

(3) За работата на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот, собранието може со одлука да им одобри и учество во добивката. Учеството, по правило, се состои од учество со дел од годишната добивка на друштвото (исплата во пари, акции, тантиема, бонус или друг начин). Одобреното учество во годишната добивка на друштвото се пресметува на делот од годишната добивка што останува по намалувањето на остварената добивка за износот од вкупните загуби пренесени од претходните години и за износите што се издвојуваат за законски и за статутарни резерви. Одлука што е спротивна на оваа одредба е ништовна.

(4) Правата на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот од ставовите (2) и (3) на овој член се уредуваат со договорот од членот 350 на овој закон, соодветно на видот и обемот на доверените задачи, работноправен статус и на нивниот личен придонес во успешноста на работењето на друштвото.

(5) Во договорот од членот 350 на овој закон се определуваат и ситуациите кога се смета дека значително е влошена финансиската состојба на друштвото, поради што примањата на членот на органот на управување претставуваат голем товар за друштвото, поради што собранието, неизвршните членови на одборот на директорите, односно надзорниот одбор можат да ги намалат вкупните примања и други права на членот на органот на управување од ставовите (2) и (4) на овој член. Со ова намалување на примањата односите меѓу член на органот на управување и друштвото остануваат непроменети, а извршниот член на одборот на директорите, односно член на управниот одбор може да го откаже договорот и даде оставка најрано до крајот на следното тримесечје, со отказен рок кој не може да биде пократок од 30 дена, освен ако собранието, неизвршните членови на одборот на директори, односно надзорниот одбор не прифати пократок рок.

(6) Средствата што се исплатуваат на членовите на органот на управување, на управителот, односно на надзорниот одбор се трошоци на работењето на друштвото. За посебно доверени работи што за друштвото ги извршил член на органот на управување, односно управител или член на надзорен одбор може да му се признае дополнителна награда, која исто така се исплатува на товар на трошоците на работењето.

(7) Друштвото не може да дава кредит на член на органот на управување, на член на надзорниот одбор, односно на управител и на членови на нивните потесни семејства ниту на член на орган на управување, на надзорен одбор, односно на управителот на зависно друштво или на член на неговото потесно семејство. Под забраната не се опфатени обврските кои друштвото ги презело со договорот од членот 350 на овој закон ако одлуката ја потврди собранието со две третини од акциите со право на глас, претставени на собранието.

## Статус на членовите на органот на управување и на раководните лица

### Член 366

(1) Правата и обврските од работниот однос што ги стекнал извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител кој пред изборот е во работен однос во друштвото, утврдени со договор за работа, му мируваат. Мирувањето започнува од денот на изборот на тоа лице.

(2) Извршниот член на одборот на директори, членот на управниот одбор, односно управителот за времето за коешто е избран, освен ако функцијата ја врши без засновање работен однос, правата од работен однос ги остварува според условите утврдени во договорот за уредување на односите меѓу извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител и друштвото, во согласност со овој закон.

(3) На лицата кои со одлука на органот на управување се назначени како лица со посебни овластувања и одговорности (во натамошниот текст: раководни лица) соодветно се применува ставот (1) од овој член. Раководните лица ги остваруваат правата и обврските од работен однос според условите утврдени во договорот за уредување на односот меѓу органот на управување и раководното лице (во натамошниот текст: договор за уредување на односите со раководно лице). Со договорот за уредување на односите со раководно лице се уредуваат: платата, надоместоците, учество во добивката, надоместокот на трошоците, надоместокот за осигурување на живот и на други видови осигурување и другите права од работен однос. Определувањето на видот и обемот на вкупните примања и на другите права и обврски од работен однос на раководно лице е соодветно на видот и обемот на доверените задачи и на одговорноста на раководното лице, како и на неговиот личен придонес во успешноста на работењето на друштвото. Од името на органот на управување, договорот со раководното лице го потпишува претседателот на органот на управување.

(4) На извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно на управителот и на раководните лица не се применуваат одредбите од колективните договори, како и одредбите од Законот за работни односи што се однесуваат на засновањето и на престанувањето на работниот однос, на дисциплинската одговорност, на платата, на надоместоците и на заштитата на правата на работниците. Правата од овие одредби од Законот за работни односи, овие лица ги остваруваат на начин и според условите утврдени во договорот од членот 350 на овој закон и договорот од ставот (3) на овој член.

(5) Одредбите од овој член и од членот 365 на овој закон соодветно се применуваат и на управителот во другите форми на трговски друштва, на начин и под условите определени со договорот за друштвото, освен ако функцијата ја вршат без засновање работен однос.

## Пододдел 2

## ЕДНОСТЕПЕН СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ (ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ)

### Состав

### Член 367

(1) Одборот на директори има најмалку три, а најмногу 15 члена.

(2) Собранието ги избира членовите на одборот на директори.

(3) При изборот на членовите на одборот на директори се назначува кои членови се избираат како независни членови на одборот на директори. Независните членови на одборот на директори се избираат од редот на неизвршните членови на одборот на директори.

(4) Од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директорите назначува еден или повеќе извршни членови на одборот на директори (во натамошниот текст: извршни членови). За извршен член на одборот на директори не може да биде избран член на одборот на директорите кој е избран како независен член на одборот на директори. Бројот на извршните членови мора да биде помал од бројот на неизвршните членови на одборот на директори (во натамошниот текст: неизвршни членови).

(5) Ако одборот на директори има до четири неизвршни члена, најмалку еден од неизвршните членови на одборот на директорите е независен член. Ако одборот на директори има повеќе од четири неизвршни члена, најмалку една четвртина од неизвршните членови се независни членови на одборот на директори.

### Член 367-а[6]

(1) За член на одбор на директори во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум три години работно искуство;

(2) За извршен член на одбор на директори од ставот (1) од овоја член може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум пет години работно искуство;

[6] Одредбите од членот 367-а ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.41/14), освен условот за познавање на странски јазик кој ќе започне да се применува две години од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.41/14).

## Начин на избор на извршните членови

### Член 368

(1) Начинот на избор на извршен член на одборот на директори се определува со статутот. Во статутот може да се одреди изборот на извршен член да се врши и со едногласна одлука на сите членови на одборот на директори.

(2) Еден од членовите на одборот на директорите, избран за извршен член, може да го носи називот што е вообичаен за вршење на функцијата (генерален директор, односно главен извршен директор и друг назив), а другите извршни членови можат да го носат називот што е вообичаен за вршење на функцијата што му е доверена како на извршен член на одборот на директори.

(3) Ако одборот на директорите има повеќе од еден извршен член, членовите на одборот на директори со мнозинство гласови определуваат кој извршен член е посебно одговорен за прашањата на вработените и односите со нив.

## Претседател на одборот на директори

### Член 369

(1) Одборот на директори, од редот на своите неизвршни членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот на директори, избира претседател на одборот.

(2) Одборот на директори може да го разреши претседателот во кое било време и да избере нов претседател.

(3) Претседателот на одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водењето евиденција за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и одлучување на одборот на директори.

(4) Ако претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците на одборот на директори претседава друг неизвршен член, со мнозинство гласови на присутните членови на одборот на директори.

## Овластувања на одборот на директорите

### Член 370

Одборот на директори, во рамките на овластувањата определени со законот и статутот и овластувањата што изречно му се дадени од собранието, управува со друштвото. Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на одборот на директори.

## Овластувања на извршните членови

### Член 371

(1) Со исклучок на овластувањата за коишто со закон изречно е определено дека ги врши одборот на директори, извршните членови го водат работењето на друштвото и имаат најшироки овластувања да ги вршат сите работи сврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на одборот на директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствуваат во сите околности од името на друштвото.

(2) Одборот на директори им го доверува на извршните членови застапувањето на друштвото во односите со трети лица.

(3) Ако одборот на директори избере повеќе од еден извршен член, го назначува членот кој го води работењето на извршните членови и на чиј предлог одборот на директори ги утврдува внатрешната организација и начинот на којшто се врши координацијата на водењето на работењето на друштвото.

(4) Одборот на директори поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на извршните членови овластени за застапување на друштвото. Пријавата ја потпишуваат сите членови на одборот на директори, освен ако членовите не дале писмено овластување на извршен член на одборот на директори да ја потпише пријавата. При уписот во трговскиот регистар извршните членови поднесуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.

(5) Извршните членови, заради извршување на овластувањата од ставот (1) на овој член, можат да назначат раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на извршните членови на одборот на директори.

**Овластувања на неизвршните членови во вршењето надзор**

**Член 372**

(1) Неизвршните членови, покрај овластувањата што со овој закон им се определени во вршењето на правото на надзор над водењето на работењето од страна на извршните членови, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока. Неизвршните членови за вршење одделни стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во друштвото или друго стручно лице.

(2) Во вршењето на надзорот, претседателот на одборот на директори или кој било неизвршен член, овластениот ревизор или друго лице определено со статутот или акционери кои претставуваат најмалку една десеттина од акциите со право на глас, можат да бараат свикување состанок на одборот на директори. Барањето се доставува до претседателот на одборот на директори.

**Овластувања коишто не можат да се пренесат врз извршните членови**

**Член 373**

(1) Одборот на директорите не може да ги пренесе врз извршните членови овластувањата кога се одлучува за:

1) затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;

2) намалување или проширување на предметот на работење на друштвото;

3) суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото;

4) воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;

5) основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на друштвото и

6) основање и престанување на подружници на друштвото.

(2) Со статутот може да се забрани пренесување овластувања врз извршните членови и за одлучување за други прашања од надлежноста на одборот.

(3) Забраните предвидени со ставовите (1) и (2) од овој член не можат да се истакнуваат спрема трети лица, освен ако друштвото докаже дека третото лице знаело за тоа или, со оглед на сите околности, морало да знае за тоа.

**Член 373-а**

**Свикување состанок**

Одборот на директори, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеца, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на годишното собрание.

## Пододдел 3

## ДВОСТЕПЕН СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ (УПРАВЕН ОДБОР И НАДЗОРЕН ОДБОР)

### Прв отсек

### УПРАВЕН ОДБОР

**Состав и избор**

**Член 374**

(1) Управниот одбор има најмалку три, а најмногу 11 члена.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во друштвата коишто имаат основна главнина помала од 150.000 ЕВРА во денарска противвредност, наместо управен одбор може да биде избран управител, со сите права и обврски што ги има управниот одбор.

(3) Надзорниот одбор ги избира членовите на управниот одбор, односно управителот. Со одлуката за избор на членовите на управниот одбор, еден од членовите на управниот одбор се именува за претседател на управниот одбор.

(4) Надзорниот одбор може да го разреши претседателот на управниот одбор во кое било време и да именува нов претседател.

(5) Ни едно лице во исто време не може да биде член на управен одбор, односно управител и член на надзорен одбор.

(6) Претседателот на управниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водењето на записникот од состаноците и за организацијата на други форми преку коишто управниот одбор работи и одлучува.

(7) Ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или ако е отсутен, со состаноците на управниот одбор претседава член на управниот одбор именуван од надзорниот одбор.

### Член 374-а[7]

(1) За член на управен одбор во акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум три години работно искуство;

(2) За претседател на управниот одбор на друштвото од ставот (1) на овоја член може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум пет години работно искуство;

## Овластувања

### Член 375

(1) Управниот одбор управува со друштвото и, во тие рамки, го води работењето на друштвото под сопствена одговорност. Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со друштвото, односно во вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од име на друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото, со исклучок на овластувањата коишто изречно му се дадени на собранието и на надзорниот одбор.

(2) Сите членови на управниот одбор ги водат и ги вршат заедно работите од ставот (1) на овој член. Со статутот може да се одреди и поинаков начин на водење и на вршење на овие работи.

(3) Управниот одбор, заради извршување на овластувањата од ставот (1) на овој член, може да назначи раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на управниот одбор.

## Одлучување со претходно одобрение на надзорниот одбор

### Член 376

(1) Управниот одбор, со претходно одобрение на надзорниот одбор, одлучува за прашањата определени во членот 373 став (1) од овој закон.

[7] Одредбите од членот 374-а ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.41/14), освен условот за познавање на странски јазик кој ќе започне да се применува две години од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.41/14).

(2) Со статутот можат да бидат определени и други случаи кога за одлуките на управниот одбор е потребно претходно одобрение на надзорниот одбор.

(3) Немањето претходно одобрение од надзорниот одбор не може да се истакнува спрема трети лица.

## Застапување на друштвото

### Член 377

(1) Членовите на управниот одбор го застапуваат друштвото во односите со трети лица заеднички, освен ако со статутот поинаку не е определено.

(2) Управниот одбор, со одобрение на надзорниот одбор, може да овласти еден или повеќе членови на управниот одбор да го застапуваат друштвото. Во тој случај, другите членови на управниот одбор се исклучени од застапувањето. Овластувањето за застапувањето може да биде повлечено во секое време од надзорниот одбор.

(3) Управниот одбор поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на членовите на управниот одбор овластени за застапување на друштвото. Пријавата ја потпишуваат сите членови на управниот одбор, освен ако членовите не дале писмено овластување на член на управниот одбор да ја потпише пријавата. При уписот во трговскиот регистар, членовите на управниот одбор, овластени за застапување, поднесуваат потписи-заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон.

(4) Ограничувањата на овластувањата за застапување на членовите на управниот одбор немаат правно дејство спрема трети лица.

(5) Членовите на управниот одбор коишто го застапуваат друштвото можат да го носат називот генерален директор или друг назив.

## Втор отсек

## НАДЗОРЕН ОДБОР

## Состав и избор на членовите на надзорниот одбор

### Член 378

(1) Надзорниот одбор има најмалку три, а најмногу 11 члена.

(2) Собранието ги избира членовите на надзорниот одбор. При изборот на членовите на надзорниот одбор се назначува кои членови се избираат како независни членови на надзорниот одбор.

(3) Ако надзорниот одбор има до четири члена, најмалку еден од членовите е независен член. Ако надзорниот одбор има повеќе од четири члена, најмалку една четвртина од неговите членови се независни членови на надзорниот одбор.

### Член 378-а[8]

За член на надзорен одбор во акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

[8] Одредбите од членот 378-а ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.41/14), освен условот за познавање на странски јазик кој ќе започне да се применува две години од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.41/14).

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум три години работно искуство;

## Претседател на надзорниот одбор

### Член 379

(1) Надзорниот одбор, од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на надзорниот одбор, избира претседател на надзорниот одбор.

(2) Надзорниот одбор може да го разреши претседателот во кое било време и да избере нов претседател.

(3) Претседателот на надзорниот одбор ги свикува седниците и претседава со нив, одговорен е за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и на одлучување на надзорниот одбор.

(4) Ако претседателот на надзорниот одбор од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со состаноците на надзорниот одбор претседава член на надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на надзорниот одбор.

### Член 379-а[9]

За претседател на надзорниот одбор во акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата друштвото може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) има минимум пет години работно искуство;

## Овластувања на надзорниот одбор

### Член 380

(1) Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши управниот одбор.

(2) Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока. Надзорниот одбор за вршење одделни стручни работи од надзорот може да задолжи одделни членови на одборот, овластениот ревизор или стручни лица.

(3) На надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања во врска со управувањето на друштвото, освен ако со овој закон поинаку не е определено. По исклучок, со статутот може да се определи дека за определени видови работи

[9] Одредбите од членот 379-а ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.41/14), освен условот за познавање на странски јазик кој ќе започне да се применува две години од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.41/14).

управниот одбор може да одлучува само со претходно одобрение на надзорниот одбор. Ако надзорниот одбор одбие да даде одобрение, управниот одбор, со образложение поднесено во писмена форма, може да бара одобрение од собранието. Одлуката со која собранието дава одобрение се донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката.

(4) Надзорниот одбор го застапува друштвото спрема членовите на управниот одбор.

**Свикување состанок**

**Член 381**

(1) Надзорниот одбор одржува состанок ако тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

(2) Секој член на надзорниот одбор или на управниот одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот на надзорниот одбор да свика состанок на надзорниот одбор. Состанокот мора да се одржи во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.

(3) Надзорниот одбор, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеца, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на годишното собрание.

(4) Покрај обврската за одржување состаноци, определена во ставот (2) од овој член, надзорниот одбор може да одржува и други состаноци што ги свикува претседателот на надзорниот одбор или што се свикани по писмено барање на некој од членовите на одборот, овластениот ревизор или друго лице определено во статутот, акционерите кои претставуваат најмалку една десеттина од акциите со право на глас. Барањето се доставува до претседателот на надзорниот одбор. Ако претседателот не го свика состанокот по поднесеното писмено барање во рокот од ставот (1) на овој член, членовите на надзорниот одбор можат да го свикаат состанокот на начин определен во членот 356 став (3) од овој закон.

**Пододдел 4**

**СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО**

**Прв отсек**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ ЗА СОБРАНИЕТО**

**Собрание**

**Член 382**

(1) Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собранието, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(3) Членовите на органот на управување и на надзорниот одбор учествуваат во работата на собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

## Надлежност на собранието

### Член 383

(1) Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за:

1) измена на статутот;

2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;

3) избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор;

4) одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор;

5) промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;

6) зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;

7) издавање акции и други хартии од вредност;

8) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако друштвото има обврска да ги подготвува;

9) преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото и

10) престанување на друштвото.

(2) Собранието избира претседавач со седницата на собранието, записничар и двајца акционери - заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар. Собранието избира и комисија за спроведување тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и други) ако тоа е потребно за вршење други работи коишто го овозможуваат непреченото одвивање на работата на собранието на начин и според условите определени со овој закон и со статутот.

(3) Ако собранието одлучува за измена на податок што во согласност со членот 298 од овој закон се запишува во трговскиот регистар записникот го води нотар.

(4) Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на друштвото што се надлежност на органите на управување, освен ако тоа со овој закон поинаку не е определено.

## Годишно собрание

### Член 384

(1) Годишното собрание го свикува органот на управување најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание.

(2) На годишното собрание:

1) се разгледуваат и се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;

2) се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата и

3) се одобрува работата на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор.

(3) Ако органот на управување не го свика годишното собрание навреме, собранието без одлагање го свикуваат неизвршните членови на одборот на директорите, односно надзорниот одбор.

(4) Ако годишното собрание не го свикаат неизвршните членови на одборот на директорите, односно надзорниот одбор или ако од кои било други причини не се одржи во рокот определен во ставот (1) на овој член, одлука за свикување на годишното собрание може да донесе судот по предлог на кој било акционер.

(5) Годишното собрание по завршувањето на деловната година, задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на органот на управување и за работата на членовите на надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на органите на друштвото се гласа одделно за секој член на органот.

(6) Расправата и одобрувањето на работата на органот на управување, односно на надзорниот одбор, односно за начинот на водењето на работењето на друштвото мора да биде поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

(7) Во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, органот на управување има обврска објективно да ги презентира и да ги објасни главните фактори и околностите коишто влијаеле на определувањето на работењето, вклучувајќи ги и промените во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува, одговорот на друштвото на тие промени и нивното влијание, политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото, вклучувајќи ја и политиката на дивиденди, изворите на средствата на друштвото, политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина и политиката на управување со ризикот, големите зделки и зделките со заинтересирана страна со прикажани податоци за висината на износот на трансакциите кои се извршени врз основа на зделка со заинтересирана страна и начинот и постапката во која била одобрена зделката со заинтересирана страна, име, презиме и адреса на заинтересираната страна ако е физичко лице, или назив и седиште ако заинтересираната страна е правно лице, како и средствата на друштвото чијашто вредност не е одразена во билансот на состојбата според меѓународните стандарди за финансиско известување, изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат, активностите во сферата на истражувањето и развојот, како и информациите во врска со стекнувањето сопствени удели или акции, во зависност од релевантните околности. Во годишниот извештај на друштвото се објавуваат и примањата на секој извршен член на одборот на директори и на член на управниот одбор (плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права), односно надоместокот на неизвршните членови на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор. Во Годишниот извештај на друштвото задолжително се објавуваат и детални податоци за примањата во други друштва (плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права) за извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор, неизвршните членови на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор, доколку истите членуваат во органи на управување на други друшта. Во Годишниот извештај на друштвото задолжително се објавуваат и детални податоци за вработувањето (назив на работодавач, дејност, висина на плата, надоместоци на плата, бонус, осигурувања и други права) за извршните членови на одборот на директори, членовите на

управниот одбор, неизвршните членови на одборот на директори и членовите на надзорниот одбор, доколку истите имаат засновано работен однос кај други работодавачи.

(8) Ако годишното собрание не ја одобри работата на органот на управување, односно на надзорниот одбор или на некои од членовите на овие органи на истата седница, собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор или кон избор на нови членови на овие органи на местото на оние на кои собранието не им ја одобрило работата. Собранието може да одлучи членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во друштвото до изборот на полниот состав на овие органи што се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од осум дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот на којшто ќе продолжи седницата на годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.

(9) Одлуката за одобрување на работата на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор не го исклучува правото да се бара надомест на штета.

(10) Одредбите од овој закон со коишто се уредува собранието се применуваат и на годишното собрание, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

## Втор отсек

## СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ

### Свикување на собрание

### Член 385

(1) Кога тоа го бара интересот на друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни собранија, може да се свика собрание.

(2) Органот на управување, надзорниот одбор, односно неизвршните членови на одборот на директори можат, со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со овој закон, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување собрание.

(3) Барање за свикување собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десеттина од сите акции со право на глас. Во барањето што го поднесуваат по писмен пат, акционерите кои бараат свикување собрание мораат да ги наведат целта и причините за свикувањето на собранието, своето име и презиме, местото на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице. Кон барањето акционерите доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во друштвото.

(4) Барањето се доставува до органот на управување во седиштето на друштвото. Барањето може да биде содржано во еден документ или во два или повеќе документа потпишани од акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас.

(5) Органот на управување, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.

(6) Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас органот на управување, односно надзорниот одбор не свика собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување собрание до судот.

## Свикување собрание врз основа на одлука на суд

### Член 386

(1) Ако органот на управување, надзорниот одбор, односно неизвршните членови на одборот на директори не донесат одлука во рокот од ставовите (5) и (6) на членот 385 или не го прифатат барањето за свикување собрание, судот по предлог може да донесе одлука да се свика собрание.

(2) Судот во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлогот од ставот (1) на овој член, донесува одлука за свикување собрание ако се исполнети условите, начинот и постапката за свикување собрание, определени со овој закон и ако прашањата предложени за дневниот ред, според овој закон или според статутот, се во надлежност на собранието.

(3) Во одлуката за свикување на собранието од ставот (2) на овој член судот наложува свикување на собранието и преземање на конкретни дејствија што се неопходни за остварување на целите заради коишто се свикува собранието, вклучувајќи и назначување лице кое ќе го свика собранието. Лицето назначено од судот го одредува времето и местото на одржување на собранието, датумот за евиденција на акционерите кои имаат право на глас и поднесува барања до акционерското друштво кое котира на берза, односно друштвото кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување за објава на свикувањето на собранието на официјалната интернет страница на друштвото и на официјалната интернет страница на берзата на која котираат акциите на друштвото, како и другите потребни дејствија за успешно свикување и одржување на седница на собранието на друштвото. Акционерското друштво и берзата се должни без одлагање и навремено да ги исполнат сите потребни барања согласно со одредбите на овој закон за свикување седница на собрание и негово објавување на интернет упатени до нив од лицето кое го свикува собранието. Лицето за преземање на дејствијата за свикување на собрание може да користи и адвокатски услуги.

(4) Собранието чиешто свикување ќе биде наложено со одлука од ставот (2) на овој член се свикува најдоцна во рок од осум дена од денот на доставувањето на донесената одлука на судот со која се наложува свикување на собранието до лицето определено од страна на судот кое ќе го свика собранието.

(5) Трошоците за одржување на собранието, како и судските трошоци и трошоците за адвокатски услуги од ставот (3) на овој член, ако судот го одобри барањето, паѓаат на товар на друштвото. Ако судот го одбие барањето, сите трошоци паѓаат на товар на предлагачот.

## Покана и јавен повик за свикување собрание

### Член 387

(1) Собранието може да биде свикано со покана или со објавување јавен повик или со покана и со објавување јавен повик до акционерите.

(2) Собранието се свикува со праќање покана до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на собранието коешто се свикува. Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата.

(3) Јавниот повик за одржување на седница на собранието се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија. Друштво чии акции котираат на берза и друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, треба да ја објават содржината на јавниот повик и на насловната страница од својата официјална интернет страница, а кога нивните акции котираат на берза да ја поднесат за објавување и на интернет страницата на берзата.

(4) Испраќањето на поканата се врши на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер.

(5) Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно од денот на испраќањето на поканата за учество на собранието до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.

(6) Органот на управување го определува денот (датумот на евиденција) којшто ќе го користи за испраќање покани според изводот од акционерската книга, којшто не може да биде подолг од три дена.

(7) Собранието може да донесе одлука за свикување на седница на собрание која не е редовна годишна седница на еден од начините пропишани во ставот (1) на овој член во рок кој не може да биде подоцна од четиринаесеттиот ден пред денот на кој треба да се одржи седницата на собранието, ако друштвото има воспоставено или користи електронски систем со кој му се овозможува на секој акционер електронски да гласа. Одлуката за свикување на седница на собрание, собранието на друштвото ја донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на собрание и рокот за нејзиното важење не може да биде подоцна од одржувањето на првото наредно годишно собрание на друштвото.

(8) Ако седницата на собранието која била свикана на начин како што е пропишано во ставот (7) од овој член нема да се одржи поради немање кворум, во рок кој не е подолг од 15 дена од денот на којшто требало да се одржи уредно свиканата седницата на собранието, се закажува нов датум за одржување на собранието (одложена седница на собрание). Свикувањето на одложената седница на собранието, како и секое наредно свикување може да биде во рок којшто е различен од рокот определен во ставот (7) на овој член под услов да не е ставена нова точка на дневниот ред и ако изминале најмалку десет дена од датумот кога е извршено последното свикување и датумот кога требало да се одржи седницата на собранието.

(9) Трошоците за објавување на јавниот повик, односно за испраќање на поканите за свикување на седница на собранието на друштвото, паѓаат на товар на друштвото.

## Содржина на поканата, односно на јавниот повик

### Член 388

(1) Поканата, односно јавниот повик за свикување собрание ги содржи следниве податоци:

1) фирмата и седиштето на друштвото;

2) местото и датумот на одржување на собранието;

3) другите процедурални формалности, пропишани со статутот, што се од значење за присуството на собранието и за начинот на гласање;

4) дневниот ред според кој ќе работи собранието и

5) начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за собранието коешто е свикано.

(2) Со статутот можат да се определат и другите податоци коишто треба да ги содржи поканата, односно јавниот повик што се од значење за остварување на правата на акционерите во врска со свикувањето и со одржувањето на собранието.

(3) Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите од денот на испраќањето на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик.

**Содржина на поканата, односно на јавниот повик кај друштво чии акции котираат на берза, односно кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување**

**Член 388-а**

(1) Во јавниот повик, односно во поканата за одржување на седница на собрание на друштво чии акции котираат на берза, односно седница на собрание на друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување се означува датумот и часот на одржување на седницата, се наведува местото на одржување на седницата и се прикажува предложениот дневен ред на седницата на собранието.

(2) Јавниот повик, односно поканата за одржување на седница на собрание кај друштвата од ставот (1) на овој член содржи опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седница на собранието, а особено за тоа како:

1) акционерите можат да вклучат точки во дневниот ред на собранието и да предлагаат одлуки со информација за тоа како истото можат да го прават откако ќе им се достави поканата, односно откако ќе се објави повикот, како акционерите можат да поставуваат прашања до друштвото за точките од дневниот ред на седницата на собранието и со информација за рокот до кој тоа можат да го сторат. По исклучок, јавниот повик, односно поканата може да ги содржи само последните рокови до кои може да се предлагаат точки на дневниот ред, поставуваат прашања, односно да се предлагаат одлуки ако во поканата, односно во јавниот повик е наведена официјалната интернет страница на друштвото со упатување дека на истата можат да се најдат детални информации за начинот на предлагање точки на дневниот ред, поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите;

2) се одвива постапката за гласање преку полномошник, како ќе им се направат достапни обрасците за гласање преку полномошник на акционерите кога друштвото има подготвено такви обрасци и информација за тоа како друштвото е подготвено да ги прими електронски известувањата од страна на акционерите за дадени овластувања на полномошници и

3) се одвива постапката за гласање со кореспонденција или електронски кога друштвото овозможува такво гласање.

(3) Во јавниот повик, односно во поканата за одржување на седница на собрание на друштвото од ставот (1) на овој член треба да биде наведена адресата на официјалната интернет страница на друштвото на која ќе бидат достапни информациите од членот 388-б на овој закон.

## Информации кои треба да се објават на интернет страницата кај друштво чии акции котираат на берза, односно кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување за време на свикување седница на собрание на друштвото

### Член 388-б

(1) Во период кој не може да започне подоцна од дваесет и првиот ден пред денот на одржување на седница на собранието на друштвото, како и на денот на одржувањето на седницата на собранието, друштвото чии акции котираат на берза, односно друштвото кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување на својата интернет страница ги објавува најмалку следниве информации:

1) содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување на седница на собрание на друштвото;

2) вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, односно на денот на испраќање на поканата, вклучително и вкупен број на акции од секој род и класа;

3) документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието на друштвото;

4) предложените одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на собранието на друштвото;

5) предложените одлуки од акционерите кои друштвото веднаш откако ќе ги прими треба да ги објави и

6) обрасците за гласање преку полномошник и обрасците за гласање со кореспонденција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите. Во случај ако друштвото на акционерите не им ги направи обрасците достапни за електронско преземање од неговата интернет страница, тогаш на истата страница друштвото објавува како обрасците можат да се добијат во писмена форма и на свој трошок, а по барање на акционер, ги доставува обрасците.

(2) Во случај ако се свикува седница на собрание на друштвото врз основа на членот 387 став (7) од овој закон, а јавниот повик е објавен, односно поканата е испратена подоцна од дваесет и првиот ден пред денот на одржувањето на седницата, рокот од ставот (1) на овој член се утврдува согласно со членот 387 став (7) од овој закон.

## Начини на известување, доставување и прием на материјали и на други информации

### Член 389

(1) Ако со овој закон и со статутот е определено да се врши известување, односно доставување материјал и друга информација од друштвото до акционерите и до друштвото, тоа мора да биде извршено преку препорачана пратка, телеграма, факс, електронска пошта или дневен весник.

(2) Известувањето, односно доставувањето материјал и друга информација од ставот (1) на овој член од друштвото до акционерите се смета дека е извршено, ако:

1) е испратено со препорачана пратка или со телеграма преку пошта, на местото на живеење пријавено од страна на акционерот во Централниот депозитар за хартии од вредност; или

2) е испратено преку факс, на електронска пошта, или на електронска адреса, пријавена од страна на акционерот; или

3) е објавено во дневен весник.

(3) Известувањето, односно доставувањето материјал и друга информација од ставот (1) на овој член од друштвото до акционерите се смета дека е примено:

1) кога е пристигнато на местото на живеење на акционерот и запишано во акционерската книга;

2) кога е лично достапно, односно примено од овластено лице на друштвото, член на органот на управување, односно од акционер кој е физичко лице;

3) кога е примено по електронски пат кај којшто може да се потврди испраќањето и приемот и

4) со денот наведен во потврдата за предавање препорачана пратка или испраќање телеграма вклучувајќи ги и случаите на испратена, а не примена и подигната препорачана пратка, односно телеграма.

(4) Известувањето, односно доставувањето материјал и друга информација од акционер до друштвото се смета дека е примено:

1) кога е пристигнато во седиштето на друштвото коешто е запишано во трговскиот регистар;

2) кога лично е примено од овластено лице на друштвото, односно од член на органот на управување;

3) кога е примено по електронски пат кај којшто може да се потврди испраќањето и приемот и

4) со денот наведен во потврдата за предавање препорачана пратка или за испраќање телеграма вклучувајќи ги и случаите на испратена, а не примена и подигната препорачана пратка, односно телеграма.

**Дневен ред и вклучување нови точки**
**на дневниот ред**

**Член 390**

(1) Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред.

(2) Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.

(3) Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собрание коешто ќе биде свикано.

(4) Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка. Предлагањето точки на дневен ред друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.

(5) Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото. Предлагањето одлуки друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.

(6) Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до органот на управување на друштвото, односно до свикувачот на

собранието назначен од судот во согласност со овој закон во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието на друштвото.

(7) Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано не може да се одбие, освен во случаите:

1) ако акционерот, односно акционерите го пропуштиле рокот од ставот (6) на овој член;

2) ако акционерот, односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас во друштвото, во согласност со ставот ( 4) од овој член;

3) ако предлогот не ги исполнува другите услови предвидени со овој закон и

4) ако точката, односно точките коишто се бара да бидат вклучени во дневниот ред на собранието не спаѓаат во надлежност на собранието или не се во согласност со закон и со статутот.

(8) Ако барањето од ставот (6) на овој член не е ставено на дневен ред, освен во случаите од ставот (7) на овој член, конечна одлука по барањето донесува собранието при усвојувањето на дневниот ред.

(9) Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на свикано собрание, органот што го свикал собранието, односно лицето определено од судот да свика собрание, го испраќа до сите акционери, односно го објавува на ист начин на којшто ги испратил поканите, односно на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

(10) Таму каде што остварувањето на правото на акционерите од ставовите (4) и (5) на овој член повлекува измена на дневниот ред на седницата на собрание кој веќе им е доставен/објавен на акционерите, друштвото го става на располагање ревидираниот дневен ред на истиот начин, како и претходниот дневен ред пред датумот на одржувањето на седницата на собранието на друштвото. Ревидираниот дневен ред е уредно ставен на располагање ако акционерите можат навремено да овластат полномошници или да гласаат со кореспонденција.

## Пријавување и евиденција за присуство на собрание

### Член 391

(1) Секој акционер кој има намера да учествува на свикано собрание е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието.

(2) Списокот на пријавените акционери од ставот (1) на овој член се става на увид во седиштето на друштвото.

(3) Пред почетокот на одржувањето на собранието, органот на управување, односно лицето овластено за свикување на собранието го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието.

(4) Пред почетокот на одржувањето на собранието, списокот од ставот (3) на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на собранието (верификуван учесник на собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа.

(5) Заверениот список од ставот (4) на овој член им се дава на увид на сите учесници на собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок, којшто не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

## Учество на акционерите на седница на собрание со електронски средства кај друштво чии акции котираат на берза, односно друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување

### Член 391-а

(1) Друштво чии акции котираат на берза и друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување можат да им овозможат на акционерите најмалку еден од следниве начини за учество на седница на собрание на друштвото со електронски средства:

1) директен пренос на собранието;

2) двонасочна аудио и видео комуникација во живо, која на акционерите им овозможува да се обраќаат на собранието од кое било оддалечено место и

3) електронски средства за гласање, пред или за времетраење на собранието и без потреба од овластување полномошник кој физички би присуствувал на седницата.

(2) Друштвата од ставот (1) на овој член кои на акционерите им овозможуваат да учествуваат на седница на собранието на друштвото на начин како што е пропишано во ставот (1) од овој член мора да имаат воспоставено систем за електронска регистрација и евиденција на акционерите заради нивна идентификација и зачувување на безбедноста на електронската врска при учество на акционерите на собрание на некои од начините пропишани со ставот (1) на овој член и притоа не смеат да бараат од акционерите да поднесуваат документи заверени кај нотар или потврдени од друг домашен или странски надлежен орган.

(3) Друштвата од ставот (1) на овој член се должни на свој трошок да обезбедат овластен судски преведувач од македонски на англиски јазик и од англиски на македонски јазик онаму каде што учество на седница на собрание имаат најавено акционери кои не се државјани на Република Македонија.

## Право на поставување прашања

### Член 391-б

(1) Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.

(2) Друштвото преку свој овластен орган или застапник е должно да одговори на прашањата што му ги поставуваат акционерите.

(3) Правото да се поставуваат прашања од акционерите и обврската на друштвото да одговори на поставените прашања може да биде претходно условено од потребата да се потврди личниот идентитет на акционерите кои

поставиле прашања, одржувањето на ред во заседавањето и работата на собранието, или преземање активности за зачувувањето на доверливоста во работењето и деловните интереси на друштвото.

(4) Друштвото може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина.

(5) Прашањата поставени од акционерите се сметаат дека се одговорени ако одговорите се достапни на интернет страницата на друштвото во формат на прашање и одговор.

(6) Друштвото чии акции котираат на берза и друштвото кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување е должно одговорите на поставените прашања на седница на собранието на друштвото да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

## Полномошник на акционер на собрание

### Член 392

(1) Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на собрание на друштво (во натамошниот текст: полномошник), коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Полномошникот ги ужива истите права, како и акционерот од кого е овластен со полномошното, вклучително да се јави за збор, да води дискусија и да поставува прашања на седницата на собранието на друштвото.

(2) Акционерот мора да го информира акционерското друштво по писмен пат за назначувањето на свој полномошник на седница на собрание на друштвото.

(3) Онаму каде што полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој му го дал полномошното.

(4) Ако со овој закон поинаку не е пропишано, овластување на полномошник на седница на собрание на друштвото се дава во писмена форма и заверено на нотар.

(5) Кај друштво чии акции котираат на берза, односно друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување овластување на полномошник на седница на собрание на друштвото се дава на начин како што е пропишано во членовите 392-б и 392-в од овој закон.

(6) Полномошното има важност сé до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото давање.

(7) Полномошникот може да добие овластување од еден или повеќе акционери и бројот на акционери кои можат да овластат исто лице за полномошник не е ограничен.

(8) Полномошникот мора да води запис за добиените инструкции за гласање ако имало такви и да ги чува најмалку една година од денот на одржувањето на седницата на собранието на друштвото на која тој учествувал и гласал, како и да потврди дека ги извршил тие инструкции ако тоа му го побара друштвото или акционерот од кого добил овластување.

(9) Кога полномошникот е ополномоштен од неколку акционери, тој може да дејствува и да гласа за одреден акционер поинаку отколку за друг акционер.

(10) Полномошното може да се откаже еднострано, без наведување на причините од акционерот или од полномошникот, со доставување писмено известување до другата страна. Ако акционерот лично го евидентира своето присуство на седницата на собранието со сите акции кои ги поседува и изјави

самиот дека ќе расправа, одлучува и гласа со сите акции кои ги поседува, се смета дека полномошното за таа седница на собрание на полномошникот му е откажано и акционерот може своето право на глас да го остварува лично и без ограничување.

## Конфликт на интерес кај полномошникот

### Член 392-а

(1) Друштвото не смее да ги ограничува лицата да бидат полномошници на собрание, освен кога кај нив постои состојба на конфликт на интерес во смисла на ставот (2) од овој член.

(2) Состојба на конфликт на интерес постои кога има ризик лицето да има интерес поинаков од интересот на акционерот од кого добило овластување да биде негов полномошник, а особено во случај кога лицето е:

1) член на органот на управување, односно член на органот на надзор на друштвото, вклучително и членовите на неговото потесно семејство;

2) раководно лице во друштвото или член на неговото потесно семејство;

3) член на органот на управување, односно на органот на надзор, вработен или овластен ревизор на поврзани или зависни друштва со друштвото, вклучително и членовите на неговото потесно семејство;

4) застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштво или од друго правно лице што е во сопственост на друштвото и

5) вработен или овластен ревизор во друштвото.

(3) Во случај кога постои конфликт на интерес во смисла на одредбите од ставот (2) на овој член, лицето не може да биде полномошник.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, за полномошник на собрание кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, можат да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интерес во смисла на ставот (2) од овој член, само под услов ако тие:

1) претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и

2) добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на собранието за која им важи полномошното.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член правни лица можат да овластат со полномошно лице кое е член на нивен орган на управување или е вработен кај нив, да учествува и да гласа на седница на собрание.

(6) Секој може да го извести друштвото од ставот (4) на овој член за постоење на конфликт на интерес кај кое било лице кое има добиено полномошно од акционер. Органот на управување или надзорниот одбор на друштвото по добивањето на информација за постоење на конфликт на интерес кај едно лице задолжително мора да ја провери таа информација и да побара од лицето за кое друштвото е известено дека кај него постои конфликт на интерес да му ги обелодени сите информации во врска со можното постоење на таквата состојба.

(7) Друштвото од ставот (4) на овој член без одлагање на својата интернет страница го објавува идентитетот и причините за постоење на конфликт на интерес кај полномошниците.

(8) Полномошното дадено согласно со ставот (4) од овој член на лице кај кое постои конфликт на интерес согласно со ставот (2) на овој член важи од денот кога ќе се објави идентитетот на лицето со причината за постоење на конфликт на интерес на интернет страницата на друштвото.

(9) Дејствијата извршени од полномошници кај кои постоел конфликт на интерес, но истиот не им бил претходно обелоденет на акционерите од кои биле овластени како полномошници, како и на друштвото ќе се сметаат за лица на кои не им е дадено полномошно.

## Овластување полномошници по писмен пат кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување

### Член 392-б

(1) Акционерите можат да овластат полномошник на седница на собрание на друштвото со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат полномошното кај нотар кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување. Акционерите треба веднаш да го известат друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

(2) Ако друштвото од ставот (1) на овој член има утврдено образец за давање полномошно во писмена форма, тогаш образецот треба да биде испратен на трошок на друштвото лично до секој акционер или да се направи достапен за преземање од интернет страницата на друштвото на начин што акционерите би можеле да го преземат електронски за да го отпечатат, пополнат и потпишат. Кога акционер од која било причина технички не може да го преземе образецот за давање полномошно од интернет страницата на друштвото или ако му бил испратен лично по пошта, а образецот не го примил, тој може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

(3) Друштвото од ставот (1) на овој член е должно да уважи полномошно дадено во писмена форма ако било писмено известено од акционерот давател на полномошното. Друштвото може да бара утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, односно за верификација на инструкциите за гласање ако такви му се дадени на полномошникот, но не смее да бара полномошното да се завери од нотар или да биде потврдено од домашен или странски надлежен орган како услов за уважување на полномошното, односно инструкциите за гласање.

(4) Одредбите на овој член соодветно се применуваат и на откажувањето на полномошно по писмен пат.

## Овластување полномошници по електронски пат кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување

### Член 392-в

(1) Акционерите кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување можат да овластат полномошници и/или на истите да им дадат инструкции за гласање на електронски начин.

(2) Друштвата од ставот (1) на овој член се должни на акционерите да им обезбедат користење на електронски систем преку кој акционерите ќе можат да се регистрираат, да овластуваат свои полномошници и на истите да им даваат инструкции за гласање на седницата на собранието на друштвото.

(3) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на откажувањето на полномошно на електронски начин.

## Кворум за работа на собранието

### Член 393

(1) Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

(2) Ако на собранието не се обезбеди кворумот од ставот (1) на овој член собранието не може да почне со работа. За време што не е подолго од 15 дена од денот за којшто е закажано одржувањето на собранието коешто немало кворум за работа се закажува нов термин за одржување на собранието (презакажано собрание) коешто и се одржува во овој рок. Новиот термин за одржување на презакажаното собрание се објавува на начин на којшто е објавено свикувањето на собранието коешто немало кворум за работа.

(3) Учеството на презакажаното собрание повторно не се пријавува. Пред да се започне со работа на презакажаното собрание се пристапува кон потпишување на списокот, со што секој присутен го верификува своето присуство на презакажаното собрание. Потпишаниот список со свој потпис го заверува претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот, претседавачот со собранието го констатира присуството на пријавените акционери, односно на нивните полномошници, односно кворумот за работа на собранието.

(4) Секој верификуван учесник на презакажано собрание може да бара копија на потпишаниот список на свој трошок.

(5) На презакажаното собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното собрание не може да се одлучува за прашањата за коишто, според овој закон, се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот од ставот (1) на овој член.

## Мнозинство со кое се одлучува на собранието

### Член 394

Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со овој закон и со статутот не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на собранието.

## Водење собрание

### Член 395

(1) Со седницата на собранието претседава претседавач (во натамошниот текст: претседавач со собрание). Претседавачот со собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на собранието.

(2) Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание.
(3) Мандатот на претседавачот со собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание коешто треба да биде одржано.
(4) За претседавач со собранието може да биде избран секој акционер или лице коешто застапува акционер. За претседавач со собранието не може да биде избран член на орган на управување или член на надзорен одбор.

## Продолжување прекината седница на собрание

### Член 396

(1) Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на собранието можат да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство (продолжување на прекината седница на собранието). Одложувањето не може да биде подолго од осум дена од денот на прекинот.
(2) Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, а собранието не донело одлука за продолжување со работа, во согласност со ставот (1) од овој член, претседавачот со собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на собранието, освен ако со статутот поинаку не е определено.
(3) Учеството на продолжувањето на прекината седница на собранието повторно не се пријавува. Акционерот кој не го пријавил учеството на собранието чијашто седница е прекината има право да го пријави своето учество пред почетокот на продолжената седницата според состојбата во акционерската книга. На почетокот од работата на продолжената седница на собранието се пристапува кон повторно потпишување на списокот на пријавените акционери, односно на полномошниците, со што секој присутен го верификува своето присуство на продолжението на прекинатата седница на собранието. Потпишаниот список, со свој потпис, повторно го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверувањето на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа на продолжението на прекината седница на собранието.
(4) Заверениот список од ставот (3) на овој член им се дава на увид на сите учесници на продолжението на прекинатата седница на собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на собранието може да бара копија на потпишаниот список на свој трошок.
(5) Ако на продолжената седница на собранието нема кворум за работа или таа не се одржи во рокот од ставот (1) на овој член, се закажува ново собрание според условите, начинот и постапката определени со овој закон и со статутот.
(6) Одлуките донесени на собранието коешто по започнувањето со работа ја прекинало работата, без разлика на тоа дали ќе продолжи со работа, се сметаат за полноважни. На седницата на којашто собранието продолжило да работи, собранието расправа и одлучува само по точките коишто не се разгледувани и по коишто не е одлучувано.

## Услови за остварување на правото на глас

### Член 397

(1) Правото на глас се стекнува со целосна уплата на паричен влог, односно со целосно внесување непаричен влог.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, со статутот може да се определи правото на глас да се стекнува и кога за акцијата ќе се уплати најмалиот износ на влогот определен со законот или со статутот. За акцијата за којашто ќе се уплати најмалиот износ на влогот определен со законот и со статутот се стекнува право на еден глас. За поголемите влогови соодносот на стекнатите права се определува сразмерно на износот на она што е уплатено. Во овие случаи, деловите на гласовите се групираат само во полни гласови.

(3) Ако со статутот не е определено дека правото на глас се стекнува пред целосната уплата на влогот, а ниедна акција не е уплатена во целост, правото на глас се определува сразмерно на износот на уплатените влогови. Притоа уплатата на најмалиот износ на влогот дава право на еден глас. Во овие случаи, деловите на гласовите се земаат предвид само тогаш ако на акционерот кој има право на глас му даваат полни гласови.

(4) Одредби во статутот на друштвото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член што се применуваат само на одделни акционери или на одделни родови акции, се ништовни.

**Остварување право на глас во определени случаи**

**Член 398**

(1) Со давањето на акциите во залог, акционерот не го губи правото на глас.

(2) За акциите во сопственост на малолетник или на друго деловно неспособно лице, правото на глас го остварува неговиот законски застапник, односно старател, лично или преку полномошник, определен со писмено полномошно заверено кај нотар.

(3) За акциите во сопственост на починато лице, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува заедничкиот застапник определен од наследниците на починатиот со писмено полномошно заверено кај нотар.

(4) За друштво во ликвидација или во стечај коешто има акции во друго правно лице, гласа ликвидаторот, односно стечајниот управник или од нив определениот полномошник со писмено полномошно заверено кај нотар.

**Ограничувања при остварувањето**
**на правото на глас**

**Член 399**

(1) На собранието акционер не може да гласа за одлука што го ослободува лично од обврска, од некое побарување коешто друштвото го има спрема него или од одговорност или кога му се признава некаква предност или привилегија на сметка на друштвото, односно кога се гласа за одлука да се поведе судска или друга постапка против него, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Во овие случаи, акционерот не може да го остварува правото на глас, ниту лично ниту преку полномошник.

(2) Одредбите во статутот што се во спротивност со ставот (1) на овој член се сметаат за ништовни.

(3) Ако акционерот постапи спротивно на ставот (1) од овој член, одговара за штета којашто друштвото ќе ја претрпи, освен ако докаже дека мнозинството би било постигнато и без неговиот глас.

(4) Ништовен е договорот со кој акционерот се обврзува да го врши правото на глас според упатство на органот на управување или на надзорниот одбор. Ништовен е и договорот со кој акционерот се обврзува да гласа за секој предлог на органот на управување или на надзорниот одбор на друштвото.

### Начин на гласање на собранието

### Член 400

(1) Ако со законот и со статутот поинаку не е определено, а собранието самото не определи посебен начин на гласање или тајно гласање, начинот на гласањето го определува претседавачот со собранието. За броењето на гласовите собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

(2) За сите избори на член на орган на управување на друштвото, односно за член на надзорниот одбор или за отповикување на членовите на овие органи гласањето е тајно, освен ако со статутот не е определено гласањето да биде јавно.

(3) Ако со статутот е определено на собранието акционерите да гласаат јавно, по барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.

(4) Со статутот може да се определи начинот на којшто акционерите можат да гласаат на свикано собрание преку телефон или преку друго соодветно електронско средство, коешто е дел од јавна комуникациска мрежа и преку којшто може, на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу друштвото и акционерите и тоа така што гласањето ќе биде достапно на секој акционер и ќе може, со сигурност, да се евидентира извршеното гласање. Акционерот кој гласа преку телефон или преку друго електронско средство се смета за присутен на собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на собранието.

(5) Ако на сигурен начин не може да се утврди идентитетот на секој акционер, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу друштвото и акционерот и ако гласањето не биде достапно на секој акционер и не може со сигурност да се евидентира кворумот и извршеното гласање, гласањето е ништовно.

### Гласање со кореспонденција

### Член 400-а

(1) Друштвото може да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција пред денот на одржување на собранието.

(2) Друштвото, пред да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција, може да побара претходно тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал по избор на акционерите и без обврска за акционерите да го заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен орган. Друштвото кое има воспоставено систем на внатрешна евиденција и регистрација на акционерите на кои истиот им е достапен, може да го примени тој систем како средство за идентификација на акционерите.

(3) Гласањето со кореспонденција кое е извршено спротивно на одредбите од ставот (2) на овој член е ништовно.

## Отстранување на определени пречки за ефективно остварување на гласачките права

### Член 400-б

(1) Физичко или правно лице кое е акционер согласно со одредбите на овој закон може да презема дејства за време на вршењето на неговата дејност за сметка на друго физичко или правно лице (во натамошниот текст: клиент). Лицето кое презема дејства во име на еден или повеќе клиенти, го обелоденува на друштвото идентитетот на секој свој клиент и бројот на акциите чие право на глас го остварува за сметка на секој клиент, како и содржината на овластувањето и инструкциите за гласање ако такви инструкции примил од клиентот. Друштвото не може да бара нотарска заверка или потврда од домашен или странски орган на документите со кои ќе се врши обелоденувањето.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член се однесуваат и на банки, брокерски куќи и други физички и правни лица кои согласно со закон можат да бидат иматели на сметка на хартии од вредност и да вршат услуги на чување на хартии од вредност и управување со портфолио на хартии од вредност, ако клиент им ги доверил на управување и располагање неговите хартии од вредност и остварувањето на правата од тие хартии од вредност.

(3) Лицето од ставот (1) на овој член може да гласа поинаку за едни акции со право на глас од други акции со право на глас за сметка на ист клиент.

## Начин на спроведување тајно гласање

### Член 401

(1) Тајното гласање го спроведува комисија за спроведување тајно гласање избрана со одлука на собранието, освен ако со статутот поинаку не е определено. Комисијата мора да биде составена од најмалку три члена од редот на акционерите. Во комисијата не може да се избере акционер, односно друго лице кое е член на орган на управување на друштвото, односно на надзорен одбор ниту претседавачот со собранието на коешто се врши тајното гласање. Комисијата за спроведување тајно гласање е должна да работи непристрасно и праведно.

(2) Комисијата ја определува содржината на гласачките ливчиња, се грижи за умножување на гласачките ливчиња, ги нумерира гласачките ливчиња, ги пребројува гласовите и поднесува писмен извештај за спроведеното тајно гласање во којшто утврдува колку ливчиња биле употребени за спроведеното тајно гласање, колку ливчиња останале неупотребени и ги утврдува резултатите од гласањето. Извештајот за спроведеното тајно гласање го потпишуваат сите членови на комисијата.

(3) Гласачкото ливче мора да ги содржи имињата и презимињата на сите кандидати кои се избираат со тајно гласање.

(4) Кога се врши тајно гласање, ливчето за гласање мора да ги содржи прашањата за коишто ќе се гласа, опцијата за гласање "за", "против", "воздржани" за секое прашање или група на прашања или друга јасна опција, како и објаснување за начинот на којшто се врши тајното гласање.

(5) Гласачките ливчиња (употребените и неупотребените), извештајот за спроведеното гласање и другиот изборен материјал се чуваат на ист начин како и записниците од собранијата.

## Утврдување на резултатите од гласањето

### Член 401-а

(1) Друштвото е должно за секоја одлука за која се гласало на седница на собранието на друштвото да го утврди вкупниот број на акции за кои биле дадени важечки гласови, вкупниот број на важечки гласови и делот од основната главнина кој го претставуваат тие и бројот на гласови дадени „за“, „против“ и „воздржан“ за секоја одлука што е предмет на гласање на собранието.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако ниту еден акционер не стави забелешка на гласањето, односно не побара целосен отчет за резултатите од гласањето, друштвото може да ги утврди резултатите од гласањето само до степен потребен за да се прикаже дека потребното мнозинство за секоја одлука е постигнато.

(3) Во рок од 15 дена од денот на одржаната седница на собранието, друштвото чии акции котираат на берза, односно друштвото кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување е должно на својата интернет страница да ги објави резултатите од гласањето на начин како што е пропишано со ставот (1) на овој член.

## Влегување во сила на одлуките на собранието

### Член 402

Одлуките на собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

## Посебно собрание и одвоено гласање

### Член 403

(1) Кога со одлука на собранието, односно со одлука за измена на статутот се менува, односно ограничува кое било право врзано за некој род акции, таа одлука се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род акции дадат согласност со донесување одлука за согласност со мнозинството определено во овој закон и во статутот.

(2) Акционерите од ставот (1) на овој член донесуваат одлука за согласност на одделна седница на овие акционери (посебно собрание) или на исто собрание со другите акционери но со одделно гласање (одвоено гласање), освен ако со закон поинаку не е определено. За свикувањето на одделна седница на посебно собрание и за учеството на неа, за правото на известување, како и за донесувањето на посебните одлуки, важат одредбите на овој закон што се однесуваат на одлучувањето на собранието. Свикување посебно собрание или одвоено гласање можат да побараат акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите кои можат да учествуваат во гласањето за донесување одлука за согласност.

## Права на приоритетни акции без право на глас

### Член 404

Ако износот што треба да се плати од дивидендата за приоритетните акции без право на глас не е платен или не е целосно исплатен за една година и ако тоа не се плати дополнително во наредната година, покрај полниот износ на

дивидендата за таа година, приоритетните акции без право на глас даваат право на глас се додека не се исплатат тие износи. Во тој случај, приоритетните акции учествуваат и при пресметувањето на кворумот за работа и за одлучување како и акциите со право на глас.

### Одлука со којашто се укинува првенствено право

### Член 405

(1) За одлука со којашто се укинува повластено право, е потребна согласност на сопствениците на приоритетните акции.

(2) За издавање на приоритетни акции кои при распределбата на добивката или при исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото имаат првенство е потребна согласност на сопствениците на приоритетни акции.

(3) Сопствениците на приоритетни акции ја даваат согласноста со посебна одлука. Одлуката се донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од претставените приоритетни акции, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката.

(4) Ако повластените права бидат укинати, приоритетните акции без право на глас стекнуваат право на глас.

### Право на известување

### Член 406

(1) Секој акционер може на собранието да бара известување за состојбата на друштвото и за неговите односи со други друштва, ако известувањето е поврзано со точките на дневниот ред на собранието.

(2) Акционерот на кој му е ускратено известувањето може да побара, во писмена форма, неговото прашање, барање и причините поради коишто тој е лишен од известувањето да бидат внесени во записникот од расправата.

(3) Акционер кој нема добиено известување може да бара заштита на своето право на известување од судот. Предлогот се поднесува во рок од 15 дена од денот на одржувањето на собранието.

### Записник од собранието

### Член 407

(1) За работата на собранието се води записник којшто содржи податоци за:

1) фирмата и седиштето на друштвото;

2) датумот, времето и местото на одржувањето на собранието;

3) името на претседавачот со собранието, односно името на записничарот и имињата на членовите на комисијата за гласање, ако се избираат;

4) дневниот ред на собранието;

5) бројот на присутните акционери, односно полномошниците на акционери и кворумот за работа;

6) расправата водена на собранието;

7) значајните настани на собранието, како и поднесените предлози;

8) одлуките, бројот на гласови ,,за,, и ,,против,, и бројот на воздржаните гласови и

9) оградувањата, односно противењата на акционер, член на органот на управување, односно на надзорниот одбор против некоја одлука ако е изјавено оградување, односно противење.

(2) За записничар и заверувачи на записник не може да биде избран член на орган на управување на друштвото, односно на надзорен одбор, ниту претседавачот со собранието.

(3) Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

(4) Секој акционер може да бара од извршните членови на одборот на директорите, односно од управниот одбор, издавање копија на записникот од собранието, на негов трошок. Трошокот не може да биде поголем од стварните трошоци.

(5) Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со собранието. Копијата од ставот (4) на овој член ја дава нотарот кој го водел записникот.

(6) Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку десет години.

## Трет отсек

## НИШТОВНОСТ И ПОБИВАЊЕ НА ОДЛУКАТА НА СОБРАНИЕТО

### Причини за ништовност

### Член 408

Покрај случаите изречно пропишани во овој закон, одлуката на собрание е ништовна, ако:

1) одлуката е донесена на собрание што не е свикано во согласност со законот и со статутот, освен ако на собранието се присутни сите акционери;

2) собранието не е ја донело одлуката на начин и во облик определен со овој закон и со статутот;

3) е спротивна на битието на друштвото или ако нејзината содржина е спротивна на закон, на моралот или на одредбите на статутот;

4) собранието одлучувало за прашање што не е во негова надлежност;

5) одлуката не е внесена во записникот на начин определен со овој закон;

6) е избран орган на управување, односно надзорен одбор што е составен спротивно на одредбите на овој закон или на статутот;

7) со одлука, собранието избрало за член на орган на управување, односно надзорен одбор физичко лице коешто не било предложено во согласност со овој закон или со статутот;

8) со одлука, собранието избрало во органот на управување, односно надзорниот одбор повеќе физички лица отколку што е определено во овој закон, односно во статутот;

9) со одлука собранието избрало лице кое во времето кога е избирано не ги исполнува условите утврдени со овој закон за избор во органот на управување, односно надзорниот одбор;

10) собранието одлучило да ја одобри годишната сметка и финансиските извештаи на коишто не е извршена ревизија или ако ревизијата не е извршена во согласност со закон или ревизијата не ја извршил овластен ревизор;

11) собранието одлучило да ја одобри годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходна деловна година без нивно претходно усвојување од органот на управување и од надзорниот одбор;

12) ако при подготвувањето на годишната сметка не се почитувани одредбите од овој закон или статутот со коишто се утврдени обврските за издвојување и користење на средствата за резерви; и

13) со правосилна одлука на судот е утврдено дека одлуката на собранието е ништовна.

## Повикување на ништовност

### Член 409

(1) По уписот на одлука на собранието во трговскиот регистар не може да се повикува на нејзината ништовност од причините наведени во членот 408 точка 5 од овој закон.

(2) Ако одлуката на собранието е ништовна од причините наведени во членот 408 точка 1 или точка 3 од овој закон, не може да се повикува на нејзината ништовност по истекот на три години од нејзиниот упис во трговскиот регистар. Ако во овој рок во тек е постапка по тужба за утврдување на ништовноста на одлука, рокот од три години се продолжува се додека не се одлучи правосилно по тужбата или додека спорот не се реши на друг начин. Ако одлуката на собранието е ништовна според членот 408 точка 1 од овој закон не може да се бара нејзина ништовност ако со одлуката се согласат сите акционери кои не биле уредно повикани на собранието.

## Тужба за утврдување ништовност

### Член 410

(1) Ништовноста може да се истакнува со тужба и на кој било друг начин.

(2) Тужба против друштвото со кое се бара утврдување на ништовност на одлука на собранието може да поднесе секој акционер, органот на управување или член на органот на управување или на надзорниот одбор.

(3) Тужбата се поднесува во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката. Ако тужителот бил присутен на собранието на коешто е донесена одлуката, рокот почнува да тече од првиот нареден ден од денот на завршувањето со работа на собранието на коешто е донесена одлуката. Ако тужителот не присуствувал на собранието на коешто е донесена одлуката, рокот почнува да тече од првиот нареден ден од денот кога можел да дознае за одлуката, но не подоцна од една година од донесувањето на одлуката.

(4) Тужбата се поднесува против друштвото. Друштвото е застапувано од овластен член на органот на управување, односно на надзорниот одбор. Ако тужба поднесат извршните членови на одборот на директорите, друштвото е застапувано од неизвршните членови, ако тужба поднесе управниот одбор или некој негов член, друштвото е застапувано од овластен член на надзорниот одбор, а ако тужба поднесе надзорниот одбор, друштвото е застапувано од овластен член на управниот одбор.

(5) Судот може со привремена мерка да ја запре примената на одлуката за којашто со тужбата се бара да се утврди нејзина ништовност, ако се чини веројатно дека со нејзиното извршување на друштвото, односно на акционер може да им се предизвика ненадоместлива штета.

(6) Ако членовите на органот на управување, на надзорниот одбор или управителот поднесат тужба за утврдување ништовност, во тој случај, соодветно се применува одредбата од ставот (4) на овој член.

## Правни последици од ништовноста

### Член 411

(1) Одлуката за којашто е утврдено дека е ништовна нема правно дејство освен во случаите од членот 409 на овој закон.

(2) Се што е стекнато од друштвото врз основа на ништовна одлука мора да му се врати на друштвото и да му се надоместат трошоците во врска со тоа.

(3) Ништовноста на одлуките од членот 408 став (1) точки 10, 11 и 13 има за последица и ништовност на одлуките на собранието што се донесени врз основа на овие одлуки. Ништовни се и одлуките на органот на управување, односно на надзорниот одбор со коишто се одобрени финансиските известувања.

## Побивање одлука

### Член 412

(1) Одлука на собранието може да се побива и ако акционерот гласал за одлука со намера за себе или за некој друг да стекне корист на штета на друштвото или на другите акционери, а со побиваната одлука тоа се постигнува. Оваа одредба не се применува кога на другите акционери, соодветно, ќе им се надомести штетата.

(2) Може да се побива одлука на собрание, заснована на недавање на известувањето коешто влијаело на донесувањето на одлуката.

(3) Не може да се побива одлука на собранието ако одлуката се потврди со нова одлука на собранието, а новата одлука не се побива во рокот од членот 410 став (3) на овој закон.

## Субјекти кои можат да побиваат одлука

### Член 413

Одлука на собрание може да побива:

1) акционер кој учествувал во работата на собранието и своето противење на одлуката го изјавил во записник;

2) акционер кој не учествувал во работата на собранието бидејќи, спротивно на законот и на статутот, не му било допуштено да учествува во неговата работа, ако собранието не било уредно свикано или ако прашањето за коешто се одлучувало на собранието не било правилно објавено;

3) секој акционер кога собранието донело одлука со намера акционерот кој гласал за одлуката за себе или за некој друг да стекне корист, на штета на друштвото или на штета на другите акционери;

4) органот на управување и надзорниот одбор;

5) секој член на органот на управување и надзорниот одбор, ако со спроведување на одлуката би сторил дејствие што е казниво, незаконито или за коешто може да одговара за штета и

6) доверител на друштвото кој има правен интерес.

## Тужба за побивање и правни последици од побивањето

### Член 414

(1) На тужбата за побивање соодветно се применуваат ставовите (2), (3), (4) и (6) од членот 410 на овој закон.

(2) Ако судот со правосилна одлука ја поништи одлуката на собранието таа има дејство спрема сите акционери, членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор, дури и кога тие не биле странка во постапката.

## Обврска за доставување и упис на одлука на судот

### Член 415

(1) Органот на управување мора во рок од три дена од денот на приемот на правосилната одлука да му ја достави на трговскиот регистар, ако врз основа на таа одлука е извршен упис во трговскиот регистар. Уписот на одлуката на судот во трговскиот регистар мора да се објави на ист начин како што претходно е објавен уписот.

(2) Ако врз основа на одлуката на судот е усогласен статутот, заедно со одлуката, на трговскиот регистар му се доставува и пречистениот текст на статутот.

## ОДДЕЛ 6-а

## Служба за внатрешна ревизија

### Член 415-а

(1) Органот на надзор на акционерското друштво, е должен да организира служба за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во друштвото. Акционерските друштва се должни да назначат внатрешен ревизор.

(2) Организациската поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациски единици на друштвото, како и одговорноста и условите за назначување на раководителот на службата за внатрешна ревизија ги уредува органот на надзор.

(3) Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото преку:

1) оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;

2) оцена на спроведувањето на политиките за управување со ризиците;

3) оцена на поставеноста на информатичкиот систем;

4) оцена на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи;

5) проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите и

6) следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите на друштвото.

(4) Службата за внатрешна ревизија ги спроведува своите активности во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија и политиката и процедурите за работење на службата.

(5) Лицата вработени во службата за внатрешна ревизија извршуваат работи само на службата.

(6) Вработените во друштвото се должни на лицата кои се вработени во службата за внатрешна ревизија да им овозможат увид во документацијата со која располагаат и да им ги дадат сите потребни информации.

**Член 415-б**

(1) Службата за внатрешна ревизија изготвува годишен план за работа што го одобрува органот на надзор.

(2) Во планот од ставот (1) на овој член задолжително се наведува предметот на ревизија со опис на содржината на планираната ревизија во одделни области и распоред на контролите во текот на годината со планирано времетраење за спроведување на контролите.

**Член 415-в**

(1) Службата за внатрешна ревизија е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до органот на надзор и до органот на управување.

(2) Полугодишниот и годишниот извештај од ставот (1) на овој член содржат:

1) опис на извршените ревизии на работењето на друштвото;

2) оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;

3) наоди и предложени мерки на службата за внатрешна ревизија и

4) оцена на спроведувањето на мерките предложени од страна на службата за внатрешна ревизија.

(3) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член содржи и:

1) оцена на реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа;

2) оцена за планираното време за контрола и евентуалното отстапување и

3) информации за извршени други активности.

(4) Органот на надзор е должен да го достави годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија до собранието на друштвото.

**Член 415-г**

Службата за внатрешна ревизија е должна веднаш да ги извести органот на надзор и органот на управување доколку во текот на контролата утврди:

1) непочитување на стандардите за управување со ризиците поради што постои можност за нарушување на ликвидноста или солвентноста на друштвото и

2) дека органот на управување не ги почитува прописите и општите акти и интерните процедури на друштвото.

## ОДДЕЛ 7

## АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО СО ЕДЕН АКЦИОНЕР

### Соодветна примена на одредбите за друштво со еден акционер

**Член 416**

(1) На друштвото со еден акционер, соодветно, се применуваат одредбите на овој закон што се однесуваат за друштва со два или повеќе акционера, со тоа што правата и обврските на собранието на акционерско друштво ги врши органот определен од основачот, односно единствениот акционер на начин определен во статутот на акционерското друштво со еден акционер.

(2) Договорите меѓу единствениот акционер и друштвото кога единствениот акционер е, истовремено, и единствен застапник по закон на друштвото мораат да бидат внесени во записник или да бидат склучени во писмена форма.

## ОДДЕЛ 8

## ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

### Начин и постапка

### Член 417

(1) Статутот се менува со одлука за измена на статутот.

(2) Постапка за измена на статутот можат да покренат органот на управување, односно надзорниот одбор, како и акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас. Иницијативата во форма на амандмани се доставува до органот на управување, а кога за тоа е овластен со овој закон, и до надзорниот одбор.

(3) Предлогот на одлуката за измена на статутот во којшто се наведени предложените измени, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, го утврдува органот на управување, а кога за тоа е овластен со овој закон, и надзорниот одбор. Утврдениот предлог на одлука за измена на статутот мора да биде образложен.

### Одлука за измена

### Член 418

(1) Одлуката за измена на статутот ја донесува собранието.

(2) Одлуката за измена на статутот се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

(3) Собранието со одлуката за измена на статутот го овластува одборот на директори, односно надзорниот одбор да подготви пречистен текст на статутот во којшто се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на статутот, како и одредбите од одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на статут утврдени со овој закон.

### Влегување во сила на измената

### Член 419

Измената на статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката за измена на статутот, освен ако со одлуката за измена на статутот не е определен друг датум на влегување во сила.

# ОДДЕЛ 9

# ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

## Пододдел 1

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

### Прв отсек

### ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

#### Начини на зголемување

#### Член 420

Зголемувањето на основна главнина на друштвото може да се врши:
1) со влогови;
2) со условно зголемување на основната главнина;
3) со одобрен капитал и
4) од средствата на друштвото.

#### Одлука за зголемување

#### Член 421

(1) Зголемувањето на основната главнина се врши со одлука на собранието за зголемување на основната главнина. Одлуката за зголемување на основната главнина има карактер на одлука за измена на статутот, освен одлуката за зголемување на основна главнина што органот на управување ја донел според одредбата на статутот за одобрен капитал.

(2) Ако новоиздадените акции се издаваат со износ повисок од номиналниот износ на акциите, во одлуката за зголемување на основната главнина мора да се одреди износот под којшто акциите не можат да бидат издадени.

(3) Одлуката за зголемување на основната главнина содржи податоци за износот, начинот и датумот на зголемувањето на основната главнина, бројот, родот и класите на акциите, паричните и непаричните влогови врз основа на коишто се преземаат новоиздадените акции и други податоци определени со закон и со одредбите од овој оддел на овој закон, според соодветниот начин на зголемување на основната главнина.

(4) Одлуката за зголемување на основната главнина се донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

(5) Ако постојат повеќе родови акции, одлуката од ставот (1) на овој член е полноважна ако се согласат за тоа акционерите од секој род акции. Одлуката за согласност акционерите од секој род акции ја донесуваат со истото мнозинство со коешто е донесена одлуката од ставот (1) на овој член.

(6) Нова одлука за зголемување на основната главнина може да биде донесена само ако претходното зголемување на основната главнина е извршено и запишано во трговскиот регистар и кај депозитарот на хартии од вредност.

## Право на првенство за запишување новоиздадени акции и други хартии од вредност

### Член 421-а [10]

(1) При зголемување на основната главнина, акционерите имаат право на првенство за запишување на новоиздадените акции од истиот род и класа на акции сразмерно на учеството на нивните акции во основната главнина на друштвото, без разлика на тоа дали новоиздадените акции се продаваат преку банка или преку друга финансиска организација.

(2) Во случај кога друштвото има издадено повеќе родови и класи на акции и ја зголемува основната главнина преку издавање на само еден од родовите и класи на акции, акционерите кои се сопственици на акции од другите родови и класи имаат право на првенство само откако акционерите, кои се сопственици на акциите од истиот род и класа, како и новите акции, ќе го остварат правото на првенство.

(3) Правото на првенство за запишување на новоиздадени акции се применуваат и на издавањето на другите видови хартии од вредност кои можат да се конвертираат во акции или во кои е содржано правото за запишување на акции, но не се применува и на конверзијата на тие хартии од вредност, ниту пак на извршувањето на правото на запишување.

## Исклучување и ограничување на правото на првенство при запишување новоиздадени акции

### Член 421-б [11]

(1) Правото на првенство за запишување новоиздадени акции може, пред запишувањето на акциите, да биде целосно или делумно исклучено само со одлуката за зголемување на основната главнина, во согласност со статутот, којашто мора да биде објавена на начинот на којшто се објавува свикувањето на собранието.

(2) Собранието може да одлучува за исклучување на правото на првенство при запишувањето новоиздадени акции само врз основа на извештај, во писмена форма, на органот на управување во којшто се наведуваат причините за ограничувањето или за исклучувањето на правото на првенство за запишување и во којшто мора да се образложи цената на издавањето на акциите. Одлуката од ставот (1) на овој член се донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под три четвртини од претставените акции на собранието со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за донесување на одлуката.

---

[10] Одредбите на членовите 14 (се однесува на членовите 421-а и 421-б), 15 (се однесува на членот 429), 16 (се однесува на членот 429-а), 17 (се однесува на дел од членот 434 став (7) и членот 437 став (5)), 18 (се однесува на членот 437-а) и 19 (се однесува на членот 455 став 1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр. 87/08), ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

[11] Одредбите на членовите: 14 (се однесува на членовите 421-а и 421-б), 15 (се однесува на членот 429), 16 (се однесува на членот 429-а), 17 (се однесува на дел од членот 434 став (7) и членот 437 став (5)), 18 (се однесува на членот 437-а) и 19 (се однесува на членот 455 став 1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр. 87/08), ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

**Право на првенство за запишување**
**новоиздадени акции**

**Членот 422 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.25/07).**

**Замена на акции заради зголемување**
**на номиналниот износ на акциите**

**Член 423**

(1) Акциите коишто се целосно платени учествуваат во зголемувањето на основната главнина според нивниот номинален износ.

(2) Акциите коишто се делумно платени учествуваат во зголемувањето на основната главнина според нивниот номинален износ што е уплатен.

**Учество на новите акции во добивката**

**Член 424**

(1) Со одлуката за зголемување на основната главнина може да се одреди новите акции да учествуваат во добивката на друштвото во деловната година што претходела на годината во којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина. Во тој случај, одлуката за зголемување на основната главнина мора да биде донесена пред донесувањето на одлуката за распределба, односно за употреба на добивката за деловната година што претходела на годината во којашто е донесена одлуката за зголемувањето на основната главнина. Одлуката за распределба, односно за употреба на добивка од претходната година има правно дејство по зголемувањето на основната главнина.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член е ништовна ако одлуката за зголемување на основната главнина не е запишана во трговскиот регистар во рок од три месеца од денот на нејзиното донесување. Овој рок не тече за време додека трае постапка по тужба со којашто се побива одлуката или со којашто се бара утврдување на нејзината ништовност или за времето додека не се добие одобрение од страна на надлежен орган за зголемување на основната главнина ако е тоа определено со закон.

**Исклучување на правото на првенство**
**при запишување новоиздадени акции**

**Членот 425 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.25/07).**

**Заштита на правата на акционерите**
**и на трети лица**

**Член 426**

(1) Ако одделни права од акции што се делумно платени, како што се правото на учество во добивката или правото на глас, се одредуваат според износот што е платен, се до целосната уплата на акциите, акционерите ги имаат правата што се определени до износот што го уплатиле.

(2) Зголемувањето на основната главнина не влијае на содржината на договорените односи меѓу друштвото и трети лица кои зависат од остварената добивка, вредноста на акциите или вредноста на основната главнина пред зголемувањето на основната главнина.

(3) Одредбата од ставот (2) на овој член се однесува и на дополнителните обврски на акционерите.

## Втор отсек

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА СО ВЛОГОВИ

### Претпоставки за зголемување

### Член 427

Зголемувањето на основната главнина со влогови може да се врши само со издавање нови акции. Новоиздадените акции можат да се платат со пари, со внесување на непарични влогови и со заем што се трансформира во влог во друштво во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото.

### Зголемување на основната главнина со непаричен влог

### Член 428

(1) Ако зголемувањето на основната главнина се врши со непарични влогови, во одлуката за зголемување на основната главнина со влогови мораат да бидат наведени непаричните влогови, лицата од кои друштвото ги презема непаричните влогови и номиналниот износ на акциите коишто се стекнуваат како противвредност за внесените непарични влогови.

(2) Ако во одлуката за зголемување на основната главнина со непарични влогови не се определат податоците од ставот (1) на овој член, внесувањето на непаричните влогови, договорите за внесувањето на непаричните влогови и правните дејствија за нивното остварување спрема друштвото се ништовни.

(3) На зголемувањето на основната главнина со непарични влогови, соодветно, се применуваат одредбите од членот 35 на овој закон.

### Објавување повик за запишување акции

### Член 429 [12]

(1) Органот на управување, по добивањето одобрение од Комисијата за хартии од вредност за издавање акции, според одлуката за зголемување на основната главнина со влогови, објавува повик до акционерите. Повикот се објавува во "Службен весник на Република Македонија", најмалку во два дневни весника што

[12] Одредбите на членовите: 14 (се однесува на членовите 421-а и 421-б), 15 (се однесува на членот 429), 16 (се однесува на членот 429-а), 17 (се однесува на дел од членот 434 став (7) и членот 437 став (5)), 18 (се однесува на членот 437-а) и 19 (се однесува на членот 455 став 1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр. 87/08), ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

излегуваат на целата територија на Република Македонија и на веб страницата на друштвото. Во повикот акционерите се известуваат, во рок не покус од 15 дена од денот на објавувањето на повикот, да го запишат оној дел од новоиздадените акции кој одговара на учеството на нивните акции во основната главнина пред нејзиното зголемување, односно да го искористат правото на првенство за запишување на новоиздадените акции, освен ако со одлуката за зголемување на основната главнина со влогови акционерите од ова право не се откажале.

(2) Органот на управување, истовремено, писмено го информира секој акционер за износот на издадените акции, за бројот на акциите којшто одговара на учеството на неговите акции во основната главнина и за рокот од ставот (1) на овој член во којшто акционерот може да ги запише новите акции.

(3) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член во кој акционерите можат да го искористат правото на првенство за запишување на новоиздадените акции, право на запишување на новоиздадените акции имаат и други лица во рок што не е покус од 15 дена од денот на истекот на рокот од ставот (1) на овој член и тоа под еднакви услови кои важеле за акционерите кои имале право на првенство за запишување на новоиздадените акции во поглед на цената по која акциите им биле понудени и начинот на плаќање на новоиздадените акции.

**Право на првенство на запишување акции на постоен акционер**

**Член 429-а [13]**

Во рок што не може да биде покус од 15 дена, секој акционер има право, со писмена изјава, да го запише оној дел од новите акции којшто одговара на учеството на неговите акции во основната главнина пред нејзиното зголемување.

**Право на првенство**

**Членот 430 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.25/07).**

**Запишување на новоиздадените акции**

**Член 431**

(1) Новоиздадените акции се запишуваат со писмена изјава (уписница) од која може јасно да се утврди кој е запишувачот, бројот на акциите што ги запишува, номиналниот износ на акциите, а ако, се во прашање акции од повеќе родови и класи, и родот и класата на акциите. Уписницата мора да ги содржи:

1) денот кога е донесена одлуката за зголемување на основната главнина со влогови;

2) износот за којшто се зголемува основната главнина, родот и бројот на акциите, начинот на плаќањето и дополнителните обврски ако такви се определени со одлуката за зголемување на основната главнина со влогови;

[13] Одредбите на членовите: 14 (се однесува на членовите 421-а и 421-б), 15 (се однесува на членот 429), 16 (се однесува на членот 429-а), 17 (се однесува на дел од членот 434 став (7) и членот 437 став (5)), 18 (се однесува на членот 437-а) и 19 (се однесува на членот 455 став 1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр. 87/08), ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

3) податоците за зголемување на основната главнина со внесување на непарични влогови, а ако се издаваат акции од повеќе родови, и вкупниот номинален износ на акции од секој род и

4) рокот до кој обврската преземена со потпишувањето на уписницата престанува ако до тој рок не се изврши упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

(2) Уписниците коишто не ги содржат податоците или содржат ограничувања, освен оние од ставот (1) точка 4 на овој член се ништовни.

(3) Лицето кое врз основа на уписница запишало акции и како акционер остварувало права или исполнувало обврска не може да се повикува на ништовност или да се ослободи од обврските кои ги презело од уписницата ако во трговскиот регистар е извршено запишување на одлуката за зголемување на основната главнина.

(4) Ограничување коешто не е содржано во уписницата нема правно дејство спрема друштвото.

## Уплата и внесување на влогови

### Член 432

(1) Паричните влогови се уплаќаат во целост до денот на уписот на извршеното зголемување на основната главнина во трговскиот регистар.

(2) Непаричните влогови се внесуваат во друштвото во целост до денот на уписот на извршеното зголемување на основната главнина во трговскиот регистар и тоа според нивната проценета вредност. Друштвото потпишува договор за внесување на непаричниот влог со лицето кое го внесува непаричниот влог. Договорот го потпишува извршен член на одборот на директори, претседателот на управниот одбор, односно лицето коешто тој ќе го овласти и лицето коешто го внесува непаричниот влог.

(3) Ако лицето од ставот (2) на овој член не го внесе непаричниот влог според условите определени во договорот во ставот (2) од овој член, е должно да го плати номиналниот износ на акциите што ги презел, како и да ги изврши другите обврски определени со договорот.

(4) Заемот што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото се внесува врз основа на договор за заем  што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото и одлука за трансформација на заем што се трансформира во влог на друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото.

## Упис на зголемувањето на основната главина со влогови

### Член 433

(1) По извршеното зголемување на основната главнина со влогови, во рок од осум дена од извршеното зголемување на основната главнина, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина.

(2) Кон пријавата за упис на зголемувањето на основна главнина со влогови се приложуваат:

1) одлуката за зголемување на основната главнина со влогови, а ако постојат повеќе родови акции и одлуката за согласност од акционерите од секој род акции;

2) изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина со влогови, заверен од нотар;

3) одобрението од Комисијата за хартии од вредност за издавањето акции;

4) извештајот за процена ако зголемувањето на основната главнина на друштвото се врши со внесување непарични влогови и доказот за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар) - доказ за сопственост над подвижната ствар, а доколку се вложуваат хартии од вредност во трговскиот регистар се доставува доказ за сопственост на тие хартии од вредност со прибелешка дека истите се вложуваат во трговско друштво и дека сопственикот не може да располага со истите. За таа цел, сопственикот на хартиите од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност доставува изјава заверена на нотар дека хартиите од вредност се вложени во трговско друштво и дека е согласен над истите да биде евидентирано ограничување за располагањето се до пренесувањето на истите на трговското друштво.

5) договорот за внесување на секој непаричен влог;

6) пресметката на трошоците од издавањето на новите акции;

7) пречистениот текст на статутот;

8) доказот за оствареното право на првенство за запишување на издадените акции, како и списокот на лицата кои го оствариле тоа право, со назначување на бројот на акциите што ги стекнале и влоговите што ги уплатиле, односно што ги внеле за нивното стекнување, потпишан од претседателот на органот на управување, ако правото на првенство за запишување не е исклучено,

9) одобрението од надлежен орган ако за зголемувањето на основната главнина тоа е определено со закон,

10) договор за заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото и

11) одлука за трансформација на заем што се трансформира во влог на друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото.

(3) Известувањето за уписот на зголемувањето на основната главнина се објавува во трговскиот регистар.

## Трет отсек

## УСЛОВНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

### Претпоставки

### Член 434[14]

(1) Одлука за условно зголемување на основната главнина може да се донесе само заради остварување на следниве цели:

1) доверителите на друштвото да можат да го остварат правото на замена на конвертибилните обврзници со акции на друштвото и правото на првенство за запишување на новите акции коишто друштвото ќе ги издаде;

[14] Одредбите од членот 434 на овој закон за остварување на правото на првенство од страна на акционерите при условно зголемување на основната главнина ќе започнат да се применуваат од денот кога Република Македонија ќе стекне статус на полноправен член во Европската унија, види: член 33 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.48/10).

2) подготовка за присоединување и за поделба со раздвојување со преземање или издвојување со преземање и

3) остварување на правото на акции на вработените, на извршните членови на одборот на директори, на управниот одбор, односно на управителот на друштвото и на членовите на овие органи на друштвата поврзани со него.

(2) Во одлуката за условно зголемување на основната главнина се определуваат целта на условното зголемување на основната главнина, лицата кои можат да го користат правото на првенство за запишување на новоиздадените акции, рокот во којшто мора да се изврши условното зголемување на основната главнина, условите под коишто можат да се користат овие права, износот на којшто се издаваат акциите и мерилата и критериумите според коишто овој износ може да се пресмета.

(3) Номиналниот износ на условно зголемената основната главнина не може да ја надмине половината од основната главнина на денот на донесувањето на одлуката за условно зголемување на основната главнина.

(4) Одлуката на собранието за условно зголемување на основна главнина донесена спротивно на одредбите од овој член е ништовна.

(5) Правото на замена на обврзниците, односно правото на првенство за запишување акции од ставот (1) точка 1 на овој член се остварува со писмена изјава за претворање на обврзниците во акции, односно за запишување акции. На писмената изјава, соодветно, се применува членот 429 од овој закон.

(6) Одредбите од членовите 35 и 428 на овој закон што се однесуваат на непаричниот влог, соодветно, се применуваат и при условното зголемување на основната главнина.

(7) Одредбите од членовите 429 и 429-а[15] на овој закон што се однесуваат на правото на првенство за запишување на новоиздадените акции, соодветно, се применуваат и на остварување на правото на првенство за запишување на новоиздадените акции според одлуката за условно зголемување на основната главнина.

## Упис на зголемувањето на основната главнина

## Член 435

(1) Се смета дека зголемување на основната главнина е извршено со издавањето на акциите и ако е остварена некоја од целите од членот 434 став (1) на овој закон.

(2) По извршеното зголемување на основната главнина, во рок од осум дена, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар за вкупниот износ за којшто е зголемена основната главнина.

(3) Кон пријавата од ставот (2) на овој член, покрај прилозите од членот 433 став (2) точки 3, 4, 5, 6, 7 и 9 од овој закон се приложува и:

1) одлуката за условно зголемување на основната главнина;

2) извод од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за условно зголемување на основната главнина, заверен од нотар и

3) изјава со која органот на управување тврди дека обврзниците и акциите биле издадени само заради остварување на целта определена во одлуката за условно зголемување на основната главнина.

[15] Одредбите на членовите: 14 (се однесува на членовите 421-а и 421-б), 15 (се однесува на членот 429), 16 (се однесува на членот 429-а), 17 (се однесува на дел од членот 434 став (7) и членот 437 став (5)), 18 (се однесува на членот 437-а) и 19 (се однесува на членот 455 став 1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр. 87/08), ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

## Четврт отсек

## ОДОБРЕН КАПИТАЛ

### Начин на одобрување

### Член 436

(1) Органот на управување може да биде овластен со статутот најмногу за пет години по уписот на основањето на друштвото, односно за пет години по уписот на одлуката за измена на статутот во трговскиот регистар, ако оваа можност не била утврдена со статутот, преку издавање нови акции врз основа на влогови, да ја зголеми основната главнина до определен номинален износ (одобрен капитал).

(2) Номиналниот износ на одобрениот капитал не може да ја надмине половината од основната главнина во времето кога е дадено овластувањето за условното зголемување на основната главнина.

(3) Новите акции можат да се издадат само со согласност на мнозинството неизвршни директори на одборот на директори, односно со мнозинството од членовите на надзорниот одбор.

### Издавање нови акции

### Член 437

(1) Одредбата со којашто се дава овластувањето од членот 436 став (1) на овој закон се смета за одлука за зголемување на основната главнина со одобрен капитал.

(2) Издавањето нови акции се врши според одредбите на овој закон со коишто се уредува зголемувањето на основната главнина преку влогови, ако со овој пододдел од овој закон и со друг закон поинаку не е определено.

(3) Ставот 3 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.25/07).

(4) Одредбите од членовите 35 и 428 на овој закон што се однесуваат на непаричниот влог соодветно се применуваат и при зголемување на основната главнина со одобрен капитал.

(5) Одредбите од членовите 429 и 429-а[16] на овој закон што се однесуваат на правото на првенство за запишување на новоиздадени акции соодветно се применуваат и на остварување на правото на првенство за запишување на новоиздадени акции според одлуката за зголемување на основната главнина со одобрен капитал.

### Овластување за одлучување за исклучување на правото на првенство за запишување на новите акции

### Член 437-а [17]

Со овластувањето од членот 436 став (1) на овој закон, одборот на директори, односно надзорниот одбор може да се овласти да одлучува за исклучување на правото на првенство за запишување на новите акции, кое мора да биде дадено

[16] Одредбите на членовите: 14 (се однесува на членовите 421-а и 421-б), 15 (се однесува на членот 429), 16 (се однесува на членот 429-а), 17 (се однесува на дел од членот 434 став (7) и членот 437 став (5)), 18 (се однесува на членот 437-а) и 19 (се однесува на членот 455 став 1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр. 87/08), ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

[17] Одредбите на членовите: 14 (се однесува на членовите 421-а и 421-б), 15 (се однесува на членот 429), 16 (се однесува на членот 429-а), 17 (се однесува на дел од членот 434 став (7) и членот 437 став (5)), 18 (се однесува на членот 437-а) и 19 (се однесува на членот 455 став 1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр. 87/08), ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под три четвртини од претставените акции на собранието со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Одлуката за исклучување на правото на првенство се донесува со согласност на мнозинството неизвршни членови на одборот на директори, односно на мнозинството членови на надзорниот одбор. Овие членови се обврзани на наредното годишно собрание да поднесат писмен извештај во којшто ќе ги наведат причините за исклучување на правото на првенство за запишување на новите акции.

## Упис во трговскиот регистар на извршеното зголемување на основната главнина

### Член 438

(1) Во рок од осум дена од денот на преземањето на акциите, се поднесува пријава за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар соодветно на вкупниот износ на преземените акции.

(2) Кон пријавата од ставот (1) на овој член, покрај прилозите од членот 433 став (2) точки 2, 3, 4, 5, 6 и 9 од овој закон се приложуваат и:

1) статутот во којшто е содржана одредбата за условно зголемување на основната главнина;

2) изводот од записникот од состанокот на органот на управување на кој е донесена одлука за издавање на акции;

3) согласност на мнозинството неизвршни членови на одборот на директори, односно на мнозинството членови на надзорниот одбор, ако со овластувањето од членот 436 став (1) на овој закон, одборот на директори исклучувањето на правото на првенство за запишување може да го изврши само со нивна согласност и

4) изјавата со која органот на управување тврди дека акциите биле издадени во рамките на овластувањето за издавање нови акции само заради остварување на целта определена во овластувањето ако била определена со статутот.

## Петти отсек

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА ОД СРЕДСТВА НА ДРУШТВОТО

## Одлука за зголемување на основната главнина со средства на друштвото

### Член 439

(1) Собранието може да ја зголеми основната главнина со одлука за зголемување на основната главнина со преобразба на добивката, резервите и нераспределените (задржани) добивки коишто не биле распределени за дивиденда или за коишто не била определена друга намена (во натамошниот текст: одлука за зголемување на основната главнина со средства на друштвото).

(2) Одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото мора да е заснована на последната годишна сметка ревидирана од овластен ревизор за која ревизорот изразил мислење без резерва или мислење со резерва кое не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка, како и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, одобрени од собранието.

(3) Ако на последното редовно собрание не е назначен овластен ревизор, се смета дека е назначен оној овластен ревизор кој бил назначен од страна на собранието за ревизија на последната годишна сметка или овластениот ревизор, кој на предлог на друштвото, ќе биде назначен од судот.

(4) Зголемувањето на основната главнина со средства на друштвото може да се изврши со издавање нови акции. Во одлуката за зголемување на основната главнина мора да се наведе на кој начин ќе се врши зголемувањето на основната главнина.

(5) Акционерите имаат право на новоиздадените акции, сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина.

(6) Одредбата на статутот, односно одлуката на собранието којашто е спротивна на ставот (5) од овој член е ништовна.

**Подобност на добивката и на резервите за зголемување на основната главнина**

**Член 440**

(1) Статутарните резерви можат да бидат претворени во основна главнина во полн износ, а законската резерва може да биде претворена во основна главнина само ако го надминува износот определен со овој закон.

(2) Добивката и резервите не можат да бидат претворени во основна главнина доколку во билансот на состојбата е прикажана загуба, вклучувајќи ја и пренесената загуба од претходните години.

(3) Статутарните резерви коишто се определени за остварување на определена намена можат да бидат претворени во основна главнина само ако е тоа во согласност со таа намена.

(4) Добивката може да биде претворена во основна главнина само откако друштвото ќе издвои задолжителна општа резерва согласно со членот 485 од овој закон.

**Пријава за упис на зголемувањето на основната главнина со средства на друштвото**

**Член 441**

(1) Во рок од осум дена од денот на издавањето на акциите, според одлуката за зголемување на основната главнина со средства на друштвото, се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина.

(2) Кон пријавата од ставот (1) на овој член, покрај прилозите од членот 433 став (2) точки 6, 7 и 9 на овој закон се приложува и:

1) годишната сметка ревидирана од страна на овластен ревизор за кој ревизорот изразил мислење без резерва или мислење со резерва кое не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка;

2) одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото;

3) изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото, заверен од нотар и

4) изјава потпишана од претседателот на одборот на директори, односно од претседателот на управниот одбор со која гарантира дека според годишната сметка или финансискиот извештај што е земен како основа за зголемување на

основната главнина за која овластениот ревизор изразил мислење без резерва или мислење со резерва кое не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка, до денот на поднесувањето на пријавата за упис во трговскиот регистар на зголемувањето на основната главнина, не дошло до намалување на имотот на друштвото, кое би било пречка за зголемување на основната главнина со средства од друштвото, ако за зголемувањето би се одлучувало на денот на поднесувањето на пријавата.

## Пододдел 2

## НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

### Прв отсек

### ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

#### Начини на намалување на основната главнина

#### Член 442

(1) Основната главнина може да биде намалена со:

1) намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови и на класи акции;

2) спојување на еден или на повеќе родови акции, со тоа што најмалиот номинален износ на споената акција не може да биде помал од 1 ЕВРО и

3) повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина.

(2) По намалувањето на номиналниот износ и бројот на акциите, односно по повлекувањето на сопствените и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина и по уписот и по објавувањето на уписот на намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, акциите се поништуваат.

(3) Основната главнина не може да се намали повеќе од најмалиот номинален износ определен за основната главнина со овој закон.

(4) Ако друштвото ја намали основната главнина, спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член, одлуката за намалување на основната главнина е ништовна, освен ако заедно со одлуката за намалување на основната главнина не биде донесена и одлука за зголемување на основната главнина најмалку до најмалиот износ определен за основната главнина со овој закон.

### Втор отсек

### РЕДОВНО НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

#### Одлука за редовно намалување на основната главнина

#### Член 443

(1) Намалувањето на основна главнина се врши со одлука за намалување на основната главнина што ја донесува собранието со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

(2) Ако постојат повеќе родови акции, за полноважноста на одлуката е потребна согласност на акционерите од секој род акции, со мнозинство коешто не може да биде помало од мнозинството утврдено во ставот (1) на овој член. За давањето согласност, акционерите од секој род акции донесуваат посебна одлука за согласност. Одлуката за согласност се донесува на начинот и според условите утврдени во ставот (1) на овој член.

(3) Со одлуката за намалување на основната главнина се определуваат износот, целта, како и начинот за спроведување на намалувањето на основната главнина. Ако намалувањето на основната главнина се врши со цел да им биде вратен дел од намалената основна главнина на акционерите, тоа мора посебно да се наведе во одлуката.

(4) Во поканата со којашто се свикува собранието на коешто се одлучува за намалувањето на основната главнина се наведуваат причината, целта и начинот на кој ќе се изврши намалувањето на основната главнина.

**Упис на одлуката**

**Член 444**

(1) На одлуката за намалување на основната главнина се врши предбележба во трговскиот регистар. За предбележбата се поднесува пријава за упис.

(2) Кон пријавата за упис се приложуваат:

1) одлуката на собранието за намалување на основната главнина и

2) изводот од записникот од седницата на собранието на којашто е донесена одлуката за намалување на основната главнина, заверен од нотар.

(3) Претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, наредниот работен ден по уписот на предбележбата на одлуката за намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар, ја објавува намерата за намалување на основната главнина во ,,Службен весник на Република Македонија" и најмалку во еден дневен весник. Во огласот друштвото објавува дека е согласно на секој доверител кој ќе поднесе барање да му исплати пристигнато побарување или да му даде обезбедување за побарувањето. Ако по истекот на 90 дена од денот на објавувањето на огласот не биде поднесено барање за исплата на побарување, се смета дека сите доверители се согласни со одлуката за намалување на основната главнина.

(4) Познатите доверителите чиишто побарувања надминуваат 10.000 ЕВРА во денарска противвредност, се известуваат по писмен пат, поединечно, во местото на живеење, односно седиштето на доверителот запишани во трговскиот регистар.

**Обезбедување на доверителите**

**Член 445**

(1) Друштвото мора, за побарување настанато пред уписот на одлуката за намалување на основната главнина на друштвото во трговскиот регистар, да му даде на секој доверител соодветно обезбедување, ако:

1) доверителот пријавил побарување настанато пред донесувањето на одлуката за намалување на основната главнина, без разлика на тоа дали побарувањето е пристигнато, во рок од 90 дена од денот на објавувањето на огласот за намерата за намалување на основната главнина;

2) доверителот, со пријавувањето на побарувањето што не е достасано, побарал негово обезбедување и

3) има доволно причини да се смета дека намалувањето на основната главнина ќе ја намали способноста на друштвото да го намири побарувањето на доверителот.

(2) Доверител кој има право на првенствено намирување од стечајната маса на должникот, односно кој има остварено обезбедување, нема право да бара ново обезбедување поради намалување на основната главнина.

(3) Ако намалувањето на основната главнина на друштвото е извршено спротивно на ставовите (1) и (2) од овој член, одлуката за намалување на основната главнина е ништовна.

## Спојување акции

### Член 446

(1) Ако намалувањето на основната главнина се врши со намалување на номиналниот износ на акциите или со спојувањето на еден или на повеќе родови и класи акции со намалувањето на нивниот номинален износ на акционерите им се издаваат нови акции со нов номинален износ, сразмерно на тоа колку нивните акции учествувале во основната главнина пред намалувањето на основната главнина. Новите акции се од ист род и класа како и акциите за коишто се заменети.

(2) Одборот на директори, односно управниот одбор доставува до Централниот депозитар за хартии од вредност барање да се извршат во акционерската книга на друштвото измени, соодветни на извршеното намалување на основната главнина така што да се запише новиот номинален износ на акциите или намалувањето на бројот на акциите заради спојување или повлекување на акции.

(3) Пред да биде извршено издавање нови акции заради извршеното намалување на номиналниот износ на акциите или заради спојувањето на акциите не смее да се издаваат нови акции.

## Исплати на акционерите

### Член 447

(1) На акционерите може да им биде исплатен дел од намалената основна главнина дури по намирувањето на побарувањата на доверителите или по давањето обезбедување на нивните побарувања, во согласност со овој пододдел.

(2) Исплатите во согласност со ставот (1) од овој член можат да се вршат ако е извршено намалувањето на основната главнина и ако е извршен уписот на извршеното намалување во трговскиот регистар. Акционерите не можат да бидат ослободени од обврската да ги уплатат недоплатените уплати за акциите, односно ако не го уплатиле влогот за којшто зеле обврска да го уплатат се додека не ги намират побарувањата на доверителите кои се пријавиле, односно ако друштвото не даде соодветно обезбедување за нивните побарувања.

(3) Ако е поднесена тужба за поништување на одлуката за намалување на основната главнина, исплатите не можат да се вршат, односно ослободувањето од натамошна уплата на акциите не настапува пред правосилноста на одлуката на судот.

### Исплата на дивиденда

### Член 448

(1) Друштвото не може да исплаќа дивиденда поголема од 4% од основната главнина на друштвото пред истекот на две години од годината во којашто е донесена одлуката за намалување на основната главнина.

(2) Ограничувањето од ставот (1) на овој член не се однесува на друштвата коишто до уписот на одлуката за намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар ги намириле побарувањата на доверителите или дале соодветни обезбедувања за нивните побарувања.

(3) Друштвото од ставот (1) на овој член коешто има намера да исплати дивиденда мора да го објави годишниот финансиски извештај. Во објавата треба да ги извести доверителите за намерата да изврши исплата на дивиденда и за нивното право да бараат намирување на своите побарувања или да бараат да им се даде за тоа соодветно обезбедување. Обезбедување не можат да бараат доверителите кои имаат првенствено право на намирување на побарувањата во случај на стечај.

## Трет отсек

## ПОЕДНОСТАВЕНО НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

### Член 449

(1) Поедноставено намалување на основната главнина може да се врши само заради израмнување на номиналниот износ на основната главнина со понискиот номинален износ на основната главнина што ќе настане како последица од покривањето на загубата на друштвото на товар на основната главнина. Ако намалувањето на основната главнина се врши на поедноставен начин не се применуваат одредбите од членовите 445 и 447 на овој закон.

(2) Поедноставеното намалување на основната главнина се врши со одлука за намалување на основната главнина. Во одлуката за намалување на основната главнина мора да се наведе дека целта за намалувањето на основната главнина е покривање на загубата и дополнување на законските резерви.

(3) Основната главнина може да биде намалена на поедноставен начин само откако ќе биде потрошена нераспределената добивка и резервите на друштвото.

(4) Износот добиен со намалување на основната главнина не смее да им се исплатува на акционерите и не смее да се користи за тоа акционерите да се ослободуваат од натамошните уплати на влогот врз основа на којшто ги презеле акциите.

## Четврт отсек

## НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА СО ПОВЛЕКУВАЊЕ АКЦИИ

### Претпоставки

### Член 450

(1) Намалувањето на основна главнина со повлекување акции може да се врши само ако тоа со закон и со статутот е изречно допуштено.

(2) Повлекувањето на акциите се врши според одредбите од овој закон со коишто се врши редовно намалување на основната главнина.

(3) Собранието, во одлуката за намалување на основната главнина ги определува начинот на којшто ќе се спроведе повлекувањето на акциите, рокот, како и подробностите како тоа треба да се спроведе.

(4) За исплата на надоместокот, на акционерите којшто им припаѓа во случај на присилно повлекување акции или кога акциите се стекнуваат за да бидат повлечени, како и за ослободување на акционерите од обврската за уплата на презимениот влог, на соодветен начин, се применуваат одредбите од членот 445 на овој закон.

(5) Не се постапува според ставот (2) на овој член ако акциите за коишто во целост е уплатен номиналниот или поголемиот износ за којшто се издадени:

1) бесплатно се дадени на располагање на друштвото и

2) се повлечени на товар на добивката или на другите резерви ако тие можат да се користат за тоа.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член во капиталната добивка се внесува износот којшто одговара на износот на основната главнина којшто отпаѓа на повлечените акции. Тие средства, освен во случаите на намалување на основната главнина, не смеат да им се исплаќаат на акционерите.

(7) Намалувањето на основната главнина, во согласност со ставот (5) од овој член, се врши со одлука за намалување на основната главнина којашто собранието ја донесува со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство или не се бара исполнување на други услови. Во одлуката се определува целта на намалувањето на основната главнина.

(8) Ако присилното повлекување на акциите е определено во статутот, не е потребно собранието да донесува одлука за намалување на основната главнина со повлекување акции. Во тој случај, органот на управување е овластен да ја донесе одлуката за повлекување на акциите.

(9) Одлуката за намалување на основната главнина со повлекување акции се запишува во трговскиот регистар.

## Петти отсек

## УПИС НА ИЗВРШЕНО НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА

### Упис

### Член 451

(1) Во рок од осум дена од денот по извршеното намалување на основната главнина се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар.

(2) Основната главнина се намалува за вкупното намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови акции, односно за вкупниот намален номинален износ на споените акции од еден или од повеќе родови акции или за вкупниот номинален износ на повлечените акции.

(3) Основната главнина е намалена со уписот на одлуката за намалување на основната главнина во трговскиот регистар.

## ОДДЕЛ 10

## ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

### Основи за престанување

### Член 452

(1) Друштвото престанува со:

1) истекот на времето определено со статутот, ако друштвото било основано на определено време;

2) одлука на собранието за престанување на друштвото донесена со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство и не се определени други услови за донесување на одлуката;

3) правосилна одлука на судот се утврди ништовност на друштвото и на уписот на друштвото во трговскиот регистар;

4) присоединување, со спојување или со поделба на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање и

5) стечај.

(2) Намерата за бришење на друштвото од трговскиот регистар, се објавува. Секое лице кое има правен интерес може да поднесе приговор, најдоцна во рок од 30 дена од денот на објавувањето на намерата за бришење на друштвото.

(3) Друштвото престанува без спроведување на ликвидација, освен ако во рокот од ставот (2) на овој член се покаже дека друштвото има имот којшто треба да се подели и побарувања коишто треба да се намират. Во тој случај, се спроведува ликвидација, односно стечајна постапка. Ликвидаторите, на предлог на заинтересираните лица, ги определува судот.

(4) Со статутот можат да се определат и други основи за престанување на друштвото.

### Упис на одлука за престанување

### Член 453

(1) Органот на управување, односно друго физичко лице овластено од собранието коешто ја донело одлуката за престанување на друштвото, поднесува пријава заради упис во трговскиот регистар на одлуката за престанување на друштвото.

(2) Ако одлуката од ставот (1) на овој член не биде пријавена и запишана на начинот определен во ставот (1) на овој член, по предлог на секое лице кое има правен интерес, судот упатува повик до органот на управување, односно физичкото лице од ставот (1) на овој член во рок не подолг од осум дена од денот на приемот на известувањето, да поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на одлуката за престанување на друштвото. Ако во овој рок не биде поднесена пријавата, судот упатува повторен повик во којшто го предупредува органот на управување, односно физичкото лице од ставот (1) на овој член дека по истекот на дополнителниот рок, којшто не е подолг од осум дена од денот на приемот на повторното известување, по службена должност, ќе побара од Централниот регистар да ја запише во трговскиот регистар одлуката за престанување на друштвото и ќе назначи ликвидатори, во согласност со овој закон.

(3) Ако органот на управување не постапи според ставот (2) од овој член, членовите на органот на управување, односно физичкото лице од ставот (1) на овој член се лично, неограничено и солидарно одговорни со сиот свој имот за штетата што ќе биде предизвикана од неисполнувањето на нивната обврска утврдена во ставот (1) на овој член.

(4) Ако одлуката за престанување на друштвото ја донел судот, судот, по службена должност, ја доставува до Централниот регистар на Република Македонија кој ја запишува во трговскиот регистар.

### Основи за престанување на друштво од едно лице

### Член 454

(1) Друштвото од едно лице, во коешто сопственик на акциите е физичко лице, престанува со смртта на тоа лице ако по спроведената оставинска постапка наследниците не бараат друштвото да продолжи со работа.

(2) За акциите во сопственост на починато лице, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува заедничкиот застапник определен од наследниците на починатиот со писмено полномошно, заверено кај нотар.

(3) Ако сопственик на акции на друштво од едно лице е правно лице, друштвото од едно лице престанува со престанувањето на правното лице, освен ако во стечајната постапка акциите ги презема друго лице.

## ПЕТТА ГЛАВА

## ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

## ОДДЕЛ 1

## ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ

### Поим на голема зделка

### Член 455

(1) За голема зделка се смета зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција) или меѓусебно поврзани зделки, доколку таквата зделка, односно зделки се однесуваат на стекнување или отуѓување или на можно отуѓување, директно или индиректно на имотот на друштвото, чија што вредност изнесува над 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена врз основа на последните финансиски извештаи на друштвото, со исклучок на зделки поврзани со стекнување преку запишување обични акции на друштвото и зделки поврзани со стекнување на конвертибилни обврзници. Во статутот можат да бидат определени и други зделки на кои ќе се применува постапката на одобрување на големи зделки, на начинот определен со овој закон.[18]

[18] Одредбите на членовите: 14 (се однесува на членовите 421-а и 421-б), 15 (се однесува на членот 429), 16 (се однесува на членот 429-а), 17 (се однесува на дел од членот 434 став (7) и членот 437 став (5)), 18 (се однесува на членот 437-а) и 19 (се однесува на членот 455 став 1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр. 87/08), ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

(2) Во случај на отуѓување или на создавање можност за отуѓување имот, вредноста на овој имот којашто е утврдена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото и во случај на стекнување имот, цената на имотот што се купува се споредува со книговодствената вредност на имотот на друштвото.

(3) Кога, во согласност со овој закон, собранието донесува одлука за одобрување голема зделка, одлуката ја донесува врз основа на проценетата вредност на имотот што се стекнува или отуѓува, определена од одборот на директорите, односно од надзорниот одбор.

## Постапка за одобрување голема зделка

### Член 456

(1) Според големината, секоја голема зделка мора да биде одобрена од одборот на директорите, надзорниот одбор или собранието.

(2) Одлука за одобрување на секоја голема зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со согласност на сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор.

(3) Ако не се постигне согласноста од ставот (2) на овој член за одобрување голема зделка, одборот на директори, односно надзорниот одбор може да одлучи големата зделка за којашто треба да се донесе одлука да ја поднесе на одобрување на собранието. Одлуката, собранието ја донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од мнозинството од претставените акции на собранието со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

(4) Одлука за одобрување голема зделка, чијшто предмет е имот чијашто вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

(5) Одборот на директорите, односно надзорниот одбор на собранието му поднесуваат писмено известување за големата зделка, во коешто наведуваат дека собранието треба да го разгледа предлогот за големата зделка и нивната препорака, вклучувајќи го и исказот за правото на акционерите да не се согласат со големата зделка. Во писменото известување се наведува страната, односно страните на зделката, корисникот, односно корисниците на зделката, вредноста, предметот, обемот и другите материјални услови на зделката.

(6) Во случај ако за остварувањето на големата зделка член на органот на управување, односно на надзорниот орган има личен интерес, односно е заинтересирана страна за нејзиното одобрување, се применуваат одредбите од овој закон што се однесуваат на зделки на заинтересирана страна.

(7) Голема зделка, извршена спротивно на одредбите на овој член е ништовна.

(8) Одредбите од овој член не се однесуваат на друштва со еден акционер кој, во исто време, е и управител.

### Член 456-а

(1) Одредбите од членовите 455 и 456 од овој закон соодветно се применуваат и на друштвото со ограничена одговорност, со исклучок на друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице, во кое содружникот истовремено е и управител.

(2) Одлуката од членот 456 став (3) од овој закон, собирот на содружници ја донесува со мнозинство кое не може да биде помало од мнозинството гласови кои што ги даваат влоговите во согласност со членот 218 од овој закон, ако со договорот за друштвото не е определено поголемо мнозинство.

(3) Одлуката од членот 456 став (4) од овој закон, собирот на содружници ја донесува со мнозинство кое не може да изнесува под две третини од мнозинството гласови кои што ги даваат влоговите во согласност со членот 218 од овој закон, ако со договорот за друштвото не е определено поголемо мнозинство.

(4) Одлуките донесени спротивно на одредбите од овој член се ништовни.

## ОДДЕЛ 2

## ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

### Зделки на друштвото со заинтересирана страна

#### Член 457

(1) Секоја зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) во која заинтересираната страна е член на орган на управување, односно надзорниот одбор или управителот, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна и се извршува од страна на друштвото во постапка во согласност со одредбите на овој закон.

(2) Се смета дека лицето од ставот (1) на овој член е заинтересирана страна и има интерес во извршување на зделката од страна на друштвото доколку тоа лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајцата родители или само од едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лице поврзано со нив (во натамошниот текст: заинтересирана страна):

1) е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка или

2) поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка или

3) е член на органот на управување, односно на надзор на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник во таква зделка, или е раководно лице на тоа правно лице или

4) ако е така определено со статутот.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член нема да се применуваат:

1) ако друштвото има еден акционер кој, истовремено, е и управител;

2) ако сите акционери на друштвото имаат интерес во зделката;

3) во случај на остварување на правото на првенствено купување акции, издадени од друштвото и

4) при стекнување или откуп на сопствени акции.

### Известување за постоење имот

#### Член 458

Ако друштвото во рок од две години од основањето на друштвото стекне било каков имот кој е во сопственост на основачите којшто е поголем од една десеттина од основната главнина на друштвото, мора во подробности да се испита стекнувањето на имотот и да се објави извештајот на наредното собрание за да се побара одобрение.

## Известување за постоење заинтересирана страна во зделките на друштвото

### Член 459

Лицата наведени во членот 457 од овој закон се должни да го известат одборот на директори, односно надзорниот одбор:

1) за друштвата во кои тие сами или заедно со поврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од уделот, односно акции со право на глас;

2) за друштвата во чиишто органи имаат управувачки функции и

3) на нив познати тековни или можни зделки, во кои се заинтересирана страна.

## Постапка за одобрување зделка со заинтересирана страна

### Член 460[19]

(1) Секоја зделка со заинтересирана страна е предмет на претходно одобрување од страна на одборот на директори, односно на надзорниот одбор или на собранието, на начинот и според постапката определена во овој член.

(2) Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на одборот на директори, односно на членовите на надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката. Ако сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на одборот на директори, односно членовите на надзорниот одбор кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на одборот на директори, односно на надзорниот одбор определен во статутот, таквата зделка ја одобрува собранието.

(3) Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас и тоа, ако:

1) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;

2) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на друштвото, преостанати во тој период и обичните акции во кои може да се конвертираат хартии од вредност претходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани во акции или

3) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на друштвото и ако, во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции.

(4) Во одлуката со која се одобрува зделка со заинтересирана страна се определува лицето кое е страна на зделката или е корисник, како и вредноста, предметот и другите материјални услови на зделката.

(5) Во постапката на одобрување зделка со заинтересирана страна цената на имотот или услугите кои се продаваат или се купуваат со неа ги определува одборот на директори, односно надзорниот одбор.

---

[19] Види: Автентично толкување на членот 460 став 3, од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.217/15).

(6) Зделката со заинтересирана страна извршена спротивно на одредбите на овој оддел од овој закон е ништовна.

(7) Секоја заинтересирана страна е одговорна кон друштвото, акционерите и кон другите членови на органот на управување, односно надзорниот одбор или управителот, за штетите што им ги предизвикала доколку во рок од три години од денот кога е одобрена зделката со заинтересираната страна се утврди дека е штетна за трговското друштво, акционерите или за членовите на органот на управување, односно надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката. Ако повеќе заинтересирани страни се одговорни, нивната одговорност е солидарна.

## Постапка за одобрување зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на овластена берза

### Член 460-а

(1) Пред донесувањето на одлукаФнадм за одобрување на зделка со заинтересирана страна донесена од надлежен орган на акционерското друштво чии хартии од вредност котираат на овластена берза, покрај одредбите од членот 460 од овој закон, доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, е потребно мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

(2) Мислењето од овластениот ревизор се однесува на тоа дали зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата, дали зделката со заинтересирана страна е фер, односно дали вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови, дали постои несразмерност во заемните давања на страните, дали постојат и какви било други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета со препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна.

(3) Акционерското друштво од ставот (1) на овој член може да ја реализира зделката со заинтересирна страна само доколку пред одобрувањето на зделката е добиено мислење од овластен ревизор.

(4) Одредбите од овој член нема да се применуваат кога друштвото:

- врши исплата на дивиденда,
- издава хартии од вредност и
- дава финансиски услуги кои спаѓаат во доменот на редовното работење на акционерското друштво (банкарски, услуги во работењето со хартии од вредност, услуги поврзани со осигурувањето и слично) кога истите се регулирани со посебни закони и се под супервизија на надлежен орган.

## Поништување на договор со заинтересирана страна

### Член 460-б

(1) Акционер во трговско друштво со право на глас, доколку смета дека друштвото е оштетено поради постоење на очигледен несразмер меѓу заемните давања и сторувања кои произлегуваат од договор склучен меѓу заинтересирани страни, кој договор истовремено е нефер, односно вредноста на зделката не е утврдена според пазарните услови може да поднесе тужба до надлежен суд за поништување на договорот.

(2) Тужбата од ставот (1) на овој член може да се поднесе во рок од една година од денот на сознавањето за постоењето на таквиот договор, но не повеќе од три години од денот на неговото одобрување согласно со одредбите од овој закон.

(3) Ако судот го поништи договорот од ставот (1) на овој член, заинтересираната страна која стекнала корист од ваквиот договор е должна на друштвото да му ја надомести обичната штета и испуштената корист (која ја опфаќа и добивката остварена од реализираната трансакција).

(4) Висината на надоместот на штетата се определува според цените во времето на донесувањето на судската одлука, освен ако со закон поинаку не е определено.

(5) При определување на висината на штетата од ставот (3) на овој член предвид се зема и вредноста на добивката остварена од реализацијата на поништениот договор.

(6) Надоместувањето на штетата е во корист на друштвото.

(7) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на содружник, односно на содружниците чиишто влогови заедно сочинуваат најмалку една десетина од основната главнина на друштвото.

(8) За сите останати прашања, коишто не се уредени со одредбите на овој член, соодветно се применуваат прописите од областа на облигационите односи со кои се уредуваат прекумерното оштетување и рушливоста на договорите, воопшто.

**Постапка за увид и истражување/контрола на трговските книги и активностите во друштвото**

**Член 460-в**

(1) Акционер или група на акционери кои имаат најмалку 10% од основната главнина на трговското друштво, врз основа на постоење сомневање за можни нерегуларности во водењето на трговските книги и активностите на трговското друштво, односно дека трговското друштво постапува спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва, имаат право да бараат од органот на управување да свика собрание на трговското друштво на кое ќе се назначи овластен ревизор кој ќе изврши увид, ревизија, проверка, уверување или поврзани услуги во делокругот на активностите на трговското друштво за кои во барањето е изразено сомневање за постоење на можни нерегуларности.

(2) Акционерите можат да бараат од надлежен суд да донесе одлука за назначување на овластен ревизор согласно со ставот (1) на овој член, доколку:

1) собранието не се свика во рок од осум дена од поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член;

2) собранието одбие да номинира овластен ревизор или

3) собранието во рок 60 дена од поднесување на барањето од ставот (1) на овој член не донесе одлука за назначување на овластен ревизор.

(3) Барањето до судот може да се поднесе во рок од 30 дена од истекот на роковите од ставот (2) точки 1 и 3 на овој закон, односно во рок од 30 дена од денот кога собранието одбило да назначи овластен ревизор.

(4) Собранието, односно судот за целите од ставот (1) на овој член може да назначи овластен ревизор кој:

1) со трговското друштво или акционерите од ставот (1) на овој член нема конфликт на интереси во смисла на Законот за ревизија и

2) во последните три години не давал консултантски услуги на трговското друштво или акционерите од ставот (1) на овој член.

(5) Трошоците за назначување и надоместок за овластениот ревизор паѓаат на товар на акционерите кои го барале назначувањето. Доколку по завршувањето на увидот, овластениот ревизор ќе утврди дека постојат нерегуларности во водењето на активностите (работењето) на трговското друштво, трошоците за назначување и надоместок за овластениот ревизор паѓаат на товар на трговското друштво.

(6) Овластениот ревизор назначен согласно со одредбите од овој член изготвува извештај согласно со меѓународните стандарди за ревизија објавени во "Службен весник на Република Македонија", истиот го доставува до подносителите на барањето од ставот (1) на овој член и до трговското друштво на кое се однесува барањето. Трговското друштво е должно да му овозможи увид во извештајот од овластениот ревизор на секој акционер и на друго лице кое има правен интерес, во седиштето на друштвото на начин и по постапка пропишана со членот 320 од овој закон.

(7) Правото за поднесување на барање за назначување на овластен ревизор согласно со ставот (1) на овој член може да се оствари во рок од една година од денот на сознавањето за постоење на можни нерегуларности во водењето на активностите на трговското друштво.

(8) Ревизорот од ставот (1) на овој член нема право на пристап до податоци и информации кои се однесуваат на патенти, авторски права, интелектуална сопственост и друго.

**Известување за реализирана зделка со заинтересирана страна**

Член 460-г

(1) Акционерското друштво чии хартии од вредност котираат на овластена берза е должно, по целосно реализирање на зделката со заинтересирана страна, веднаш а најдоцна наредниот работен ден, во најмалку еден дневен весник, на веб страницата на друштвото и на веб страницата на овластена берза да објави известување за реализираната зделка со заинтересирана страна.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член содржи податоци за предметот и вредноста на реализираната зделка, добивката од реализираната зделка, лицата кои во зделката се заинтересирана страна, природата на односите со поврзаните страни, како и други информации во врска со интересот на лицето, односно поврзаните страни во зделката.

## ШЕСТА ГЛАВА

## КОМАНДИТНО ДРУШТВО СО АКЦИИ

### Поим

**Член 461**

(1) Командитно друштво со акции е трговско друштво чијашто основна главнина е разделена на акции и во коешто еден или повеќе содружници одговараат неограничено и солидарно за обврските на друштвото, со сиот свој имот (во натамошниот текст: комплементари) и неколку содружници кои имаат својство на акционери и кои одговараат до износот на нивните влогови и кои не одговараат за обврските на друштвото (во натамошниот текст: комплементари).

(2) Бројот на командиторите не може да биде помал од три.

(3) Правните односи на комплементарите меѓу себе и спрема командиторите, како и спрема трети лица, како и во поглед на правото на комплементарите на управување и застапување на командитното друштво со акции се уредуваат соодветно со одредбите за командитно друштво определени со овој закон.

(4) Ако со овој закон поинаку не е определено, за командитните друштва со акции се применуваат соодветно одредбите на овој закон за акционерските друштва, освен одредбите со коишто се уредува управувањето со акционерско друштво.

(5) Фирмата на командитно друштво со акции ги содржи и зборовите ,,командитно друштво со акции" или ознаката ,,КДА".

### Договор за командитно друштво со акции

### Член 462

(1) Договорот за командитно друштво со акции (во натамошниот текст: договор за друштво) го склучуваат сите основачи со заверка на потписите на договорот кај нотар.

(2) Комплементарите мораат да учествуваат во склучувањето на договорот за друштвото. Во склучувањето учествуваат и лицата кои ги преземаат акциите за извршените вложувања во својство на акционери.

### Податоци што ги содржи договорот за друштвото

### Член 463

(1) Покрај податоците од членот 151 на овој закон, договорот за друштвото мора да ги содржи името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја ако комплементарот е странско физичко лице и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС ако комплементарот е правно лице.

(2) Вложувањата на непаричен влог на комплементарите во договорот за друштвото се определени според видот и висината.

(3) Влоговите на комплементарите заедно не можат да бидат помали од 10% од основната главнина.

### Упис на командитно друштво со акции

### Член 464

При уписот на командитното друштво со акции во трговскиот регистар се наведуваат комплементарите. Ако договорот содржи посебни одредби за овластувањата на комплементарите за застапување на командитното друштво со акции, тие се запишуваат во трговскиот регистар.

### Ограничувања за комплементарите во одлучувањето

### Член 465

(1) Во собранието на командитното друштво со акции комплементарите имаат право на глас сразмерно на нивното учество во основната главнина.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, комплементарите не можат да го остваруваат своето право на гласање ниту за себе ниту за друго лице при одлучување во врска со:

1) изборот и отповикувањето на надзорниот одбор;

2) одобрувањето на работата на комплементарите и на надзорниот одбор;

3) изборот на посебни контролори;

4) истакнувањето на барање за надомест или откажувањето од правото на надомест и

5) назначувањето на овластен ревизор на годишната сметка и на финансиските извештаи.

(3) За одлуките на собранието е потребна согласност на комплементарите доколку тие одлуки се однесуваат на работи за кои кај командитното друштво е потребна согласност на комплементарите и командиторите. Одлуките на собранието на командитното друштво со акции за кои е потребна согласност на комплементарите се поднесуваат за упис во трговскиот регистар дури откако ќе се постигне согласноста.

**Управување со командитно друштво со акции**

**Член 466**

(1) Со командитното друштво со акции управуваат комплементари.

(2) Комплементарите можат да им го доверат управувањето со друштвото на еден или повеќе управители.

**Надзорен одбор**

**Член 467**

(1) Собранието на командитното друштво со акции избира, во услови и на начин определен со договорот за друштвото со акции, членови на надзорен одбор, составен најмалку од тројца акционери. Во надзорниот одбор не може да биде избран акционер од редот на комплементарите. Комплементарите не можат да учествуваат во изборот на членови на надзорниот одбор.

(2) Надзорниот одбор врши постојана контрола над управувањето со командитното друштво со акции. На собранието на командитното друштво со акции надзорниот одбор му поднесува редовен годишен извештај во кој укажува на нерегуларностите и неточностите особено во годишните сметки. Надзорниот одбор може да го свика собранието на командитното друштво со акции.

(3) Во правните спорови што ги водат сите командитори против комплементарите, или кои ги водат комплементарите против сите командитори, командиторите ги застапуваат членовите на надзорниот одбор на начин определен во статутот, освен ако собранието нема избрано посебни застапници. За трошоците на спорот кои паѓаат на товар на командиторите одговара командитното друштво со акции, независно од неговото право на регрес спрема командиторите.

**Одговорност на членовите на надзорниот одбор**

**Член 468**

(1) Членовите на надзорниот одбор не одговараат за начинот на којшто се управува со командитното друштво со акции и за нивните резултати.

(2) Членовите на надзорниот одбор не се одговорни за пропустот на комплементарите или на управителите при извршувањето на нивните должности или за каков било намерен пропуст, освен ако биле свесни за таквиот пропуст, невниманието или грешката, и за тоа не го известиле собранието на командитното друштво со акции.

## СЕДМА ГЛАВА

## ТРГОВСКИ КНИГИ, ГОДИШНИ СМЕТКИ И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

## ОДДЕЛ 1
## ВОДЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВОТО

### Обврска за водење сметководство

### Член 469

(1) Секој трговец има обврска да води сметководство на начинот определен со овој закон и со прописите за сметководство и:

1) секој голем и среден трговец, трговците определени со закон, како и трговците кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи на претходно наведените трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со усвоените меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Македонија" и

2) другите трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти.

(2) Меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти се ажурираат на годишна основа за да бидат усогласени со тековните стандарди, така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за меѓународни сметководствени стандарди.

(3) Одредбите на овој закон во однос на водењето на сметководството, класифицирањето на трговците, трговските книги, годишните сметки и финансиските извештаи соодветно се применуваат и на правните лица со седиште во Република Македонија што вршат дејност одредена со Националната класификација на дејностите, кои не се сметаат за трговци во согласност со овој закон и со други прописи, ако со друг закон поинаку не е определено.

(4) Одредбите од овој закон со кои е уредено водењето сметководство, трговски книги и годишни сметки се применуваат и на трговецот поединец и на другите физички лица кои вршат дејност, ако со друг закон поинаку не е определено.

(5) Министерот за финансии ќе го пропише начинот на водењето сметководството од ставот (1) на овој член со посебни прописи.

(6) Министерот за финансии поблиску ги пропишува начинот и условите за поднесување на годишна сметка во електронска форма.

### Класифицирање на трговците

### Член 470

(1) Трговците се класифицираат во големи, средни, мали и микро трговци, во зависност од бројот на вработените, годишниот приход и просечната вредност на вкупните средства по годишните сметки во последните две години (пресметковни години).

(2) Во првата година од работењето трговецот се распоредува според проценетиот обем на своето работење, а во втората според податоците од претходната година на работењето.

(3) Распоредувањето од една во друга класификација на трговец во согласност со ставот (1) на овој член, не може да се врши во текот на годината.

(4) За микро трговец се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил следниве два критериуми:

1) просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа да е до десет работници и

2) бруто приход остварен од трговецот од кој било извор да не надминува 50.000 ЕВРА во денарска противвредност и

(5) Мал трговец е трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа:

1) просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 50 работници и

2) годишниот приход да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност, или

3) просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 2.000.000 ЕВРА во денарска противвредност.

(6) За среден трговец се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа:

1) просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 250 работници и

2) годишниот приход да е помал од 10.000.000 ЕВРА во денарска противвредност или

3) просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 11.000.000 ЕВРА во денарска противвредност.

(7) Трговците кои не се распоредуваат во мали или средни трговци стекнуваат статус на големи трговци. Во случај на неможност за класифицирање на трговците од ставовите (5) и (6) на овој член, односно кога сите три критериуми се различни, трговецот се распоредува како среден трговец. Во случај на неможност за распоредување на трговците од ставот (4) на овој член, односно кога двата критериуми се различни трговецот се распоредува како мал трговец.

(8) Ако за трговецот во последните две пресметковни години се утврдени различни податоци од значење за распоредувањето, трговецот го задржува распоредувањето од последната година.

(9) Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар на којшто му се доставуваат годишните сметки и финансиските извештаи, кој врши надзор, во рок од 60 дена од рокот пропишан за предавање на последната годишна сметка врз основа на која трговецот се распоредува според одредбите на ставот (1) од овој член, го известува трговецот за распоредувањето.

(10) Банките, друштвата за осигурување и другите финансиски институции и трговците кои составуваат консолидирани годишни сметки и консолидирани финансиски извештаи се распоредуваат во согласност со одредбите од овој член кои се однесуваат на големите трговци.

## ОДДЕЛ 2

## ТРГОВСКИ КНИГИ

### Обврска да се водат трговски книги

### Член 471

(1) Секој трговец, во согласност со принципите на правилно водено сметководство, води трговски книги на начин што ги прави видливи сите преземени трговски правни работи, состојбата на средствата, обврските, главнината, приходите и расходите. Трговските книги се водат на таков начин што секое трето лице експерт, при прегледувањето на книгите може да стекне општ преглед и увид во врска со работењето на трговецот и во врска со финансиската состојба и со финансискиот резултат на неговото друштво. Трговските книги мора јасно да покажат на кој начин биле започнати, водени и комплетирани сите трговски трансакции на трговецот.

(2) Трговецот е должен да зачува примерок од секое испратено деловно писмо. Зачуваниот примерок мора да биде идентичен со испратениот оригинал.

(3) Трговските книги се водат по системот на двојно книговодство.

(4) Трговските книги што се водат по системот на двојно книговодство се дневник, главна книга и аналитички евиденции.

### Водење на трговските книги

### Член 472

(1) Трговецот ги води трговските книги на македонски јазик, со арапски цифри и со вредности изразени во денари. Ако користи кратенки, кодови, знаци или симболи, тој мора јасно да го објасни нивното значење.

(2) Трговецот со седиште во единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, трговските книги ги води на македонски јазик, а може да го води и на тој јазик.

(3) Сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.

(4) Трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

(5) Регистриран податок во трговските книги не смее да се менува на начин што подоцна ќе го оневозможи утврдувањето на првобитно регистрираната содржина. Спротивно на овој закон е и вршење измена или дополнувања извршени на начин што од нивната природа не може да се утврди што е изворна и првобитно внесена (регистрирана) содржина, а што подоцнежно дополнување или измена.

(6) Трговските книги можат да се водат класично (во слободни или поврзани листови) или на електронски начин, но притоа да се зачуваат начелата на правилно водено сметководство. Трговецот е должен, независно од начинот на водењето и на чувањето на трговските книги, во секое време и разумен рок, да обезбеди достапност до книгите, да ги чува и да ги заштити во рокот утврден за тоа и мора да гарантира дека тие можат да бидат презентирани во секое време.

(7) Трговските книги по системот на двојно книговодство се водат со примена на единствени сметки пропишани со сметковен план. Со сметковни планови се утврдуваат сметките коишто се задолжителни за сите друштва, ако со закон не е поинаку определено.

(8) Трговецот, според своите потреби, ги расчленува сметките од сметковниот план на аналитички сметки (во својот аналитички сметковен план).

(9) Министерот за финансии го пропишува сметководствените планови.

**Попис и усогласување на состојбите**

**Член 473**

(1) Трговци според својата форма, како и трговецот поединец се должни најмалку еднаш годишно во деловната година да извршат попис на средствата и обврските и да ја усогласат сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот.

(2) Трговците според својата форма се должни да вршат попис и во случај на статусни промени и во други случаи определени со друг закон.

(3) Начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот ги пропишува министерот за финансии.

**Чување на трговските книги, на сметководствените документи, на годишните сметки и на финансиските извештаи**

**Член 474**

(1) Трговецот трајно ги чува годишните сметки и финансиските извештаи.

(2) Трговските книги се чуваат најмалку десет години од истекот на годината за којашто се однесуваат.

(3) Сметководствените документи се чуваат најмалку пет години од истекот на годината во којашто се искористени за составување на трговските книги, освен документите за пресметка на плати, коишто се чуваат трајно.

(4) Годишните сметки и финансиските извештаи, трговските книги и сметководствените документи се чуваат во изворна форма или пренесена на некои од медиумите за автоматска или за микрографска обработка на податоци.

**Презентација во судски постапки**

**Член 475**

(1) Во текот на судска постапка судот може, на предлог или по службена должност, да нареди едната или другата или двете странки да му ги поднесат на увид трговските книги.

(2) Ако трговските книги биле поднесени на увид во судски спор, нивната содржина се разгледува во присуство на странките до онаа мера до која тие се однесуваат на конкретниот спор, а кога е потребно, ќе биде направен препис. Другата содржина на трговските книги ќе му биде поднесена на увид на судот до мерата до којашто тој треба да процени дали трговските книги биле водени уредно, правилно и законито.

**ОДДЕЛ 3**

**ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**
**Обврска за составување годишна сметка и финансиски извештаи**

**Член 476**

(1) Секој трговец од членот 469 став (1) на овој закон и подружница на странско друштво, по истекот на деловната година, составува годишна сметка.

(2) Трговците од членот 469 став (1) точка 1 на овој закон, по истекот на деловната година, составуваат и финансиски извештаи.

(3) За целите на подготвување годишна сметка и финансиски извештаи, под деловна година се подразбира календарска година.

(4) Годишната сметка вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки. Финансиските извештаи вклучуваат биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување од членот 469 став (1) точка 1 на овој закон.

(5) Трговецот во согласност со ставовите (1) и (2) на овој член составува годишна сметка и финансиски извештаи и во покус период од наведениот во ставот (3) на овој член, во случај на статусни промени (присоединување, спојување, поделба), ликвидација, стечај и во други случаи определени со закон.

(6) Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно со одредбите на овој закон и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.

(7) Годишната сметка и финансиските извештаи ги потпишува сметководителот, односно овластениот сметководител кој ги составил, при што го наведува датумот на нивното составување и потпишување и регистарскиот број под кој е евидентиран во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

(8) По потпишување на годишната сметка и финансиските извештаи од страна на лицето од ставот (7) на овој член, истите ги потпишува законскиот застапник на трговецот.

(9) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на годишната сметка и не може да ја менува во текот на една фискална година.

## Изготвување и доставување на годишните сметки и на финансиските извештаи

### Член 477

(1) Рокот за изготвување на годишната сметка од членот 476 став (1) на овој закон и на финансиските извештаи од членот 476 став (2) на овој закон не може да биде подолг од два месеца по истекот на деловната година, освен ако надлежниот државен орган не го продолжи на три месеца.

(2) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член, трговците со сезонски карактер на дејност можат годишната сметка и финансиските извештаи да ги изготват за деловна година којашто е различна од календарската година, за што министерот за финансии издава решение врз основа на посебно барање на трговецот.

(3) Со договорот за друштвото и со статутот може да се уреди, покрај годишната сметка и финансиските извештаи предвидени со ставот (1) на овој член, да се изготвуваат и финансиски извештаи за покуси периоди од деловната година.

(4) Годишната сметка се доставува до Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година, односно во рок од 60 дена од денот на отворањето на постапката за ликвидација или стечајна постапка или на настанувањето на статусна

промена, а сметките изготвени за покуси периоди од ставовите (1) и (2) на овој член се доставуваат до крајот на наредниот месец по истекот на последниот месец од пресметковниот период. Централниот регистар има обврска да ги обработува годишните сметки за потребите на Министерството за финансии.

(5) По исклучок на ставот (4) на овој член годишната сметка во електронска форма може да се достави до Централниот регистар и до 15 март наредната година.

(6) Надоместоците за поднесување на годишната сметка во роковите од ставовите (4) и (5) на овој член се утврдуваат со тарифата на Централниот регистар.

(7) Трговците кои нема да ги достават податоците од годишната сметка во роковите од ставовите (4) и (5) на овој член, плаќаат посебен надоместок утврден со тарифата на Централниот регистар.

(8) Податоците од годишната сметка составена и потпишана согласно со членот 476 ставови (7) и (8) од овој закон, кои до Централниот регистар се доставуваат во електронска форма се потпишуваат со електронски потпис на сметководителот, односно овластениот сметководител кој ја составил годишната сметка или на законскиот застапник на трговецот.

(9) Секој голем и среден трговец е должен да ја достави годишната сметка до Централниот регистар само во електронска форма.

(10) Трговци поединци и трговски друштва кои не вршеле никаква трговска дејност, односно дејност која според природата и обемот на дејствување може да се смета за трговска во претходната година се должни до Централниот регистар на Република Македонија покрај писмено известување дека не биле активни да достават и годишна сметка со податоци на пропишани обрасци најдоцна до последниот ден од истекот на законскиот рок за кој се поднесуваат годишните сметки согласно со одредбите од овој закон.

(11) Над субјектите од ставот (10) на овој член се спроведува постапка на утврдување на неактивен субјект согласно со членот 477-а од овој закон.

(12) Трговци поединци и трговски друштва кои не доставиле годишна сметка и писмено известување дека не биле активни согласно со ставот (10) на овој член за последната деловна година до последниот работен ден од тековната година, се бришат од единствениот трговски регистар на начин и постапка определени со овој закон.

(13) Централниот регистар на Република Македонија ги брише од единствениот трговски регистар субјектите од ставот (11) на овој член за кои е утврдено дека три години по ред се неактивни субјекти согласно со членот 477-а од овој закон.

(14) Органот на управување, покрај годишната сметка за трговците од членот 469 став (1) на овој закон, односно финансиските извештаи за трговците од членот 469 став (1) точка 1 на овој закон, е должен, по завршувањето на секоја деловна година, да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната деловна година со содржината определена во членот 384 став (7) од овој закон.

(15) Трговеците поединци или трговските друштва кои нема да поднесат годишна сметка и финансиски извештаи во законски утврдениот рок се должни до Централниот регистар на Република Македонија да достават годишна сметка и финансиски извештаи со претходно извршена ревизија од овластен ревизор, најдоцна до 31 декември во тековната година.

## Постапка на утврдување на статус на неактивен субјект

### Член 477-а

(1) Централниот регистар на Република Македонија прибележува во својата евиденција дека над субјектот се води постапка на утврдување на статус на неактивен субјект и електронски ја известува Управата за јавни приходи за секој субјект за кој утврдил дека ги исполнува условите од членот 477 став (10) од овој закон.

(2) Управата за јавни приходи поведува постапка на утврдување на статус неактивен субјект за субјектите од членот 477 ставови (9) и (10) од овој закон за кои била електронски известена согласно со ставот (1) на овој член. Во постапката, Управата за јавни приходи утврдува дали во периодот за кој не била поднесена годишна сметка и финансиски извештаи субјектот:

- реализирал трансакции по кој било основ преку трансакциската сметка отворена кај носител на платен промет (вклучително и ако е остварен само прилив на средства) или

- на друг начин располагал со своите средства и имот што Управата за јавни приходи го утврдила при вршење на работите од нејзиниот делокруг на надлежност.

(3) Во случај кога кај субјектот како должник постои одлив на средства или пренос на имот по основ на присилна наплата, односно извршување истото не може да се третира како активност на субјектот во постапката на утврдување на статус на неактивен субјект.

(4) Управата за јавни приходи донесува решение за утврдување на статус на неактивен субјект доколку кај субјектот над кој спровела постапка согласно со ставот (2) на овој член утврди дека не се исполнети условите определени во ставот (2) на овој член. Управата за јавни приходи електронски веднаш го известува Централниот регистар на Република Македонија дека на друштвото му е определен статус на неактивен субјект, заради негово евидентирање.

(5) Ако Управата за јавни приходи во постапка на утврдување на статус на неактивен субјект констатира дека не се исполнети условите за неактивен, со решение го задолжува субјектот во рок од 30 дена од донесувањето на решението за деловната година повторно да достави до Централниот регистар на Република Македонија годишна сметка и финансиски извештаи, со претходно извршена ревизија од овластен ревизор.

(6) Ако Управата за јавни приходи утврди дека постојат одредени отстапувања на податоците во годишната сметка и финансиските извештаи доставени до Централниот регистар на Република Македонија во однос на податоците доставени до Управата за јавни приходи, со решение го задолжува субјектот во рок од 30 дена од донесувањето на решението за деловната година повторно да достави до Централниот регистар годишна сметка и финансиски извештаи, со претходно извршена ревизија од овластен ревизор.

(7) Управата за јавни приходи за донесените решенија согласно со ставовите (5) и (6) на овој член електронски го известува Централниот регистар на Република Македонија.

(8) Доколку субјектот од ставовите (5) и (6) на овој член не достави во определениот рок годишна сметка и финансиски извештаи се брише од трговскиот регистар согласно со одредбите од членовите 552-а и 552-б од овој закон.

## Ревизија на финансиски извештаи

### Член 478

(1) Под ревизија се подведуваат следниве трговци:

1) големи и средни трговци организирани како акционерски друштва;

2) друштва чии хартии од вредност котираат на берза и

3) големи и средни трговци организирани како друштва со ограничена одговорност.

(2) Друштвото е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на собирот на содружниците, односно собранието.

## Избор на овластен ревизор

### Член 479

(1) Финансиските извештаи кои во согласност со членот 478 од овој закон се предмет на ревизија не можат да бидат одобрени ако на нив не е извршена ревизија од овластено друштво за ревизија или овластен ревизор - трговец поединец (во натамошниот текст: овластен ревизор).

(2) Овластениот ревизор го избира собирот на содружниците, односно собранието.

(3) Овластениот ревизор се избира пред истекот на деловната година за којашто се врши ревизијата.

(4) Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор или управителот на друштвото се должни да му овозможат на овластениот ревизор увид целокупната документација, вклучително и она што се смета за деловна тајна.

(5) Овластениот ревизор е должен да бара од лицата од ставот (4) на овој член објаснувања и докази што се потребни за вршење на уредно испитување на финансиските извештаи.

(6) Овластениот ревизор на финансиските извештаи поднесува извештај за извршена ревизија, според Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) објавени во ,,Службен весник на Република Македонија", што се ажурираат на годишна основа заради усогласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC).

## Обврска за доставување на извештајот на ревизијата

### Член 480

(1) Извршните членови на одборот на директори, односно управниот одбор или управителот веднаш по добивањето на извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото им ги доставуваат на одборот на директори, на надзорниот одбор, односно на контролорот. Истовремено, на одборот на директори, на надзорниот одбор, односно на контролорот му се доставува и предлог на одлука за распределба на остварената добивка, којашто ќе биде доставена на собирот на содружниците, односно до собранието за одлучување.

(2) Неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот е должен да ги провери годишните сметки и финансиските извештаи и предлогот на одлуката за распределба на добивката. На барање на неизвршните

членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, овластениот ревизор е должен да присуствува на состанокот на одборот на директори, односно на надзорниот одбор.

(3) Неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот му поднесува на собирот на содружниците, односно на собранието писмен извештај за резултатите од контролата. Во извештајот неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот го соопштуваат начинот на којшто извршиле контрола и обемот на контролата над управувањето со друштвото за време на претходната деловна година. Во извештајот се изјаснува и за резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи и за приговорите на ревизорот на составената годишна сметка и на финансиските извештаи и предлага дали тие да бидат усвоени или не.

## ОДДЕЛ 4

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА

### Пододдел 1

### ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

#### Утврдување на финансискиот резултат

#### Член 481

За целите на распоредување на добивката, трговците кои го водат сметководството според членот 469 став (1) од овој закон, го утврдуваат својот финансиски резултат во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти и во согласност со овој закон.

#### Објавување на усвоената годишна сметка и одобрение на финансиските извештаи

#### Член 482

(1) Годишната сметка усвоена од органот на управување се доставува до Централниот регистар најдоцна до крајот на февруари.

(2) Одобрените финансиски извештаи со годишниот извештај за работа на друштвото, органот на управување најдоцна 30 дена од денот на нивното одобрување, но не подоцна од 30 јуни, во препис, ги доставуваат до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар и ги ставаат во деловната или во друга просторија на увид. Право на увид има секој содружник или акционер. Ревидираната годишна сметка, односно ревидираните финансиски извештаи во кои се утврдени отстапувања во податоците на веќе поднесената годишна сметка, односно на веќе поднесените финансиски извештаи, Централниот регистар има обврска да ги обработи.

(3) Податоците од годишните сметки и од финансиските извештаи се јавни и достапни на сите лица на начин и во постапка согласно со овој и друг закон. Централниот регистар издава информации, дава фотокопии од сметководствени искази и одделни податоци од електронската база, во согласност со Законот за Централниот регистар.

(4) Друштвото чијшто предмет на работење се банкарски и други кредитни работи и работи на осигурување, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на собранието, ги објавува обрасците определени со овој закон, без белешките за применетите сметководствени политики и другите објаснувачки белешки на начин пропишан со закон, а задолжително во ,,Службен весник на Република Македонија".

(5) Обврската за објавување од ставот (3) на овој член ја имаат и другите големи друштва и друштвата кои котираат на берза.

(6) Кога друштвото објавува во дневен весник годишна сметка и финансиски извештаи, дури и кога на тоа не е обврзано, мора да ги објави како што се одобрени од собирот на содружниците, односно од собранието, без измени и дополнувања, вклучувајќи го и извештајот на овластениот ревизор.

## Пододдел 2

## РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА

### Одлука за распоредување на добивката

### Член 483

(1) Собирот на содружниците, односно собранието одлучуваат за распоредување на добивката.

(2) Во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:

1) износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има);

2) износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на друштвото;

3) износот којшто се исплатува во вид на дивиденда;

4) дополнителните издатоци врз основа на одлуката;

5) евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулираната добивка) и

6) износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот од добивката за инвестиции.

(3) Со одлуката од ставот (1) на овој член не може да се вршат измени во остварената добивка на друштвото.

### Покривање на загубата

### Член 484

(1) Собирот на содружници, односно собранието одлучуваат за покривање на загубата.

(2) Покривањето на загубите се врши редоследно од следните извори кои се наведуваат во одлуката за покривање на загубата, и тоа:

1) акумулирана добивка;

2) на товар на задолжителната општа резерва;

3) на товар на посебните резерви за покривање загуби;

4) премии и

5) на товар на основната главнина, со нејзино намалување

(3) Со одлуката од ставот (1) на овој член не може да се вршат измени во загубата на друштвото.

## Задолжителна општа резерва (општ резервен фонд)

### Член 485

(1) Друштвото има задолжителна општа резерва како општ резервен фонд кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката. Оваа резерва се пресметува и се издвојува како процент определен во договорот за друштвото, односно со статутот и не може да биде помал од 5% од добивката, се додека резервите на друштвото не достигнат износ којшто е еднаков на една десетина од основната главнина. Ако така создадената резерва се намали, мора да се дополни на ист начин.

(2) Додека општата резерва не го надмине со закон, со договорот за друштвото, односно со статутот определениот најмал износ, може да се употребува само за покривање на загубите.

(3) Кога општата резерва ќе го надмине најмалиот износ и по покривање на сите загуби, со одлука на собирот на содружниците, односно на собранието, вишокот може да се употреби за дополнување на дивидендата, ако таа за деловната година не го достигнала најмалиот износ пропишан со овој закон, со договорот за друштвото, односно со статутот.

(4) Она што во резервата е внесено врз основа на доплата на содружниците, односно на акционерите, не може да се употреби за дополнување на дивидендата.

(5) Друштва кои вршат банкарски, односно осигурителни дејности не се должни да имаат задолжителна општа резерва, ако така е пропишано со друг закон.

## Посебни резерви заради покривање загуби или други издатоци

### Член 486

(1) Со договорот за друштвото, односно со статутот може да се предвиди создавање посебни резерви заради покривање на определени загуби или за други издатоци. Целта, организацијата и начинот на употреба на резервите се определуваат со договорот за друштвото, односно со статутот, а можат да се изменат само со измена на договорот за друштвото, односно на статутот.

(2) Ако со договорот за друштвото, односно со статутот се предвидени резерви за пензија, осигурување од ризик или добротворни цели на вработените во друштвото, точно се определува нивната цел, начинот на нивното создавање и вложување, организацијата и начинот на употребата.

(3) Резервите од ставот (2) на овој член се издвоени од општиот имот на друштвото, со нив одвоено се управува и сметките за нив се водат одвоено од другите сметки на друштвото. Во управувањето учествуваат и претставниците на лицата на кои резервата им е наменета. Додека друштвото постои, овие резерви не можат да се употребат ниту за намирување на долговите ниту за која било друга цел, освен за онаа којшто е определена со договорот за друштвото, односно со статутот.

## Пододдел 3

## ДИВИДЕНДА

### Распределба на дивиденда

### Член 487

(1) По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, собирот на содружниците, односно собранието го определуваат делот којшто им се доделува на содружниците, односно на акционерите во форма на дивиденда, според правата што ги дава уделот, односно според родот и класата на акциите.

(2) Органот на управување може да исплати дивиденда во износ којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото, односно со статутот и ако се покриени загубите од претходните години, ако тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

(3) Ако е потребно, заради сигурност на друштвото или за што порамномерна дивиденда, пред да се определи висината на дивидендата, содружниците, односно акционерите можат со договорот за друштвото, односно со статутот да определат да се формира посебна резерва.

(4) Начините на плаќање на дивидендата ги утврдуваат содружниците на собир на содружниците или преку изјаснување со допишување, односно акционерите на собрание.

(5) Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеца по завршувањето на деловната година. На содружниците, односно акционерите може во текот на деловната година од предвидливиот дел од добивката да им се исплати аванс на име дивиденда.

(6) Доколку дивидендата не се исплати во рокот од ставот (5) на овој член, по истекот на овој рок на износот на дивидендата која треба да им се исплати на акционерите се пресметува законска затезна камата до денот на исплатата на дивидендата.

### Дивиденда во пари, во удели, односно во акции

### Член 488

(1) Во друштвото со ограничена одговорност, односно во акционерското друштво со договорот за друштвото, односно со статутот може да се предвиди можноста секој содружник, односно акционер, за дел од дивидендата што е ставена на распределба или од авансите од дивидендата, да ја добие дивидендата, односно авансот од дивидендата во пари или во удел, односно во акции.

(2) Понудата за плаќање на дивидендата или на авансите од дивидендата во удели, односно во акции мора да биде направена во исто време на сите содружници, односно акционери според родот и класата на акциите.

### Плаќање на аванс на дивиденда

### Член 489

(1) Со договорот за друштвото, односно со статутот може да се овласти органот на управување на друштвото во текот на деловната година врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца, ревидирани од страна на овластен ревизор да им исплати на содружниците, односно на акционерите аванс на име дивиденда.

(2) Органот на управување може да го исплати авансот на дивиденда само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за којшто се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со договорот за друштвото, односно со статутот, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивидендата, ако не се покриени загубите од претходните години, а тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

(3) За исплата на аванс на дивиденда потребна е согласност на сите неизвршни членови на одборот на директори и едногласна одлука на надзорниот одбор, односно на контролорот.

### Содржина на одлуката за плаќање на дивиденда

### Член 490

(1) Со одлуката на собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда се определува:

1) износот на дивидендата;

2) датумот на евиденција според којшто се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда и

3) планот за исплата на дивидендата и денот на којшто дивидендата се исплаќа (ден на исплата) и начинот на кој друштвото ги известува лицата кои имаат право на дивиденда според донесената одлука.

(2) Ако по датумот на евиденцијата и пред денот на исплатата содружникот, односно акционерот изврши пренос на удел, односно на акции коишто му носеле право на дивиденда, ова право за примање на дивиденда се пренесува на лицето на коешто се пренесени уделите, односно акциите, освен ако пренесувачот и лицето на коешто е пренесен уделот, односно акциите заедно не договориле нешто друго.

## ОСМА ГЛАВА

## УЧЕСТВО ВО ДРУГИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА (ПОВРЗАНИ ДРУШТВА)

### Видови на поврзување и воспоставување односи меѓу друштва

### Член 491

Поврзани друштва се правно самостојни друштва кои се поврзуваат и кои воспоставуваат меѓусебни односи како:

1) друштво коешто во друго друштво има учество, значајно учество, мнозинско учество или мнозинско право во одлучувањето или заемно учество и

2) зависно, владејачко друштво и друштва кои дејствуваат заеднички.

## ОДДЕЛ 1

## ДРУШТВО СО УЧЕСТВО, СО ЗНАЧАЈНО УЧЕСТВО, СО МНОЗИНСКО УЧЕСТВО ИЛИ СО МНОЗИНСКО ПРАВО ВО ОДЛУЧУВАЊЕ

### Поим на учество на едно во друго друштво

### Член 492

Друштво коешто во друго друштво стекнало удел или акции коишто во основната главнина на другото друштво се претставени најмалку со 10%, но не повеќе од 20% од основната главнина на друштвото се смета за друштво коешто има учество во друго друштво.

### Друштво со значајно учество

### Член 493

Друштво коешто во друго друштво стекнало удел или акции коишто во основната главнина на другото друштво се претставени со повеќе од 20%, но не повеќе од 50% од основната главнина на друштвото, или кога на собирот на содружниците, односно на собранието му припаѓаат повеќе од 20%, но не повеќе од 50% од сите гласови, се смета за друштво со значајно учество.

### Друштво со мнозинско учество или со мнозинско право на одлучување во друго друштво

### Член 494

(1) Друштво коешто во друго друштво стекнало удел, односно акции коишто во основната главнина на другото друштво се претставени со повеќе од 50%, или кога на собирот на содружниците, односно на собранието на другото друштво му припаѓаат повеќе од 50% на сите гласови, се смета за друштво коешто во друго друштво има мнозинско учество.

(2) Друштвото на коешто му припаѓа мнозинскиот удел или акции, односно мнозинството гласови во друго друштво се смета, во смисла на овој закон, за друштво со мнозински удел, а другото друштво за друштво во мнозинска сопственост.

(3) Колкав удел му припаѓа на едно друштво се определува кај друштвото со ограничена одговорност, акционерското друштво и командитното друштво на акции според соодносот на номиналниот износ на уделите, односно на акциите спрема вкупниот номинален износ на основната главнина што му припаѓа на другото друштво. Сопствените удели, односно акции на друштвото треба да се одбијат од основната главнина. Со сопствените удели, односно акции на друштвото се изедначени уделите, односно акциите коишто му припаѓаат на некој друг кој ги држи за сметка на тоа друштво.

(4) Колкав број гласови на собирот на содружниците, односно на собранието му припаѓа на друштвото со мнозинско учество во другото друштво се определува спрема односот на бројот на гласовите коишто тоа може да ги стекне врз основа

на уделот, односно акциите во однос на вкупниот број на сите гласови. Од вкупниот број гласови се одбиваат гласовите од сопствените удели, односно акции како и од уделите, односно акциите коишто му припаѓаат на некој друг кој ги држи за сметка на тоа друштво.

(5) За удел, односно за акции коишто му припаѓаат на друштвото се смета и уделот, односно акциите коишто му припаѓаат на друштвото кое од него е зависно или кое за негова сметка или за сметка на друштвото кое од него е зависно ги држи некој друг, а ако во друштвото трговец поединец има удел, односно акции коишто и инаку влегуваат во неговиот имот.

## ОДДЕЛ 2

## ЗАВИСНО, ВЛАДЕЈАЧКО ДРУШТВО И ДРУШТВА КОИ ДЕЈСТВУВААТ ЗАЕДНИЧКИ

### Поим на зависно и владејачко друштво

### Член 495

(1) Зависно друштво е правно самостојно друштво над кое друго друштво (владејачко друштво) има непосредно или посредно превладувачко влијание.

(2) Друштво кое има непосредно или посредно превладувачко влијание во зависно од него друштво е владејачко друштво.

### Остварување на превладувачко влијание

### Член 496

(1) Едно друштво се смета дека остварува превладувачко влијание над друго друштво кога:

1) држи непосредно или посредно удел, односно акции како дел од основната главнина што му обезбедува мнозинство од гласовите на собирот на содружниците, односно во собранието;

2) самото располага со мнозинство гласови во друго друштво врз основа на договор склучен со содружниците, односно со акционерите или

3) фактички определува, преку гласовите со коишто располага, кои и какви одлуки ќе се донесат на собирот на содружниците, односно на собранието во ова друштво.

(2) Се претпоставува остварување на превладувачкото влијание ако едно друштво располага непосредно или посредно со број на гласови којшто е поголем од 40% од вкупниот број на гласовите коишто можат да се дадат на собирот на содружниците, односно на собранието, а ниту еден друг содружник, односно акционер посредно или непосредно не поседува поголем број гласови од друштвото.

(3) Ако постои несогласност дали според ставовите (1) и (2) од овој член за тоа дали едно друштво остварува превладувачко влијание над друго друштво, Комисијата за хартии од вредност е овластена да поднесе предлог до судот за утврдување на постоењето на превладувачко влијание врз едно или врз повеќе друштва.

### Друштва со заемно учество

### Член 497

Друштва кои заемно стекнале удели, односно акции, така што секое друштво има удел, односно акции што учествуваат со повеќе од 20% во основната главнина во другото друштво или ако во собранието, односно собирот на

содружниците на другото друштво му припаѓаат повеќе од 20% од гласовите, се сметаат за друштва кои имаат заемно учество. За утврдување дали на едно друштво му припаѓа удел, односно му припаѓаат акции што учествуваат со повеќе од 20% во основната главнина во друго друштво се применуваат одредбите од членот 494 став (3) на овој закон.

### Ограничувања на вкрстеност на мнозинство меѓу друштвата

### Член 498

(1) Зависно друштво не смее да стекнува удел, односно акции во свое владејачко друштво.

(2) Ако зависното друштво, пред да стане зависно друштво поседува удел, односно акции во владејачко друштво, има обврска да го отуѓи уделот, односно да ги отуѓи акциите во владејачкото друштво.

### Друштва што дејствуваат заеднички

### Член 499

(1) Се смета дека друштва дејствуваат заеднички ако имаат склучено договор заради стекнување или отстапување на правото на глас или заради остварување на правото на глас за да се обезбеди водење на заедничка политика спрема друштвото.

(2) Друштвата кои дејствуваат заеднички се солидарно одговорни за обврските кои произлегуваат од нивното заедничко дејствување.

## ОДДЕЛ 3

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ДРУГИ ДРУШТВА

### Известување за стекнат удел, односно акции во друго друштво

### Член 500

(1) Кога едно друштво стекне удел, односно акции коишто во основната главнина на друго самостојно друштво е претставено со повеќе од 10% од основната главнина на тоа друштво, сметано од денот на надминувањето на прагот на учеството од 10%, за тоа, без одлагање, го известува тоа друштво. Во писменото известување друштвото коешто стекнало удел, односно акции известува за големината на уделот и за бројот, родот и класите на акциите коишто ги стекнало во друштвото.

(2) Уделите, односно акциите со право на глас коишто ги поседува друштвото коешто има обврска за известување определено во ставот (1) од овој член се изедначени со уделите, односно акциите со право на глас кои ги имаат:

1) други друштва за сметка на ова друштво;

2) друштвата кои во согласност со овој закон остваруваат превладувачко влијание над ова друштво;

3) друштво со кое ова друштвото дејствува заеднички и

4) друштвата од точките 1 и 2 од овој став кои друштвото има право да ги стекне врз основа на договор или друга правна основа.

(3) Ако висината на учеството од ставот (1) на овој член за кое постои обврска за известување, се намали, друштвото од ставот (1) на овој член, без одлагање, писмено, за тоа го известува другото друштво. Известувањето содржи податоци за големината на уделот, односно бројот, родот и класите на акциите за кои е намалено учеството.

(4) Друштвото коешто стекнало мнозинско учество е должно тоа да го објави во ,,Службен весник на Република Македонија".

(5) Ако друштвото пропушти да го изврши известувањето во согласност со ставот (1) од овој член, не може да го остварува правото на глас од уделот, односно акциите што му припаѓаат и одлуките донесени со овие гласови се ништовни. Ништовноста на одлуките не може да се истакнува кон трети лица кои не знаеле или, со оглед на сите околности, не можеле да знаат за ограничувањето на правото на глас.

(6) Кога едно друштво, според ставот (1) од овој член, стекне во текот на деловната година удел, односно акции со најмалку 10% од сите гласови во собранието, односно собирот на содружниците во друго друштво, органот на управување е должен за тоа да ги извести содружниците, односно акционерите во годишниот извештај за работењето на друштвото, како и за друштвата во кои тоа друштво има значајно, мнозинско или заемно учество.

(7) Во годишниот извештај за работењето на друштвото од ставот (5) на овој член се наведува идентитетот на сите физички и правни лица кои имаат учество во основната главнина. Во извештајот се наведуваат и измените ако се случиле во текот на една година.

## ОДДЕЛ 4

## ВОДЕЊЕ И ОДГОВОРНОСТ НА ДРУШТВОТО СО МНОЗИНСКО УЧЕСТВО

### Обемот на влијание на друштво со мнозинско учество

### Член 501

(1) Друштвото со мнозинско учество не може да го користи своето влијание за да го наведе зависното друштво да презема штетни правни работи или да преземе или да пропушти да преземе дејствие, освен ако друштвото со мнозинско учество се обврзе дека ќе му ја надомести штетата што му ја предизвикало на зависното друштво.

(2) Органот на управување на зависното друштво е должен да состави извештај за односите со друштвото со мнозинско учество за претходната деловна година, кој го поднесува како составен дел на годишниот извештај за работа на друштвото. Во извештајот се наведуваат сите правни зделки што во минатата година ги презело зависното друштво поврзано со друштвото со мнозинско учество или со друштво поврзано со него врз основа на повик или во интерес на овие друштва, како и сите други дејствија кои врз основа на повик или во интерес на овие друштва ги преземало или пропуштило да ги преземе во минатата деловна година. Кај правните работи се наведуваат плаќањата и противплаќањата, а кај другите дејствија се наведуваат причините за нивното преземање, како и користа и штетите настанати за друштвото. При надоместување на штета поединечно се наведува како е надоместена штетата во деловната година и дали друштвото имало право на погодности и кои биле тие.

(3) Извештајот се подготвува во согласност со начелата за совесност и веродостојност.

(4) Во извештајот, органот на управување на зависното друштво мора да објасни дали друштвото во околностите што му биле познати при преземање правна работа или дали и кога било пропуштена да биде преземена, за која е примен соодветен надомест и дали со тоа што некое дејствие е преземено или пропуштено да биде преземено е предизвикана штета. Ако друштвото претрпело штета, органот на управување на зависното друштво мора да изјави дали штетата е надоместена. Објаснувањето и изјавата се внесуваат во извештајот за работењето на зависното друштво.

(5) Ако на годишната сметка и на финансиските извештаи ревизијата ја врши овластен ревизор, на овластениот ревизор, истовремено, со извештаите му се предава и извештајот за односите на зависното друштво со друштвото со мнозинско учество.

(6) На предлог на акционер, односно на содружник, судот може да определи овластен ревизор за да ги испита деловните односи на друштвото со мнозинско учество или со некое од друштвата кои од него се зависни.

## Одговорност на органите на зависното друштво

### Член 502

(1) Членовите на органот на управување на зависното друштво одговараат како солидарни должници, како и сите други лица обврзани за надомест на штета според овој закон, ако, со неисполнување на своите обврски, во извештајот за односите на зависното друштво со друштвото со мнозинско учество и со друштвата зависни од него пропуштиле да ја наведат штетната правна работа или штетното дејствие или да не наведат дека друштвото со тие правни работи или дејствија било оштетено, а таа штета не му била надоместена. Во случај на спор, тие се должни да докажат дека постапувале со внимание на уреден и совесен трговец, што од нив се очекува.

(2) Ако зависното друштво има орган на надзор, неговите членови, односно контролорот одговараат како солидарни должници, ако во поглед на правната работа или штетното дејствие не ја извршиле својата обврска да го проверат извештајот од членот 501 став (2) на овој закон и пропуштиле да ја наведат штетната правна работа или штетното дејствие со друштвото со мнозинско учество и со друштвата зависни од него и за резултатот од испитувањето да го известат собранието, односно собирот на содружниците.

(3) Не постои обврска за надомест на штета ако преземеното дејствие се заснова на одлука донесена од собранието, односно собирот на содружниците, што е во согласност со закон.

## Одговорност на друштвото со мнозинско учество и неговите застапници по закон

### Член 503

(1) Ако друштвото со мнозинско учество наведе зависно друштво да преземе правна работа или дејствие, односно пропушти да преземе таква работа или дејствие со што, предизвика штета на зависното друштво или на трето лице, а штетата не ја надомести до крајот на деловната година, друштвото со мнозинско учество мора на зависното друштво да му ја надомести причинетата штета, а во

однос на третото лице солидарно е одговорно со зависното друштво. Тужбата за надомест на штета можат во име и за сметка на зависното друштво или поединечно, да ја поднесат акционерите, односно содружниците без разлика на штетата којашто им била предизвикана со нанесената штета на друштвото.

(2) Ако друштво со мнозинско учество, во согласност со ставот (1) од овој член, не му ја надомести штетата што му ја направило на зависното друштво, мора да изготви извештај во кој мора да утврди кога и на кој начин штетата ќе биде надоместена. Извештајот се доставува до зависното друштво во рок од 30 дена од истекот на деловната година во којашто е направена штетата.

(3) Ако друштвото со мнозинско учество наведе зависно друштво да преземе правна работа или дејствие, односно да пропушти да преземе таква работа или дејствие со што се предизвикало ненадоместлива штета на зависното друштво или го навело на дејствија, односно пропуштило да преземе дејствија заради што е исполнет еден од условите за стечај над зависното друштво, друштвото со мнозинско учество е солидарно одговорно за износот на побарувањата што не можат да се намират од зависното друштво во стечај.

(4) Ако друштвото со мнозинско учество наведе зависно друштво да преземе правна работа или дејствие, односно да пропушти да преземе таква правна работа или дејствие со што се предизвикува штета на акционерите од зависното друштво, друштвото со мнозинско учество и зависното друштво се солидарно одговорни во однос на побарувањата од акционерите.

(5) Покрај друштвото со мнозинско учество за штетата солидарно одговараат и застапниците по закон на зависното друштво за правните работи, односно дејствија што требало да ги преземат, односно што пропуштиле да ги преземат.

(6) Обврската за надомест на штета не постои ако уредниот и совесниот трговец на независното друштво би ја презел правната работа или би презел или би пропуштил да преземе иста таква правна работа, односно дејствие без наведување на тоа од друштвото со мнозинско учество.

## ОДДЕЛ 5

## КОНСОЛИДИРАНА ГОДИШНА СМЕТКА И КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

### Консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи

### Член 504

(1) Трговското друштво секоја година составува и објавува консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи, ако има превладувачко влијание во едно или повеќе друштва.

(2) Консолидирани финансиски извештаи се изготвуваат според меѓународните стандарди за финансиско известување.

(3) Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи мораат да бидат составени на ист датум на којшто е составена годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото со превладувачко влијание.

### Содржина на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи

### Член 505

(1) Консолидираната годишна сметка содржи консолидиран биланс на состојбата, консолидиран биланс на успех и објаснувачки белешки.

(2) Консолидираните финансиски извештаи содржат консолидиран биланс на состојба, консолидиран биланс на успех, консолидиран извештај за паричните текови, консолидиран извештај за промените во главнината и белешки кон консолидираните извештаи, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

(3) Консолидираните годишни сметки и консолидираните финансиски извештаи се составуваат на начинот определен со овој закон.

**Ревизија на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи**

**Член 506**

(1) Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи не можат да бидат одобрени без да биде извршена ревизија.

(2) Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи друштвото ги дава на ревизија на овластен ревизор.

(3) Друштвото овластено за ревизија утврдува дали годишниот извештај за работењето на друштвото е во согласност со консолидираната годишна сметка, односно консолидираните финансиски извештаи за истата деловна година.

(4) Консолидираната годишна сметка, заедно со извештајот за работењето за тековната година, друштвото е должно да ја достави на органите определени во членот 477 став (4) од овој закон, најдоцна до 31 март во наредната година.

(5) Одобрените консолидирани годишни сметки и одобрените консолидирани финансиски извештаи, заедно со годишниот извештај за работа на друштвото, органот на управување, најдоцна 30 дена од денот на нивното одобрување, во препис, ги доставуваат до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар и ги ставаат во деловната или друга просторија на увид. Право на увид има секој содружник, односно акционер.

(6) Одобрената консолидирана сметка и одобрените консолидирани финансиски извештаи заедно со годишниот извештајот, од работењето и со извештај за ревизијата одобрени од собирот на содружниците, односно собранието, се објавуваат на ист начин и под исти услови како и годишната сметка и финансиските извештаи на друштвата.

## ДЕВЕТТА ГЛАВА

## ПРЕОБРАЗБА НА ДРУШТВО ОД ЕДНА ВО ДРУГА ФОРМА НА ДРУШТВО

### ОДДЕЛ 1

### ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Поим**

**Член 507**

(1) Секое трговско друштво може, врз основа на одлуката на содружниците, односно акционерите, донесена на начинот и под условите определени со овој закон, договорот за друштвото, односно статутот да ја преобрази формата на друштвото и да продолжи да работи во формата во којашто друштвото се преобразило (во натамошниот текст: преобразба од една во друга форма на друштво).

(2) На преобразбата од една во друга форма на друштво се применуваат сообразно и одредбите од овој закон за основање на соодветната форма на друштво што настанува со преобразбата, ако во оваа глава од законот поинаку не е определено.

### Исклучување (не примена) на ликвидацијата

### Член 508

(1) При преобразбата на друштво од една во друга форма на друштво не се спроведува ликвидација.

(2) Друштвото над кое се спроведува ликвидација, може да се преобрази од една во друга форма на друштво до почетокот на распределбата и исплаќањето на остатокот од ликвидационата маса што останува по намирувањето на побарувањата на доверителите на друштвото.

(3) Друштво над кое е отворена стечајна постапка не може да се преобрази од една во друга форма на друштво, освен ако, во согласност со Законот за стечај преобразбата е содржана во усвоениот план за реорганизација на стечајниот должник.

### Континуитет на правното лице

### Член 509

(1) По извршената преобразба на друштво од една во друга форма на друштво, друштвото продолжува да работи како правно лице во другата форма на друштво со сите права и обврски од формата на друштвото од коешто се преобразило, освен правата и обврските на содружниците, односно акционерите кои се изменети со договорот на друштвото, односно статутот на друштвото во постапката на преобразбата.

(2) За сите обврски на друштвото настанати до преобразбата на друштвото, содружниците на јавното друштво, односно комплементарите во командитно друштво или командитно друштво со акции од друштвото што се преобразило, им одговараат на доверителите неограничено и солидарно со сиот свој имот.

## ОДДЕЛ 2

## ПОСТАПКА НА ПРЕОБРАЗБА НА ДРУШТВО ОД ЕДНА ВО ДРУГА ФОРМА НА ДРУШТВО

### Одлука за преобразба на друштво од една во друга форма на друштво

### Член 510

(1) Преобразба на друштво од една во друга форма на друштво се врши врз основа на одлука за преобразба на друштво од една во друга форма на друштво (во натамошниот текст: одлука за преобразба) којашто ја донесува собирот на содружниците, односно собранието.

(2) Одлуката за преобразба од ставот (1) на овој член ја донесува собирот на содружниците, односно собранието со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од сите претставени удели, односно акциите со право на глас, освен ако со договорот за друштвото, односно статутот не се бара поголемо мнозинство.

(3) Одлуката за преобразба на јавно друштво, односно на командитно друштво во друга форма на друштво се врши со согласност на сите содружници, односно комплементари. Одлуката за преобразба на командитно друштво со акции во друга форма на друштво се врши со согласност на собранието на која одлука согласност даваат сите комплементари.

(4) Одлука за преобразба на друштво со ограничена одговорност, односно на акционерско друштво во јавно друштво се донесува со согласност на сите содружници, односно акционери.

(5) На собирот на содружниците, односно собранието на коешто се одлучува за преобразбата, се усвојува годишна сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото, заедно со извештајот од овластениот ревизор.

(6) Органот на управување, односно содружниците, овластени да го управуваат друштвото, мора да состават известување во писмена форма, во коешто се образложени причините, правните и деловните прашања од значење за преобразбата и да го сторат достапно на сите содружници, односно акционери. Известувањето во писмена форма се доставува како дел од материјалите кои се доставуваат до содружниците, односно акционерите за собирот на содружниците, односно собранието на коешто се одлучува за преобразбата.

## Содржина на одлуката за преобразба

### Член 511

(1) Одлуката за преобразба ги содржи следниве податоци:

1) фирмата на друштвото коешто се преобразува и фирмата на друштвото во коешто се преобразува;

2) името и презимето на секој содружник, односно акционер, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја ако содружникот, односно акционерот е странско физичко лице и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС ако содружникот, односно акционерот е правно лице;

3) упатување на договорот за друштвото, односно на статутот којшто е прилог кон одлуката за преобразба и е нејзин составен дел;

4) упатување на одлуката за избор на орган на управување, односно на орган на надзор, ако друштвото има орган на надзор и

5) упатување на усвоената годишна сметка.

(2) На содржината на договорот за друштвото, односно на статутот соодветно се применуваат одредбите од овој закон со коишто се уредува содржината на договорот за друштвото, односно на статутот при основање на формата на друштвото што настанува со преобразбата.

(3) Ако отстапувањето удели на друштвото што ја менува формата е условено со согласност на содружниците кои покрај уплатите на влоговите имаат и други обврски кон друштвото, за полноважноста на одлуката за преобразба е потребна и нивна согласност.

## Услови под коишто може да се изврши преобразба

### Член 512

(1) Друштвото може да се преобрази од една во друга форма на друштво под следниве услови:

1) по донесувањето на одлуката за преобразба да им се овозможи на сите содружници, односно акционери да се изјаснат дали сакаат со нивниот удел, односно со нивните акции да учествуваат со уделот, односно со акциите во формата на друштвото што ќе настане со преобразбата;

2) во преобразената форма на друштвото, содружникот, односно акционерот да учествува со уделот, односно со акциите сразмерно на номиналната вредност на неговиот удел, односно на неговите акции со коишто учествувал како содружник, односно акционер во основната главнина на друштвото што се преобразило;

3) содружникот, односно акционерот да може самостојно да одлучи за големината на неговото учество со удел, односно со бројот на акциите во формата на друштво којашто ќе настане со преобразбата и

4) во друштвото што ќе настане со преобразбата да учествуваат содружници, односно акционери чиешто учество на нивните номинални удели, односно акции да изнесува најмалку две третини од основната главнина на друштвото што настанува со преобразбата.

(2) Ако основната главнина не биде покриена со учеството според ставот (1) точка 4 на овој член, основната главнина може да се дополни со влогови што можат да се преземат и од лица кои не се содружници, односно акционери, што можат да се уплатат само во пари и тоа во потполност пред уписот на одлуката за преобразба во трговскиот регистар, или содружниците, односно акционерите се обврзани да ја доплатат разликата, сразмерно на учеството на нивните влогови, во основната главнина на друштвото што ќе настане со преобразбата.

(3) Вредноста на одделен удел, односно на одделна акција, се пресметува врз основа на билансот на состојбата којшто се составува за таа цел и којшто е составен дел на одлуката за преобразба.

## Преземање удел, односно акции

## Член 513

(1) Преземање удели се врши со изјави заверени кај нотар, а преземањето акции се врши со уписница.

(2) Ако одлуката за преобразба чиј составен дел е и договорот за друштвото, односно статутот биде усвоена на собирот на содружниците, односно собранието на коешто се одлучува за неговата преобразба во друга форма на друштво, на барање на мнозинството, содружници, односно акционери кои учествуваат во работата на собирот на содружниците, односно собранието можат на собирот на содружниците, односно на самото собрание да дадат изјави за преземање удел, односно акции што се внесуваат во записникот на собирот на содружниците, односно на собранието, под услов записникот да го води нотар и нивната содржина да одговара на одредбите на овој закон.

(3) Содружниците, односно акционерите кои не присуствувале на собирот на содружниците, односно на собранието, во рок од три дена по одржувањето на собирот на содружниците, односно на собранието, се повикуваат со јавен повик, во рок кој не може да биде покус од еден месец, но не подолг од два месеца од денот на објавувањето на јавниот повик да дадат изјава дали се согласуваат да преземат удели, односно акции во друштвото што ќе настане со преобразбата. Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник. Содружниците, односно акционерите изјавата за преземање удел, односно акции, заверена кај нотар, можат да ја дадат најдоцна во рокот утврден во јавниот повик.

(4) Сите содружници, односно акционери кои се согласиле да бидат содружници во друштво со ограничена одговорност, содружници како командитори, односно комплементари во командитно друштво, командитно друштво со акции, односно содружници во јавно друштво мораат да дадат изјава во писмена форма дека го прифаќаат договорот за друштвото. Потписот на изјавата се заверува кај нотар.

(5) Сите содружници кои се согласиле да бидат акционери во преобразеното друштво мораат да потпишат уписница за бројот на акциите што ги преземаат.

(6) Кога се врши преобразба на друштво со ограничена одговорност, односно на акционерско друштво во јавно друштво, содружниците, односно акционерите кои не присуствувале на собирот на содружниците, односно на собранието можат изјавата од ставот (4) на овој член да ја дадат во рок не подолг од 30 дена од денот на одржувањето на собирот на содружниците, односно на собранието.

(7) Одредбите на овој закон за основната главнина, влоговите во друштвото, уделите, односно акциите соодветно се применуваат во случај на преобразба на друштво од една во друга форма на друштво.

## Упис на преобразбата

### Член 514

(1) Преобразбата од една во друга форма на друштво се запишува во трговскиот регистар.

(2) По донесувањето на одлуката за преобразба се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар. Пријавата ја потпишуваат членовите на органот на управување, управителот, претседателот на надзорниот одбор, односно контролорот на друштвото кои се назначени со договорот за друштвото, односно со статутот со заверка на нивните потписи со електронски потпис на регистрациониот агент кога е во писмена форма, или потпишана со нивни електронски потписи кога се поднесува во електронска форма преку системот за е-регистрација.

(3) Кон пријавата за упис на преобразбата во трговскиот регистар се приложуваат во оригинал, препис или заверена копија кај нотар:

1) записникот од собирот на содружниците, односно од собранието на кое е донесена одлуката за преобразба, заверен кај нотар;

2) изјава на сите членови на органот на управување, односно на управителот, а ако друштвото има орган на надзор и изјава на членовите на надзорниот одбор, односно на контролорот, односно на содружниците во јавното друштво и комплементарите во командитното друштво и командитното друштво со акции дека се исполнети условите за преобразба на друштвото во друга форма на друштво, пропишани во овој закон;

3) одлуката за преобразба со прилозите определени со овој закон;

4) список со името и презимето на секој содружник, односно акционер, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја ако содружникот, односно акционерот е странско физичко лице и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС ако содружникот, односно акционерот е правно лице, со назначување на големината на уделот, односно на бројот на акциите што ги презема секој содружник, односно акционер сразмерно на номиналната вредност на уделот на содружникот, односно номиналната вредност на акциите на секој акционер што ги поседуваат во основната главнина на друштвото што настанува со преобразбата;

5) список во којшто поименично се наведуваат содружниците, односно акционерите кои гласале за усвојување на одлуката за преобразба;

6) одлуката за избор на органот на управување, на надзорниот одбор или на контролорот, ако друштвото има орган на надзор, односно одлука за назначување на содружниците, односно лицата кои според договорот за друштвото се овластени за застапување, којашто е прилог кон одлуката за преобразба и е нејзин составен дел;

7) изјавите на содружниците за преземање на уделите и за прифаќање на договорот за друштвото, без разлика дали се внесени во записникот, или се дадени на друг начин, определен со овој закон, односно уписниците за преземање акции;

8) годишната сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото, заедно со извештајот од овластениот ревизор и

9) изјавата во согласност со членот 32 од овој закон.

(4) Со уписот на преобразбата во трговскиот регистар, друштвото продолжува да работи како друштво во формата во којашто се преобразило.

(5) Ако пријавата од ставот (2) на овој член не биде поднесена во рок од 90 дена од денот кога на собирот на содружниците, односно на собранието ја донело одлуката за преобразба, се смета дека одлуката не е донесена.

## Претворање удели во акции, односно акции во удели
## Член 515

(1) По уписот на преобразбата во трговскиот регистар, врз основа на изјавите за преземање удели, односно уписниците за преземање акции и потврдата за стекнатиот удел, односно за стекнатите акции во преобразеното друштво, уделите, односно акциите се запишуваат во книгата на удели, односно во акционерската книга.

(2) Потврдата од ставот (1) на овој член ја издава органот на управување на друштвото што се преобразува.

(3) Ако друштвото се преобразува во акционерско друштво, претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, најдоцна во рок од осум дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар, му дава налог на Централниот депозитар за хартии од вредност да отвори акционерска книга.

(4) Ако акционерско друштво се преобразува во друга форма на друштво, управителот најдоцна во рок од осум дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар му дава налог на Централниот депозитар за хартии од вредност да ја затвори акционерската книга.

(5) Правата на трети лица спрема уделите, односно акциите од друштвото што се преобразило се пренесуваат како права на трети лица спрема уделите, односно спрема акциите во друштвото што настанало со преобразбата.

## Права на содружник, односно акционер по преобразбата на друштвото

## Член 516

(1) На содружник, односно на акционер кој преку изјава дадена во писмена форма не се согласил со преобразбата на друштвото во друга форма на друштво, друштвото е должно да му го откупи уделот, односно акциите според цена соодветна на усвоениот биланс на состојба утврден во одлуката за преобразба на друштво (понудена цена).

(2) Ако содружникот, односно акционерот не ја прифати понудената цена од ставот (1) на овој член најдоцна во рок од 30 дена од денот на одбивањето на понудата, може да поднесе предлог до судот да ја утврди вредноста на уделот, односно на акциите. Содружникот, односно акционерот ги губи сите права од уделот, односно од акциите, освен правото на надомест за неговиот удел, односно за неговите акции.

(3) Содружник, односно акционер од друштвото што се преобразува може да го поднесе предлогот од ставот (2) на овој член само преку привремен застапник, којшто тие го назначуваат. Привремениот застапник има право на надомест на трошоците, како и на награда за својата работа. Ако содружникот, односно акционерот сам не ги определи трошоците и наградата, нив ги утврдува судот според околностите на секој одделен случај и определува во кој обем треба да ги надоместат поранешните содружници, односно акционери кои се од тоа засегнати.

(4) Судот, врз основа на извештајот за процена, подготвен од овластен проценител назначен од судот, ја определува вредноста на уделот, односно на акциите на содружникот, односно на акционерот кој се спротивставува. Во овој случај, трошоците паѓаат на товар на друштвото. Ако проценителот утврди дека цената за удел, односно за акциите што ја определило друштвото е иста или помала од онаа што ја утврдило друштвото, трошоците за процената паѓаат на товар на содружникот, односно акционерот кој го поднел барањето. Содружникот, односно акционерот со предлогот може да бара и камата.

(5) По правосилноста на одлуката на судот од ставот (4) на овој член, друштвото што настанало со преобразбата го определува рокот за подигање на исплатата што не може да биде пократок од еден месец. По истекот на овој рок, парите се полагаат кај судот.

(6) Содружниците, односно акционерите од друштвото што се преобразува не можат да имаат други барања од имотот на друштвото што настанува со преобразбата, врз основа на преобразбата.

## ДЕСЕТТА ГЛАВА

## ПРИСОЕДИНУВАЊЕ, СПОЈУВАЊЕ И ПОДЕЛБА НА ДРУШТВАТА (СТАТУСНИ ПРОМЕНИ)

### Присоединување, спојување и поделба на друштвата

#### Член 517

(1) Едно или повеќе друштва може да се присоединат (друштво што се присоединува) кон друго друштво (друштво што презема), со пренос на целокупниот имот и на обврските на друштвото коешто се присоединува без да се спроведе негова ликвидација, во замена за удели, односно за акции од друштво што презема.

(2) Две или повеќе друштва можат да се спојат, без да се спроведе ликвидација, со основање на едно ново друштво - корисник на коешто преминува целокупниот имот и обврските на друштвата што се спојуваат, во замена на уделите, односно на акциите од новото друштво - корисник.

(3) Едно друштво може, преку поделба, истовремено, да го пренесе сиот имот и обврските на две или повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: раздвојување со основање) или на две или повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: раздвојување со преземање), при што друштвото што се дели

престанува без спроведување на ликвидација. Едно друштво може, преку поделба, дел од својот имот и од обврските да ги пренесе на едно или на повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: издвојување со основање) или на едно или на повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: издвојување со преземање), при што друштвото не престанува.

(4) Поделбата може да се спроведе со истовремено пренесување на сиот имот или на дел од имотот и на обврските на друштвото што се дели на нови друштва и на постојни друштва (комбинирана поделба со раздвојување со основање, раздвојување со преземање, издвојување со основање и со издвојување со преземање).

(5) Содружниците, односно акционерите на друштвата во рамките на дејствијата наведени во ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член примаат удели или акции од друштвата што ги преземаат, односно од новоснованите друштва - корисници и, по потреба, разлика во пари чијшто износ не надминува 10% од номиналниот износ на примените удели, односно акции.

(6) Присоединувањето, спојувањето, односно поделбата од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член може да се спроведе и кога е донесена одлука за престанување на друштвото со ликвидација, под услов содружниците, односно акционерите да не ја започнале распределбата на имотот и обврските на друштвото, односно кога се запира отворена стечајна постапка заради спроведување реорганизација на стечајниот должник, односно кога тоа е утврдено во планот за реорганизација на стечајниот должник.

(7) Дејствијата предвидени во овој член можат да се вршат и меѓу друштва со различни форми.

## Одлучување за статусни промени

### Член 518

(1) За присоединување одлучуваат друштвото што се присоединува и друштвото кон коешто се врши присоединувањето (друштво што презема).

(2) За спојување одлучуваат друштвата коишто се спојуваат.

(3) За поделба на друштвото што се врши со раздвојување со основање и со издвојување, со основање нови друштва, одлуката ја донесува друштвото коешто се дели. Кога поделбата на друштвото се врши со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање, одлуката ја донесува друштвото коешто се дели и друштвото на коешто се пренесува дел од имотот и од обврските на друштвото коешто се дели (друштво што презема).

(4) Одлука за присоединување, спојување и поделба донесуваат содружниците, собирот на содружниците, односно собранието на секое друштво што учествува во присоединувањето, во спојувањето и во поделбата, според условите и начинот, предвидени со овој закон за измена на договорот за друштвото, односно на статутот.

(5) Ако со спојување или со поделба се основа ново друштво, основањето се врши според одредбите на овој закон што се однесуваат на основањето на соодветната форма на друштво, освен ако со одредбите од оваа глава поинаку не е определено.

(6) Ако како последица од присоединување, спојување и поделба се зголемат обврските на содружниците или на акционерите на едно или на повеќе друштва, одлуката за присоединување, спојување или поделба се донесува со согласност на сите содружници, односно акционери.

(7) Претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, најдоцна во рок од осум дена од денот на уписот на присоединувањето на друго друштво кон акционерско друштво, односно на спојувањето или на поделбата на акционерското друштво го известува Централниот депозитар за хартии од вредност за извршената статусна промена и дава налог за промените коишто треба да бидат извршени во акционерската книга, односно за отворање нова акционерска книга.

### Универзален пренос на целиот имот или на дел од него

### Член 519

(1) Со присоединување, со спојување и со поделба на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање, друштвото престанува без ликвидација и се врши универзален пренос на целиот негов имот и на обврските врз новоосnованите друштва и врз друштвата што преземаат, со состојба на денот определен со спогодба во којашто ги усогласуваат условите под коишто ќе се изврши присоединувањето, спојувањето, односно поделбата (во натамошниот текст: спогодба) или со планот за поделба на друштвото со раздвојување со основање и со издвојување со основање (во натамошниот текст: план за поделба).

(2) Новоосnованите друштва коишто настанале со спојување и со поделба со раздвојување со основање и со издвојување со основање и друштвата коишто преземаат со присоединување и со поделба со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање се солидарни должници на доверителите на друштвата коишто се присоединиле, се споиле или се поделиле.

(3) Новоосnованите друштва и друштвата коишто преземаат со поделбата можат да се договорат обврските на друштвото коешто се дели (што ќе им бидат ставени на товар) да бидат уредени без солидарна одговорност, односно да ги преземе новоосnованото друштвото коешто презема. И во овој случај, новоосnованите друштва и друштвата коишто преземаат и друштвото што се дели со издвојување со основање или со издвојување со преземање се супсидиерни солидарни должници на доверителите на друштвото коешто се дели.

(4) Издавањето, односно повлекувањето акции, односно преземањето и повлекувањето удели се врши во согласност со спогодбата, односно со планот за поделба.

### Содржина на спогодбата

### Член 520

(1) Органот на управување на друштвото коешто се присоединува и органот на управување на друштвото коешто презема, органите на управување на друштвата коишто се спојуваат, односно органот на управување на друштвото коешто се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање и органот на управување на друштвото коешто презема склучуваат спогодба во која ги усогласуваат условите под коишто ќе се изврши присоединувањето, спојувањето, односно поделбата. Спогодбата се составува во форма на нотарски акт.

(2) Спогодбата од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци:

1) формата, фирмата и седиштето на друштвото што се присоединува и на друштвото коешто презема, односно на друштвата коишто се спојуваат, односно на друштвото коешто се дели со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање и на друштвата коишто преземаат;

2) начинот на којшто ќе се изврши пренос на имотот и на обврските од друштвото што се присоединува на друштвото коешто презема, односно на друштвото коешто презема дел од имотот и од обврските од друштвото коешто се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање, како и замената за удели, односно акции што се добиваат од новото друштво - корисник коешто настанува со спојувањето;

3) целта и условите под коишто се врши присоединувањето, спојувањето или поделбата со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање;

4) вредноста на активата и на пасивата којашто се пренесува од друштвото што се присоединува на друштвото коешто презема и детален опис на распределбата на имотот и на обврските коишто се пренесуваат, односно преземаат (делбен биланс), од друштвата коишто се спојуваат на новото друштво - корисник, односно од друштвото што се дели со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање на друштвото коешто презема;

5) соодносот според којшто ќе се врши размена на уделите, односно на акциите, а ако е потребно, и висината на доплатата во пари, односно уделите или акциите коишто треба да се стекнат од зголемената основна главнина на друштвото коешто презема, односно од новото друштво - корисник и правата и обврските коишто тие ги даваат;

6) правата коишто им се признаваат на содружниците, односно на акционерите како и посебните погодности коишто ги стекнале, односно коишто им ги даваат уделите, односно акциите;

7) начинот на преземање на уделите, односно на акциите и датумот од коишто преземените удели, односно акции им даваат право на учество на содружниците, односно на акционерите во добивката на друштвото коешто презема, односно на новото друштво - корисник и сите подробности коишто се од значење за остварување на тоа право;

8) датумот на којшто ќе бидат запрени деловните активности на друштвото што се присоединува и друштвата коишто се спојуваат;

9) датумот од кога зделките на друштвото коешто се присоединува, на друштвата коишто се спојуваат, односно на друштвото што се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени за сметка на друштвото коешто презема, односно на новото друштво - корисник што настанува со спојувањето;

10) секоја посебна погодност ако се дава на некој член на органот на управување или на надзорниот одбор, односно на контролорот на друштвата коишто учествуваат во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање, ако друштвата имаат орган на надзор;

11) условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во друштвата коишто преземаат, односно друштвата - корисници;

12) рокот до кој ќе се подготват годишните сметки и

13) други прашања од заеднички интерес за остварување на присоединувањето, спојувањето, односно поделбата со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање.

(3) Составен дел на спогодбата од ставот (2) на овој член се:

1) кај присоединувањето, односно кај поделбата со раздвојување со преземање или издвојување со преземање се предлог на одлуките на измените и дополнувањата на договорот за друштвото, односно кај спојувањето предлогот на договорот за друштвото односно предлогот на статутот на новото друштво - корисник;

2) листа на содружниците, односно акционерите на друштвото коешто се присоединува, односно на друштвата коишто се спојуваат, односно се делат со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање со номиналните износи на уделите, односно на акциите коишто веќе постојат во друштвото што презема како и уделите, односно акциите коишто тие треба да ги стекнат во друштвото коешто презема, односно во новото друштво - корисник во коешто стануваат содружници, односно акционери и

3) список на вработените кои го продолжуваат работниот однос во друштвото коешто презема, односно во новото друштво - корисник.

## План за поделба

### Член 521

(1) Ако се врши поделба со раздвојување со основање или со издвојување со основање на нови друштва, органот на управување на друштвото коешто се дели донесува план за поделба. Планот за поделба, со сите негови прилози, мора да биде составен во форма на нотарски акт.

(2) Планот за поделба од ставот (1) на овој член мора да ги содржи следниве податоци:

1) формата, фирмата и седиштето на друштвото што се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање, односно на новоснованите друштва-корисници;

2) начинот на којшто ќе се изврши преносот на имотот и на обврските од друштвото што се дели на друштвата коишто се основаат, во замена за удели, односно за акции од овие друштва;

3) целта и условите под коишто се врши поделбата со раздвојување со основање и со издвојување со основање;

4) вредноста на активата и на пасивата којашто се пренесува (делбен биланс) од друштвото што се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање на новоснованите друштва и детален опис на распределбата на имотот, правата и обврските;

5) соодносот според којшто ќе се врши размена на уделите, односно на акциите, а ако е потребно и висината на доплатата во пари, односно уделите или акциите коишто треба да се преземат, односно да се стекнат во новоснованите друштва и правата и обврските коишто ги даваат тие;

6) правата коишто им се признати на содружниците, односно на акционерите, како и посебните погодности коишто ги имале стекнато, односно им ги даваат уделите, односно акциите;

7) начинот на преземање на уделите, односно на акциите и датумот од којшто тие им даваат право на учество во добивката на содружниците, односно на акционерите во новоснованите друштва и сите подробности коишто се од значење за остварување на тоа право;

8) датумот на којшто ќе бидат запрени деловните активности на друштвото што се дели;

9) датумот од кога зделките на друштвото што се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени за сметка на новоснованите друштва;

10) секоја посебна погодност ако се дава на некој член на органот на управување или на надзорниот одбор, односно на контролорот на друштвото што се дели и на новоснованите друштва, ако друштвата имаат орган на надзор;

11) условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во новоосnованите друштва;

12) рокот до којшто ќе се подготви годишната сметка и

13) други прашања од заеднички интерес за остварување на поделбата со раздвојување со основање и со издвојување со основање.

(3) Составен дел на планот за поделба од ставот (2) на овој член се:

1) предлог на договорот за друштвото, односно статутот на новоосnованите друштва;

2) листа на содружниците, односно на акционерите на друштвото коешто се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање со номиналните износи на уделите, односно на акциите кои треба да ги стекнат во новоосnованите друштва во кои стануваат содружници, односно акционери и

3) список на вработените кои го продолжуваат работниот однос во новоосnованите друштва.

## Обврска за објавување на известување за статусна промена

### Член 522

(1) Најдоцна еден месец пред одлучувањето на содружниците, односно пред одржувањето на собирот на содружниците или собранието на коешто се донесува одлука за прифаќање на спогодбата, односно на планот за поделба, органите на управување на друштвата што ја склучиле спогодбата или органот на управување на друштвото што се дели со раздвојување со основање и со издвојување со основање заеднички објавуваат во ,,Службен весник на Република Македонија" и најмалку во еден дневен весник известување за склучената спогодба, односно донесениот план за поделба. Во известувањето мора да ги објават следниве податоци:

1) формата, фирмата и седиштето на друштвата кои учествуваат во присоединувањето, спојувањето или поделбата;

2) причините, намерите, целта и условите на присоединувањето, спојувањето или поделбата;

3) вредноста на активата и на пасивата којашто се пренесува, односно се презема;

4) соодносот според којшто ќе се врши размената на уделите, односно на акциите, а ако е потребно, и висината на доплатата во пари, односно уделите или акциите коишто треба да се стекнат од зголемената основна главнина на друштвото што презема и правата и обврските што ги даваат тие;

5) правата коишто им се признати на содружниците, односно на акционерите како и посебните погодности коишто ги имале стекнато, односно им ги даваат уделите, односно акциите;

6) начинот на преземање на уделите, односно на акциите и датумот од којшто тие им даваат право на учество во добивката на содружниците, односно на акционерите во новоосnованите друштва и сите подробности коишто се од значење за остварување на тоа право;

7) датумот на којшто ќе бидат запрени деловните активности на друштвото коешто се присоединува, друштвата коишто се спојуваат, односно друштвото што се дели;

8) секоја посебна погодност ако се дава на некој член на органот на управување или на надзорниот одбор, односно на контролорот на друштвата коишто учествуваат во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата, ако друштвата имаат орган на надзор и

9) условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во друштвото коешто презема, во новото друштво - корисник и во новооснованото друштво.

(2) Спогодбата, односно планот за поделба и прилозите коишто се нивни составни делови се ставаат на увид на сите содружници, односно акционери во седиштето на друштвата што учествуваат во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата. Во објавувањето од ставот (1) на овој член се наведуваат времето и другите подробности коишто се од значење секој содружник, односно акционер да може да изврши увид.

(3) Во рокот од ставот (1) на овој член спогодбата, односно планот за поделба се доставуваат до трговскиот регистар за да изврши предбележба. По извршената предбележба во ,,Службен весник на Република Македонија" се објавува дека е извршена предбележба во трговскиот регистар и дека спогодбата, односно планот за поделба се дозволени за увид.

(4) Ако со закон е утврдена обврска да се извести надлежен орган за намерата да се изврши статусна промена, спогодбата, односно планот за поделба се доставува до надлежниот орган.

## Известување на доверителите

### Член 523

(1) Познатите доверители чии побарувања надминуваат 10.000 ЕВРА во денарска противвредност се известуваат по писмен пат, поединечно, во местото на живеење, а ако доверителот е правно лице во неговото седиште.

(2) Доверителите кои не можат да бараат намирување на побарувањата, бидејќи побарувањата не се пристигнати од друштвата кои учествуваат во присоединувањето, спојувањето или поделбата, а кои сметаат дека присоединувањето, спојувањето, односно поделбата ќе го загрози намирувањето на нивните побарувања, поднесуваат барање за обезбедување на побарувањата до друштвото коешто се присоединува, друштвата коишто се спојуваат и друштвото што се дели, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на известувањето од членот 522 на овој закон. Ако друштвото што се присоединува, друштвата коишто се спојуваат и друштвото што се дели не одговорат на барањето на доверителот во рок од 15 дена од денот на поднесеното барање или не го дадат бараното обезбедување, доверителот може во наредните осум дена да поднесе предлог до судот за запирање на постапката за спојување, присоединување, односно поделба. Ако судот утврди дека во постапката за присоединување, спојување, односно поделба на доверителот не му е одговорено на барањето, односно не му е дадено бараното обезбедување, на предлог на доверителот, судот може привремено да ја запре постапката, додека друштвото коешто се присоединува, друштвата коишто се спојуваат и друштвото што се дели не му поднесат на судот во определениот рок доказ дека се дадени обезбедувања за побарувањето на доверителот.

(3) Доверителите кои во случај на стечај имаат првенствено право на намирување од стечајната маса, немаат право да бараат обезбедување.

## Биланс на состојбата пред статусна промена

### Член 524

(1) Друштвото пред да се присоедини, спои или подели, составува годишна сметка, заклучно со рокот утврден во спогодбата, односно во планот за поделба.

(2) Рокот од ставот (1) на овој член не може да биде покус од три месеца од денот на склучувањето на спогодбата, односно од денот на донесувањето на планот, ако годишната сметка за последната деловна година не е постара од шест месеца.

(3) Вредностите искажани во годишната сметка на друштвото што се присоединува, на друштвата коишто се спојуваат или на друштвото што се дели се пренесуваат и се искажуваат соодветно во билансите на друштвото коешто презема, новото друштво - корисник и новооснованото друштво.

## Ревизија на спогодбата, односно планот за поделба

### Член 525

(1) Спогодбата, односно планот за поделба мора да го прегледа еден или повеќе овластени ревизори. Овластените ревизори за секое друштво одделно ги назначуваат органите на управување на друштвата кои учествуваат во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата. Овластените ревизори можат да извршат ревизија за сите друштва коишто учествуваат во присоединувањето, спојувањето и поделбата ако овластените ревизори се назначени од судот на нивен заеднички предлог.

(2) Извештајот за извршената ревизија мора да го содржи мислењето на ревизорите дали индексот на размената на акциите, односно на уделите е праведен и разумен. Во изјавата ревизорите мораат да наведат:

1) кој метод, односно кои методи биле употребени за да се процени предложениот индекс на размена и кој метод е примарен;

2) каков сооднос на размена би настанал со употреба на различни методи и која е релативната важност на секој од методите коишто се користени при утврдувањето на индексот на размената;

3) дали користениот метод, односно методи се соодветни за размената и

4) кои тешкотии, ако ги имало, се јавиле при процената и при вршењето на ревизијата.

(3) Секој од овластените ревизори има право од органите на управување да бара да ги добие сите информации и документи потребни за ревизијата и, ако е потребно, да спроведе и посебно испитување.

(4) На одговорноста на овластените ревизори се применуваат одредбите на овој закон и на другите прописи со коишто се уредува ревизијата.

## Извештај за статусна промена

### Член 526

Органите на управување што ја склучиле спогодбата, односно го донеле планот за поделба составуваат извештај во писмена форма, во којшто во подробности:

1) ќе ги образложат причините, односно целта којашто треба да се постигне со присоединувањето, спојувањето и поделбата;

2) ќе ги образложат правните и деловните прашања, како и предложените правни и економски основи под коишто ќе се врши присоединувањето, спојувањето и поделбата;

3) ќе ги објаснат критериумите и методите со коишто е утврден соодносот според којшто ќе се врши замена на уделите, односно на акциите и критериумите за нивната распределба;

4) ќе ги образложат содржината на документите и на предлогот на актите за присоединувањето, спојувањето и поделбата;

5) ќе ги опишат тешкотиите коишто се појавиле во текот на постапката при процената на имотот и на обврските;

6) ќе ги наведат непаричните влогови, како и проблемите коишто произлегле при нивната процена што се врши според членот 35 од овој закон, и ќе се упати на извештаите според кои овие непарични влогови биле проценети и на начинот на којшто извештаите се достапни за увид;

7) ќе ги образложат промените на имотот и на обврските настанати од денот на склучувањето на спогодбата, односно на донесувањето на планот за поделба до денот на одлучувањето на содружниците, односно на одржувањето на собирот на содружниците или на собранието на коешто ќе се одлучува за присоединувањето, спојувањето и поделбата и

8) ќе ги објаснат измените што се извршени во спогодбата, односно во планот за поделба заради нивната обврска да постапат според укажувањата на овластениот ревизор.

## Подготовка за свикување собир на содружниците, односно собрание

### Член 527

(1) Најмалку еден месец пред денот определен за одлучување на содружниците, односно за одржување на собирот на содружниците или на собранието на коешто треба да се одлучува за потврдувањето на спогодбата, односно на планот за поделба, секое друштво коешто учествува во присоединувањето, спојувањето и поделбата е должно на содружниците, односно на акционерите да им овозможи во седиштето на друштвото да се запознаат со документацијата за остварувањето на присоединувањето, спојувањето, односно поделбата, а особено со:

1) спогодбата, односно со планот за поделба, со сите нивни прилози;

2) годишната сметка и со годишниот извештај за работењето на секое од друштвата коешто учествува во присоединувањето, спојувањето, односно поделбата за последните три години, односно за секоја година од постоењето на друштвото ако тоа постои помалку од три години;

3) годишната сметка подготвена во согласност со членот 524 од овој закон;

4) извештајот подготвен од органот на управување на друштвата за присоединувањето, спојувањето, односно поделбата;

5) извештајот на овластениот ревизор и

6) други значајни информации и известувања коишто се од значење за одлучувањето за присоединувањето, спојувањето, односно поделбата.

(2) Годишните сметки од ставот (1) точка 2 на овој член се составуваат во согласност со прописите коишто важеле во времето кога се составувани.

## Одлука за статусна промена

### Член 528

(1) Спогодбата, односно планот за поделба станува полноважен откако ќе го прифатат содружниците, собирот на содружниците, односно собранието на друштвата што учествуваат во присоединувањето, спојувањето и поделбата.

(2) Одлуката за потврдување на спогодбата, односно на планот за поделба се донесува на начинот на којшто со овој закон, со договорот за друштвото, односно со статутот се донесува одлука за измена на договорот за друштвото, односно на статутот.

(3) Одлуката за потврдување на спогодбата, односно на планот за поделба од ставот (1) на овој член се смета за одлука за присоединување, спојување, односно поделба.

(4) Содружниците, односно собирот на содружниците или собранието истовремено со одлуката за присоединување, спојување, односно поделба со раздвојување со преземање и со издвојување со преземање донесуваат и одлука за измена на договорот за друштвото, односно за измена на статутот, а со одлуката за поделба со раздвојување со основање и со издвојување со основање донесуваат одлука за усвојување на договор за друштвото, односно на статутите на новооснованите друштва.

(5) Записникот од состанокот на содружниците, од собирот на содружниците, односно на собранието од ставот (1) на овој член го води нотар. Спогодбата, односно планот за поделба се приложува кон записникот од состанокот, од одржаниот собир на содружниците, односно одржаното собрание како негов составен дел.

## Одговорност за штета

### Член 529

(1) Членовите на органот на управување, а ако друштвото има орган на надзор членовите на надзорниот одбор, односно контролорот на друштвото што се присоединува, друштвата коишто се спојуваат и друштвото што се дели, се обврзани како солидарни должници да ја надоместат штетата, којашто со присоединувањето, со спојувањето, односно со поделбата ја претрпува друштво што се присоединува, се спојува, односно друштвото што се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање. За штетата не одговараат оние членови на органот на управување, а ако друштвото има орган на надзор оние членови на надзорниот одбор, односно контролорот кои, при ревизијата на имотната состојба на друштвото и при склучување на спогодбата, односно при донесувањето на планот за поделба постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

(2) За барањата за надомест на штета од ставот (1) на овој член, како и за сите други барања коишто ќе се дадат за и против друштвото коешто се присоединува, се спојува и се дели се смета како тоа друштво и понатаму да постои.

(3) Тужбата за барањата засновани на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, може да се поднесе во рок од пет години од денот на објавувањето на уписот за присоединувањето, спојувањето, односно поделбата во трговскиот регистар.

## Право за надомест на штета

### Член 530

(1) Барањата за надомест на штета и другите барања од членот 529 на овој закон, може да се остварат само преку привремен застапник, кој на предлог на содружник, односно на акционер или на доверител на друштвото коешто се присоединило, споило, односно се поделило го поставува судот на чие подрачје е седиштето на тоа друштво.

(2) Застапникот, наведувајќи ја целта за своето поставување, мора да ги повика поранешните содружници, односно акционерите и доверителите на друштвото што се присоединува, односно друштвата коишто се спојуваат или на друштвото коешто

се дели, во рок којшто изнесува најмалку 30 дена, а не повеќе од 60 дена, да ги пријават своите барања од членот 529 на овој закон. Повикот се објавува во ,,Службен весник на Република Македонија" и најмалку во еден дневен весник.

(3) Привремениот застапник има право на надомест на трошоците, како и на награда за својата работа. Ако содружниците, акционерите, односно доверителите сами не ги определат трошоците и наградата, нив ги утврдува судот според околностите на секој одделен случај и определува во кој обем треба да се надоместат поранешните содружници, акционери и доверители кои се засегнати од тоа.

## Судско испитување на соодност за размена

### Член 531

(1) Одлуката за присоединување, одлуката за спојување и одлуката за поделба со која содружниците, односно собирот на содружниците, односно собранието ги прифатиле спогодбата, односно планот за поделба не може да се побива поради тоа што соодносот за замена на удели, односно на акции е одмерен премногу ниско. Ако соодносот е одмерен премногу ниско, судот може, по предлог на содружниците, односно акционерите, да определи да се доплатат износите коишто не можат да надминат 10% од номиналниот износ на дадените удели, односно акции.

(2) Предлогот од ставот (1) на овој член може да се поднесе во рок од 30 дена од денот од којшто содружникот, односно акционерот не го прифатил понудениот соодност од ставот (1) на овој член. Друштвото, врз основа на одлуката на судот, им исплаќа доплата на содружниците, односно на акционерите кои поседуваат удели, односно акции соодветно на ист род и класа, во износ што го определил судот.

## Присоединување, односно поделба во посебни случаи

### Член 532

(1) Ако најмалку 90% од уделите, односно од акциите во коишто е претставена основната главнина на друштвото коешто се присоединува, односно на друштвото што се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање ги држи друштвото коешто презема, не е потребна согласност на содружниците, собирот на содружниците, односно на собранието на друштвото коешто презема.

(2) Ако сите удели, односно акции на друштвото што се присоединува ги поседува друштвото коешто презема во спогодбата за присоединување, не се внесуваат податоците за замена на уделите, односно акциите и не се врши ревизија и одобрување на спогодбата од собирот на содружниците, односно од собранието на друштвото што се присоединува и друштвото коешто презема.

(3) Содружниците, односно акционерите на друштвото коешто презема, чиишто удели, односно акции заедно изнесуваат 5% од основната главнина, можат да бараат да се свика собир на содружниците, односно собрание на коешто ќе се потврди присоединувањето. Во основната главнина не влегуваат сопствените удели, односно сопствените акции на друштвото коешто презема како и уделите, односно акциите коишто ги поседува некој друг, но за сметка на друштвото коешто презема.

(4) Друштвото од ставовите (1) и (2) на овој член е должно да ги објави условите за присоединување, односно за поделба со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање најдоцна 30 дена пред денот на одржувањето на собирот на содружниците, односно на собранието и во овој рок да им овозможи увид на содружниците, односно на акционерите во документите коишто со овој закон се определени за остварување на присоединувањето, односно за поделбата.

(5) Содружниците, односно акционерите од друштвото коешто се присоединува од ставот (1) на овој член кои не се согласиле со присоединувањето ги остваруваат правата во согласност со одредбите од оваа глава.

## Забрани за зголемување на основната главнина

## Член 533

(1) При спроведувањето на присоединувањето, односно на поделбата со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање друштвото коешто презема не смее да ја зголеми основната главнина во случај ако:

1) го поседува уделот, односно акциите на друштвото коешто се присоединува, односно на друштвото коешто се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање;

2) друштвото коешто се присоединува, односно друштвото коешто се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање поседува удел, односно акции во друштвото што презема или

3) друштвото што се присоединува, односно друштвото што се дели со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање поседува удел, односно акции на друштвото што презема за коишто не се уплатени во целост влоговите, а коишто требало да се платат.

(2) Друштвото што презема не може да ја зголеми основната главнина, се додека постојат забраните од ставот (1) на овој член.

(3) Ако друштвото коешто презема плаќа доплати во пари, тие не смеат да надминат 10% од вкупниот номинален износ на дадените удели, односно издадените акции во тоа друштво.

## Зголемување на основната главнина заради присоединување, односно поделба

## Член 534

(1) Ако друштвото што презема ја зголеми основната главнина заради спроведено присоединување, односно поделба со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање, не се применуваат одредбите од овој закон со коишто се уредува зголемувањето на основната главнина што се однесуваат:

1) на забраната основната главнина да се зголемува, додека запишаните влогови не се уплатат во целост;

2) на барањето во пријавата за упис во трговскиот регистар на одлуката за зголемување на основната главнина да се наведе кои влогови не се уплатени;

3) на условите за запишување нови влогови, односно акции и

4) на првенственото право на купување удели, односно акции.

(2) Ревизија мора да се изврши во случај на зголемување на основната главнина со непаричен влог и кога судот ќе утврди дека вредноста на непаричниот влог не го достигнува номиналниот износ на издадените удели, односно акции, како и во случај на зголемување на основната главнина во согласност со одредбите на овој закон за одобрен капитал.

## Права на содружниците, односно на акционерите

### Член 535

(1) На содружник, односно акционер кој се изјаснил дека не сака за неговиот удел, односно акции да преземе удел, односно акции во друштвото што презема, во ново друштво - корисник коешто настанало со спојување, во новоосновано друштво, друштвото е должно да му го откупи уделот, односно акциите според цена утврдена во одлуката за присоединување, спојување, односно поделба.

(2) Ако содружникот, односно акционерот не ја прифати понудената цена од ставот (1) на овој член, најдоцна во рок од триесет дена од денот на одбивањето на понудата, може да поднесе предлог до судот да ја утврди вредноста на уделот, односно на акциите. Содружникот, односно акционерот ги губи сите права од уделот, односно од акциите, освен правото на надомест за неговиот удел, односно акции.

(3) Судот, врз основа на извештајот за процена, подготвен од овластен проценител кој е назначен од судот со одлука, ја определува вредноста на уделот на содружникот, односно на акциите на акционерот. Трошоците паѓаат на товар на друштвото, а ако проценителот утврди дека цената на уделот, односно на акциите што ја определило друштвото е иста или помала од онаа што ја утврдило друштвото, трошоците за процената паѓаат на товар на содружникот, односно на акционерот кој го поднел предлогот. Содружникот, односно акционерот, со предлогот може да бара и камата.

(4) Друштвото може, врз основа на одлуката на судот, да им исплати зголемен износ на сите содружници, односно на акционери кои поседуваат удели, односно акции од ист род и класа во износ што бил исплатен врз основа на одлука на суд од ставот (3) на овој член.

(5) По правосилноста на одлуката на судот од ставот (3) на овој член, друштвото што се присоединува, се спојува, односно се дели го определува рокот за подигање на исплатата што не може да биде пократок од 30 дена. По истекот на овој рок парите се полагаат кај судот, уделите се поништуваат, а акциите се огласуваат за неважечки, за што се известува Централниот депозитар за хартии од вредност. Врз основа на поништените удели, односно огласени неважечки акции може да се подигне износот којшто е положен за нив кај судот во депозит.

(6) Содружникот, односно акционерот од друштвото што се присоединува, се спојува, односно се дели не може да има други барања од имотот на друштвото што презема, односно од новото друштво - корисник ниту од друштвото што презема дел од имотот и од обврските на друштво поделено со раздвојување со преземање или издвојување со преземање, односно од новоснованото друштво основано со поделба на друштвото со раздвојување со основање или со издвојување со основање.

(7) Друштвото што презема, новото друштво-корисник, односно новоснованото друштво на сопствениците на конвертибилни обврзници на присоединетото, споеното, односно поделеното друштво, мора да им ги даде сите права коишто ги имале во друштвото што се присоединило, во друштвата кои се споиле, односно друштвото што се поделило.

(8) Ако содружниците, односно акционерите од друштвото што се присоединува, односно споените друштва или друштвото што се дели имале обврска да извршат доплата во пари, присоединувањето, спојувањето, односно поделбата може да се запише во трговскиот регистар откако на судот ќе му се достави доказ дека доплатата во пари е извршена.

## Пријава за упис во трговскиот регистар

### Член 536

(1) Секое друштво мора да поднесе пријава за упис на присоединувањето, на спојувањето, односно на поделбата со раздвојување со преземање или поделбата со издвојување со преземање во трговскиот регистар.

(2) При поднесување на пријава, управителот, односно членовите на органот на управување, мораат да дадат изјава дека одлуките за присоединување, за спојување односно за поделба со раздвојување со преземање или поделба со издвојување со преземање не се побивани во пропишаниот рок или дека побивањето е одбиено со правосилна одлука на суд. Кон пријавата за упис во трговскиот регистар на присоединување, на спојување, односно на поделба со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање во оригинал, препис или заверена копија кај нотар, се приложуваат:

1) спогодбата;

2) измените на договорот за друштвото, односно статутот на друштвото коешто презема, односно договорот за друштвото или статутот на новото друштво - корисник што настанало со спојувањето;

3) одлуката за потврдувањето на спогодбата;

4) записниците од собирите на содружниците, односно од собранијата на кои се донесени одлуките за потврдување на спогодбата и се усвоени измените на договорот за друштвото, односно на статутот на друштвата коишто преземаат, односно договорот за друштвото или статутот на новото друштво - корисник што настанува со спојувањето, во коишто се назначени и органите на управување, односно органот на надзор, ако друштвото има орган на надзор;

5) извештајот на овластениот ревизор;

6) извештајот за присоединувањето, спојувањето, односно поделбата со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање;

7) списокот на содружниците, односно на акционерите коишто ги презема друштвото што презема, односно новото друштво - корисник, потпишан од страна на управителот, односно на членовите на органот на управување;

8) одобрението од државен, односно од друг надлежен орган ако за присоединувањето, спојувањето, односно поделбата со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање тоа е определено со закон;

9) списокот на вработените кои преминуваат во друштвото што презема или во новото друштво - корисник и

10) изјавата на управителот, односно на членовите на органите на управување на друштвата коишто учествуваат во присоединувањето, во спојувањето, односно во поделбата со раздвојување со преземање или со издвојување со преземање според член 32 од овој закон.

(3) Кон пријавата за поделба на друштвото со раздвојување со основање и со издвојување со основање на новоосновани друштва, во оригинал, препис или заверена копија кај нотар, покрај прилозите од ставот (2) точки 5, 7, 8, 9 и 10 на овој член се приложуваат и:

1) планот за поделба;

2) одлуката за потврдувањето на планот за поделбата;

3) записник од собирот на содружниците, односно од собранието на којшто е донесена одлука за потврдување на планот за поделба и се усвоени договорот за друштвото, односно статутот на друштвата што се основаат со раздвојувањето со основање и со издвојувањето со основање;

4) договорот за друштвото, односно статутот на новоснованото друштво што се основа со поделбата со раздвојување со основање и со издвојување со основање;

5) одлука за избор на управителот, членовите на одборот на директори, односно на органот на надзор на друштвата што настануваат со поделбата со раздвојување со основање и со издвојување со основање ако тие не се назначени во статутот, односно на договорот за друштвото и

6) извештајот за поделбата со раздвојување со основање или со издвојување со основање.

(4) Кон пријавата за упис во трговскиот регистар се поднесуваат за секое присоединето, споено, односно поделено друштво со поделба со раздвојување со преземање или со поделба со издвојување со преземање и годишна сметка подготвена и усвоена, најмногу шест месеца пред денот на поднесување на пријавата за упис.

(5) По уписот во трговскиот регистар, недостатоците во постапката на присоединување, на спојување, односно на поделба не влијаат на валидноста на присоединувањето, на спојувањето, односно на поделбата.

## Правните последици од уписот

### Член 537

(1) Правните последици од присоединувањето, од спојувањето, односно од поделбата настапуваат истовремено од денот на објавувањето на уписот во трговскиот регистар на присоединувањето, на спојувањето, односно на поделбата.

(2) Со присоединувањето, имотот и обврските на друштвото што се присоединува преминуваат на друштвото што презема. Истовремено со уписот на присоединувањето во трговскиот регистар, се брише и друштвото што се присоединува. Содружниците, односно акционерите на друштвото што се присоединило, стануваат содружници, односно акционери на друштвото што презема.

(3) Со спојувањето, имотот и обврските на друштвата коишто се спојуваат преминуваат на новото друштво - корисник. Истовремено со уписот на новото друштво корисник, се бришат друштвата коишто се споиле. Во договорот за друштвото, односно во статутот на новото друштво - корисник, мора да се преземат определените посебни погодности, трошоците за основање и непаричните влогови. Содружниците, односно акционерите на друштвата коишто се споиле, со уписот на спојувањето стануваат содружници, односно акционери на новото друштво - корисник.

(4) Со поделбата на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање сиот имот и обврски преминуваат на новоснованото друштво, односно на друштвото што презема. Истовремено со уписот се брише друштвото што се дели. Содружниците, односно акционерите на друштвото што се дели со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање стануваат содружници, односно акционери на новоснованото друштво.

(5) Со поделбата на друштвото со издвојување со основање и со издвојување со преземање дел од неговиот имот и дел од неговите обврски преминуваат на друштвото што се основа, односно на друштвото што презема. Друштвото што се дели не престанува. Содружниците, односно акционерите на друштвото што се дели со издвојување со основање и со издвојување со преземање, со преземањето удели, односно акции во новоснованото друштво, односно во друштвото што презема, стануваат нивни содружници, односно акционери.

(6) Кога со закон е пропишано исполнување посебни дејствија во поглед на преносот на ствари, права и обврски од страна на друштвото што презема, новото друштво - корисник и новооснованото друштво, нивниот пренос има дејство спрема трети лица кога за преносот на овие ствари, права и обврски ќе се исполнат пропишаните дејствија. Овие дејствија друштвото мора да ги изврши во рок не подолг од шест месеца.

## Десетта-а глава

## Прекугранично спојување со друштва од Европската унија[20]

### Член 537-а

### Делокруг на примена

Одредбите на оваа глава се применуваат кога се врши прекугранично спојување на акционерски друштва или на друштва со ограничена одговорност основани во согласност со одредбите од овој закон и запишани во трговскиот регистар (македонски друштва) со друштва во кои одговорноста на содружниците е ограничена, на кои се применува право на друга држава членка на Европската унија и имаат регистрирано седиште, централна управа или главно место на вршење на нивната дејност во држава членка на Европската унија (друштва од Европската унија).

### Член 537-б

### Поим

(1) Освен ако со овој закон поинаку не е определено, прекугранично спојување е постапка во која:

1) едно или повеќе друштва се присоединуваат (друштво/а што се присоединува/ат) кон друго друштво (друштво што презема) со пренос на целокупниот имот и на обврските на друштвото кое се присоединува без да се спроведе негова ликвидација во замена за издавање на удели, акции и други хартии од вредност од основната главнина, на друштвото што презема на содружниците на друштвото што се присоединува и ако е можно разлика во пари што не надминува 10% од номиналната вредност, или во недостаток на номинална вредност, 10% од сметководствената вредност на примените удели, акции или други хартии од вредност;

2) две или повеќе друштва се спојуваат без да се спроведе ликвидација, со основање на едно ново друштво - корисник на кое преминува целокупниот имот и обврските на друштвата што се спојуваат, во замена за уделите, акциите, односно други хартии од вредност во основната главнина на новото друштво - корисник и

[20] Одредбите од членот 25 на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва – со кои, по членот 537 се додава нова глава Десетта-а глава - Прекугранично спојување со друштва од Европската унија и 14 нови члена 537-а, 537-б, 537-в, 537-г, 537-д, 537-ѓ, 537-е, 537-ж, 537-з, 537-ѕ, 537-и, 537-ј, 537-к и 537-л и со кои се уредува прекуграничното спојување со друштва од Европската унија, ќе започнат да се применуваат од денот кога Република Македонија ќе стекне статус на полноправен член во Европската унија.

ако е можно разлика во пари којашто не надминува 10% од номиналната вредност, или во недостаток на номинална вредност, 10% од сметководствената вредност на примените удели, акции или други хартии од вредност или

3) се врши универзален пренос на имотот и на обврските на едно друштво без да се спроведе негова ликвидација, на друштво коешто ги има сите или најмалку 90% од сите негови удели, акции, односно хартии од вредност.

(2) Во постапката на прекугранично спојување од ставот (2) на овој член мора да учествуваат најмалку едно македонско друштво и едно друштво од Европската унија.

## Член 537-в

## Дополнителни одредби што се однесуваат на делокругот на примена на одредбите за прекугранично спојување на друштва

(1) Одредбите од членот 537-б став (1) од овој закон се применуваат и во случај кога законот на државата членка кој се применува на друштвото од Европската унија кое прекугранично се спојува со македонско друштво овозможува исплатата во готово од членот 537-б став (1) точки 1 и 2 на овој закон да биде поголема од 10% од номиналната вредност на уделите, акциите или хартиите од вредност што го претставуваат капиталот на друштвото кое произлегува од прекуграничното спојување, или ако немаат номинална вредност, тогаш поголема од 10% од нивната сметководствена вредност.

(2) Одредбите за прекугранично спојување на овој закон не се применуваат на задруги.

(3) Одредбите на овој закон не се применуваат на прекуграничните спојувања на друштва за управување со инвестициски фондови, односно друштва кои вршат здружување на парични средства наменети за инвестирање прибрани од домашни или странски физички или правни лица преку јавен повик или приватна понуда, односно кои работат врз основа на распределба на ризик и располагаат со удели кои, на барање на имателите, повторно се откупуваат или се исплаќаат, директно или индиректно, од активата на тоа друштво.

## Член 537-г

## Други услови за прекугранични спојувања

(1) Прекугранично спојување со друштво кое припаѓа на држава која е членка на Европската унија е можно само ако со законот на државата членка на Европската унија кој важи за тоа друштво се дозволува прекугранично спојување спрема формата на друштвата кои се спојуваат.

(2) Надлежен орган може да се спротивстави на секое прекугранично спојување доколку е тоа во спротивност со законите и другите прописи и јавниот интерес определен со закон.

(3) Доколку со закон и друг пропис за определена статусна измена се бара претходно мислење или одобрение од надлежен орган истото е услов за да се спроведе и постапката на прекугранично спојување согласно со одредбите на овој закон.

## Член 537-д

## Заеднички предлог со услови за прекугранично спојување

(1) Органот на управување на македонското друштво што учествува во прекуграничното спојување, исто како и органите на управување на останатите друштва кои учествуваат во прекуграничното спојување, донесува заеднички предлог со услови за прекугранично спојување (во натамошниот текст: предлог со услови).

(2) Предлогот со услови од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци:

1) формата, фирмата и регистрираното седиште на друштвата што учествуваат во спојувањето и на друштвото што настанува со прекугранично спојување;

2) соодносот според кој ќе се врши размена на уделите, акциите, односно хартиите од вредност во друштвото кое произлегува од спојувањето и износот кој ќе се исплати во готовина, ако тоа е случај;

3) начинот на распределба на уделите, акциите, односно хартиите од вредност кои ја претставуваат основната главнина на друштвото кое произлегува од прекуграничното спојување;

4) последиците од прекуграничното спојување по вработените;

5) датумот од кога имателите на удели, хартии од вредност или акции што ја сочинуваат основната главнина на друштвото кое произлегува од прекуграничното спојување ќе можат да остварат право на учество во добивката вклучувајќи ги и сите посебни околности кои се од значење за остварување на тоа право;

6) датумот од кога трансакциите на друштвата што учествуваат во спојувањето се сметаат од сметководствени причини, како трансакции на друштвото кое произлегува од прекуграничното спојување;

7) права или ограничувања кои произлегуваат од акциите или други хартии од вредност во друштвото кое произлегува од прекуграничното спојување кои треба да се распределат на имателите на акции или други хартии од вредност во друштвото кое се присоединува, односно се спојува, а кои даваат посебни права, наметнуваат ограничувања или предвидуваат други мерки кои ги засегаат истите;

8) секоја посебна поволност која им се дава на ревизорите кои го разгледуваат предлогот со условите за прекуграничното спојување, на член на органот на управување или на органот на надзор, односно на контролорот на друштвата што учествуваат во спојувањето;

9) статутот, односно договорот за друштвото кое произлегува од прекуграничното спојување;

10) информација за постапките согласно со кои вработените ќе учествуваат во управување со друштвото;

11) информација за процената на имотот и на обврските што се пренесуваат на друштвото кое произлегува од прекуграничното спојување и

12) датумите на сметките што се искористени за подготовка на предлогот со услови за прекугранично спојување кај секое од друштвата кои се спојуваат.

(3) Предлогот со условите покрај податоците од ставот (1) на овој член може да содржи и некои од податоците пропишани со членот 520 став (2) од овој закон.

(4) Во случај на прекугранично спојување со друштво во кое сите акции ги има друштвото што презема, предлогот со условите не мора да ги содржи податоците од ставот (2) точки 2, 3 и 5 на овој член.

## Член 537-ѓ

## Објавување на предлогот со условите за прекугранично спојување

(1) Предлогот со условите на македонското друштво се објавуваат на официјалната интернет страница на Централниот регистар во „Службен весник на Република Македонија" и на интернет страницата на друштвото ако има таква, најдоцна еден месец пред денот на состанокот на собирот на содружниците, односно на седница на собранието на друштвото на кои ќе се одлучи дали ќе се прифати или ќе се отфрли предлогот со условите.

(2) Покрај предлогот со условите, друштвото од ставот (1) на овој член е должно да ги објави и следниве податоци:

1) формата, називот и регистрираното седиште на секое друштво што учествува во спојувањето;

2) регистарот во кој е запишано секое од друштвата што се спојуваат и нивниот регистарски број на упис и

3) за секое друштво што учествува во спојувањето се објавуваат условите под кои малцинските содружници ги остваруваат своите права, намирувањето на обврските спрема доверителите и адресата каде што може да се добие целосна и бесплатна информација за истото.

(3) Централниот регистар му издава потврда на друштвото дека е извршено објавување на неговата интернет страница согласно со ставот (1) на овој член. Трошоците за објавувањето ги сноси друштвото и тие не можат да бидат повисоки од административните трошоци на Централниот регистар за објава на истите.

## Член 537-е

## Извештај за прекугранично спојување на органот на управување

(1) Органот на управување на македонското друштво кое прекугранично се спојува, покрај предлогот со условите составува и извештај за прекугранично спојување во кој се образложуваат и оправдуваат правните и економските аспекти на прекуграничното спојување и се објаснуваат последиците и влијанието на тоа спојување врз содружниците, доверителите и вработените.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се става на увид на содружниците и на вработените лично или на нивните претставници ако ги има и се објавува на интернет страницата на друштвото ако има таква, во рок кој не може да биде пократок од еден месец пред датумот на одржување на состанок на собирот на содружниците, односно одржување на седница на собранието на друштвото на која ќе се одлучува за прифаќање или отфрлање на предлогот со условите.

(3) Доколку друштвото од ставот (1) на овој член, за време додека тече рокот од ставот (2) од овој член, добие мислење од претставниците на своите вработени или кога нема такви, мислење од некој вработен, кон извештајот ќе ги приложи и тие мислења.

## Член 537-ж

## Извештај на овластен ревизор за предлог со условите

(1) Предлогот со условите задолжително се прегледува од еден или повеќе овластени ревизори кој/и за тоа подготвува/ат извештај. Овластените ревизори се назначуваат од органот на надзор на македонското друштво кое учествува во прекуграничното спојување.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член на предлог или врз основа на заедничка одлука од органите на управување на сите друштва кои учествуваат во спојувањето, судот може да назначи заеднички ревизор/и кои ќе изврши/ат ревизија на предлогот со условите кај сите друштва кои се спојуваат прекугранично. Органите на управување кај секое од друштвата кои учествуваат во прекуграничното спојување можат да назначат еден или повеќе заеднички ревизори или други независни стручни лица согласно со законите на некоја од земјите членки на Европската унија на која припаѓа некое од друштвата, кои ќе ги прегледаат предлозите со условите на секое од друштвата и ќе подготват еден збирен извештај за сите друштва.

(3) Испитувањето на предлогот со условите не мора да го прегледа/ат ревизор/и ако така одлучат сите содружници, односно акционери во секое од друштвата што учествуваат во прекуграничното спојување.

(4) Извештајот за извршената ревизија на предлогот со условите мора да го содржи мислењето на ревизорите за тоа дали соодносот на размената на акциите, односно на уделите е правичен и разумен. Во изјавата, ревизорите мораат да наведат:

1) кој метод, односно кои методи биле употребени за да се процени предложениот соодност на размена на акциите, односно на уделите;

2) дали користениот метод, односно методи се соодветни за размената и каков соодност на размена би настанал со употреба на различни методи и која е релативната важност на секој од методите што се користени при утврдувањето на соодносот на размена и

3) кои отежнителни околности, ако ги имало, се јавиле при процената и при вршењето на ревизијата.

(5) Секој од овластените ревизори има право од органите на управување да бара да му се достават информации и документи потребни за ревизија на предлогот со условите.

(6) Извештајот од ставот (4) на овој член ревизорот го доставува до друштвото кое го става на увид на содружниците и на вработените лично или на нивните претставници ако ги има во рок кој не може да биде пократок од еден месец пред датумот на одржување на состанок на собирот на содружниците, односно одржување на седница на собранието на друштвото на која ќе се одлучува за прифаќање или отфрлање на предлогот со условите.

## Член 537-з

## Донесување одлука за одобрување на предлогот со условите

(1) На седницата на собранието на друштвото, односно на состанокот на собирот на содружниците свикани на начин како што е пропишано со овој закон, откако ќе го разгледаат извештајот од членот 537-е и извештајот од членот 537-ж на овој закон, акционерите, односно содружниците донесуваат одлука за усвојување или за отфрлање на предлогот со условите за прекугранично спојување.

(2) Предлогот со условите стануваат полноважни откако собирот на содружниците, односно собранието на сите друштва што учествуваат во прекуграничното спојување ќе донесе одлука за нивно усвојување.

(3) Одлуката од ставот (2) на овој член за усвојување на предлогот со условите се донесува со мнозинство кое е потребно за донесување на одлука за измена на договорот за друштвото, односно на статутот на друштвото во согласност со овој закон, со договорот, односно статутот на друштвото.

(4) Одлуката од ставот (2) на овој член се смета за одлука за прекугранично спојување.

(5) Содружниците, односно акционерите заедно со одлуката за прекугранично спојување од ставот (2) на овој член истовремено донесуваат и одлука за измена на договорот за друштвото, односно за измена на статутот, односно одлука за усвојување на договорот, односно статутот за друштвото кое произлегува од прекуграничното спојување.

(6) На состанокот на собирот на содружниците, односно на седницата на собранието на која е донесена одлуката од ставот (2) на овој член се води записник од страна на нотар кој по завршувањето на состанокот, односно седницата го заверува записникот и одлуката од ставот (2) на овој член.

(7) Одобрување на прекуграничното спојување на состанок на собир на содружници, односно на седница на собранието не е потребна кај друштвото кое презема во прекуграничното спојување доколку се исполнети следниве услови:

1) друштвото кое презема го извршило објавувањето во согласност со членот 537-д на овој закон најмалку еден месец пред датумот на кој требало да се одржи состанокот на собирот на содружници, односно седница на собранието на друштвото кое се присоединува и кое треба да одлучи за прифаќање на предлогот со условите за прекугранично спојување и

2) најмалку еден месец пред датумот од точката 1 на овој став на сите содружници во друштвата кои се присоединуваат им било овозможено да ги прегледаат следниве документи:

- предлогот со условите на прекуграничното спојување,

- годишните сметки и годишните финансиски извештаи на друштвата кои се спојуваат прекугранично за последните три години,

- годишна сметка на друштвото заклучно со рок кој е утврден во предлогот со условите, а кој не може да биде пократок од три месеци од денот на донесувањето на предлогот со условите во случај кога годишната сметка за последната деловна година не е постара од шест месеци и

- извештајот од членот 537-е и извештајот од членот 537-ж на овој закон.

(8) По донесувањето на одлука за одобрување на предлогот со условите за прекугранично спојување, трговското друштво кое се спојува до Централниот регистар поднесува барање за издавање потврда за претспојување на трговското друштво и со барањето ќе ги приложи сите акти и документи со информација за преземени дејствија кои претходат на спојувањето.

(9) Централниот регистар ја издава потврдата од ставот (8) на овој член во рок од три дена од денот кога е примена комплетната документација заедно со барањето.

(10) Во случај кога законот на држава членка на Европската унија кој се применува на друштво кое прекугранично се спојува со македонско друштво нема пропишано постапка за надзор и измена на соодносот за размена на акциите, уделите или други хартии од вредност, или нема пропишано постапка за надоместок на малцинските акционери, односно содружници, кои се изјасниле дека не сакаат за нивните акции или удели во друштвата што се спојуваат прекугранично да преземат акции, удели и други хартии од вредност во друштвото што презема, односно новото друштво корисник, одредбите од членот

531 или 535 на овој закон ќе се применуваат на македонското друштво кое презема, односно кое станува ново друштво корисник со прекуграничното спојување, само ако другите друштва што се спојуваат со него при донесувањето на одлуката за прекугранично спојување од ставот (2) на овој член недвосмислено се согласиле со можноста акционерите, односно содружниците во македонското друштво да поведат постапка пред суд согласно со одредбите од членот 531 или 535 на овој закон.

(11) Во случај кога е поднесен предлог до судот согласно со членот 531 или 535 од овој закон, Централниот регистар може да ја издаде потврдата за претспојување со забелешка дека постапката за остварување на правата од членот 531 или 535 на овој закон е во тек. Одлуката која ќе се донесе во постапката на примена на членот 531 или 535 од овој закон е обврзувачка за друштвото што ќе произлезе од прекуграничното спојување, како и за сите негови содружници.

(12) На правата на содружниците, односно акционерите и на соодносот за размена на удели, акции или други хартии од вредност се применуваат одредбите од членот 531 или 535 на овој закон.

**Член 537-ѕ**

**Судско утврдување на законитоста на прекугранично спојување**

(1) Судот ја утврдува законитоста на прекуграничното спојување на друштва согласно со одредбите на овој закон во итна постапка.

(2) Органот на управување на македонското друштво поднесува барање за законитоста на прекуграничното спојување до судот надлежен според местото на неговото регистрирано седиште во рок од шест месеци од денот кога е донесена потврдата од членот 537-з став (9) на овој закон.

(3) Покрај барањето и потврдата од ставот (2) на овој член, органот на управување на македонското друштво до судот го доставува и предлогот со условите, извештајот од членот 537-е, извештајот од членот 537-ж, освен кога таков согласно со членот 537-ж став (3) од овој закон не е подготвен, потврдата од членот 537-ѓ став (3), записникот од членот 537-з став (6), потврдата за претспојување од членот 537-з став (9) на овој закон, како и други документи од значење за прекуграничното спојување кои на барање на судот треба да му се достават од друштвото.

(4) Судот по разгледувањето на преземените дејства и документите од ставот (3) на овој член, донесува решение со кое утврдува дека дејствијата за прекугранично спојување на друштвото од ставот (1) на овој член се законито спроведени и дека предлогот со условите се усвоени под исти услови во сите друштва.

**Член 537-и**

**Упис во трговскиот регистар на друштвото од извршеното прекугранично спојување**

(1) Органот на управување кај друштвото кое по извршеното прекугранично спојување ќе има седиште во Република Македонија поднесува пријава за упис во трговскиот регистар до Централниот регистар согласно со одредбите на овој закон, Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица и прописите за едношалтерски систем.

(2) Централниот регистар издава решение за упис врз основа на поднесената пријава од ставот (1) на овој член, откако решението на судот од членот 537-ѕ став (4) на овој закон станало правосилно.

(3) Заедно со пријавата, органот на управување ги приложува и следниве документи:

1) препис од предлогот со услови од членот 537-д на овој закон;

2) извештајот од членот 537-е став (1) на овој закон;

3) извештајот од членот 537-ж став (1) на овој закон, освен кога таков не се бара согласно со членот 537-ж став (3) од овој закон;

4) записникот од членот 537-з став (6) на овој закон;

5) решението на судот од членот 537-ѕ став (4) на овој закон;

6) договорот за друштвото, односно статутот и каде што тоа е случај и препис од измена на договор за друштвото, односно измена на статутот и од одлуката за нивно усвојување согласно со членот 537-з став (5) од овој закон, со пречистен текст од договорот, односно статутот на друштвото;

7) список на вработените кои преминуваат во друштвото што презема или во новото друштво - корисник;

8) одобрение од државен, односно од друг надлежен орган ако е тоа пропишано со закон согласно со членот 537-г став (3) од овој закон;

9) изјава на управителот, односно на членовите на органите на управување на друштвото според членот 32 став (3) од овој закон и

10) одлука за избор на управител, членови на орган на управување и членови на органот на надзор кога не се назначени во статутот, односно во договорот за друштвото.

(4) Сите правни последици од прекуграничното спојување настануваат од моментот кога Централниот регистар ќе го издаде решението за упис од ставот (2) на овој член.

(5) Централниот регистар при издавањето на решението за упис од ставот (2) на овој член го брише од трговскиот регистар македонското друштво кое престанува да постои поради негово присоединување, односно спојување со друштвото кое произлегува од прекуграничното спојување.

(6) Друштвото кое произлегло од прекуграничното спојување и е запишано во трговскиот регистар согласно со одредбите на овој член, не може да се прогласи за ништовно. По уписот во трговскиот регистар, недостатоците во постапката на прекуграничното спојување не влијаат на полноважноста на тоа спојување, а истите можат да се пријават до надлежните органи согласно со одредбите од членовите 529, 530, 531 и 535 на овој закон.

**Член 537-ј**

**Упис во регистарот**

Централниот регистар веднаш го известува регистарот на државата членка на Европската унија каде што се запишани друштвата кои се спојуваат за секој упис на друштво што настанува со прекуграничното спојување заради спроведување на бришењето на стариот упис во тие регистри.

## Член 537-к

## Последици од прекуграничното спојување

(1) Прекуграничното спојување од членот 537-б став (1) точки 1 и 3 на овој закон ги има следниве правни последици по правниот субјективитет на друштвата кои учествувале во тоа спојување од моментот кога Централниот регистар ќе го издаде решението за уписот од членот 537-и став (2) на овој закон:

1) целиот имот, права и обврски на присоединетото друштво се пренесува на друштвото кое презема;

2) содружниците, односно акционерите на присоединетото друштво стануваат акционери, односно содружници во друштвото што презема и

3) присоединетото друштво престанува да постои.

(2) Прекуграничното спојување од членот 537-б став (1) точка 2 на овој закон ги има следниве правни последици по правниот субјективитет на друштвата кои учествувале во тоа спојување од моментот кога Централниот регистар ќе го издаде решението за уписот од членот 537-и став (2) на овој закон:

1) имотот, правата и обврските на друштвата што се спојуваат се пренесува на новото друштво корисник;

2) содружниците, односно акционерите на друштвата кои се спојуваат стануваат акционери, односно содружници во новото друштво корисник и

3) друштвата што се спојуваат престануваат да постојат.

(3) Правата и обврските кои ги имаат друштвата кои учествуваат во прекугранични спојувања и кои се настанати врз основа на постоечки договори за работа или работни односи кои се засновани и постојат до моментот на издавање на решението за уписот од членот 537-и став (2) на овој закон се пренесуваат на друштвото кое произлегло од прекуграничното спојување.

(4) Акциите на друштвото што презема не можат да се разменуваат со акциите на друштвото кое се присоединува, кога нив ги поседува друштвото што презема или кое било друго лице кое настапува во свое име, но за сметка на друштвото кое презема.

## Член 537-л

## Посебни услови кај прекуграничното спојување

(1) При прекугранично спојување кога друштвото кое презема истовремено ги поседува сите акции и други хартии од вредност кои даваат право на глас на собранието во друштвото кое се присоединува кон него, одредбите од членовите 537-д став (2) точки 2, 3 и 6, 537-ж и 537-к став (1) точка 2 на овој закон не се применуваат.

(2) Одредбите од членот 537-з став (1) на овој закон нема да се применуваат спрема друштвото/ата кое/кои се присоединува/ат, ако друштвото кое ги презема истовремено ги поседува сите акции и други хартии од вредност кои даваат право на глас во собранието на тоа/тие друштво/а.

# ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА

# ЛИКВИДАЦИЈА НА ДРУШТВО

## Ликвидација на друштвото

## Член 538

(1) Ако не се отвори стечајна постапка над друштвото, по донесувањето на одлуката за престанување на друштвото се спроведува ликвидација.

(2) Ако од одредбите на овој закон или од целта на ликвидацијата не произлегува нешто друго, до завршувањето на ликвидацијата се применуваат одредбите од овој закон што важат за друштвата коишто не престанале.

**Ликвидатори**

**Член 539**

(1) Ликвидацијата на јавно трговско друштво ја спроведуваат сите содружници како ликвидатори, а на командитно друштво и на командитно друштво со акции сите комплементари, ако со спогодба содружниците не им ја довериле на одделни содружници. Двајца или повеќе наследници на починат содружник се должни да поставаат заеднички застапник.

(2) Ликвидацијата на друштво со ограничена одговорност и на акционерско друштво ја спроведуваат членовите на органот на управување, односно управителот на друштвото, во својство на ликвидатори.

(3) Ликвидаторите од ставовите (1) и (2) на овој член можат, во секое време, да бидат разрешени од страна на содружниците, односно од собирот на содружниците или од собранието на друштвото.

**Ликвидатори назначени од судот**

**Член 540**

(1) Ако содружниците, односно акционерите не назначиле ликвидатор и ако со овој закон е определено дека судот спроведува ликвидација на друштво по сила на закон, судот го назначува ликвидаторот.

(2) На предлог на содружниците, односно на акционерите чиј заеднички удел, односно акции изнесува најмалку 20% од основната главнина, ако постојат значајни причини и ако предлагачите ги сторат веројатни значајните причини, судот може да назначи ликвидатори од листата на предложените лица од страна на содружниците, односно на акционерите.

(3) Ликвидаторите, назначени од страна на судот имаат право на надомест на трошоците и на награда за нивната работа како ликвидатори. Ако не се сложат судски назначените ликвидатори и друштвото, судот ги утврдува надоместоците и наградите.

**Упис во трговскиот регистар**

**Член 541**

(1) Првите ликвидатори и нивните овластувања се пријавуваат заради упис во трговскиот регистар. Секоја промена заради упис во трговскиот регистар ја пријавуваат самите ликвидатори.

(2) Пријавата за упис на ликвидатор, како и секоја промена заради упис во трговскиот регистар која ја пријавуваат самите ликвидатори може да се поднесува и само во електронска форма преку едношалтерскиот систем.

(3) Назначувањето и разрешувањето на ликвидаторите од страна на судот се запишуваат во трговскиот регистар по службена должност.

(4) Ликвидаторите го доставуваат својот потпис заверен кај нотар до Централниот регистар на Република Македонија, ако го немаат сторено тоа, како членови на органот на управување или како управители.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член ликвидаторите можат да го доставaт својот потпис како прилог во електронска форма преку едношалтерскиот систем, ако е потпишан со електронски потпис без истиот да го заверат кај нотар.

### Права и должности на ликвидаторите

### Член 542

(1) Ликвидаторите се должни да ги довршат зделките што се во тек, да ги наплатат побарувањата на друштвото, да го упаричат другиот имот и да ги намират обврските спрема доверителите. Ако тоа го бара ликвидацијата, тие можат да склучуваат и нови зделки на друштвото во ликвидација.

(2) Ликвидаторите можат, во согласност со содружниците, односно се акционерите и со доверителите, да отуѓуваат одделни објекти од ликвидациониот имот на одделни акционери и на содружници ако со тоа не се повредуваат правата на другите содружници, на акционерите и на доверителите.

(3) Ликвидаторите, во рамките на својот делокруг, ги имаат правата и должностите на органот на управување. Ако друштвото има орган на надзор, ликвидаторите се под негов надзор.

### Одговорност на ликвидаторот

### Член 542-а

(1) Ликвидаторот е одговорен со сиот свој имот за штетата која ќе им ја причини на доверителите во текот на постапката за ликвидација. Доколку се именувани повеќе ликвидатори за причинетата штета тие одговараат солидарно. Ликвидаторот нема да одговара за штета кога на доверител не му е исплатено побарувањето кое го пријавил по истекот на рокот за пријавување на побарувањата од членот 544 на овој закон, а за тоа ликвидаторот не знаел ниту пак можел да знае.

(2) За штетата која ликвидаторот им ја причинил на акционерите или содружниците се применуваат прописите за одговорност за штета.

(3) Барање за надомест на штета до судот против лицето кое било ликвидатор, може да се поднесе во рок од една година по бришењето на друштвото од трговскиот регистар.

(4) Правните дејства кои се преземени во постапката на ликвидација не можат да се оспоруваат по бришењето на трговското друштво од трговскиот регистар.

### Застапување на друштвото во ликвидација

### Член 543

(1) Ликвидаторите го застапуваат друштвото.

(2) Ако се поставени повеќе ликвидатори, тие колективно го застапуваат друштвото, освен ако со договорот за друштвото, односно со статутот поинаку не е определено. Ако постои обврска од давање изјава од трети лица спрема друштвото, доволно е таа да биде дадена пред еден од ликвидаторите.

(3) Ликвидаторите овластени за колективно застапување можат да овластат ликвидатор или одделни ликвидатори за преземање определени работи или определени видови работи.

(4) Поединечен ликвидатор може да овласти одделни лица за преземање определени работи или определени видови работи.

(5) Овластувањето за застапување од ставовите (3) и (4) на овој член не може да се ограничи.

(6) Ликвидаторите се потпишуваат така што кон фирмата на друштвото го додаваат додатокот ,,во ликвидација".

**Објавување на ликвидацијата**

**Член 544**

Ликвидаторот, по уписот во трговскиот регистар, без одлагање и во интервал не пократок од седум дена, а не подолг од 15 дена од уписот во трговскиот регистар, објавува дека друштвото е во ликвидација. Објавата се врши на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија. Со објавата се повикуваат доверителите да ги пријават своите побарувања во рок од 15 дена од денот на објавата на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија. Познатите доверители се известуваат поединечно и во писмена форма за ликвидацијата.

**Биланс за отворање на постапката за ликвидација**

**Член 545**

(1) Ликвидаторот составува биланс на состојбата според состојбата на денот на почетокот на отворањето на постапката за ликвидација (почетен биланс за отворање постапка за ликвидација) и извештај во којшто го објаснува билансот, како и извештај за работењето на друштвото во текот на годината за којашто се подготвува годишната сметка.

(2) Содружниците, собирот на содружниците и собранието на друштвото одлучуваат за почетниот биланс, за годишната сметка и за извештајот за работењето на друштвото, за одобрување на работата на ликвидаторот.

**Впаричување на имотот на друштвото**

**Член 545-а**

Начинот на впаричувањето на имотот на друштвото во ликвидација го пропишува министерот за економија.

**Запирање на постапката за ликвидација и поднесување предлог за отворање стечајна постапка**

**Член 545-б**

Доколку ликвидаторот врз основа на пријавените побарувања на доверителите утврди дека имотот на друштвото во ликвидација не е доволен за намирување на обврските кон сите доверители во целост заедно со каматата, ликвидаторот е должен веднаш да ја запре постапката за ликвидација и да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка.

**Бришење на трговското друштво поради непријавени побарувања од доверителите**

**Член 545-в**

Доколку ликвидаторот по истекот на рокот за пријава на побарувањата утврди дека нема пријавени побарувања на доверителите, ликвидаторот е должен во рок од три дена да поднесе пријава за бришење на трговското друштво од трговскиот

регистар. Ликвидаторот може да ја потпише пријавата за бришење на трговското друштво од трговскиот регистар и само со електронски потпис пред истата да ја поднесе во електронска форма преку едношалтерскиот систем.

## Распределба на имотот што останува по намирување на обврските

### Член 546

(1) Имотот што останува по намирување на обврските спрема доверителите се распределува меѓу содружниците, односно меѓу акционерите.

(2) Имотот се распределува според односот на номиналните износи на уделите, односно акциите, ако во договорот за друштвото, односно во статутот поинаку не е определено и ако не постојат акции со различни права при распределбата на остатокот од имотот на друштвото.

## Доставување и чување на документацијата

### Член 547

(1) По завршената ликвидација, ликвидаторите ги доставуваат годишната сметка и извештајот до содружниците, до собирот на содружниците или до собранието на друштвото.

(2) Ликвидаторите кон пријавата, заради бришење на друштвото во трговскиот регистар, поднесуваат одобрена годишна сметка и извештај, како и препис од одлуките на содружниците, собирот на содружниците и собранието на друштвото со коишто се одобрува работата на ликвидаторите.

## Рок во којшто се распределува имотот што останува по намирувањето на обврските

### Член 548

(1) Имотот на друштвото се распределува по истекот на шест месеца од денот на објавувањето на повикот до доверителите.

(2) Ако еден од доверителите кои се познати не се јави, износот којшто му се должи се положува во судски депозит.

(3) Ако некоја обврска не може веднаш да се намири или ако е спорна, може да се пристапи кон распределба на имотот само ако на доверителот му биде дадено обезбедување.

## Појава на имот по бришењето на друштвото

### Член 549

Ако по бришењето на друштвото во трговскиот регистар се пронајде имот на друштвото, судот по барање на кое било лице кое има правен интерес повторно ги повикува ликвидаторите или поставува нови, кои постапуваат според одредбите од овој закон за ликвидација.

### Заштита на права против избришано друштво

### Член 550

Ако спрема бришаното друштво се остварува некое право пред суд, судот на поранешното друштво му поставува привремен застапник. Лицата кои одговарале за обврските на поранешното друштво можат, според својата одговорност, да бидат тужени, ако не настапила застареност.

### Услови под коишто може да се донесе одлука за продолжување на постоењето на друштвото

### Член 551

(1) Ако друштво престанало со истек на времето, определено во договорот за друштвото, односно во статутот или со одлука на содружниците, собирот на содружниците или собранието на друштвото можат да донесат одлука за продолжување на постоењето на друштвото се додека не започне распределбата на имотот меѓу содружниците, односно меѓу акционерите.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член се донесува со согласност на сите содружници во друштвото со ограничена одговорност, односно со две третини од претставените акции со право на глас на собранието на друштвото.

(3) Ликвидаторите го пријавуваат продолжувањето на постоењето на друштвото заради упис во трговскиот регистар. При пријавувањето се должни да докажат дека се уште не е започната распределбата на имотот на друштвото меѓу содружниците, односно меѓу акционерите.

### Објавување на бришењето

### Член 552

По завршувањето на постапката за ликвидација, ликвидаторот веднаш поднесува пријава за бришење на друштвото во трговскиот регистар и го известува Централниот депозитар за хартии од вредност дека акциите на акционерското друштво и командитното друштво со акции се поништени и дава налог за затворање на акционерската книга.

### Постапка на бришење на неактивни субјекти од надлежен регистар

### Член 552-а

(1) Централниот регистар на Република Македонија е должен во рок од 30 дена по настапувањето на условите за бришење на неактивен субјект и причините определени со членот 552-б од овој закон на својата веб страница да објави соопштение за тоа и да спроведе постапка за негово бришење. Во соопштението се наведува називот на трговското друштво, неговиот ЕМБС и седиштето причината за бришење известувањето за правните последици од бришењето и рокот за постапување по известувањето. Истовремено со соопштението се повикуваат законските застапници, односно лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор на субјектот, содружниците, како и доверителите (овластени подносители) во рок од една година од денот на објавувањето на соопштението да поднесат предлог за стечај согласно со Законот

за стечај или предлог за ликвидација согласно со овој закон и за тоа писмено да го известат Централниот регистар на Република Македонија. За објавеното соопштение Централниот регистар на Република Македонија ја известува јавноста најмалку преку еден печатен медиум кој излегува на целата територија на Република Македонија и на националниот радио и телевизиски јавен сервис.

(2) Доколку во рокот определен во ставот (1) на овој член Централниот регистар на Република Македонија не добие известување за поднесен предлог за ликвидација, односно предлог за отворање на стечајна постапка од страна на овластен подносител, го брише субјектот и бришењето го објавува на својата веб страница, а кога се работи за трговски друштва, во објавата се повикуваат и содружниците, односно акционерите на бришаните друштва да го распределат имотот на друштвото меѓу себе согласно со ставот (4) на овој член.

(3) Доколку Централниот регистар на Република Македонија во рок од една година од истекот на рокот од ставот (1) на овој член, не добие решение за отворање на стечајна постапка, односно не е отворена постапка за ликвидација согласно со одредбите од овој закон, Централниот регистар на Република Македонија го брише субјектот и бришењето го објавува на својата веб страница, а кога се работи за трговски друштва, во објавата се повикуваат и содружниците, односно акционерите на бришаните друштва да го распределат имотот на друштвото меѓу себе согласно со ставот (4) на овој член.

(4) Движниот имот на трговските друштва избришани согласно со членот 552-а од овој закон се распределува во рок од една година од денот на донесувањето на решението за бришење. Паричните средства и недвижниот имот се распределуваат во рок од десет години од денот на донесувањето на решението за бришење. Доколку по истекот на овие рокови не дојде до распределба на имотот на друштвото, односно до распределба на новопронајден имот истиот се пренесува во сопственост на Република Македонија, со обврска движниот имот да се чува една година, а недвижниот имот и паричните средства десет години. Во овој рок основачите имаат право во судска постапка да ја докажуваат сопственоста на имотот и да бараат враќање на истиот.

(5) Централниот регистар на Република Македонија секој месец на својата веб страница објавува преглед на трговци поединци и трговски друштва кои согласно со овој член се избришани од трговскиот регистар во текот на претходниот месец, врз основа на кој надлежните органи и институциите постапуваат во рамките на нивните надлежности.

**Член 552-б**

(1) Во постапката определена во членот 552-а од овој закон од трговскиот регистар се бришат трговец поединец и трговско друштво ако е исполнета една од следниве причини:

- не доставиле годишна сметка и финансиски извештаи за последната деловна година до последниот работен ден од тековната година и
- не пријавиле упис на адреса на електронско сандаче за прием на писмена согласно со членот 21 став (4) од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица.
- по истекот на една година од објавувањето на уписот на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија за извршен упис на основање согласно со членот 175 од овој закон не го внесе/уплати основачкиот влог.

(2) Постапка за бришење согласно со ставот (1) на овој член и членот 552-б од овој закон поведува Централниот регистар на Република Македонија по службена должност.

(3) Трговците поединци и трговските друштва за кои согласно со причините од ставот (1) на овој член, е започната постапка за бришење, истата ќе се запре ако за времетраењето на објавата на списокот за бришење ги отстранат причините заради кои била поведена.

## ШЕСТИ ДЕЛ

## СТОПАНСКА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА

### Поим

### Член 553

(1) Две или повеќе физички и правни лица можат меѓу себе за неопределено или определено време да основаат стопанска интересна заедница со цел да го олеснат и да го унапредат вршењето на трговските дејности кои го сочинуваат предметот на нивното работење и да го зголемат или подобрат нивниот резултат.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член можат да бидат асоцијативен член во соодветна стопанска интересна заедница основана во странство.

(3) Стопанската интересна заедница не може да биде член на друга стопанска интересна заедница.

### Предмет на работење

### Член 554

Предметот на работење на стопанската интересна заедница може да биде само во врска со трговските дејности коишто ги вршат членовите и можат да бидат само помош на тие активности.

### Цели за основање

### Член 555

(1) Стопанската интересна заедница за себе не остварува добивка. Добивката што се остварува како резултат од нејзиното работење се смета за добивка на членките на стопанската интересна заедница и се распределува меѓу нив според условите утврдени во договорот за основање, а ако таква одредба нема, ќе се дели на еднакви делови.

(2) Правата на членовите на стопанска интересна заедница не можат да бидат претставени со хартии од вредност.

(3) Одредбата во договорот за основање или одлуката којашто ќе биде спротивна на ставовите (1) и (2) од овој член е ништовна.

### Својство на правно лице

### Член 556

Стопанската интересна заедница стекнува својство на правно лице со денот на уписот во трговскиот регистар.

## Одговорност на членовите

### Член 557

(1) Членовите на стопанската интересна заедница одговараат за обврските што ги презела заедницата со целокупниот свој имот. Ако со третото лице - содоговорник поинаку не е договорено, одговорноста на членовите е солидарна.

(2) Доверител на заедницата може да бара намирување на побарувањето на стопанската интересна заедница од нејзините членови, ако не успеал побарувањето да го наплати од самата заедница.

## Содржина на договорот за основање

### Член 558

(1) Стопанска интересна заедница се основа со договор за основање на стопанската интересна заедница (во натамошниот текст: договор за заедница).

(2) Со договорот за заедницата се определува нејзината организација. Договорот се составува во писмена форма и се објавува на начин пропишан за објавување на договорот за друштвата.

(3) Договорот за заедницата ги содржи одредбите особено за:

1) називот на стопанската интересна заедница во кој на почетокот или на крајот се содржани зборовите ,,стопанска интересна заедница", освен ако тие зборови не се на друг начин содржани во називот на заедницата;

2) името, фирмата или називот, правната форма, седиштето на друштвата и, ако постои, бројот на уписот во трговскиот регистар на секој член на стопанската интересна заедница;

3) времето на траење на стопанската интересна заедница;

4) предметот на работење на стопанската интересна заедница;

5) седиштето на стопанската интересна заедница;

6) начинот на одлучувањето;

7) органите на управување и нивната надлежност;

8) поблиско уредување на пристапувањето, истапувањето и исклучувањето од стопанската интересна заедница и

9) контролата на работењето на стопанската интересна заедница.

(4) Сите измени на договорот за заедницата се вршат и објавуваат под исти услови, како и при склучувањето на договорот.

## Членови и нивниот прием

### Член 559

(1) Членови на стопанска интересна заедница можат да бидат лица кои вршат некоја од дејностите определени во член 4 од овој закон. Во стопанска интересна заедница можат да членуваат и лица кои се занимаваат со слободни занимања, а немаат статус на трговец.

(2) Стопанската интересна заедница за време на своето постоење може да прима нови членови. Одлуката за прием на нов член ја донесува едногласно собранието на стопанската интересна заедница.

(3) Новиот член одговара за обврските на стопанската интересна заедница вклучувајќи ги и оние кои настанале од работењето пред неговиот прием во стопанската интересна заедница. Само со одлука за прием во стопанската интересна заедница новиот член може да биде ослободен од одговорноста за обврските на стопанската интересна заедница настанати пред неговиот прием.

## Истапување и исклучување на член

### Член 560

(1) Член на стопанската интересна заедница може да истапи во согласност со условите предвидени со договорот за заедницата и под услов да ги исполнил обврските предвидени со договорот за заедницата или актите на собранието. Ако во договорот за заедницата не се предвидени услови за истапување од стопанската интересна заедница, истапувањето се врши договорно со посебен договор.

(2) Член на стопанската интересна заедница може да биде исключен поради причини определени во договорот за заедницата, но во секој случај, ако сериозно пропушти да ги изврши своите обврски или ако причини или предизвика сериозен прекин во работењето на стопанската интересна заедница или ако постои сериозна опасност да дојде до прекин во работењето. На барање на другите членови на стопанската интересна заедница, решение за исклучување донесува судот во вонпроцесна постапка.

## Собрание

### Член 561

(1) Членовите на стопанската интересна заедница за заедничките работи одлучуваат на собрание на стопанската интересна заедница.

(2) Собранието може да одлучува на седници или виртуелно преку интернет, гласање по електронска пошта или писмено, по факс или по телефонски пат. Начинот на свикување, работа, одлучување и евидентирање на одлуките на собранието се определува во договорот за заедницата.

(3) Собранието е овластено да ги донесува сите одлуки вклучувајќи ја и одлуката за предвремено распуштање или продолжување на траењето на стопанската интересна заедница под условите определени во договорот за заедницата.

(4) Со договорот за заедницата може да се предвиди сите одлуки или некои од нив да се донесуваат со кворум и мнозинство што со него се определени. Ако со договорот за заедницата не се определени кворумот и мнозинството со коешто се одлучува, одлуките се донесуваат едногласно.

(5) Со договорот за заедницата може да се определи на определени членови да им се дадат и повеќе гласови, под услов еден член да не може да има мнозинство гласови. Ако договорот за заедницата за тоа нема одредби, секој член е претставен само со еден глас.

(6) Собранието задолжително се состанува на барање на најмалку 10% од бројот на членовите на стопанската интересна заедница.

## Управување

### Член 562

(1) Со стопанската интересна заедница управува еден или повеќе управители кои се избираат на начинот и според условите определени во договорот за заедницата.

(2) Собранието го организира управувањето со стопанската интересна заедница и избира управител и ги определува овластувањата и условите за неговото отповикување, освен ако со договорот за заедницата поинаку не е определено.

(3) За управител не може да биде избрано физичко лице коешто според овој закон не може да биде управител, член на орган на управување или на орган на надзор во трговско друштво.

### Застапување

### Член 563

(1) Во односите спрема трети лица стопанската интересна заедница настапува преку управителот, определен со договорот за заедницата.

(2) Управителот од ставот (1) на овој член може да остварува право и да презема права и обврски во правниот промет во рамките на предметот на работење на стопанската интересна заедница.

(3) За обврските што ги презел управителот во однос на трети лица без ограничување одговора стопанската интересна заедница.

### Надзор над работењето

### Член 564

(1) Членовите на стопанската интересна заедница надзорот над работењето над заедницата го вршат преку собранието и на други начини, определени со договорот за заедницата.

(2) Секој член има право да добие информации за работењето на стопанската интересна заедницата од органот на управување и да ги прегледа деловните книги и другите документи на заедницата.

### Престанување на стопанска интересна заедница

### Член 565

Стопанската интересна заедница престанува со:

1) истекот на времето за коешто е основана;

2) остварувањето или гаснењето на нејзиниот предмет на работење;

3) одлука на нејзините членови под условите предвидени во договорот за заедницата; и

4) одлука на судот.

### Ликвидација

### Член 566

(1) Престанувањето на стопанската интересна заедница повлекува нејзина ликвидација. Правниот субјективитет на стопанската интересна заедница останува за потребите на ликвидацијата.

(2) Ликвидацијата се спроведува под услови и на начин определени во договорот за заедницата.

(3) Ако договорот за заедницата не содржи одредби за условите и за начинот на ликвидација, собранието на членовите на стопанската интересна заедница им назначува ликвидатор. Ако собранието не можело да пристапи кон негово назначување, судот го поставува ликвидаторот.

(4) По исплатата на долговите, вишокот на активата се дели меѓу членовите, под услови предвидени со договорот за заедницата.

(5) Ако договорот за заедницата не содржи одредби за начинот на којшто се врши ликвидацијата, делбата се врши на еднакви делови.

# СЕДМИ ДЕЛ

# ТАЈНО ДРУШТВО

## Член 567

(1) Тајно друштво настанува со договор со кој едно лице (таен содружник) вложува, односно учествува со паричен и непаричен влог во претпријатието на друго лице - претприемач - јавен содружник и врз основа на влогот стекнува право да учествува во добивката и во загубата на претпријатието.

(2) Влогот на тајниот содружник влегува во имотот на претприемачот - јавниот содружник.

## Член 568

(1) Тајното друштво нема правен субјективитет и нема фирма.

(2) Тајното друштво постои само во односите меѓу тајниот содружник и претприемачот - јавниот содружник и не настапува во односите со трети лица.

(3) Претприемачот настапува во правниот промет и е исклучителен носител на сите права и обврски од работењето.

## Член 569

(1) Содружниците слободно се спогодуваат за целите, формите и размерите на интересите и условите на работењето на тајното друштво.

(2) Претприемачот и еден или повеќе тајни содружници во вршењето на должностите се должни да постапуваат со она внимание коешто го посветуваат на своите работи.

## Член 570

(1) Односите меѓу содружниците се уредуваат со договор.

(2) На односите меѓу претприемачот и тајниот содружник коишто не се уредени со договорот од ставот (1) на овој член и со одредбите од овој дел од законот, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи со коишто се уредува договорот за ортаклак.

## Член 571

Тајниот содружник не е должен да го зголемува влогот или да го дополнува ако влогот биде намален поради загуба на тајното друштво.

## Член 572

(1) Ако поинаку не е договорено, тајниот содружник учествува во покривањето на загубата на претприемачот.

(2) Тајниот содружник во загубата учествува само до износот на уплатениот или до се уште невнесениот влог. За износот на загубата што отпаѓа на тајниот содружник се намалува влогот на тајниот содружник.

(3) Ако уделот на тајниот содружник во добивката и во загубата не е определен со договор, во случај на спор го определува судот во вонпроцесна постапка.

## Член 573

(1) На крајот на секоја деловна година претприемачот ја пресметува добивката, односно загубата на тајното друштво и на тајниот содружник му ја исплаќа добивката којашто му припаѓа.

(2) Тајниот содружник не е должен применатa добивка да ја врати поради подоцнежни загуби. По исклучок, ако влогот е намален поради загуба, добивката се употребува за зголемување на влогот на тајниот содружник до висина на влогот определен во договорот.

(3) Добивката, којашто тајниот содружник не ја презел, не го зголемува неговиот влог.

**Член 574**

(1) Тајниот содружник има право да бара препис на годишните сметки и испитување на нивната исправност и уредност со споредување со книгите и списите.

(2) На барање на тајниот содружник судот, во вонпроцесна постапка, во секое време, ќе му нареди на претприемачот - јавниот содружник да му се дадат на тајниот содружник годишните сметки или да му се дадат други објаснувања, како и да му се стават на увид книгите и списите.

(3) Правата на тајниот содружник од ставовите (1) и (2) на овој член не можат со договор ниту да се исклучат ниту да се ограничат.

**Член 575**

Името на тајниот содружник не смее да се наоѓа во фирмата на претприемачот, но ако се наоѓа во неа, а тајниот содружник тоа го знаел или морал да го знае, им одговара на доверителите за обврските од работењето на тајното друштво неограничено и солидарно со претприемачот.

**Член 576**

(1) Тајното друштво престанува со:

1) истекот на времето за коешто е склучен договорот за тајното друштво;

2) спогодба на претприемачот и тајниот содружник;

3) остварување на целите заради коишто е склучен договорот за тајното друштво или, ако остварувањето на целите стане невозможно, без разлика на тоа дали договорот е склучен на определено или неопределено време;

4) смртта на претприемачот, односно со престанувањето со работа на претприемачот и

5) отворање стечајна постапка над друштвото во коешто претприемачот е јавен содружник или над таен содружник.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член до престанувањето на тајното друштво доаѓа по сила на законот, освен ако со договорот за друштвото поинаку не е определено.

(3) Со смртта на таен содружник друштвото престанува, освен ако со договорот поинаку не е определено.

**Член 577**

Ако тајното друштво престанало од други причини, а не поради отворање стечајна постапка над друштвото во коешто претприемачот е јавен содружник, претприемачот е должен да изврши пресметка со тајниот содружник и неговото побарување да го исплати во пари, ако поинаку не се спогодиле.

**Член 578**

(1) Ако се отвори стечајна постапка над друштвото во кое претприемачот е јавен содружник, тајниот содружник е должен да го внесе веќе пристигнатиот дел од влогот.

(2) Ако делот од загубата го надминува делот кој паѓа на тајниот содружник, стечаен доверител може да го оствари своето побарување од внесениот влог или со отворање стечајна постапка од веќе пристигнатиот влог.

(3) Делот од влогот, којшто до отворањето на стечајната постапка над друштвото се уште не е пристигнат, тајниот содружник, без оглед на делот на загубата којашто паѓа врз него, не мора да го внесе во стечајната маса.

# ОСМИ ДЕЛ

# СТРАНСКО ТРГОВСКО ДРУШТВО И СТРАНСКИ ТРГОВЕЦ - ПОЕДИНЕЦ

## ПРВА ГЛАВА

## СТРАНСКО ДРУШТВО И СТРАНСКИ ТРГОВЕЦ - ПОЕДИНЕЦ

### Поим

### Член 579

(1) Странско трговско друштво, според овој закон, е секое трговско друштво основано според правото во земјата во којашто го има регистрирано седиштето (во натамошниот текст: странско друштво).

(2) Странски трговец - поединец, според овој закон, е секое физичко лице на кое тоа својство му е признато надвор од територијата на Република Македонија, во земјата чиј државјанин е, во којашто го има регистрирано седиштето и во којашто го води работењето на претпријатието.

### Критериуми за припадност

### Член 580

(1) Трговско друштво чиешто седиште, со договорот за друштвото или со статутот, е определено место надвор од Република Македонија, во смисла на овој закон, има припадност на државата во којашто му е седиштето.

(2) Кога седиштето на друштвото, во согласност со ставот (1) од овој член не се наоѓа во Република Македонија, друштвото се смета за домашно кога вистински со него се управува од место во Република Македонија или кога тоа се занимава со вршење на трговска дејност што целосно или во поголем дел се остварува во Република Македонија.

(3) Трговско друштво, чиешто седиште не е определено со договорот за друштвото, односно со статутот, има припадност на државата во којашто се наоѓа местото од коешто вистински се управува со него.

### Положба во работењето

### Член 581

(1) Странските друштва и странските трговци - поединци работат според условите определени со закон и во работењето се изедначени на територијата на Република Македонија со домашните физички и правни лица, освен ако со меѓународен договор или со закон за одделни видови друштва и за странските трговци - поединци со определен предмет на работење поинаку не е определено.

(2) Странско трговско друштво или странски трговец поединец е должен да организира подружница за вршење дејност на територијата на Република Македонија, ако има регистрирано седиште, централна управа или главно место на вршење на дејност во друга земја чие право бара од трговските друштва и трговци поединци запишани во трговскиот регистар да организираат подружница за да можат да вршат дејност на нејзината територијата.

## Правила за сродните друштва

### Член 582

(1) На странските друштва, чијашто форма не е уредена со овој закон, соодветно се применуваат одредбите што се однесуваат на трговските друштва со најсродна форма. Сродноста се цени особено според начинот на кој содружниците ги внесуваат влоговите во друштвото, според начинот и обемот на одговорноста на содружниците за обврските и според организацијата.

(2) Ако странското друштво не може да се подведе ниту под една форма на трговско друштво предвидена со овој закон, се применуваат одредбите со коишто е уредено акционерското друштво.

## Правен субјективитет

### Член 583

(1) Правната и деловната способност (правниот субјективитет) на странското друштво се цени според законите на државата на којашто друштвото припаѓа.

(2) Деловната способност не може да биде поголема, а одговорноста не може да биде помала од онаа којашто законските прописи на Република Македонија им ја признаваат, односно им ја наложуваат на домашните друштва од иста или за слична форма и предмет на работење, ниту странското друштво може, во поглед на правните работи што ги склучило или што мора да ги извршува во Република Македонија, да се повикува на својата неспособност ако на неа не може да се повикува ниту домашното друштво од иста или сродна форма и предмет на работење.

## Примена на правото

### Член 584

(1) Во своето работење во Република Македонија странското друштво работи според законите на Република Македонија.

(2) Се смета дека странското друштво, чијашто подружница во Република Македонија е запишана во трговскиот регистар, во поглед на правните работи што ги склучило или што мора да ги изврши во Република Македонија, има правна и деловна способност како и домашно правно лице од иста или сродна форма и предмет на работење, иако според законите на државата на којашто му припаѓа не би постоело или не би ја имало таа деловна способност.

## ВТОРА ГЛАВА

## ПОДРУЖНИЦИ И ПРЕТСТАВНИШТВА НА СТРАНСКИ ЛИЦА

### Подружници и претставништва на странски друштва

#### Член 585

(1) Странското друштво има право да организира подружници и претставништва како свои организациони единици или на друг начин да врши определени работи и да презема обврски, да остварува право на пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија под условите определени со закон.

(2) Правното постоење и обемот на својата правна способност во случај на сомневање или оспорување го докажува странското друштво.

## ОДДЕЛ 1

## ПОДРУЖНИЦИ НА СТРАНСКИ ЛИЦА

### Основање подружници

#### Член 586

(1) Странското друштво има право, преку својата подружница, да ги врши, според формата и предметот на работење, сите работи, да стекнува и да презема обврски, право на пристап пред судовите и другите органи на Република Македонија под истите услови како и домашните друштва од иста или сродна форма и предмет на работење, освен ако со закон поинаку не е определено.

(2) Странското друштво, односно странскиот трговец - поединец, може со одлука во писмена форма да организира подружница во Република Македонија само ако е запишано во регистарот на државата во којашто има седиште.

(3) Странски трговец - поединец може да организира само една подружница.

### Упис во трговскиот регистар

#### Член 587

(1) Странското друштво, односно странскиот трговец - поединец го пријавува организирањето на својата подружница заради упис во трговскиот регистар според седиштето на подружницата.

(2) Кон пријавата се приложуваат:

1) изводот од регистарот во којшто е запишано странското друштво, односно странскиот трговец - поединец којшто ја организира подружницата, од којшто се гледа содржината и датумот на уписот;

2) преписот од договорот за друштвото или статутот, односно друг соодветен акт на овие акти, според законодавството на странската земја, заверен од страна на државен орган којшто е овластен за тоа според прописите на државата на којашто друштвото му припаѓа, како и уверение од странските власти дека поднесениот договор или статутот, односно друг соодветен акт на овие акти, според законодавството на странската земја, се уште е во сила. Ако според законите на државата на којашто друштвото и припаѓа не се бара писмен договор или статут, односно друг соодветен акт на овие акти, според законодавството на странската

земја, се приложува уверение од надлежното дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија дека друштвото постои, за тоа кои му се акционерите, односно содружниците и како одговараат за обврските, а за странскиот трговец - поединец дека не е бришан од регистарот;

3) списокот на лицата на кои им е доверено застапување на странското друштво и странскиот трговец - поединец во Република Македонија, со назначување на нивното презиме и име, ЕМБГ, односно бројот на пасошот за странските физички лица и нивното државјанство и местото на живеење. Кон списокот се поднесува и доказ дека тие лица се уредно назначени според актите на друштвото и законските прописи на државата на која друштвото и припаѓа;

4) одлуката на надлежниот орган на странското друштво и странскиот трговец - поединец за организирање на подружницата;

5) извештајот за бонитетот на странското друштво и странскиот трговец - поединец, издаден од надлежен државен орган или од овластен ревизор, според прописите на државата на којашто и припаѓа странското друштво и странскиот трговец - поединец;

6) описот на дејностите и работите што ќе ги врши подружницата и

7) ако, со закон, е определено доставување дозвола, одобрение или друг акт, со пријавата се приложува и тој доказ.

(3) Пред уписот на подружницата во трговскиот регистар, лицето што донело одлука за организирање на подружница во Република Македонија не смее да работи преку подружницата.

(4) Уписот на другите видови организациони единици се врши на начинот и според условите определени во актот од членот 586 став 2 на овој закон.

(5) Подружницата е должна измените и дополнувањата на запишаните податоци во трговскиот регистар, односно сите промени што настанале кај странското друштво, односно кај странскиот трговец - поединец што ја организирале подружницата да ги пријави заради упис во трговскиот регистар.

(6) Подружницата е должна да ги објавува секоја година годишните финансиски извештаи на странското трговско друштво, односно странскиот трговец - поединец што ја организирале подружницата најмалку во еден дневен весник и да ги достави до Централниот регистар.

## Повеќе подружници

### Член 588

(1) Ако странското друштво во Република Македонија основа повеќе подружници, во пријавата за упис во трговскиот регистар се означува подружницата којашто во поглед на работењето во Република Македонија се смета за главна подружница (македонска централа).

(2) Другите подружници коишто ги организира странското друштво во Република Македонија се сметаат како подружници на главната подружница.

(3) Во фирмата на подружницата се назначува која е главна подружница, односно се наведува редниот број на другите подружници според нивниот редослед.

## Настап во правниот промет

### Член 589

Подружницата настапува во правниот промет од името и за сметка на странското друштво, односно странскиот трговец - поединец, при што мора да ја употребува фирмата и седиштето на странското друштво, односно странскиот трговец - поединец , како и името на подружницата.

## Одговорност во правниот промет

### Член 590

(1) За обврските настанати со работењето на подружницата, странското друштво, односно странскиот трговец - поединец одговара со целиот свој имот.

(2) Ако странското друштво, односно странскиот трговец - поединец којшто ја организирал подружницата е запишан во регистарот на државата во којашто има седиште помалку од две години од денот на поднесеното барање за организирање подружница, до истекот на две години од денот на организирањето, за обврските настанати од работењето на подружницата, покрај одговорноста од ставот (1) на овој член, неограничено и солидарно одговараат основачите на странското друштво, односно странскиот трговец - поединец.

## Застапници

### Член 591

(1) За секоја подружница, странското друштво, односно странскиот трговец поединец назначува еден или повеќе застапници кои, во поглед на таа подружница, го застапуваат во неговото работење во Република Македонија. Странското друштво може истите застапници да ги назначи и за повеќе подружници.

(2) Во согласност со овој закон, застапниците на главната подружница се застапници на другите подружници и кога за нив се назначени и други застапници.

## Трговски книги

### Член 592

(1) Странското друштво според формата и предметот на работење, односно странскиот трговец - поединец, се должни за своето работење во Република Македонија, преку подружницата, да водат трговски книги.

(2) Подружницата на странското друштво, односно на странскиот трговец - поединец мора да ги објавува, секоја година, годишната сметка и ревизорскиот извештај, прибелешките во трговскиот регистар или во друг соодветен регистар коишто се однесуваат на запишани податоци во регистарот, а коишто се измениле, на санација, стечај или други прибелешки коишто се значајни за финансиската положба на странското друштво, односно на странскиот трговец - поединец.

## Престанување на подружница

### Член 593

(1) Подружницата на странското друштво, односно на странскиот трговец - поединец престанува кога ќе престане странското друштво или кога ќе истече времето на коешто е основана.

(2) Судот, по предлог на лице коешто има правен интерес, може да одлучи подружницата да престане и ако:

1) утврди дека странското друштво, односно странскиот трговец - поединец во државата на којашто и припаѓа од кои било причини престанало или му било забрането вршењето на предметот на работење што го врши во Република Македонија или на подружницата и е забрането да ја врши дејноста од надлежен државен орган на Република Македонија;

2) странското друштво, односно странскиот трговец - поединец за три месеца од повикот на судот не постави застапници на подружницата според прописи, според статутот или според договорот за друштвото или според дозволата;

3) странското друштво, односно странскиот трговец - поединец требало да вложи средства, но не ги вложило или се повлекло во целост или делумно од вложувањето и

4) доверителот докаже дека своето побарување, коешто произлегува од работењето на странското друштво, односно странскиот трговец - поединец што ја организирале подружницата во Република Македонија, не може да го наплати.

(3) Ако престане главната подружница, а продолжуваат со работа другите подружници, странското друштво определува нова главна подружница и ја пријавува за упис во трговскиот регистар.

## Ликвидација на подружница

### Член 594

(1) Ако странското друштво, односно странскиот трговец - поединец не постави ликвидатори, ликвидацијата на подружницата ја спроведуваат застапниците.

(2) Доверителите кои имаат побарувања спрема странското друштво, односно спрема странскиот трговец - поединец, од нивното работење преку подружницата што престанала, во ликвидацијата имаат првенство во намирувањето пред другите доверители.

(3) Ликвидација на подружница на странско друштво, односно на странски трговец-поединец не мора да се спроведе ако подружницата со сиот имот во Република Македонија за шест месеца по престанувањето на странското друштво се преобрази во трговско друштво со форма определена со овој закон и со седиште во Република Македонија или ако во истиот рок ја преземе, со сиот имот, кое било правно, односно физичко лице во Република Македонија.

## Одговорност за штета

### Член 595

(1) Одредбите од овој закон за одговорноста за штета што се применуваат на домашните друштва според нивната форма соодветно се применуваат и на подружниците на странските друштва, односно на странскиот трговец - поединец. Застапниците и ликвидаторите, во поглед на одговорноста, се изедначени со членовите на органот на управување, односно на управителот и со ликвидаторите.

(2) Одредбите од овој закон за одговорноста на членовите на органот на управување, на управителот, односно на ликвидаторот соодветно се применуваат и на застапниците и ликвидаторите на подружница на странско друштво.

(3) Лицата кои како застапници ги повредуваат одредбите на овој закон одговараат за штета солидарно. Со нив солидарно одговара и странското друштво, односно странскиот трговец - поединец.

## ОДДЕЛ 2

## ПРЕТСТАВНИШТВО

### Член 596

(1) Странско друштво, коешто има право да врши трговска дејност според националното законодавство може да организира трговско претставништво во Република Македонија.

(2) Претставништвото нема својство на правно лице и не може да врши трговска дејност.

(3) Начинот, постапката на уписот и органот кај којшто се врши упис на претставништвата ги пропишува Владата на Република Македонија.

## ДЕВЕТТИ ДЕЛ

## КОНТРОЛА И НАДЗОР

### Член 597

(1) Контролата и надзорот врз трговецот - поединец, трговските друштва, стопанската интересна заедница и подружницата организирана од странско друштво, односно од странски трговец - поединец ја вршат инспекциски служби во рамките на надлежностите определени со закон.

(2) При вршењето на надзор инспекциските служби од ставот (1) на овој член поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка, доколку е сторен прекршок во врска со одредбите од овој закон. Барање за поведување на прекршочна постапка поднесува и Ценатралниот регистар на Република Македонија.

(3) Прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Прекршочна комисија формирана од директорот на Централниот регистар на Република Македонија согласно со Законот за Централен регистар, доколку е сторен прекршок во врска со одредбите од членовите 477 ставови (4) и (5), 482 ставови (1) и (2) и 506 ставови (4) и (5) од овој закон.

(4) Во постапката од ставот (3) на овој член известувањата и доставата на писмената се врши на адресата на електронското сандаче за прием на писмена на трговското друштво запишана во трговскиот регистар.

(5) Доколку друштвото нема запишана адреса на електронско сандаче за прием на писмена, известувањето се објавува на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

(6) Известувањето објавено на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија се смета дека е уредно извршено по истекот на рокот од осум дена од денот на објавувањето.

### Член 597-а

Ако надлежниот инспектор утврди дека трговецот поединец започне со вршење на дејност пред да биде запишан во трговскиот регистар ќе донесе решение за привремена забрана за вршење на дејност во траење од 15 дена (член 14 став (1)).

## ДЕСЕТТИ ДЕЛ

## ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

### Член 598[21]

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец - поединец, ако:

[21]Види: член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр 70/13). Членот 598 нема 9 ставови.

1) регистрира повеќе од една фирма (член 14 став (4));

2) преносот на фирмата на трето лице ќе го изврши спротивно на одредбите на овој закон (член 16 став (2)) и истиот не го запише во трговскиот регистар (член 16 став (4));

3) престанувањето на работењето не го пријави на органот надлежен за јавни приходи (член 17 став (1)) и не поднесе пријава за бришење на уписот во трговскиот регистар (член 18 став (2));

4) започне со вршење на дејност пред да биде запишан во трговскиот регистар (член 14 став (1));

5) започне со вршење на дејност пред добивање одобрение од надлежен орган за исполнување на пропишаните услови за вршење на дејноста (член 63 став (1));

6) презема правни работи и дејствија надвор од предметот на работење, запишан во трговскиот регистар (член 64 став (1));

7) не води или уредно не ги води трговските книги (членови 471 став (1) и 472 став (3));

8) не ги чува на соодветен и правилен начин трговските и другите документи (член 474) и

9) не составува, не објавува и не доставува годишни сметки (членови 476 став (1) и 477 ставови (1), (4) и (7).

**Член 598-а**

Прекршочна санкција забрана на вршење дејност од една до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на трговецот поединец за прекршокот од членот 598 став (1) точки 5, 6, 7, 8 и 9 на овој закон.

**Член 599**

(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговското друштво, ако:

1) започне со вршење дејност пред запишувањето во трговскиот регистар и пред добивањето одобрение од надлежен орган за исполнување на пропишаните услови за вршење на таа дејност ако е тоа определено со закон (член 63);

2) не ги стори достапни информациите во согласност со член 10 од овој закон;

3) во своето работење фирмата не ја употребува како што е запишана во трговскиот регистар (член 52 став (1)) или употребува скратен назив на фирмата, а истиот не е запишан во трговскиот регистар (член 52 став (3));

4) без изречна согласност на излезниот содружник или неговите наследници ја употребува старата фирма (член 53);

5) не ја пријави промената на седиштето во трговски регистар (член 61 став (3)) и

6) не составува, не објавува и не доставува годишни сметки, односно и консолидирани годишни сметки, финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи, кога имаат обврска за тоа со овој закон (членови 476 став (1), членот 477 ставови (1), (4), (5), (8) и (12), 482 ставови (1) и (2), 504 и 506 ставови (4) и (5));

7) не исплати дивиденда во рокот утврден со членот 487 став (5) од овој закон;

7-а ) одлуката за плаќање дивиденда не ги содржи податоците пропишани со членот 490 став (1) од овој закон;

8) не изврши уплата на паричниот влог во рокот определен со овој закон (член 186 став (5)) и

9) не избере управител, односно орган на управување или надзор во рокот определен со овој закон (член 233 став (2)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на трговското друштво ќе му се изрече на одговорното лице во трговското друштво за дејствијата од ставот (1) на овој член.

## Член 599-а

(1) Прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од една до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на друштвото за прекршок од членот 599 став (1) точки 1, 3, 5, 6 и 7 на овој закон.

(2) Прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење до една година, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за прекршок од членот 599 став (1) точки 1, 3, 5, 6 и 7 на овој закон.

## Член 600

(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на јавно друштво, ако:

1) врши дејност којашто, како занимање, може да ја врши лице кое има соодветна квалификација, а меѓу содружниците или вработените нема лице со соодветна квалификација (член 113);

2) содружниците кои не се управители ги лиши од правата (член 132) и

3) ако не го пријави за упис во трговскиот регистар престанувањето на друштвото (член 147).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на јавното друштво, ќе му се изрече на одговорното лице во јавното друштво за дејствијата од ставот 1 на овој член.

## Член 600-а

Прекршочна санкција забрана за вршење должност во траење до една година, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на одговорното лице во јавното друштво за прекршок од членот 600 став (1) точки 2 и 3 на овој закон.

## Член 601

(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото со ограничена одговорност, ако:

1) трошоците и наградите за учество во основање на друштвото не се исплатат од добивката во согласност со членот 180 став (3) на овој закон;

2) секоја промена на податоците, секое пристапување и истапување на содружник од друштвото не ја пријави за упис во трговскиот регистар со пријава (член 182 став (4));

3) имотот на друштвото, којшто е потребен за зачувување на основната главнина, се исплати на содружник (член 192 став (2));

4) не води книга на удели, во согласност со членот 195 став (1) на овој закон, односно книгата на удели не ја води ажурно и точно (член 195 став (2));

5) врз основа на одлука на судот, во рок од три дена од денот на приемот на решението, не ја изврши одлуката и не го внесе уписот во книгата за удели (член 196 став (4));

6) не го поднесат извештајот од извршената ревизија од овластени ревизори до собирот на содружниците (член 230 став (3));

7) органот на управување е составен спротивно на членот 231 од овој закон;

8) не изготват годишна сметка, финансиски извештај и годишен извештај за работата на друштвото од претходната деловна година или ако бидат изготвени, а не ги поднесат на собирот на содружниците, односно на собранието во роковите определени со овој закон (член 240 став (2));

9) надзорниот одбор, односно контролорот се составени спротивно на членот 246 од овој закон;

10) во своите деловни објави и прописи го споменува зголемувањето на основната главнина пред објавувањето на одлуката во трговскиот регистар (член 257 став (4));

11) изврши исплата на содружниците врз основа на намалување на основната главнина пред уписот на измените на договорот за друштвото во трговскиот регистар (член 264 став (1));

12) не го пријави за упис во трговскиот регистар престанувањето на друштвото (член 269 став (1)) и

13) не поднесле пријава за упис во трговскиот регистар на преобразбата на друштвото од една во друга форма (член 514 став (1));

14) друштвото останало без управител, а содружниците на друштвото не одржале собир на содружници и не избрале управител на друштвото во рок определен во членот 233 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на друштвото со ограничена одговорност, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за дејствијата од ставот (1) на овој член.

**Член 601-а**

(1) Прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од една до три години сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на друштво со ограничена одговорност за прекршок од членот 601 став (1) точки 2, 6, 8 и 12 на овој закон.

(2) Прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење до една година сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за прекршок од членот 601 став (1) точки 2, 6, 8 и 12 на овој закон.

**Член 602**

(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на акционерско друштво, ако:

1) пред уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар издало акции (член 302 став (1));

2) не ги чува актите и документите во седиштето на друштвото, предвидени во членот 319 на овој закон;

3) ги лиши акционерите од правото на информирање (член 320);

4) им ветуваат или им исплатуваат камати на акционерите (член 328 став (2));

5) известувањето за откупот на акциите не се објави во ,,Службен весник на Република Македонија" (член 339 став (5));

6) одлуката на собранието за избор на одбор на директори или на надзорен одбор не ја пријави за упис во трговскиот регистар (член 344 став (5));

6-а) членовите на одборот на директори, односно надзорниот одбор не постапиле согласно со членот 347 став (2) и став (3) од овој закон;

7) обврската, во случај на загуба, презадолженост или неспособност за плаќање не ја извршува во согласност со членот 354 став 4 од овој закон;

8) не поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на отповикани или избрани членови од одборот на директори или надзорниот одбор (член 363 став (5));

9) управниот одбор не поднесе пријава за упис во трговскиот регистар на членови на управниот одбор овластени за застапување на друштвото (член 377 став (3));

9-а) акционерот не добие известување согласно со членот 406 став (1) од овој закон;

9-б) поканата, односно јавниот повик не ги содржи податоците од членот 388 став (1) од овој закон и

9-в) материјалите не се достапни за акционерите согласно со членот 388 став (3) од овој закон.

10) органот на управување не ја достави на Централниот регистар на Република Македонија правосилната одлука за да се изврши упис во трговскиот регистар (член 415 став (1));

11) не го пријави извршеното зголемување на основната главнина заради упис во трговскиот регистар (членови 433 став (1), 435 став (2), 438 ставови (1) и (2) и 441 став (1));

12) не ја пријави одлуката за намалување на основната главнина и извршеното намалување на основната главнина заради упис во трговскиот регистар (член 444 став (1) и 451 став (1));

13) не поднесе пријава заради упис во трговскиот регистар на одлуката за престанување на друштвото (член 453 став (1)) и

14) не поднесле пријава за упис во трговскиот регистар на преобразбата на друштвото од една во друга форма (член 514 став (1)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на акционерското друштвото, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за дејствијата од ставот (1) на овој член.

## Член 602-а

(1) Прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од една до три години сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на друштво со ограничена одговорност за прекршок од членот 602 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 7, 13 и 14 на овој закон.

(2) Прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од шест месеци до една година сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на одговорното лице на друштвото за прекршок од членот 602 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 7, 13 и 14 на овој закон.

## Член 602-б

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на членовите на органот на управување, ако:

1) Годишниот извештај за работа на друштвото не ги содржи пропишаните податоци со членот 337 став (1 ) од овој закон;

2) не го свикаат годишното собрание согласно со членот 384 став (1) од овој закон;

3) Годишниот извештај за работа на друштвото не ги содржи пропишаните податоци со членот 384 став (7) од овој закон;

4) не свикаат собрание на барање на акционер согласно со членот 385 од овој закон;

5) не го свикаат собранието согласно со начините на свикување од членот 387 од овој закон;

6) не го стават на дневен ред барањето од членот 390 став (6) од овој закон, освен во случаите од ставот (7) на овој член;

7) не постапат согласно со членот 390 став (9) и став (10) од овој закон и

8) не провериле дали пријавените акционери од списокот, се евиденитирани во акционерската книга согласно со членот 391 став (3) од овој закон.

**Член 602-в**

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на неизвршните членови на одборот на директори, односно на членовите на надзорниот одбор на акционерското друштво, ако:

1) не го свикаат годишното собрание согласно со членот 384 став (3) од овој закон и

2) не свикаат собрание на барање на акционер согласно со членот 385 од овој закон.

**Член 602-г**

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на извршниот член на одборот на директори, односно членот на управниот одбор на акционерското друштво, ако:

1) на барање на акционерот не му издаде копија од записник од собранието на акционери согласно со членот 407 став (4) од овој закон.

**Член 602-д**

Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на лицата од членот 457 од овој закон, ако не постапат согласно со членот 459 од овој закон.

**Член 603**

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Централниот депозитар ако на акционерот не му овозможи увид во акционерската книга, односно не му издаде фотокопија од податоците запишани во акционерската книга на друштвото (член 283 ставови (6) и (7)).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на Централниот депозитар во согласност со членот 283 ставови (6) и (7) од овој закон.

**Член 604**

(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на командитното друштво, ако:

1) уписот на командитното друштво со акции во трговскиот регистар е извршен спротивно на членот 464 од овој закон и

2) не поднесле пријава за упис во трговскиот регистар на преобразбата на друштвото од една во друга форма (член 514 став (1)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на командитното друштвото, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за дејствијата од ставот (1) на овој член.

### Член 604-а

(1) Прекршочна санкција - забрана за вршење дејност во траење од една до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече на командитно друштво со акции за прекршок од членот 604 став (1) на овој закон.

(2) Прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење до една година сметајќи од денот на правосилноста на одлуката ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице на друштвото за прекршок од членот 604 став (1) на овој закон.

### Член 605

(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на странско трговско друштво ако врши дејност на подрачјето на Република Македонија без основање подружница, а бил должен да ја организира согласно со одредбите на членот 581 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на странско трговско друштвото, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за дејствието од ставот (1) на овој член.

### Член 605-а [22]

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво чии акции котираат на берза и на друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, ако на својата официјална интернет страница не ги објави податоците определени во членот 387 став (3) од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на друштвото од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото, за дејствието од ставот (1) на овој член.

### Член 605-б[23]

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво, ако акциите стекнати согласно со членот 335 став (1) од овој закон претходно не биле понудени за продажба во рокот од членот 335 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на друштвото од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото, за дејствието од ставот (1) на овој член.

### Член 605-б[24]

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на органите на управување на друштвото кои гласале за одобрување на зделка со заинтересирана страна, спротивно на одредбите од членот 460-а став (1) од овој закон.

(2) Комисијата за хартии од вредност може да поднесува барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците од овој член.

---

[22] Види: член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.192/15).

[23] Види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.48/10 и бр. 24/11).

[24] Види: член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.166/12).

**Член 605-в**

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на акционерското друштво кое реализирало зделка со заинтересирана страна пред да добие мислење од овластен ревизор за истото спротивно на одредбите од членот 460-а став (3) од овој закон.

(2) Комисијата за хартии од вредност може да поднесува барање за поведување на прекршочна постапка за прекршокот од овој член.

**Член 605-г**

Одмерувањето на висината на глобата на правното лице, односно на трговецот поединец, се врши согласно со Законот за прекршоци.

**Член 13[25]**
**(од Законот, објавен во „Службен весник на РМ" бр.42/10)**

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво чии акции котираат на берза и на друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, ако на својата официјална интернет страница не ги објави податоците определени во членот 4 со кој се додава нов член 388-б, членот 6 со кој се додава нов член 391-б став (6), членот 8 со кој се додава нов член 392-а став (7) и членот 10 со кој се додава нов член 401-а став (3) од овој закон.

**Член 14[26]**
**(од Законот, објавен во „Службен весник на РМ" бр.42/10)**

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото ако постапи спротивно на членот 4 со кој се додава нов член 388-а, членот 8 со кој се додаваат членовите 392-б став (3) и 392-в став (2) од овој закон.

**Член 27[27]**
**(од Законот, објавен во „Службен весник на РМ" бр.48/10)**

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото кое нема да организира служба за внатрешна ревизија како независна организациска единица во друштвото согласно со членот 10 од овој закон со кој се додава нов оддел „ОДДЕЛ 6-а Служба за внатрешна ревизија" и четири нови члена 415-а, 415-б, 415-в и 415-г.

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на секој член на органот на надзор на друштвото, ако не донел одлука со која е организирана служба за внатрешна ревизија како независна организациска единица во друштвото согласно со членот 10 од овој закон со кој се додава нов оддел „ОДДЕЛ 6-а Служба за внатрешна ревизија" и четири нови члена 415-а, 415-б, 415-в и 415-г.

---

[25] Види: член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.192/15)

[26] Види: член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.192/15).

[27] Види: член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.192/15).

# ЕДИНАЕСЕТТИ ДЕЛ

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
## Примена на овој закон

### Член 606

(1) Со денот на почетокот на примената на овој закон, постојните трговци - поединци, трговските друштва, стопанските интересни заедници и подружници организирани од странски друштва, односно од странски трговци - поединци продолжуваат со работа на начин и под условите под коишто се запишани во трговскиот регистар.

(2) Актите на трговците - поединци, договорите за друштвото, изјавите за основање на друштвата со ограничена одговорност од едно лице, статутите на друштвата, договорите за стопанската интересна заедница и другите општи акти на друштвата коишто не се во согласност со одредбите на овој закон, со денот на почетокот на примената на овој закон не се применуваат во деловите коишто не се во согласност со неговите одредби, освен износот на големината на основната главнина.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член прашањата коишто, во согласност со овој закон, се уредуваат со договор за друштвото, изјава за основање на друштво со ограничена одговорност од едно лице, статут на друштвото, договор за стопанската интересна заедница и друг општ акт на друштвото, постојните трговци - поединци, трговските друштва, стопанските интересни заедници и подружници, организирани од странски друштва, односно од странски трговци - поединци, а не се во согласност со овој закон, можат да се применуваат заклучно со 30 јуни 2005 година.

(4) Одредбите од членот 469 ставови (2) и (3) на овој закон ќе се применуваат за финансиските извештаи и консолидирани финансиски извештаи за 2004 година.

## Постапки започнати пред денот на примената на законот

### Член 607

(1) Постапките за основање, спојување, поделба и преобразба на трговските друштва, започнати пред денот на почетокот на примената на овој закон, продолжуваат во согласност со одредбите од овој закон.

(2) По пријавите за упис во трговскиот регистар што се поднесени на судот пред денот на почетокот на примената на овој закон судот ќе ја заврши постапката според прописите кои биле на сила во времето кога пријавата му била поднесена на тој суд.

## Единственост на трговскиот регистар

**Членот 608 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.84/05).**

## Достапност и објавување во единствениот трговски регистар во електронска форма

### Член 609

(1) До воспоставувањето на единствениот трговски регистар во електронска форма, уписот во трговскиот регистар има правно дејство спрема трети лица од наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република

Македонија", ако со овој или со друг закон поинаку не е определено. По воспоставувањето на единствениот трговски регистар во електронска форма и неговата достапност до јавноста, уписот во трговскиот регистар ќе има правно дејство спрема трети лица од денот на уписот во трговскиот регистар.

(2) Објавувањата и прилозите коишто, во согласност со овој закон, е определено дека се објавуваат во целост, делумно или во извод во ,,Службен весник на Република Македонија" од 1 јануари 2006 година ќе се вршат преку трговскиот регистар во електронска форма.

## Упис на промени

### Член 610

До воспоставувањето на единствениот трговски регистар ако:

1) поради промена на седиштето на субјектот се променува и судот, тогаш пријавата за упис на промена на седиштето се поднесува до судот којшто е надлежен според новото седиште. По добивањето на регистарската влошка, судот прави упис на промената на седиштето и го известува судот во кој дотогаш бил запишан субјектот. По добивањето на известувањето, судот веднаш му ја доставува збирката на исправи на новиот суд;

2) субјектот на упис настанал со спојување на два или повеќе субјекта кои се запишани во друг суд или субјектот на упис се присоединил кон друг субјект на упис коишто е запишан во друг суд, уписот на новиот субјект , односно присоединувањето го врши судот според седиштето на новиот субјект, односно судот каде што е запишан субјектот на уписот когошто го присоединил другиот субјект. Примерок од решението на судот се доставува до судот во кој дотогаш биле запишани субјектите така што судот по службена должност го забележува уписот на новите субјекти. Судот кај којшто бил запишан субјектот донесува решение за бришење на субјектот што се присоединува, односно спојува и

3) со поделба на еден субјект настанат нови субјекти коишто со седиште се во надлежност на друг суд, тогаш судот во којшто дотогаш бил запишан субјектот што се дели, донесува решение за упис на основање на новите субјекти. Судот доставува примерок од решението до судот каде што е седиштето на новиот субјект. Откако судот ќе ги прими известувањата дека сите субјекти се запишани, по службена должност, врз основа на веќе поднесена пријава од страна на субјектот што се дели, донесува решение за бришење на субјектот што се дели и ќе го забележи запишувањето на новите субјекти.

**Насловот на членот 611 и членот 611 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.84/05).**

## Акции што даваат право на повеќе гласови

### Член 612

Издадените акции што даваат право на повеќе гласови во сопственост на Република Македонија остануваат во нејзина сопственост според условите под коишто се издадени. Со влегувањето во сила на овој закон, овие акции не можат да се пренесуваат на трети лица, освен ако се пренесуваат како обични акции.

### Усогласување со одредбите на овој закон

#### Член 613

(1) Друштвата со ограничена одговорност и акционерските друштва во сопственост на државата се должни своите акти да ги усогласат со одредбите на овој закон најдоцна до 31 декември 2004 година.

(2) Владата на Република Македонија одлучува за усогласувањето на друштвата во сопственост на државата и за стекнувањето удел, односно акции во друштвата определени со овој закон и ги остварува сите права и обврски на Република Македонија како содружник, односно како акционер.

(3) Над друштвата од ставот (1) на овој член коишто нема да постапат според одредбите од ставот (1) на овој член, се спроведува постапка за ликвидација и друштвото се брише од трговскиот регистар. Постапката за ликвидација ја започнува судот по службена должност, а ликвидацијата се спроведува според одредбите на овој закон.

### Усогласување со одредбите на овој закон на запишани правни лица во трговскиот и во судскиот регистар

#### Член 614

(1) Правните лица запишани во судскиот регистар, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон не се усогласени според одредбите од Законот за трговските друштва (,,Службен весник на Република Македонија" број 28/96, 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/2000, 31/2001, 50/2001, 6/2002, 61/2002, 4/2003 и 51/2003) се бришат од судскиот регистар на начин и според условите определени во овој член ако во рок од шест месеца од денот на примената на овој закон не се усогласат со овој закон. Бришењето на овие правни лица го спроведува судот, по службена должност.

(2) Трговските друштва и трговците - поединци чиишто сметки се блокирани и пренесени во соодветната институција за блокирани сметки се бришат од трговскиот регистар на начинот и според условите определени во овој член ако во рок од шест месеца од денот на примената на овој закон не ја деблокираат блокираната сметка.

(3) Ако во роковите од ставовите (1) и (2) на овој член не биде пријавено побарување од доверител судот, по службена должност, ги брише правните лица од ставот (1) на овој член и трговските друштва и трговците - поединци од ставот (2) на овој член од судскиот, односно од трговскиот регистар.

(4) Ако во рокот од ставовите (1) и (2) на овој член биде пријавено побарување од доверител судот, по службена должност, започнува постапка за ликвидација, во согласност со овој закон, односно постапка за стечај во согласност со Законот за стечај. Трошоците за спроведување ликвидација или стечај паѓаат на товар на правното лице, на трговецот - поединец, односно на трговското друштво. Ако од нивниот имот не може да се обезбедат потребните средства за надомест на трошоците, разликата на средствата за покривање на трошоците лично, неограничено и солидарно, со сиот свој имот, ја надоместува управителот, односно членовите на органот на управување.

### Донесување подзаконски акти

#### Член 615

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Престанување на важење

### Член 616

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за трговските друштва (,,Службен весник на Република Македонија" број 28/96, 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/2000, 31/2001, 50/2001, 6/2002, 61/2002, 4/2003 и 51/2003), како и Законот за трговските друштва (,,Службен весник на Република Македонија" број 58/2002, 98/2002, 42/2003 и 85/2003).

### Влегување во сила на овој закон

### Член 617

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија".

### *ОДРЕДБА*
### *од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.84/05)*

### Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

### *СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.177/05 („Службен весник на РМ" бр.71/06)*

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 11 став 3 и 14 став 3 точка 2 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004 и 84/2005).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

### *ОДРЕДБИ*
### *од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.25/07)*

### Член 29

Со статутот на акционерското друштво може да се определи основање на фонд од којшто вработените можат да стекнат акции на акционерското друштво бесплатно или по повластена цена. Фондот и акциите коишто вработените можат да ги стекнат од фондот, можат да изнесуваат најмногу до една десеттина од основната главнина на акционерското друштво.

Со статутот на акционерското друштво се уредува организацијата и управувањето на фондот, како и користењето и начинот на распределбата на средствата наменети за акции на вработените. Во случај на основање на фондот од ставот (1) на овој член, собранието на друштвото донесува програма според која вработените ќе можат да стекнуваат акции. Одлука за издавање на акции наменети за фондот од ставот (1) на овој член, за критериумите за нивна распределба и за распределба на акциите од фондот за стекнување на акции за

вработените донесува собранието на друштвото. Одлуката собранието на друштвото ја донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, претставени на собранието на друштвото, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

Акциите од ставот (1) на овој член фондот може да ги стекнува од сопствените акции на акционерското друштво или од општата резерва и акумулираната добивка на акционерското друштво во согласност со овој закон.

**Член 30**

Акционерските друштва се должни да ги усогласат своите акти и своето работење со одредбите на овој закон најдоцна до 30 јуни 2007 година.

**Член 31**

Одредбите на членот 29 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2012 година.

**Член 32**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.87/08)***

**Член 30**

Министерот за финансии ќе го донесе прописот за начинот и условите за поднесување на годишна сметка во електронска форма во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Министерот за економија ќе го донесе прописот за начинот на впаричување на имотот на друштвото во ликвидација во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 31**

Правните лица, трговците-поединци и трговските друштва запишани во судскиот регистар, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не се усогласени со одредбите на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005 и 25/2007) и правните лица, трговците-поединци и трговските друштва кои се запишани во трговскиот регистар, а чиишто сметки не се пренесени во деловните банки и не се блокирани, се бришат од соодветниот регистар на начин и под услови определени со овој закон.

Постапката за бришење ја спроведува Централниот регистар на Република Македонија преку едношалтерскиот систем.

**Член 32**

Управата за јавни приходи, во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон, до Централниот регистар на Република Македонија ќе достави предлог за бришење од соодветниот регистар на правните лица, трговците-поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон и за истите ќе достави до

Централниот регистар на Република Македонија преглед во електронска форма. Централниот регистар на Република Македонија по внесувањето на податоците од доставениот преглед во својата база на податоци, објавува оглас на својата веб страница со кој се повикуваат нивните управители, органи на управување и доверители во рок од 30 дена да поднесат предлог за отворање на постапка за ликвидација или стечај над правните лица, трговците-поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон. За поднесените предлози за отворање на постапка за ликвидација или стечај, подносителите се должни да го известат Централниот регистар на Република Македонија во писмена форма.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, Централниот регистар на Република Македонија ќе ги избрише од соодветниот регистар сите правни лица, трговци поединци и трговски друштва за кои нема да бидат поднесени предлози за отворање на постапка за ликвидација или стечај.

Централниот регистар на Република Македонија на својата веб страница го објавува бришењето на правните лица, трговците-поединци и трговските друштва и истото во електронска пратка го испраќа до Управата за јавни приходи заради нивно бришење од базата на податоци на Управата за јавни приходи.

Средствата за спроведување на бришењето од страна на Централниот регистар на Република Македонија се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

**Член 33**

По завршување на постапката за бришење, сите средства од сметките на избришаните правни лица се пренесуваат на трезорска сметка на Буџетот на Република Македонија.

**Член 34***

Правните лица, трговците - поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон чиишто сметки се блокирани и се водат во Управата за јавни приходи се бришат од соодветниот регистар по спроведена постапка за стечај согласно со Законот за стечај.

Управата за јавни приходи поднесува предлози за поведување стечајна постапка над правните лица, трговците поединци и трговските друштва согласно со одредбите од Законот за стечај, а средствата за авансирање на постапката се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Доколку од имотот на правните лица, трговците-поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон, за кои се платени средства за авансирање на постапката за стечај од Управата за јавни приходи, не можат во целост да се намират трошоците на постапката за стечај, се должни разликата да ја надоместат лично, солидарно и неограничено лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор над правните лица, трговците поединци и трговските друштва од членот 31 на овој закон во согласност со одредбите од Законот за стечај.

* Членот 34 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.87/08) е избришан, види: член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.166/12).

**Член 35**

Одредбите на членовите 14, 15, 16, 17, 18 и 19 од овој закон ќе се применуваат од денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

**Член 36**

Одредбите на членовите 84 став (2) и 85 став (6) ќе се применуваат од денот кога Централниот регистар на Република Македонија ќе започне да го применува електронскиот потпис преку едношалтерскиот систем согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и прописите за едношалтерски систем.

**Член 37**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.177/08 („Службен весник на РМ" бр.17/09 )***

1. СЕ УКИНУВА член 14 став 3 точка 3 и член 18 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004, 84/2005, 25/2007 и 87/2008).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.153/08 („Службен весник на РМ" бр.23/09 )***

1. СЕ УКИНУВА член 29 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007 и 87/2008).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.42/10)***

**Член 15**

Одредбите на членот 1 од овој закон со кој се дополнува членот 32 став (1) од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007 и 87/2008), ќе започнат да се применуваат од денот кога Централниот регистар на Република Македонија ќе започне да го применува електронскиот потпис преку едношалтерскиот систем согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и прописите за едношалтерски систем.

**Член 16**

Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2011 година.

**Член 17**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## *ОДРЕДБИ од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.48/10)*

**Член 28**

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 29**

Одредбите од членот 1 став (2) на овој закон со кој се менува членот 29 став (6), за поднесување на изјава во електронска форма преку едношалтерскиот систем ќе се применуваат од денот кога Централниот регистар на Република Македонија ќе започне да го применува електронскиот потпис преку едношалтерскиот систем согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и прописите за едношалтерски систем.

Одредбите од членот 2 на овој закон со кој се додаваат два нови члена 29-а и 29-б, ќе се применуваат од денот кога Централниот регистар ќе го пушти во функција електронскиот систем за водење на регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва во Република Македонија.

**Член 30**

Одредбите од членот 17 на овој закон со кој менува членот 469, кои се однесуваат на примена на меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти, ќе се применуваат по објавувањето на меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти во "Службен весник на Република Македонија".

До објавувањето на меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти трговците од членот 469 став (1) точка 2 на овој закон имаат обврска да водат сметководство во согласност со овој закон и со прописите за сметководство донесени врз основа на овој закон.

**Член 31**

Одредбите од членот 10 на овој закон со кој се додава нов оддел „ОДДЕЛ 6-а Служба за внатрешна ревизија" и четири нови члена 415-а, 415-б, 415-в и 415-г ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2011 година.

**Член 32**

Одредбите од членот 5 на овој закон со кој се менува членот 284 став (1) за издавање обврзници кои обезбедуваат право на првенство на купување акции што друштвото ги издава ќе започнат да се применуваат од денот кога Република Македонија ќе стекне статус на полноправен член во Европската унија.

**Член 33**

Одредбите од членот 434 на овој закон за остварување на правото на првенство од страна на акционерите при условно зголемување на основната главнина ќе започнат да се применуваат од денот кога Република Македонија ќе стекне статус на полноправен член во Европската унија.

**Член 34**

Одредбите од членот 25 на овој закон со кои се уредува прекугранично спојување со друштва од Европската унија ќе започнат да се применуваат од денот кога Република Македонија ќе стекне статус на полноправен член во Европската унија.

**Член 35**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.75/10 („Службен весник на РМ" бр.8/11 )***

1. СЕ УКИНУВА член 29 став 2 точка 5 од од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010 и 48/2010).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.169/10 („Службен весник на РМ" бр.21/11)***

1. СЕ УКИНУВА член 234 став 2 точка 5 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010 и 48/2010).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.24/11)***

**Член 56**

Подзаконскиот акт од членот 31 став (3) на овој закон ќе се донесе во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 57**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 48/10), во членот 26 зборовите: „член 605-а" се заменуваат со зборовите: „член 605-б".

**Член 58**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.166/12)***

**Член 8**

Трговците поединци и трговските друштва кои се водат како блокирани во Управата за јавни приходи се бришат од соодветниот регистар на начин и под услови определени со овој член со исклучок на друштвата од посебен економски интерес за Република Македонија.

Во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон Управата за јавни приходи на Централниот регистар на Република Македонија електронски му доставува преглед на блокирани трговци поединци и блокирани трговски друштва. Централниот регистар на Република Македонија ќе креира посебен регистар на блокирани субјекти во кои ги внесува блокираните трговци поединци и блокираните трговски друштва содржани во прегледот добиен од Управата за јавни приходи.

По спроведувањето на дејствието од ставот 2 на овој член од страна на Управата за јавни приходи Централниот регистар на Република Македонија, во рок од осум дена, објавува соопштение на својата веб страница со кое ги повикува сите доверители и лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор на блокираните трговци поединци и блокираните трговски друштва во рок од 30 дена од денот на објавата на соопштението да поднесат предлози за стечај над истите согласно со Законот за стечај и за истото писмено да го известат Централниот регистар на Република Македонија и истовремено ќе објави преглед со називите на сите блокирани трговци поединци и блокирани трговски друштва.

Доколку во рок од 30 дена од денот кога го објавил соопштението од ставот 3 на овој член не добие писмено известување за поднесен предлог за отворање стечајна постапка над блокираниот трговец поединец, односно блокираното трговско друштво, Централниот регистар на Република Македонија ќе го избрише од својата евиденција и тоа го објавува на својата веб страница.

Доколку во рок од 60 дена од истекот на рокот од ставот 3 на овој член не добие решение за отворање стечајна постапка, Централниот регистар на Република Македонија го брише блокираниот трговец поединец, односно блокираното трговско друштво од посебниот регистар определен во ставот 2 на овој член и тоа го објавува на својата веб страница. Во објавата се повикуваат содружниците, односно акционерите на блокираните трговци поединци и трговски друштва да го распределат имотот на друштвото меѓу себе согласно со членот 546 став (2) од овој закон.

Ако во рок од една година од денот на бришењето на блокираниот субјект не дојде до распределба на имотот на друштвото, односно во случај кога се работи за новопронајден имот во рок од една година од моментот на пронаоѓање на таквиот имот, истиот се евидентира како имот во сопственост на Република Македонија согласно со закон.

**Член 11**

Друштвата, односно субјектите на упис кои до денот на влегувањето во сила на овој закон во Централниот регистар на Република Македонија имаат статус на „неактивен" поради тоа што не ја потврдиле идентичноста на податоците пренесени од хартиена во електронска форма на единствениот трговски регистар согласно со членот 67 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, Централниот регистар на Република Македонија ќе ги избрише од регистарот на начин како што е пропишано со членот 552-а од овој закон.

**Член 12**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 87/2008), членот 34 се брише.

**Член 13**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да изготви пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2013 година, освен одредбите од членот 3 кои ќе започнат да се применуваат од 16 март 2013 година.

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.70/13)***

**Член 19**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да изготви пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 20**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.119/13)***

**Член 9**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.120/13)***

**Член 2**

Одредбата од членот 1 на овој закон се однесува и на започнатите постапки на предлозите за стечај согласно со Законот за стечај и бришење на субјектот од Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување на Законот за трговските друштва***
***(„Службен весник на РМ" бр.187/13)***

**Член 2**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.38/14)***

**Член 14**

Постапките за бришење неактивни субјекти започнати пред донесувањето на овој закон, ќе бидат завршени согласно со одредбите од овој закон.

**Член 15**

Рокот предвиден во членот 10 кој се однесува на членот 552-а став (3) се однесува и на субјектите над кои веќе се поднесени предлози за стечај согласно со Законот за стечај, или предлози за ликвидација согласно со одредбите од овој закон.

**Член 16**

Одредбите од членот 3 со кој се менува членот 29 став (2) точка 5, членот 4 со кој се менува членот 29-а став 1, членот 6 со кој се менува членот 197 став (7), членот 8 со кој се менува членот 477 ставови (10), (11), (12) и (15), членот 9 со кој се менува членот 477-а став (8), членот 11 со кој се додава нов член 552-б и членот 12 со кој се менува членот 597 ставови (2), (3), (4), (5) и (6) од овој закон, ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2015 година.

**Член 17**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.41/14)***

**Член 6**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за јавни претпријатија.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен условот за познавање на странски јазик кој ќе започне да се применува две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.138/14)***

**Член 14**

Постапките за бришење неактивни субјекти започнати пред донесувањето на овој закон, ќе бидат завршени согласно со одредбите од овој закон.

**Член 15**

Рокот предвиден во членот 10 кој се однесува на членот 552-а став (3) се однесува и на субјектите над кои веќе се поднесени предлози за стечај согласно со Законот за стечај, или предлози за ликвидација согласно со одредбите од овој закон.

**Член 16**

Одредбите од членот 3 со кој се менува членот 29 став (2) точка 5, членот 4 со кој се менува членот 29-а став 1, членот 6 со кој се менува членот 197 став (7), членот 8 со кој се менува членот 477 ставови (10), (11), (12) и (15), членот 9 со кој се менува членот 477-а став (8), членот 11 со кој се додава нов член 552-б и членот 12 со кој се менува членот 597 ставови (2), (3), (4), (5) и (6) од овој закон, ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2015 година.

**Член 17**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.88/15)***

**Член 36**

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 11, 13, 14, 16, 19 и 30 од овој закон ќе се применуваат од 1 ноември 2015 година.

**Член 37**

Податоците од членот 82 став (3) пренесени во писмена форма од регистарските судови согласно со членот 67 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица се чуваат во хартиена форма. Податоците од извршените уписи по 1 јануари 2006 година по поднесена пријава во писмена форма како и прилозите кон неа се чуваат во хартиена и електронска форма. Податоците од извршените уписи врз основа на електронска пријава за упис и прилозите кон неа се чуваат во

електронска форма, доколку се изготвени во ПДФ формат и се заверени со електронски потпис на регистрационен агент или на овластениот подносител, односно и во хартиена форма, доколку истите се конвертирани од писмена во електронска форма и заверени со електронски потпис на регистрационен агент. Податоците за извршените уписи во единствениот трговски регистар за субјекти кои не се опфатени со овој закон се чуваат во хартиена форма.

**Член 38**

Друштвата од членот 498 од овој закон, кои имаат стекнато удел, односно акции во своe владеачко друштво, се должни да ги отуѓат акциите во владеачкото друштво во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 39**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 40**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.192/15)***

**Член 19**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

***АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ***
***НА ЧЛЕНОТ 460 СТАВ 3 ОД ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БРОЈ 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14 и 88/15)***
***(„Службен весник на РМ" бр..217/15)***

Ставот 3 на членот 460 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 85/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14 и 88/15), гласи:

„Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас и тоа ако:

1) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;

2) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на друштвото, преостанати во тој период и обичните акции во кои може да се конвертираат хартии од вредност претходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани во акции или

3) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на друштвото и ако во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции."

Одредбата на ставот 3 на членот 460 треба да се толкува така што потребното мнозинство за донесување одлука на Собранието за одобрување зделка со заинтересирана страна се однесува на мнозинството гласови на сите акционери, претставени во собранието, кои немаат интерес во зделката, а кои поседуваат акции со право на глас, но само доколку е исполнет еден од условите утврдени во ставот 3 на овој член.

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.6/16)***

**Член 2**

Се овластува Законодавно-правната Комисија при Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.30/16)***

**Член 6**

Се овластува Законодавно-правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБА***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.61/16)***

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.64/18)***

**Член 6**

Одредбите од членот 231-а став 1 точка 5) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14,

138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 231-а став 1 точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 7**

Управителот на друштвото со доминантна или во целосна сопственост на државата кој е избран во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На управителот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

***ОДРЕДБИ***
***од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.120/18)***

**Член 5**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува правна можност за настанување на тајни друштва, согласно со Законот за трговските друштва, односно престануваат со важност тајните друштва за кои е склучен претходно договор.

Договорите склучени со таен содружник, односно со тајно друштво, можат да продолжат да се применуваат исклучиво согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕН 29 СТАВ 2 ТОЧКА 4**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА**
**("Службен весник на РМ" бр.195/18)**

Членот 29 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 85/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), гласи:

„(2) Трговско друштво не можат да основаат:

1) трговски друштва чија сметка отворена кај кој било носител на платниот промет е блокирана и лицата кои се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на тие друштва, се додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над истото не се отвори постапка на ликвидација или стечај;

2) друштвата над кои е отворена стечајна постапка, додека трае постапката;

3) лица кои се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на трговски друштва на кои во постапка пропишана со закон им е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност се додека трае забраната;

4) лице кое е содружник во друштво со ограничена одговорност (ДОО) или во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) чија сметка е блокирана додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над друштвото не се отвори постапка за ликвидација или стечај;

5) содружниците, управителите и членовите на органот на управување и органот на надзор на друштвата за кои согласно со членот 552-б од овој закон е започната постапка за бришење додека трае таа постапка и во период од три години од денот на објавата на бришењето на друштвото на веб страницата на Централниот регистар, освен основачите, односно содружниците кои се меѓународни финансиски организации чија членка е Република Македонија и чие учество во основната главнина на друштвото е под 50% и

6) лица за кои со правосилна одлука на судот е утврдено дека сториле кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапката стечај, оштетување или повластување на доверители и изречена им е забрана за вршење професија, дејност или должност, се додека траат правните последици од забраната.‟

Одредбата од членот 29 став (2) точка 4) треба да се толкува, така што, забраната за лице кое е содружник во друштво со ограничена одговорност (ДОО) или во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ), чија сметка е блокирана, додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над друштвото не се отвори постапка за ликвидација или стечај, се однесува единствено за основање трговско друштво, а не и за стекнување влог во веќе основаното т.е. постоечкото друштво.

***СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.38/2018 („Службен весник на РМ" бр.239/18)***

1. СЕ УКИНУВА член 29 став 2 точка 5 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија‟ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013,120/2013,187/2013, 38/2014, 41/2014,138/2014, 88/2015,192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018 и 120/2018).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.